К·II·225

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

- ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА -

# СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ КАКО ПЕДАГОШКИ ПРОБЛЕМ

(докторска дисертација)

12671
30.08. 2.

Кандидат:

М-р Анета Баракоска

Ментор:

Проф. Д-р. Марија Костова

СКОПЈЕ, 2002 година

## СОДРЖИНА

### СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ КАКО ПЕДАГОШКИ ПРОБЛЕМ


ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ ........ 4

1. НЕКОИ ОПШТЕСТВЕНО ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ........ 12
   - *1.1. Слободното време во првобитната заедница ........ 16*
   - *1.2. Античкото општество и слободното време ........ 21*
   - *1.3. Слободното време во феудалното општество и раниот капитализам ........ 29*
   - *1.4. Слободното време во капиталистичкото општество ........ 37*

2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ СЛОБОДНО ВРЕМЕ ........ 47
   - *2.1. Некои теориски определби на поимот слободно време во земјите од Западна Европа и САД ........ 47*
   - *2.2. Некои теориски определби на поимот слободно време во земјите од Источна Европа ........ 61*
   - *2.3. Некои теориски определби на поимот слободно време на просторите од поранешна СФРЈ ........ 67*
   - *2.4. Проблемот на различниот пристап во определувањето на поимот слободно време ........ 74*

3. ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ КАКО ПЕДАГОШКА ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНИОТ ОДНОС СО ДРУГИТЕ НАУКИ И ДИСЦИПЛИНИ ........ 83

4. ОСНОВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ВО КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ТЕОРИЈАТА И ПРАКТИКАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ .. 91
   - *4.1. Научно-технолошката револуција и слободното време ........ 91*
   - *4.2. Сознанијата на современата педагошка наука како претпоставка за успешна реализација на слободното време ........ 103*
     - *4.2.1. Целта на воспитанието и слободното време ........ 103*
     - *4.2.2. Слободното време и вредностите ........ 117*
     - *4.2.3. Самовоспитанието и самообразованието во сферата на слободното време ........ 121*
     - *4.2.4. Творештвото и слободното време ........ 124*
   - *4.3. Психолошките претпоставки на слободното време ........ 128*
   - *4.4. Педагошката практика како претпоставка за успешно реализирање на слободното време на учениците ........ 144*

5. ТЕОРИСКИТЕ ОСНОВИ НА ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ........ 158

6. РАЗВОЈ НА ТЕОРИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ПЕДАГОШКАТА НАУКА ..... 181

7. ФАКТОРИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ .. 197

8. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ..... 209

9. ПРИНЦИПИ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ..... 218

10. АКТИВНОСТИТЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И НИВНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА ..... 230

*11.* РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 242

*11.1. Развој на концепицијата на слободното време во предучилишното воспитание и образование ..... 244*

*11.2. Развој на концепицијата на слободното време во основното воспитание и образование ..... 251*

*11.3. Развој на концепицијата на слободното време во средното воспитание и образование ..... 266*

12. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ..... 277

*12.1. Реализација на современата концепција на слободното време во предучилишното воспитание и образование ..... 277*

*12.2. Реализација на современата концепција на слободното време во основното воспитание и образование ..... 287*

*12.3. Реализација на современата концепција на слободното време во средното воспитание и образование ..... 296*

13. СОВРЕМЕНИ ПРОЕКТИ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ВОСПИТАНИЕТО ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ..... 305

*13.1. Реализација на проектот "Чекор по чекор" во предучилишното воспитание ..... 307*

*13.2. Реализација на проектот "Вавилон" ..... 315*

*13.3. Реализација на проектот "Славејче" ..... 320*

*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ..... 325*

*БИБЛИОГРАФИЈА ..... 357*

## ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Кога човекот приоѓа кон некоја работа најчесто се прашува: Зошто? Поради што и на кој начин да се обиде да ја реши зададената задача. Напорот кој што е редовен следбеник на секој сериозен труд, не претставува причина за одлагање или евентуално откажување,туку илјада други нејаснотии што демнат на патот до целта.

Прашањето што си го поставивме и кое ќе го окупира нашиот интерес во трудот е "Слободното време на учениците како педагошки проблем" .

Слободното време како феномен на современото општество продира во сите пори на општествениот живот, а мошне силно се рефлектира во педагошката сфера, односно влијае врз концепцијата, организацијата и остварувањето на современото воспитание и образование. Тоа е време во кое поединецот (ученик) може да живее во склад со својата индивидуална природа, во која може да се афирмира и понатаму да ги развива своите особини. Тоа е важно средство за одмор, разонода, отргнување од секојдневните грижи и оптеретувања, важен фактор за развиток на личноста.

Во поставувањето на предметот на нашата анализа најнапред си поставивме неколку прашања. Може ли современата педагошка наука без сознанијата за слободното време? Може ли педагошката практика без феноменот слободно време?

Судејќи според недоволната проученост и неразвиеност на педагошката теорија за слободното време, теориската мисла можеби и би можела. Но се поставува прашање, што би останало од педагошката практика ако по некое чудо исчезне феноменот слободно време.

Прашањата што ги поставивме немаат за цел предимензионирање на значењето на слободното време од аспект на педагошката наука, туку пред се да се укаже на неговото значење и влијание врз целокупната

концепција, организација и реализација на современото воспитание и образование.

Можеме да одвоиме неколку значајни моменти кои ја наметнуваат потребата и научната оправданост за истражување на слободното време во современата педагошка теорија и практика.

Прво, научната оправданост ја гледаме во тоа што проблематиката слободно време сеуште не е предмет на постојано и систематско педагошко проучување. Ваквата реалност се согледува во тоа што на поедини прашања се приоѓа повремено,пригодно и нецелосно.

Второ, педагогијата на слободното време како гранка на современата педагошка наука, денес сеуште се наоѓа пред бројни екстремности и дилеми како што се : дали местото и начинот на поминување на слободното време треба да ги оставиме потполно слободни без наметнување, или да се воспитува со наметливи насоки, дали користењето на слободното време треба да се насочува, води и колку, дали да преферираме спонтаност или програмирање, дали да се организира дел од слободното време, или слободното време во неговиот тоталитет или пак ништо, дали да се потенцира емотивниот или рационалниот пристап кон активностите, дали да се создадат материјални предуслови или да се импровизира, да се решава во зависност од конкретната ситуациона условеност и расположивите материјали и слично.

Трето, во поставувањето на предметот на истражување појдовме и од фактот дека воспитните задачи кои ги има слободното време сочинуваат единствена целина по однос на општата воспитна цел. Поради тоа категоријата слободно време која ќе биде предмет на истражување во трудот претставува значаен фактор на воспитание и образование, неодвоив дел од целокупниот систем на педагошката теорија и практика.Процесот на формирањето на личноста во слободното време е неизоставна компонента на физичките, интелектуалните, работно-техничките, моралните, естетските и другите квалитети на личноста.

Четврто, во дефинирањето на поимот слободно време сеуште е присутен нееднинствен пристап кој создава терминолошки и појмовни несогласувања, спорни прашања и дилеми.

Петто, научниот интерес го гледаме и во тоа што денес, на почетокот на вториот милениум се истакнува потребата за оспособување и воспитание на човекот за користење на слободното време. Поради тоа слободното време во педагогијата се третира и како средство за воспитание и образование но и како содржина на процесот на воспитанието. Оттука современата педагогија на слободното време своите напори ги насочува на воспитание преку активностите на слободното време и оспособувањето на учениците за користење на слободното време.

Шесто, научната оправданост се согледува и во фактот што споредувајќи ги активностите во наставата и активностите кои се нудат во слободното време, можат да се констатираат повеќе предности на вторите. Посебна предност претставува слободата на изборот преку која може да се реализира спонтаност, постојаност, поголема ангажираност, творештво и слично. Се поаѓа од немоќта и ограниченоста на институционализираните форми на воспитание во реализирањето на некои посебни воспитни цели, што упатува на потребата и неопходноста, педагошката наука посистематски да се занимава со оваа сфера на воспитно делување.

Седмо, слободното време има нагласена воспитна димензија. Тоа значи дека слободното време има можности да ги евидентира, утврди и отстрани негативните, а да ги зајакне позитивните воспитни влијанија.

Осмо, педагогија на слободно време како посебна педагошка дисциплина пошироко не е вклучена на наставничките факултети и студиите за педагогија. Во наставните планови таа фигурира само во групата на изборни студиски предмети, а на некои наставнички факултети воопшто не е застапена. Оспособувањето на педагошките кадри за потребите на воспитанието во слободното време е неопходно, пред се

заради доследното практично реализирање на задачите на педагогијата на слободното време.

Девето, потребата од истражување на теориските и практичните проблеми на педагогијата на слободното време, своја научна и методолошка оправданост наоѓа и во фактот што во Република Македонија не постои целосно теориски разработен и заокружен труд од оваа област. Главно истражувањата на оваа проблематика имаат емпириски карактер, се изолирани и парцијални и малку допринесуваат за откривање и разрешување на внатрешните теориски законитости и проблеми.

Во обидот да се доближиме кон педагошката суштина на слободното време на учениците, кое претставува предмет на овој труд ќе се обидеме да го посматраме како составен дел, претпоставка и фактор кој влијае врз целокупната теориска, концепциска и организациона поставеност на современото воспитание и образование.

Нашите истражувачки напори најнапред ќе се движат во расветлување на некои општествено-историски аспекти на слободното време. Проучувањето на историско развојната димензија на слободното време претставува основа да се навлезе во суштината на овој феномен. Прашањето дали слободното време е феномен кој постоел во сите епохи и сите цивилизации е прашање на кое повеќе автори даваат различни одговори. Некои даваат категорично потврдни одговори, додека други со мноштво на аргументи го негираат постоењето на овој феномен. Без претензии да дадеме конечно решение на поставената дилема во трудот ќе се обидеме да ги осветлиме оние историски мисли кои се највпечатливи и кои дале посебен придонес за развој на современата теорија на слободното време.

Определувањето на поимот слободно време се наметнува како еден од основните проблеми во разгледувањето на теориските прашања на педагогијата на слободното време. Значајноста и актуелноста на ова прашање произлегува од нееднинствениот пристап во определувањето на

овој поим кај повеќе автори. Затоа во овој дел од трудот ќе се осврнеме на теориските определби на поимот слободно време кои ги даваат авторите во земјите од Западна Европа и САД, потоа теориските определби на слободното време во земјите од Источна Европа, како и теориските определби на слободното време на просторите од поранешна СФРЈ. Меѓутоа мораме да нагласиме дека истражувањата за слободното време во основа претпоставуваат интердисциплинарен пристап. Тоа значи дека овој феномен неможе да се набљудува само од педагошки аспект, затоа што во тој случај би се соочиле со еднострано проучување на оваа проблематика. За таа цел неминовно е да се земат во предвид филозофските и социолошките анализи за настанувањето, значењето и потенцијалните функции на слободното време. Со еден ваков теориски пристап ќе се обидеме да ги издиференцираме различните теориски концепции и методолошки пристапи и нивното значење за теориското концепирање на педагогијата на слободното време.

Проблемот на односот на педагогијата на слободното време со другите науки, е проблем кој ги отвара прашањата околу тоа, дали педагогијата на слободното време може да ги решава самостојно проблемите кои стојат на подрачјата на воспитанието во слободното време и дали постои опасност иако е самостојна педагошка дисциплина нејзиниот предмет да го превземе друга наука или дисциплина. За таа цел ќе го разгледаме односот на педагогијата на слободното време со некои општествени науки, со што ќе укажеме на потребата од интердисциплинарен пристап во решавањето на проблемите на педагогијата на слободното време.

Разгледувањето на основните претпоставки за теориска и практична реализација на воспитно-образовните аспекти на слободното време е прашање кое со сета своја сериозност и актуелност ни се наметнува во проучувањето на предметот на истражување. Во тој контекст ќе ја анализираме суштината и карактерот на научно технолошката револуција и нејзиното влијание врз слободното време;

потоа сознанијата на современата педагошка наука со посебен акцент на конкретизацијата на целта на воспитанието и димензијата слободно време, како и прашањата за слободното време и вредностите, самообразованието и самовоспитанието, слободното време и творештвото; психолошките претпоставки со издвојување на прашањата за развојните фази во развитокот на личноста, факторите во развитокот на личноста, мотивите и интересите; педагошката практика и прашањата за стилот на наставната работа и колку таа им овозможува на учениците да го користат слободното време како и проблемите врзани за материјалните и кадровските барања за квалитетно користење на слободното време.

Теориските основи на педагогијата на слободното време ги разгледувавме од современ аспект на релација училиште,образование и слободно време,проблемот на градењето на културата за користење на слободното време, спојување на училишните и вонучилишните програми за поуспешно организирање на слободното време на учениците, како и бројните истражувања и проекти кои се во функција на создавање на подобри услови за организирање на слободното време на учениците.

Истажувањето на воспитно-образовните аспекти на слободното време ја наметна потребата и од проучување на специфичниот развоен пат на слободното време во нашата педагошка наука. За таа цел се определивме да анализираме само некои клучни, типични, преодни моменти, односно оние идеи кои најдобро ја одразуваат педагошката практика на полето на слободното време.

Во приодот кон проучувањето на педагошките аспекти на слободното врме ни се наметна потребата и од разгледување на факторите кои влијаат врз определувањето и организацијата на активностите на слободното време на учениците. Во тој контекст ќе го анализираме влијанието на семејството, воспитно-образовните институции, детските организации, општествените организации, културните и другите јавни институции и организации, средствата за

масовна комуникација, јавните манифестации, како и потесната општествена средина во која детето живее.

За подобро да го согледаме значењето на целта и предметот на педагогијата на слободното време во рамките на педагошката наука се определивме да ги анализираме нејзините задачи преку кои се конкретизира општата воспитна цел на подрачјето на слободното време. Поради тоа нашиот обид ќе биде насочен кон анализа на нивната суштина и функција, потоа следење на нивната развојна линија или поконкретно диференцирање на најзначајните карактеристики (сличности и разлики) во нивното определување. Во овој дел од трудот ќе се обидме да дадеме и сопствено видување по однос на задачите на педагогијата на слободното време.

Мошне специфичен проблем на кој ќе се осврнеме во трудот е проблемот за принципите на слободното време, кои претставуваат темелни барања, појдовна основа според кои се организира и реализира слободното време. Се разбира дека почитувањето на овие принципи како теориски поставки не ги гледаме како кочници, туку како насоки за што поуспешно организирање на слободните активности на учениците.

Меѓутоа не можеме да зборуваме за слободното време а да не ги анализираме активностите со кои ученикот го исполнува тоа време. Определуваејќи се за еден ваков пристап во проучувањето на активностите си поставивме за цел да ги анализираме нивните карактеристики и да направиме нивна класификација врз основа на повеќе критериуми кои се среќаваат во трудовите на некои автори. Посебно прашање на кое ќе се осврнеме е значењето, функцијата и воспитните можности на слободните активности како составен дел од физичкото, интелектуалното, моралното, работно-техничкото и естетското воспитание.

Како посебен проблем кој има свое значење и тежина во нашата теориска анализа го поставивме и проблемот на современата концепција на слободното време. Во рамките на разгледувањето на овој проблем

најнапред ќе направиме кус осврт врз развитокот на современата концепција на слободното време во предучилишното, основното и средното воспитание и образование, а потоа ќе го издвоиме проблемот на реализацијата на концепцијата на слободното време во педагошката практика на предучилишното, основното и средното образование. Во тој контекст ќе се обидеме да одговориме на прашањата, врз основа на што може да се гради концепцијата на слободното време, кои се тие вредности кои треба да продрат во соврмената концепција на слободното време во практиката, кои содржини треба да се опфатат за оспособување на личноста за правилно и конструктивно користење на слободното време.

Во завршниот дел од трудот се определивме да ги анализираме современите иновациско-истражувачки проекти кои се реализираа во сферата на воспитанието и образованието и се значајни за воспитанието на личноста во слободното време. За таа цел се определивме да ги разгледаме проектите "Чекор по чекор" во предучилишното воспитание и образование со идентификување на некои значајни елементи кои нудат основа за сваќање на односот на личноста кон слободното време; проектот "Вавилон" кој го опфаќа развојот на децата и младите преку слободните активности за партиципација во мултикултурно општество; и проектот "Славејче" како модел на неформално образование на деца од дисфункционални семејства со цел социо-емоционален развој меѓуетничка толеранција и градење на култура за користење на слободното време.

Последните страници на ова теориско истражување ќе бидат резервирани за заклучни согледувања по однос на слободното време на учениците како педагошки проблем, кои главно ќе се засноваат на предходните излагања.

Со ваква концепција на предметот на истражување ќе бидеме повеќе од задоволни ако успееме да го оправдаме и научно педагошки добро да го изведеме ова истражување и со тоа да дадеме скромен придонес во теоријата и практиката на педагогијата на слободното време.

## 1. НЕКОИ ОПШТЕСТВЕНО ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Проучувајќи го слободното време како педагошки проблем од теориски, концепциски и практично реализационен аспект, се наметнува потребата од разгледување на неговите историско развојни димензии. Слободното време - неговата големина, содржина, функција, смисла, начин на користење зависело од општествено - историските услови. Тоа настанува и се развива во текот на општествените случувања, одразувајќи го карактерот на самото општество и општествените односи. Основата за да се навлезе во суштината на слободното време претставува начинот на производство, односите на луѓето во општеството и културниот живот воопшто. Ова претставува темел од кој зависи слободното време, а со самото тоа и улогата на воспитанието во тие рамки.

Гледано историски, слободното време како предмет, ги интересирало филозофите уште од античкиот период. Меѓутоа во трудовите на некои автори кои ја разгледувале историско развојната димензија на слободното време се поставува дилемата, дали слободното време е појава, продукт на современата цивилизација или пак појава која евулирала непосредно со човековото постоење. Се разбира дека одговорите на ова прашање кај повеќе автори се разликуваат. Во суштина доминираат два спротивни одговори, едни корениете и почетоците на постоењето на слободното време ги наоѓаат во раните историски периоди на човековиот развој, додека други со мноштво на аргументи го негираат постоењето на овој феномен. Некои одат дури и до таму што некои елементи на активности својствени за слободното време (играта на пример) ги врзуваат не само за човекот туку и за животните. (Ch. Brightbill)

Заради илустрација во продолжение ќе наведеме некои покарактеристични ставови на автори кои поопстојно се занимавале со проблемот на утрдувањето на корените на слободното време. Еден од

нив кој дава и најаргументирани докази за историјата на слободното време е John Kelly. Тој во своето дело "Leisure" мошне детално ја развива тезата за слободното време како човечки феномен. Според него слободното време го имало во сите човечки култури и цивилизации, како составен дел од животот на возрасните но исто така и на децата. Се разбира тоа во специфична форма може да се идентификува во било кое историско време и на било кое историско место. (J.Kelly, 1982).

Исто така и некои други автори (T.Veblen,1966; J.Huizing,1970; Z.Jasovic,1984; R.Lukic,1974 i dr.), корените на слободното време ги наоѓаат уште во примитивната родовска заедница, кога работата и борбата за самоодржување го исполнувале скоро целокупното човеково време. Во тој контекст R.Lukic вели: "Колку и да бил ограничен животот на човекот во најпримитивното општество и колку и да бил неразвиен"... тој секогаш оставал и најмало слободно време и енергија за да се развие забава, игра, доколица, веселба, уметност итн. Впрочем, зачеток на игра и забава има дури и кај животните, па според тоа би било несватливо вели тој да ги нема кај луѓето, па дури и кај најпримитивните". (R.Lukic, 1964, стр.220).

Холандскиот историчар Johan Huizing, на играта и дава посебно значајна улога во животот на човекот. Тој дошол до сознание дека таа е неодвоив дел од било која епоха на човековата цивилизација. Во тој контекст авторот става посебен акцент на слободното време како неопходен услов за реализирање на играта. (J.Huizing, 1970, стр.17)

Од друга страна го имаме ставот на авторите (S.de Grazia; J.Nulinger; S.Parker i dr.) кои почетокот на слободното време го врзуваат со настанувањето на класното општество. Интересно е тоа што кај овие автори постои дилема во однос на тоа во колкава мерка слободното време било привилегија само на владеачката класа или пак него го имало и во животот на пониските класи но се разбира во поинаква форма. Карактеристично за овие автори е и експлицитното одвојување на доколицата и слободното време, посебно кај S.de Grazia. Овој автор

пишува дека "Доколицата не може да егзистира таму каде луѓето незнаат што е тоа". (S.de Grazia, 1962, стр.8) . Свеста за доколицата е од пресудно значење и предуслов за нејзино постоење.

Во литературата некои автори почетоците на слободното време ги врзуваат со Францускaта Февруарска Револуција од 1848 година, кога е роден законот за 12 часовен работен ден. Со ова се создале услови работниците во фабриките да имаат скратено работно време. Во научните трудови (социолошки, економски, психолошки и др.) слободното време како проблем се проучува кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, а дваесетите и триесетите години од 20 век почнуваат и привите емпириски истаражувања за слободното време во Европа и Америка. Овој период истовремено се означува и како почеток на конституирање на новата социолошка дисциплина, социологија на слободното време.*

Владимир Јанкович слободното време го третира како проблем карактеристичен за денешницата предизвикан од индустријализацијата, технизацијата и автоматизацијата. Во некои индустриски високо развиени земји овој феномен се јавува според него во првите децении во 20 век, додека последните години од 20 век тој станува актуелен проблем на современото општество. (V.Jankovic, 1967 год. стр. 7 - 9)

Еден ваков приближен став застапуваат и некои други современи истражувачи на пр. (D.Gabor,1963; A.Tofler,1975; W.Nahrsteat,1989 и др.). Тие сметаат дека слободното време во текот на историјата станува поконзистентно и подолго. Посебно тој процес е воочлив во поново време, а во децениите на научно-технолошката револуција ќе добие такви димензии што идното општество ќе стане општество на доколица.

* Во Франција: Butula(1924); Barnsa (1932); Najmeir (1935); Z.Dumanzdiere. Во СССР истражувањата почнале 1920 година; во Полска (1957 год.); во Маџарска 1960 год.; Чехословачка 1960/61 год.; во Бугарија 1958 год. и во ДР Германија, а во Југолавија првото истражување за слободното време е спроведено во 1965 год. кога Југославија се наоѓа како една од учесниците во реализацијата на UNESCO. Во проектот учествуваа: Белгија, Маџарска, СССР, СР Германија, Франција, Југославија, подоцна Бугарија, САД, Чехословачка и Перу. Предлогот за едно вакво меѓународно истражување на буџетот на време, потекнало од Петиот Меѓународен Социолошки Конгрес во Јел, 1963 година.

Различните пристапи по однос на прашањето дали слободното време е појава, продукт на современта цивилизација или појава која еволуирала напоредно со човековото постоење, ни укажува на тоа дека научното проучување и осветлување на проблемот слободно време е сеуште на почетокот на својот развој.

Без претензии да дадеме конечно решение за постоечките дилеми на проблемот слободно време во нашето истражување ќе се обидеме да ги осветлиме оние историски мисли кои се највпечатливи и кои дале посебен придонес за развојот на современата теорија на слободното време.

Во нашето истражување поради научна систематичност во пристапот сметаме дека е најдобро корените на слободното време да ги побараме уште во раниот период паралелно со појавата на човековата цивилизација, потоа античкиот период, феудалното општество и раниот капитализам, како и капиталистичкото општество од воведувањето на мануфактурата до модерното индустриско производство. Слободното време и неговите проблеми ќе ги проследиме во еден логичен историски континуитет, според периодизацијата која предходно ја споменавме, земајќи во предвид повеќе аспекти од кои зависи количината, содржината и можностите за користење на слободното време. Во тој контекст посебно би ги истакнале развитокот на производните сили и односи, карактерот на општественото уредување, културата, материјалната благосостојба, субјективните ориентации, навиките и нивото на свеста на поединецот.

*1.1. Слободното време во пробитната заедница*

Во првобитното родовско општество, посебно во поразвиените периоди од неговиот развиток (на сите степени на дивјаштво и варварство) не постоела приватна сопственот, општествена нееднаквост, не постоеле класи, не постоела држава. Сите луѓе припадници на една група (род, племе), заеднички колективно, групно учествувале во обезбедувањето на средствата за подмирување на своите основни потреби. Никој не бил исклучен од тоа без обзир дали станувало збор за собирање плодови, лов, риболов, сточарство, обезбедување на средства за живот од земјоделството или некој друг вид на работа. Сите луѓе на една таква заедница биле колективни сопственици на средствата за работа и сите биле заедно сопственици на производите од една таква колективна работа. Општествена нееднаквост не постоела. Единствени разлики кои постоеле биле разликите кои се засновле на природната нееднаквост според полот и возраста. На оваа основа била извршена и првата природна поделба на работата.

Овие општи карактериски на првобитното родовско општество ни допуштаат корените на слободното време да ги бараме напоредно со условите за работа и борбата на човекот за самоодржување. Факт е дека на овој степен на рзвојот на општеството тешко е да се одвојат од производната работа некои други активности на човекот, но сепак тоа не ни дава за право да го негираме постоењето пред се на одморот, разонодата и играта, кои ја претставуваат основната функција на слободното време.

И токму поради специфичностите на примитивниот начин на производство, слободното време во тој период, како и во сите останати има свои квантитативно-квалитативни карактеристики. Основните карактеристики во овие општествени услови би биле:

- дифузност и мала застапеност во целокупниот комплекс на време;
- неиздиференцираност на работата по однос на останатите активности.

Во етнолошките истражувања се срeќаваат податоци во кои се наведува дека во првобитната општествена заедница обработката на земјиштето имало карактер на нецелосно производство. Така на пример после повеќечасовна работа од еден ден, другиот ден имало пауза. Процесот на работа бил прекинуван во зависност од годишниот период и периодот на денот. Најчесто во текот на денот работата била прекинувана со ритуали, пеење и играње. Тука се гледа дека магискиот ритуал ги прател основните елементи на првобитното земјоделско производство. Пропратено со низа на практични активности, секоја нова фаза на работата се поврзувала со магиската церемонија. На тој начин работата која имала исклучиво производен карактер на овој степен од развојот на општеството се испреплетува со активности кои имале религиски или забавен карактер (R.Bozovic, 1979 стр.73) .

Овие две активности иако различни по своите практични цели имаат суштинско значење за животот во заедницата. Празниците опфаќаат работа и игра, односно работата и играта се помешани. Припадниците на индијанските племиња не зборувале ниту пак расправале за својата религија, тие играле. "Индијанецот ја играл својата молитва во секоја света прилика вклучувајќи го и погребувањето. Тој го молел семоќниот за добар род на житото–со игра на житото; за време на суша бара дожд-со игра на дожд, и на тој начин ја симболизира и својата благодарност. (R.Bozovic, 1973, стр.76)

Секако е бесмислено прашањето дали ритуалните игри (танци, плес) за предизвикување на дожд кои ги играле Пуебло индијанците или магијата за поттикнување на плодноста на добитокот која ја изведуват сточарите на Банту племето, треба да ги сметаме како забавни елементи на слободното време или како активности кои имаат економско

значење. Сосема е јасно дека одвоеноста на работа од слободното време неможе воопшто да се изврши на основите на овој тип на општество, затоа што животот во првобитното општество не се базира на категориите карактеристични за индустриската култура. (A.Kloskowska, 1964 стр. 152)

Значи можеме да заклучиме дека во овие примитивни заедници значењето кое се придавало на религиските обичаи било пред се за задоволување на елементарните потреби за живот, да се добие заштита од духовите и божествата. Од тука доаѓа до испреплетување на примитивно општествената работа со играта и активностите кои имале забавен карактер и елементи на религиски обреди и церемонии.

Подоцна во понатамошниот развој на првобитната зедница кога искуствата до кои се дошло станале побогати и пошироки, доаѓа до одвојување на една категорија на луѓе кои се нарекувале жреци и врачи. Оваа категорија на луѓе претставува прв чекор кон развојот на привилигирани групи кои поседувале слободно време. Тие не учествувале во подготовката на средствата за живот, нивна задача била да се грижат за младите пренесувањето на искуствата, обичаите и традициите. Со тоа се создале можности да уживаат во производите на работата иако директно не учествувале во неа. Од тука произлегува и ставот на поедини теоритичари кои сметаат дека оваа категорија на луѓе (жреци, врачи) може да се смета за “привилигирана каласа” со општествени карактеристики на подоцнежната “класа на доколичари”.

T.Veblen и некои други истражувачи ни укажуваат на фактот дека уште во некои стадиуми на варварството постоеле определени форми на доколица за определени општествени групи. Како изразит пример го наведува ослободувањето од производството на воинствената и свештеничка класа во Браманска Индија. Тој смета дека во заедниците кои припаѓаат на повисоките варварски култури постои поголема поделба на подкласи кои можат да се наречат доколичарки класи, кај кои се забележува дури адекватна поделба на занимања помеѓу тие

подкласи. Доколичарската класа како целина содржи племство и свештенство, заедно со добар дел на своја придружба. Занимањата на овие класи распределени се на адекватен начин и имаат заедничка економска карактеристика - тие се непродуктивни. Грубо систематизирани занимањата на повисоките класи опфаќале: поведение, војување, вршење верски ритуали (обреди) и слично.

Постои и друг пример од не така раниот период од степенот на развојот на варварството кога доколичарската класа се наоѓа во помалку издиферицирана форма. Ниту класните разлики ниту разликите во занимањата на доколичарската класа не се толку тенки и сложени. Жителите на Полинежанските острови верно го покажуваат овој степен на развиток со исклучок што и покрај недостатокот на крупни диви животни, ловот не завземе вообичаено почесно место во нивниот начин на живот. Исламската заедница од времето на "Сага" исто така дава добар пример. Во таква заедница постои строга подвоеност помеѓу класите и занимањата. Физичката работа производството се што има непосредна врска со секојдневната работа за одржување на животот е занимање на пониската класа. Таа пониска класа ги вклучувала робовите и другите зависни лица, а обично и жените. (T.Veblen, 1966 стр. 69,70)

T.Veblen анализираејќи ја работата на овој степен од развој на првобитната заедница сака да ја покаже разликата помеѓу поедини категории и извлекува заклучок дека постојат поедини активности кои се резервирани за "доколичарската класа" како што се: лов, спортови, верски обреди и сл.

Следејќи ги обележјата и корените на слободното време во првобитната заедница и древните цивилизации, се наметнува потребата за момент да погледнеме и во некои извори кои говорат за раѓањето на уметноста.

Најстари уметнички вештини се изработка на керамика и вајарство. Првенствената намена на грнчарството било изработка на корисни предмети од глина. Човековиот интерес за материјата и

предметите не бил исклучиво од практична природа, туку многу посестрано. Декоративното дотерување на тие прастари предмети покажува дека човекот имал време и потреба да создава. Настанувањето на сите уметости, според повеќе теоретичари на културата може да се препише на старите цивилизации , посредно или непосредно, на часовите кога човекот привремено бил ослободен од работата која била услов за одржување. Првите слики биле создавани на ѕидовите од пештерите или се врежувале на коски. Во гробниците на египетските фараони се наоѓаат уметнички вообичаени сцени од секојдневниот живот. Египјаните не граделе само огромни пирамиди туку имале и големи оркестри и хорови. Со стотици години за народите од исток музиката претставувала дел од нивната животна реалност. Познатиот историчар на културата Maspero пишува врз основа на своите истражувања дека "египетските работници-робови, и покрај тоа што телото им било искривено и готово омлитавео од исцрпувачката работа сепак, при работата играле и пееле. (R.Bozovic, 1979, стр. 75)

Ако го земеме во предвид сето она што напред го изнесовме не е спорно дека во првобитната заедница со првата поделба на работата се рефлектира и слободното време на определен начин. A.Hauzer, укажува на фактот дека со развојот на како што тој ја нарекува земјоделска цивилизација (со развој на земјоделството и сточарството ) се создават и повеќе часови на доколица т.е. одмор од работата во зимскиот период. Слободното време влијае на одредени видови на активности а посебно на подрачјето на уметноста. (A.Hauzer, 1966, стр.22)

Со појавата на класите се јавува и границата помеѓу слободното време и производната работа. Слободното време станува привилегија на владеачките слоеви на општеството. Физичките и другите работи за нив ги обавувале потчинетите а владеачките слоеви можеле да се занимаваат со содржини кои ја надвишуваат грижата односно борбата за лична и елементарна егзистанција. Во античкиот свет таа граница ги

дели робовите од господарите во феудализмот кметовите од племството и свештенството, во капитализмо буржоазијата од пролетеријатот.

### *1.2. Античкото општество и слободното време*

Робовладетелската заедница според сите карактеристики претставува прво класно општество. Него го сочинувале две класи – роболадетели и робови. Поделбата на работата била извршена на тој начин што управувањето, водењето на државните работи, политиката, водењто на војни и освојувањето на територии, како и "мудроста", филозофијата, науките, воопшто размислувањата за светот во кој живее човекот, литературата, уметноста, претставувало основна општествена обврска само на робовладетелската класа. Робовладетелите биле ослободени од секаква производна и физичка работа (во поле, на бродовите, во работилниците, во домовите). Додека, робовите биле тие кои се занимавале со производна и секаква друга физичка работа. Нивна единствена задача била со својата работа да обезбедат одржување на роболвадетелското општество и општествената положба на своите господари. Ваквата општествена поделба на работата и класните односи во робовладетелското општество ги оставло во потполно бесправна положба робовите, така што и нејзините филозофи од Античка Грција не ги сметале за луѓе, туку "за орудија кои зборувале".

Сето ова условило и слободното време кое било исполнето со одмор, разговори, учење и неработење да биде привилегија само на робовладетелската класа.

Во филозофската мисла на Античка Грција и Рим ги среќаваме и првите филозофски мисли за слободното време. Грчките филозофи уште на тлото на ова општествено уредување го почувствувале проблемот на слободното време па зато размислувале за него и ја објаснувале неговата основна функција. Меѓу античките филозофи

посебно значајни погледи среќаваме кај Платон (Федон, Држава) и Аристотел (Политика, Никомахова Етика, Метафизика) потоа Епикур како претставник на рационалниот хеданизам (Пратеник на Монекеј; За целта на животот) и Луциј Анеј Сенека како застапник на римскиот стоицизам (Расправа за блажениот живот)

Филозофските мисли врзани за слободното време од античкиот период денес претставуваат непресушен извор на идеи на кои често се навраќаат повеќе современи автори (на пр. S.de Grazia). Во нивните теории лесно може да се препознае античкиот идеал на слободното време кој се обидуваат да го реализираат во современи услови на живеење.

Платоновите погледи за гимнастиката и музиката во себе носат темелна доверба во силата на владеењето и преоразувачката моќ на овие две човекови активности. Задачата на овие две активности вели Платон, не би се исцрпела во чувањето на постоечкото, туку во неговото поправање, неговото усовршување. "Ако децата убаво започнале со игра и ако со помош на музичкото образование, научат законитости, тогаш тие ќе ги пратат насекаде, ќе ги јакнат и повторно ќе се подигне во државата она што се срушило". (Platon, 1957, стр.120-121).

Платон не може да ја замисли хармонијата на човековата акција без активо присуство на гимнастиката и музиката. Во таа смисла тој истакнува:"Зар нема како што веќе рековме спојување на музичкото воспитание со музиката да создаде хармонија помеѓу разумот и волјата, така што разумот ќе јакне и ќе се храбри со добри песни и наука, а волјата ќе се смирува и ублажува со музика и ритам. (Platon, 1957, стр. 143)

Ваквите филозофски размислувања на Платон ни укажуваат на тоа дека неговата концепција за слободното време е наменета за децата (игра и нега) на младите (забава и спорт) додека за останатите тоа треба да биде исполнето со религиозни церемонии. Неговата концепција е идеалистичка, религиозна, треба да се пее да се игра да се моли господ да

се одоброволи и на тој начин да се обезбеди сигурно и добро место во задгробниот живот. Платоновата концепција е доста сложена и во неа се забележува онаа неизвесна теорија на доколица, која има посебно значење во Стара Грција.

За разлика од Платон, Аристотоловата концепција е реална, конкретна, приземна, хуманистичка. Според него слободното време е привилегија само на артистократијата не и на робовите. Разгледувајќи го тоа прашање, Аристотел сметал дека целиот живот се состои од војна и мир од работи кои се нужни и корисни и работи чија цел е добродетел, па вели:"Луѓето се одлучуваат за војна поради мир, за работа поради слободното време, за она што е нужно и корисно, поради она што е добро и убаво. Цел на војната е мирот, а цел на работата е слободното време". (Aristotel, 1960, стр. 262)

Одвојувајќи ја работата од слободното време, Аристотел сметал дека активностите на слободното време сами по себе пружаат уживање, среќа и блажен живот, а тој како филозоф на среќата, како често го нарекуваат, токму во тоа ја гледа целта на животот. Работата напротив има цел во себе, а оној кој работи се мачи и напрегнува. Затоа среќа може да достигне не оној кој работи, туку оној кој живее во слободното време. Бидејќи самата по себе е цел среќата носи уживање. "Но под тоа уживање пишува Аристотел не подразбираат сите едно исто, туку секој спроед својот вкус и според своите особини, подразбира нешто друго. Само најдобриот човек бира најдобро уживање, кое има свои корени во најголемата убавина." (Aristotel, 1960, стр. 263)

Аристотел во своето филозофско учење се обидел да ја определи меѓусебното зависност и условеност на доколицата и работата. Откривајќи ги сите нивни својства и специфичности тој го направил најголемиот дострел на античката мисла и ја поставил основата на филозофско-социолошката теорија за доколица. Аристотел сметал дека за доколицата и разонодатата се важни и добродетелите на доколицата но исто така и добродотелите на работата. За работата е потребна

решителност и истрајност, за доколицата филозофија, а разумност (сталоженост) и праведност се потребни и за едното и за другото посебно за оние кои живеат во мир и доколица. (Aristotel, 1960, стр.262)

Тој посебен акцент ставал на способноста доколицата доборо да се употреби (значи, поради некоја цел) и во тоа ја гледа смислата на целокупното слободно живеење на човекот. Поради тоа концепцијата на Аристотел е значајна и од педагошки аспект, посебно поради прашањето кое тој си го поставува на пример:"Ако се одбере слободното време наспроти работата со што треба да се исполни ова слободно време?" Во одговорот на оваа прашање тој вели:"Секако не со игра, затоа што во тој случај играта ќе стане цел на човековиот живот, а тоа е невозможно". (Aristotel, 1960, стр.262)

Од ова јасно се гледа дека уште во Античкиот период се истакнува значењето на видот на активности со кои ќе биде исполнето слободното време на човекот. Во концепцијата на слободното време кај Аристотел музиката се издвојува како посебна вредност над сите други активности. Тој посебно ја цени музиката поради нејзиното значајно место меѓу забавите кои се достојни за човекот затоа што ја култивираат свеста и светот на доколицата. Во своите размислувања античките филозофи напоменуваат "Граѓанството треба да се воспитува за доколица, тоа е наклонето да се дегенерира. Жените се изложуваат на опасот и можност да подпаднат под власта на пороците. Исто така доколицата која се заснова на ропство е загрозена и едвај може да се смета за доколица." (S.de Grazia, 1962, стр.64)

Кога зборуваме за активностите на слободното време во античкиот период, добро е да кажеме и нешто за доминантните активности во круговите на античката аристократија. Најчесто таа своето слободно време го поминувала во непрофесионални, вон производни дејности, на пример: медитации, филозофирање на јавни расправи на плоштадите, присуствувале на прикажување на трагедии и комедии, во музика, ликовно творештво и разновидни атлетски дисциплини. Значи во

дејности кои развивале добродотел (добрина) и според тогашните сваќања, само оној кој има слободно време, може да се воздигне до мудрост и слободен дух, може да владее со животот и во полна мерка да ужива во него. Еден дел од слободното време аристократијата го поминувала со останатите слободни граѓани на разни игри и свечености како што биле Олимписките игри, Дионизијанските, Питијските, Истимските, Немејските на кои имало натпревари од многу активности на слободното време.

Кај грчките селани исто така се забележуваат одредени форми на доколица кои биле врзани за празници и разни свечености. H Lefebre пишува дека:"Грчките селани имале празници, религиозни церемонии а датумите на тие празнувања биле утврдени со селскиот календар. Најчесто се славеле следниве празници: Пијанепсиј на есен, Антестериј на почетокот на пролетта, Талисиј гозба приредувана во чест на божицата на светлината на која што учествувале сите жители на селото легнати на гранки од трска и винова лоза, јадејќи леб направен од новото жито". (H.Lefebre, 1959, стр.328)

Значи за селаните зимата претставувала период на слободно време, а доколицата се изразувала во религиозните церемонии, гозби и други празнувања.

S. De Grazia пишува дека античките филозофи многу сериозно се занимавале со прашањето на доколицата. Нивните идеи заслужуваат внимание од следните причини:

- го допреле проблемот со кој денес ние се соочуваме;
- го нафрлиле прашањето кое ние денес едвај се осудуваме да го поставиме; кој денес би се осудил да тврди дека некоја држава би можела да пропадне ако незнае како да ја користи доколицата.

Аристотел живеел токму во она време во кое интересот за проблемот на доколицата не бил нов. Затоа тој можел да се сврти кон една веќе стогодишна традиција. "Неговата Грција, неговата Атина била

одредена за тоа да ја подигне завесата и на Западниот свет да му ја покаже иделаната слика." (S.de Grazia, 1962, стр. 57)

Античката мисла за слободното време денес не упатува на размислување, дали современиот човек поседува доволно филозофија, борбеност, праведност и надворешна добрина, да го осмисли сопствениот живот и животот на своето семејство. Одговорот се чини дека е уште послежен одколку што изгледа, затоа што за слободното време потребно е да се учи и во слободното време да се учи. Како што се поребни одредени способности, знаења и вештини за да може човекот успешно да работи, така на човекот му е потребно знаење успешно да го користи слободното време.

Идеите за доколица кои се родени во Античка Грција пренесени се во Рим, благодарение на Платоновите и Аристотеловите дела. Римјаните го прифатиле Грчкиот стил на слободното време но сега наречен otium. Меѓутоа, мошне мал бил бројот на патриции кои го поминувале во смисла на schole. Изгледа дека тој идеал на грчкиот начин на слободно време го превзел само Сенека, затоа што градителите на римската империја спротивно на "otium" го ставале "negotium" , со што слободното време се подредува на активности и делување. Но за Сенека otiosi биле оние луѓе кои имале време за филозофија и само тие вистински уживале. Само преку слободното време поединецот може да го бира моделот според кој ќе го насочи својот живот.

Карактеристично за римјаните било тоа што биле мошне вешти во организирањето на разновидни форми на поминување на слободното време. Слободното време за сите слободни граѓани се одвивало на рзновидни јавни места, како на пр.: форуми, амфитеатри, бањи, циркуси и стадиони кои биле пропратени со разновидни и бројни игри. Деновите во кои биле приредувани игрите се множеле во текот на вековите. На почетокот овие римски игри имале религиозен карактер и привлекувале голем број на римјани, но подоцна прераснале во крвави и брутални забави исполнети со исцрпувачки и нечовечки форми на забава. Затоа

историчарите тврдат дека разонодата во времето на Рим, а посебно кога царството се ближело кон крајот, претставувало "барометар" на една уморна цивилизација која веќе не можела да ја избегне неминовноста на своето пропаѓање.

Противречностите на римскиот свет мошне силно се одразуваат во филозофијата на Епикур. Неговата филозофија која е антиидеологистичка и антирелигиска, најдобро е одсликана во неговата етика во која индивидуалната слобода и добродетелта ги става во прв план и тоа во функција на пријатен живот. Тој е убеден во непогрешливото сознание кое доаѓа од сетилното набљудување со кое понатаму се стигнува до свеста на слободната волја. Од тука блажениот живот и чувството на задоволство се основните вредности кон кои човекот тежнее.

Потикнат од карактерот на тогашното римско општество Lucij Anej Seneka, како претставник на римскиот стоицизам во своите филозофски размислувања во прв план го става етичкото дејствување и однесување, а мудроста и добродетелта како цел на човековото дејствување. Тој зборува и за вредноста на човековото време. Во таа смисла тој вели: "Најсрамен губиток на време е времето изгубено поради негрижа, иако сакаш работата од близу да ја набљудуваш, ќе видиш дека најголем дел животот им одминува на оние луѓе кои лошо работат, поголем дел на оние кои ништо не работат, а цел живот на оние кои се друго работат освен тоа што треба да го работат". (L.A.Seneka, 1944, стр.43)

Сенека понатаму пишува дека се е туѓ имот, дека само времето му припаѓа на човекот "Само оваа кон бегство склона работа ни ја дала природата во наша сопственост...", "Но никој не мисли дека е нешто должен кога добил време, а ова е сепак единствена работа која ни најблагородниот човек неможе да ја врати". (L.A.Seneka, 1944, стр.44) Но сепак Сенека заклучува без двоумење дека човековиот живот се мери, не според времето, туку според неговото дејствување.

Според сето она што досега го кажавме ќе се обидеме да ги извелечеме основните карактеристики на античкото слободно време кое било во духот на грчкото schole и римскиот otium. Најкрактеристично е следново:

- користењето на слободното време било привилегија на аристократијата како привилегирана владеачка класа, која не се занимавала со производна работа туку живеела од работата на пониските сталежи и робовите;
- смислата на слободното време било стекнување на добродетели, индивидуален развој во духот на калокагатија, самообразование и афирмација на личноста;
- содржината на слободното време се карактеризирала со повеќе културни, уметнички и спортски дејности;
- можностите за масовно користење на слободното време ги обезбедувало општеството со воведување и оргнизирање на бројни свечености, игри и изградба на потребни објекти; и
- составен дел на воспитанието на граѓаните била и подготовката на младите генерации за културно и за човекот достоинствено поминување на слободното време.

Значи, слободното време во античкиот период има свои определени димензии кои ја даваат основата за една поразработена и поосмислена теориска концепција, со што се потврдува и значењето на античката цивилизација за целокупниот живот на човештвото.

### *1.3. Слободното време во феудалното општество и раниот капитализам*

Со продорот на варваските племиња, падот на Зпадното Римско Царство, ширењето на христијанството и распадот на робовладетелското општествено уредување, се издигнува феудалното општество со нови – економски односи на сите подрачја од животот. Имено, феудалното општество се состоело од две класи: феудалци и кметови. Феудалната класа се состоела од два основни сталежа: духовниот (свештенството ) и световниот (племството), кои имале владеачка позиција во феудалното општество. Подчинетата класа ја сочинувале зависните селани и малиот број на занаетчии кои на определен начин успеале да ја задржат својата самостојност. Овие големи промени во општественото уредување се одражувале во сферата на производната работа, но исто така и во сферата на слободното време. Местото и улогата на секоја од класите во општествениот живот го диктира фондот на слободното време но исто така и начинот на неговото исполнување.

Според сваќањата на некои теоретичари и историчари разонодата завземала важно место во животот на средновековниот човек, додека други го негираат постоењето на разонодата или пак го сведуваат на занемарлива мерка.

Разгледувајќи го слободното време на разни класи и слоеви во феудалното општество, дојдовме до сознание дека животот на владеачката класа посебно на средновековното племство бил исполнет со активности кои им давале основни обележја на луѓе кои имаат време и кои знаат што со него треба да правата. Ловот, спортските активности, јавањето, борбените игри, турнири, песни, приказни, театарски и музички спектакли-сето тоа се одвивало околу дворците на племството кои биле центар на општествениот живот. Патувачките групи го забавувале племството и витезите. Тоа било забава на мошне ограничен број на средновековни жители.

Од друга страна за припадниците на потчинетата класа слободното време е почеток на сите зла и гревови. Основното идеолошко струење и доминантниот начин на размислување се наоѓал во црквата, како главен монопол на поседите, приходите и моќта што од своја страна подразбира власт. Црквата неделата ја определува како ден за молитва и одмор. Редуцирани биле и грчко-римските празнувања, а бројот на слободните денови годишно изнесувал околу 60. Меѓутоа, најголемите промени настануваат во поглед на сваќањата на самата работа и нејзиното значење во животот на луѓето. Црквата ја устоличува смислата на човековиот живот, која била насочена кон поттикнување на милост божја и спасение на душата за другиот свет. Молитвата и работата или според Бенедиктанската прокламација на "oro et laboro" станува главна девиза на животот. Работата претставува средство за постигнување на милост божја, додека слободното време претставува почеток на сите опачини. Но тоа се однесува само на кметовите, слободните селани и занаетчиите, додека високите црковни достоинственици и световни феудалци уживале во плодовите од работата на пониските слоеви од населението. "Господ го создал простиот народ да ја обработува земјата, со трговијата да остварува трајно одржување на животот и на другите да им служи како пример". (Huizing Johan, 1964, стр.57)

Воопшто во феудалното општество црквата и државата го определувале обемот на слободното време на сите општествени класи. Во вакви услови неможе да стане збор за некој фонд на слободно време, во смисла на богато, содржински осмислено и реализирано слободно време. Кметовите, селаните, занаетчиите и трговците и понатаму работеле од утро до вечер само да преживеат. Нивното вонработно време едвај им стигнувало за физички одмор, обнова на телесната сила и секако за молитва.

Научната дејност, уметноста и книжевноста, ширењето на културата воопшто во прво време ја превзеле манастирите, а световното племство се занимавало со војување или го уживало своето слободно

време во приредување на турнири, лов и други забави во дворовите. Подоцна кралските дворови на племството станале покровители и средишта на уметноста, музиката, книжевноста, а поедини уметнички дела ги создавале професионалици во служба на кралевите и великаните.

Слободното време во феудалното општество во духот на грчкото schole и римскиот otium го губи својот слободен, креативен и уметнички карактер. Образованието на младото поколение во суштина се состоело од активностите на световното племство. Некое посериозно, потемелно и посодржајно воспитание и обрзование не постоело. Оттаму и податоците за големиот процент на неписмени луѓе од оваа класа и запоставувањето на научната мисла и стагнацијата на науките воопшто. Земено во целина слободното време претставува само обид да се исполни неработниот празен и несодржаен живот кој се базирал на девизата според која работата се толкува како последна цел во животот, за слава божја.

Периодот на хуманизмот и ренесансата претставува нов импулс со мноштво на нови идеи кои во осова ги рушеле темелите на дотогашното општество. Прогресот, разумот и науката ги даваат основните обележја на духовната култура и стие видови на активност. Покрај битните промени на подрачјето на политиката, верата, општеството и стопанството (вклучувајќи го занаетчиството и трговијата), ренесансата отвара нови патишта за слободното време и разонодата. Новата ориентација во основа ја има човековата слобода, ширењето на старогрчката и римската култура. Слободното време и понатаму останува во рамките на повластената класа и новата аристократија, додека останатите и понатаму ја барале смислата на животот во црковните верувања, верските обичаи, молитви и работа.

Посебно значаен момент во периодот на хуманизмот и ренесансата претставува просветувањето, зачетокот на современите науки. Со новото учење се намалува незнаењето и суеверието, а тоа посебно се

одразило на преобразбата во сите сфери на човековиот живот. Со подобрување на акдемското образование, оживувањето на грчката и римската култура, трговијата и занаетчиството се влијаело врз укинувањето на старите традиции кои го забавувале општествениот развиток. Во уметноста се развиле нови техники и се развиле нови уметнички изрази. Науките доживуваат процут, се афирмираат нови научни дисциплини. Жителите на градовите систематски се образуваат и стануваат се поприсутни во културниот живот кој порано бил резервиран за тесниот круг на феудални господари. Тие имале своја забава, посетувале театри и уживале во уметноста. Ова во суштина претставува период на зачеток на буржоазијата која била главен носител на се што е прогресивно. Но треба да се има во предвид фактот дека хуманистичкото движење ги зафатило само аристократските слоеви на тоа општество. Тие имале монопол над времето, имале средства и услови да се занимават со интелектуална и научна работа. Тие располагале со слободно време.

Анализираејќи ја проблематиката на слободното време кај различни општествени групи и слоеви, од трудовите на некои автори (H.Wilensky, Furastie и др.) можеме да ги извлечеме следниве карактеристики:

- после античкиот период расте работното време кај одредена група на население;
- порастот на работното време го имало кај интелектуалните слоеви на селаните, занаетчиите и работничката класа. Што значи дека кај овие слоеви автоматски доаѓа до смалување на слободното време;
- во некои слоеви на пониски службеници се намалувало работното време, а се зголемувало слободното време.

Меѓутоа кај некои други истражувачи на слободното време во средниот век, се забележува еден критички став по однос на постоењеот на овој феномен.

Францускиот социолог J.Dumazdiere смета дека слободното време претстатвува составен дел на техничката цивилизација. Слободното време на селаните и занаетчиите на пред индустриското општество не служело за разонода. Што се однесувало пак до секојдневниот одмор тој претставувал само променлив ритам на работниот ден. Димаздие завзема сличен став и по однос на владеачката класа кога станува збор за слободното време. Смета дека безделничењето на племството од XVI век неможе да се нарече доколица. Поимот доколица не треба да се употребува за означување на активностите на безработниот сталеж. Доколицата не претставува безделничење. Таа не ја укинува работата. Таа ја претпоставува. (G.Fridman, P.Naville, 1972, стр.684)

Сепак слободното време било регулирано со обичаите на разновидните општествени слоеви во Средновековна Европа. Квалитетот на слободното време кај елитата претставува мошне интересен предмет на истражување. Со појавата на буржоазијата настануваат и нови моменти во врска со слободното време. Таа го бара своето место да стане рамноправен член во кругот на оние кои се сметале за луѓе. Се изградуваат нови мерила за правилно користење на слободното време.

Во делата на поедини претставници на хуманизмот, а посебно социјалутописти кои се бореле за подобро општествено уредување, среќаваме и поедини мисли и трудови во кои се придавало посебно значение на слободното време. Духот на ренесансата и новиот "стил на живот" најпотполно се изразени во делата на англискиот филозоф Tomas Mor, италијанскиот филозоф Tomasso Companela, потоа Francois Rablais и Michel de Montaigne, се разбира сите од свој агол на рзмислување.

Tomas Mor својата визија за иделна општестена заедница "De optimo statu republicae deque nova insula Utopia" или скратено "Utopia" предвидува дневно шест часа работа и тоа по три предпладне и попладне. "На секој му е допуштено слободните часови – оние вон работата и ручекот, задолжителни се два часа одмор и осум часа спиење – останатото време

може да го поминува по своја волја но не со уживање и ленчарење туку со некоја пријатна работа вон своето занимање". (Т. Мог, 1964, стр.99) Обичај било во утринските часови да се држат предавања, кои биле задолжителни за оние кои поименично биле избрани за наука. Па сепак огромното мноштво на луѓе од сите занимања, како мажи така и жени оделе на разни предавања, секој според својот интерес. Како празници се славеле првите и последните денови од секој месец, а исто така и работната година. (Т. Мог, 1964, стр.161)

Tomasso Kampanela оди уште подалеку. Во своето дело "Градот на сонцето" или идејата за Република (Civitas Solis idea Republicae philosophicae), работното време на жителите од овој град го сведува на четири часа дневно. На тој начин на сите граѓани им е обезбедено доволно слободно време кое тие ќе го трошат во студирање, разговори, читање, усовршување, пишување, шетање, развивање на духовните и телесните способности. (T.Campanela, 1964, стр.27)

Оваа проекција на Кампанела се однесува на сите луѓе без разлика на полот и занимањето. Ако овие визии навистина се оствареа, слободното време уште тогаш ќе престанеше да биде привилегија на само мал број на луѓе, но уште долго време тоа останало утопистичка идеја и визија. Во концепцијата на овие двајца претставници на хуманизмот карактеристично е тоа што тие античката смисла на слободното време значително ја збогатиле. Тие го истакнале значењето на производната работа нејзината оправданост и вредност, ограничувајќи ја работната недела на 36 односно 24 часа неделно. Карактеристично е тоа што слободното време нема обележје на безделничење и доколица, туку активен одмор, разонода и уште повеќе учење и усовршување односно сестрано развивање на личноста на човекот. Имало и полна демократизација во користењето на слободното време, не како привилегија туку како призната општествена норма и реалност.

Ренесансниот дух можеби е најпотполно изразен во делата на Fransoa Rable и Misel De Montnj. Во нивните мисли човековото време добива значајно место.

Fransoa Rable се смета за еден од најголемите и најавтентични народни писатели до денешни дни. Во една спонатна духовита и умна проекција на светот стигнува до едно страсно сваќање на слободниот живот и до љубовата спрема даровите на природата. Оттука не е случајно што една негова личност ќе извика:"Дека ништо не е поскапо и подрагоцено од времето". Во неговото славно дело "Gargantua i Pantagruel" одговара на прашањето: "Како времето да се истолчи?" Користејќи некои митолошки моменти тој вели: ..."Како што камилите двогрпки во караванот пијат поради жедта која ги одминала, жедта која сега ги мачи и онаа која допрва треба да дојде, исто така направил и Херкул. И така поради тоа претерано толчење на времето се случиле на небото нови падови и толчења, така што оние луѓе астролози за тоа постојано се препираат и расправаат". (F.Rable, 1950, стр.189, 190)

Автентичната проекција за времето кое се среќава во мислите на Fransoa Rable, претставува вечна инспирација за астролозите кои постојано насталгично се навраќаат кон мислите на Rable при градењето на своите теории.

Misel De Montenj како најостроумен набљудувач на човековата природа на сите времиња, на своевиден начин со својот радознал и скептичен дух покажува дека во човековиот живот мораат да се избегнат крајностите на млитавата и дремлива доколица. Со исклучителна осетливост спрема просторот на човековиот внатрешен свет, Montenj настојува да ја смири човековата амбивалентност и неговото распнување помеѓу ентитетот: свет-човек. Создавањето на човековиот свет тешко е да се замисли без плодните искуства настанати во доколицата, самотијата. "Добро е да се има жена, деца, имот, а пред се здравје ако се може, но не треба да се врзуваме за нив така што нашата среќа да зависи од нив. Треба да задржиме една одаја позади дуќанот исклучиво за себе,

подполно слободна, за да можеме себеси да си обезбедиме вистинска независност, главно прибежиште и самотија". (M. De Montenj, 1967, стр.119)

Сето тоа е во духот на Монтењовите уверенија дека "најголемата работа на светот е да умememe да си припаѓаме себеси". Бил заљубен во слободата и вистината но се сомневал во сите вистини и авторитети. Неговите осамувања и многубројни патувања му помогнале прв да ја формулира и да ја објасни потребата и функцијата на разонодата, а посебно елементите на нејзината разновидност и смисленото бегање од светот.

Падот на феудалното општество има посебно значење за сите општествени класи затоа што поединецот бил слободен но изолиран и напуштен."Човекот се поистоветувал со својата улога во општеството, тој е селанец, занаетчија, витез, а не поединец што случјано се занимавал со оваа или онаа работа. Општественото уредување се сметало како природно уредување, а човекот како негов определен дел, чувствувал дека е безбеден и дека на некој припаѓа." (E.From, 1964, стр. 54)

Општествената историја останува најбитен елемент и основна претпоставка за определување на човековата индивидуалнот и неговата слобода. Меѓутоа неоспорно е дека човекот не може да се смета за субјект на слободното време се до тогаш додека не стане поединец, затоа што слободното време подразбира помеѓу останатото и слободен избор. Таков избор тешко можел да се оствари во феудалното општество зато што човекот едноставно се поистоветувал со улогата што ја имал во него.

## 1.4. *Слободното време во капиталистичкото општество*

Капиталистичкиот систем од аспект на слободното време се третира како најкрактеристична фаза во развитокот на човековото општество. Во својот развој капиталистичкото општество поминало низ повеќе етапи, низ истите етапи поминува и слободното време кое како категорија продолжува различно да се доживува, искористува и исполнува. Во овој дел од трудот ќе се обидеме да ги осветлиме оние аспекти карактеристични за слободното време од воведувањето на мануфактурата до модерното индустриско производство. За таа цел главно ќе се задржиме на оние автори кои ги изнесуваат состојбите по однос на слободното време и класната припадност, времетраењето, содржината и колку тоа било во функција на развиток на личноста.

Во општите карактеристики на капиталистичкото општество повеќето автори ја нагласуват зголемената моќ на владеачката класа и бездушната експлоатација на работниците. Владеачката класа се користи пред се со етиката и култот на работата која го проповеда католичката верска заедница и на таа основа ја оправдува експлоатацијат ана работниците и должината на траењето на работниот ден.

Периодот на мануфактурното производство најдобро го одсликува Маркс во "Капиталот", зборувајќи за тоа како мануфактурата го сакати човечкиот развиток, наведува дека таа го претвара во нешто абнормално, вештачки унапредувајќи ја неговата деловна умешност, а истовремено задушувајќи цел еден свет од продуктивни нагони. "Мануфактурите успеваат најмногу таму, каде што најмногу отсуствува духот. Мануфактурната работилница претставува една машина чии делови се луѓето. Затоа забележува Маркс дека во средината на 18-от век некои мануфактури за извесни операции предпочитале да употребуваат полуидиоти, само што тоа било фабричка тајна. Извесна духовна и телесна осакатеност е неразделна дури и од општата поделба на

трудот во општеството, но мануфактурниот период ја напаѓа индивидуата во нејзиниот животен корен, па како таков и прв и дава материјал и поттик на индустриската патологија. Посебниот делумен труд не само што се распоределува меѓу различните индивидуи туку и самата индивидуа се разделува, а да се подели еден човек вели Маркс – значи да се погуби". (Љ.Копровски, 1963, стр.9,10)

Говорејќи за немилосрдната експлоатација на работничката класа од страна на фабрикантите, францускиот министер за црковни работи Frayssinous пишува: "Малку им е што направија од работниците робови, приморувајќи ги да работат во простории штетни по нивното здравје, без никакво проветрување, од 5 часот наутро до 8 часот навечер, а често во екот на сезоната и до 10 часот навечер. Зима пак од 6 часот наутро до 9 часот навечер, уште на тие несреќни луѓе им наредуваат да работат и недела; тие стануваат од постела и веднаш одат на работа, а после се враќаат дома за да одат на спиење". (J.Bruhat, 1956, стр.280)

Оттука јасно се гледа дека во периодот на мануфактурата на работничкат класа и се наметнуваат ригорозни работни обврски кои често биле продолжувани до крајот на денот, работниците имале само скромен остаток од време после работата кое исто така била стого контролирано. Работниците работеле од 14 до 16 часа дневно под строга дисциплина придружена со телесни казни па дури и затвор.

Мануфактурата ја заменува крупното машинско производство, во кое едностраниот развиток на работникот не се губи во капиталистичката фабрика. Напоредно со процесот на машинското производство доаѓа до се поизразено одвојување на фабричкото работно време од времето кое однапред било определено за други активности. Некогашниот сестран занаетчија го преобразува ритамот на машината во фабрички работник кој сега се специјализира само за одреден број на движења и функции. Индустрискиот карактер на работата видно влијае на одморот во текот на работното време. Одморот се јавува како потреба за обновување на работната сила. Како "мултиплицирана

производна сила на општеството" машините во периодот на зајакната конкуренција и во почетната фаза на индустриската револуција работното време го продолжиле до границите на физичкиот максимум, а со самото тоа секое друго време го свеле на минимум.

Ова значи дека во периодот на машинската индустрија уште повеќе се продлабочува јазот помеѓу работничката класа и владеачката буржоазија. Условите за работа го лишуваат работникот од слобода и правно и реално. Дури и за задоволување на најнужните потреби му останува најмало можно време кое е потребно за нивно обновување. Оттука може да се констатира дека во вакви услови на живот и работа немало можности за културен развиток на личноста. Маркс пишува за тоа дека работниот ден немал некои постојани граници, капиталот постојано тежнеел да го протегне до физичка крајна можна должина, затоа што со тоа во иста мера се зголемува и вишокот на работа, а од тука и профитот кој од него произлегува. (K.Marks, F. Engels, 1949, стр.114-116) Тоа значело дека вредноста на времето се изедначува со значењето на профитот.

Во рамките на капиталистичкиот систем сите методи за зголемување на општествената производна сила на работата се изведуваат на сметка на индивидуалниот работник, од работникот се создава сакат делумен човек, се сведува на "обичен прибор на машината" се уништува содржината на неговата работа претвараеjќи ја неговата работа во вистинско мачење. (K.Marks, 1947, стр.540)

Работникот односно работничката класа не располага ниту со имот, ниту со сопствени алати, со кои би можела да ја обезбеди својата егзистенција. Она што го има е само знаење, физичка сила и време. Работи кои таа почнува да ги продава за многу евтини пари. Очигледен е дуализмот во целокупниот начин на живот. Буржоазијата има и интерес и пари и време да се занимава со небожествени работи кои на идеолошки и економски план ќе и обезбедат прогрес и зачувување на местото. Работничката класа е лишена од некое потемелно образование.

"Предодредена" да непоседува слободно време, бидејќи ако го има постои стравот дека ќе го искористи на начин на кој не и одговара на буржоазијата.

Покрај експлоатацијата на работникот во делата на Маркс и Енгелс се зборува и за експлоатацијата на детскиот труд и ужасните последици од него врз младиот организам на работничките деца. Енгелс особено подобро зборува за експлоатацијата на детскиот труд во делото "Положбата на работничката класа во Англија". Таму тој истакнува, повикувајќи се на извештајот на централната комисија (основана од англискиот парламент во 1833 годин) меѓу другото дека во фабриките во Англија, иако некои деца почнувале да работата уште од 5 и 6 година, најчест бил случајот тие да се запослуваат во фабриките од 7, односно 8 и 9 година. Работното време често траело од 14 до 16 часа на ден. Фабрикантите им дозволувале на надѕирателите да ги тепаат децата, а често и самите се служеле со тоа. Работничкото дете обично растело во услови на немаштија, "во влага, студ, недоволно облечено и во лош стан". Освен тоа на него дејствувал и самиот труд, а на неговиот развиток видна штета предизвикувал и "престојот во задушна, влажна, а заедно со тоа често жешка фабричка атмосфера". Но алчноста на капиталистите неможела да се задоволи со тоа. Затоа тие го вовеле системот на ноќна работа. А какви последици можело да има, вели Енгелс, лишувањето од ноќниот одмор за физичката состојба не само за децата и младинците, туку и за возрасните работници не е тешко да си претпоставиме. (Љ.Копровски, 1963, стр.99).

Во услови на капиталистичко општество неопходно било да се зајакне борбата на раотничката класа за зачувување на децата и младите од " разурнувачкото дејство на современиот систем на производство".

Од позициите на работничката класа имало луѓе кои се бореле за смалување на работното време и зголемување на слободното. Социјалистичкиот теоретичар Pol Lafag во 1882 година напишал памфлет за "право на мрзеливост". Во него Лафраг пишува за последиците под

кои е изложен работникот во капиталистичкото општество и за различните морални проповеди за значењето на работата наспроти нејзината исцрпувачка функција. "Овие индивидуални и општествени неволји колку и да се големи и неизмерни, колку и да изгледаат вечни, ќе исчезнат како што исчезнуваат хиените и шакалите, кога ќе се појави лавот. Ќе дојде пролетеријатот и ќе каже: "сакам" но за да стане свесен за својата сила пролетеријатот мора да ги згази предрасудите на христијанскиот, економскиот и слободномислечки морал; мора да се врати кон своите природни инстикти мора да прогласи "право на мрзеливост", кое е илјада и илјада пати поблагородно и посвето од туберколозните права на човекот, кои ги прежвакуваат метафизичките адвокати на буржоарската револуција; мора самиот себеси да се присили да работи три часа дневно, да ленчари, лумпува, останатиот дел од денот и ноќта". (P.Lafrak, 1957, стр. 370)

Слободното време во индустриското општество расте со индустриската револуција. G.Fridman пишува дека индустриската револуција "сурово но за помалку од еден век, наметнала бедна квази дихотомија помеѓу работното и ослободеното време. Меѓутоа тие истовремено и задолжително непроизведувале слободно време. Во текот на првата индустриска револуција посебно се истакнува екстензивната големина на работниот ден минимум ослободено време ужасно робување по фабриките како што ни опишуваат фабричките инспектори од тој период добро се познати и страшни". (G.Fridman, 1964, стр.306-307)

Под вакви услови на искористување на работничката класа се создаваат и првите движења за скратување на работното време, а со самото тоа воедно и борба за слободното време со побогати содржини за демократизација на слободното време. Во овие настојувања се бележат две фази: првата во која се забележуваат активности за квантитативно скаратување на работното време, законско признавање и зголемување на годишниот одмор, борба за подобри хигиенски услови на работата; во втората фаза на делумно постигнатите квантитативни услови за

скратување на работниот ден, борбата и грижата биле насочени кон квалитативно поминување на слободното време, односно за осмислување на слободното време и исполнување со содржини кои ќе го богатат културниот живот на човекот.

Карактеристично за првиот период на борбата за скратување на работниот ден се идеите на англискиот социјалутопист Роберт Овен. Тој бара работното време за децата под 16 години да се ограничи на 12 часа дневно. Во својата фабрика за хартија во New Lenark во Шкотска вовел десет ипол часовен работен ден а за користење на слободното време уредил просторија за забава, поучни предавања, танчерски вечери, концерти, вечерни школи и читални. Здравиот одмор и културната разонода биле основните задачи за користење на слободното време. Се разбира дека овие и слични утопистички обиди во тоа време и за тие сваќања биле неприфатливи па останале забележани како визионерски обиди за осмислување на слободното време на работниците.

Од овој период зачестиле и напредните работнички движења за скратување на работното време. Така на пример на конгресот во Балтимор во 1866 година прв пат биле поставени барањата за воведување на 8 часовен работен ден. Во 1882 година во Берлин е одржан и првиот конгрес за слободното време со пригодно издание под наслов "Die zmeckmassige Nevozdnung der Sontags – und Freizeit." (E.Weber, 1963, стр.24)

Факт е дека техничкиот прогрес довел до зголемување на продуктивноста. Од тој момент работниците дошле до позиција да имаат повеќе слободно време, но дури и со здружувањето и јакнењето на работничкото движење, во силната борба за воведување на 8 часовен работен ден се гледа успехот и суштината на слободното време и почетокот на денешното сваќање на овој феномен. Покрај новите услови на скратено работно време, зголемување на годишниот одмор, подобри хигиенски услови за работа и слично, работничката класа го истакнува барањето слободното време да не биде само во функција на

обновување на физичката сила потребна за работа, туку и разновидните општествени активности кои на работникот му овозможуваат одмор, разонода и развиток на личност.

Во многубројните интерпретации што напред ги подвлековме по однос на смислата, значењето и односот работно-слободно време во услови на капиталистичко општество, значајно место зазема основачот на научниот социјализам Карл Маркс. Иако во своите трудови посебно не расправал за слободното време, сепак во неговите погледи егзистираат определени анализи на релација работно време – слободно време – развиток на личноста.

Во делото "Основите на критиката на политичката економија" Маркс овој однос го разгледува како општествено-историска развојна категорија со две според него, карактеристични и јасно определени етапи: односот работно-слободно време во капиталистичкото и сите нему предходни општества и прокетивната димензија на овој однос во идното комунистичко општество.

Според Маркс слободното време во капиталистичкото општество има антагонистичка егзистеницијa, опстои врз основа на спротивноста кон вишокот на работото време, создавањето на големи количества на слободно време се покажува како слободно време за некој, а не за сите. Противречниот карактер на егзистенцијата на слободното време во капиталистичкото општество се изразува со тоа што капиталот создава слободно време но истовремено го претвора во вишок од труд, оти работното време е основа, извор и мерило на богатството, оти неговата цел е директно вредносна, а не употребната вредност. (Marks-Engels, 1979, стр.75)

Покрај анализите на релација работно време – слободно време во трудовите на Макрс како што однапред споменавме има и определни анализи на релација слободно време – развиток на личност.

Така, во трудот "Надница, цена и профит", тој слободното време го дефинира како простор за "Човековиот развиток" а во трудот "Теории

за вишокот на вредност", тој поблиску определува што подразбира под терминот "Човеков развиток". Определувајќи што е тоа слободно време тој опишува дека е тоа: "време кое нема да биде апсорбирано со непосредна производна работа (останува слободно) за уживање, за доколица тоа дава простор за слободна дејност и развиток". (K.Marks, 1956, стр.270)

Од оваа Марксова определба произлегува дека е слободно она време кое не е апсорбирано со работата и кое служи за слободна дејност и развиток. Во тој сегмент на време почнува "развитокот на човековите сили, чија цел е сама за себе", како што Маркс го нарекува "право царство на слобода". Тоа значи е "време потребно човек да се изгради, духовно да се развива да врши општествена функција и да живее општествен живот, време за слободна игра, физички и духовни сили". (K.Marks, 1947, стр203)

Заслугата на Маркс се состои во тоа што ги воочил класните димензии во распределбата на работното и слободното време и спротивностите кои во овој сегмент се изразуват помеѓу буржоазијата и работничката класа во услови на капитализам. Карактеристично е и тоа што К.Маркс правел разлика помеѓу времето кое се определува за работа и неработното време од една страна и слободното време од друга страна. За Маркс главниот дел од времето кое не се посветува на работа е слободното време (Freizeit, disbosable time). Во рамките на слободното време ја вклучува и доколицата. Значи дека Маркс во рамките на слободното време ја вклучува и доколицата "времето за возвишени дејности".

Повеќе од еден век не дели од Марксовите дела. Токму таа временска дистанца односно она што се случувало во меѓувреме со односот работно-слободно време, е непобитен доказ за вистинитоста и современоста на неговите зборови. Тој на некој начин го антиципирал она што денес се случува и ќе се случува, велат футролозите.

Царството на природна нужност се шири кон динамиката на потребите (а тие се бројни колку што сме на повисок степен на развој). Но, се развиваат и производните сили. Колку се производните сили поразвиени, толку и моќта на природата е поголема, порационална, со мало трошење на сила и време. Производните сили се таа сила која царството на нужноста го кондензира во помала временска рамка. Тие толку напредувале во последните сто години, посебно во ерата на научно-техничката револуција и сведоци сме на се поголемо приближување на оној минимум работен ден за кој пишувал Маркс, а кој ниту денес неможеме да го определиме. Затоа што процесот трае. Токму во развојот на производните сили лежи огромното значење на образованието, науката и техниката. (N.Kacavenda-Radic, 1989, стр.31)

Во целокупното критичко проблематизирање на општествено историските аспекти на слободното време видовме дека тоа носи обележја на нужност од производната работа, но се разбира таа нужнот е квалитативно поинаква. Карактерот на тоа време е условен пред се од егзистенцијалните потреби на општеството и потребите на развиеното производство. Токму тој ослободен и слободен дел од времето е најважен фактор за развиток на личноста, за усовршување на сите својства и способности, за задоволување на интелектуалните потреби и стремежи, за воспитание на неговите морални квалитети, за физички и естетски развиток на човекот. Слободното време е сфера на слобода во која луѓето можат слободно да располагаат по своја желба и волја. Слободното време според тоа е своевидна неопходност во животот на човекот во која производната работа е потребна за да се обезбеди егзистенција, а слободното време таа егзистенција да ја доживее.

Од сето тоа произлегува и фундаменталната важност на слободното време не само како социолошка категорија туку и како педагошка со функциите и можностите кои ги создава за развиток на личноста. Слободното време не е повеќе само она време кое претставува нужен одмор од тешката физичка или индустриска работа ниту време кое треба

да се помине во доколица или досада, без некоја корисна активност. Тоа денес претставува основен животен простор во кој човекот може автономно да одлучува како и со што ќе го исполни. Затоа на почетокот на вториот милениум мошне сериозно се поставува прашањето за оспособување и воспитание на човекот за користење на слободното време.

## 2.ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМОТ СЛОБОДНО ВРЕМЕ

### *2.1. Некои теориски определби на поимот слободно време во земјите од Западна Европа и САД*

Ако сакаме поопстојно да навлеземе во проблематиката слободно време тогаш најдобро е да пристапиме кон разгледување на некои теориски мисли по однос на определувањето на поимот слободно време карактеристични за земјите од Западна Европа и САД. Причината за еден ваков пристап ја гледаме пред се фактот што слободното време најинтензивно е проучувано токму во овие земји, од аспект на повеќе општествени науки а посебно од страна на социологијата и нејзините дисциплини. Бројната литература која ни доаѓа од овие земји се карактеризира со различни теориски поставки и изразита поимовно терминолошка неусогласеност. Затоа, сметаме дека е потребно да дадеме преглед на некои социолошки дефиниции кои ќе ни дадат одговор на прашањето кои концепции, методолошки пристапи и ставови се најкаректеристични за овие земји и кои од нив се најприфатливи за педагогијата, посебно за теориското концепирање на педагогијата на слободното време.

Меѓу првите позначајни интепретации за слободното време можеме да ја сместиме дефиницијата на францускиот социолог Georges Fridman. Неговата дефиниција за слободното време содржи јасно поимовно разграничување на два термини и тоа: "ослободено време" и "слободно време". Според негово мислење "ослободеното време" е целокупното време вон задолжителната работа. Меѓутоа тоа време не е она време во кое може да дојде до израз неговиот слободен избор и желбата за сопствените активности. Тоа време не е ослободено ниту од егзистенцијалните проблеми ниту од другите ограничувања во сложените услови на индустријализираната средина. Слободното време според Фридман го означува оној врменски интервал кој е ослободен од

секаква обврска во која личноста се обидува да се изрази според сопствен избор ако поседува способности и средства да се развие. (R.Bozovic, 1979, стр.20)

A. Pack во својата публикација "Challenge of leisure" (Предизвик на слободното време) смета дека: "Ако слободното време е продукт, сигурен резултат, последица на цивилизацијата, тогаш тоа е спасувачка милост, оној елемент кој единствено и сам може да го спаси човештвото од несреќа кое само си ја наметнало, од тоа да не го проголата машината која што сам ја создал...Слободното време е можност за индивидуализам, можност да се живее, да се прави и да се допушта она што слободниот саморазвиток го диктира". (V.Jankovic, 1967, стр.13)

A.Pack се вбројува во оние први автори кои даваат значајни интерпетации за слободното време, кое во конкретниот случај авторот го сваќа како еден вид на долго очекувана против тежа на тешкото машинско производство.

Во анализата на улогата и значењето на слободното време G.D. Butler посебно внимание придава на терминолошкото толкување на слободното време кое го поврзува и заменува со терминот "рекреација". Според овој автор рекреација можат да станат само оние активности кои се морално прифатени, слободно мотивирани и кои физички и метално ја изградуваат личноста. (G.D.Butler, 1959, стр.4)

Овде јасно се гледа социолошката но и педагошката функција на содржината на рекреацијата за разлика од оние активности кои можат да се вршат во слободното време т.е. во времето вон обврските.

Во својата книга "Philosophy of Recreation an Leisure" (Филозофија, рекреација и слободно време), J.B.Nash смета дека слободното време е време вон професионалните обврски и потребите за храна и спиење. Неговото општествено значење го истакнува преку разумното и корисно спроведување на слободното време. Nash слободното време не го става во спротивност на работата, туку како дополнување на истата. Разновидните активности со кои може да биде пополнето слободното

време можат на современиот човек да му овозможат одмор, опуштање, творештво, рекреација. Слободното време со рекреација станува начин на живот-a way of life. (J.B.Nash, 1960, стр.20,118)

Од педагошки аспект овој автор го поставува прашањето како да се искористи слободното време за да пружи задоволство на поединецот и групата. Овој автор смета дека ова е фундаментално прашање за воспитанието, кое треба да се планира во светло на потребите на младиот човек во слободното време.

Една од најпродлабочените интепретации која ние ја издвоивме е интепретацијата за слободното време на авторот Ralph Glasser. Овој автор во скалад со својата теорија на "идеалниот идентитет" го определува и самиот поим "слободно време". За него тоа е "...секоја друга активност исклучувајќи го она време во кое човекот е апсолутно приморан во зработка за својот живот или со исполнување, на други неизбежни одоворности..." со други зборови слободното време мора да се изедначи со изборот на активности. (J.T.Haworth and M.A. Smith, 1975, стр.38)

Со една ваква определба на слободното време кај овој автор, активностите во слободното време не се разликуваат од професионалната работа, според ништо освен по степенот на избор. Степенот на изборот е спецификум на активности во слободното време. Позитивно во тезата на овој автор е тоа што слободното време и однесувањето во слободното време се неодвоиви од општите цели.

За Nels Anderson слободното време е "време во кое сме слободни од разни обврски, кои се предизвикани од платената работа и останатите обврски кои не притискаат." Андерсон смета дека покрај образованието и подготовката за функциите на работата исто така важно и неопходно е образованието и подготовката за користење на слободното време. (N.Anderson, 1961, стр.33)

Германскиот социолог Ralf Dahrendorf во својата мошне интересна анализа на слободното време заклучува дека тоа е услов за слобода на

личноста за нејзин саморазвиток. Според неговото убедување слободното време станува битен фактор за поединецот со самото тоа што ја трга принудата која што е присутна во производниот процес во времето на работа и што овозможува развиток на индивидуата. (R.Bozovic, 1979, стр.40)

Прилагодувајќи ја својата дефиниција на состојбите во индустриско развиените општества западно германскиот теоретичар C.Schmidt смета дека областа на слободното време има три главни функции:

1. Репродукција на работната сила;
2. Одмор после напорот кој лежи во основата на работењето; и
3. Потиснување и совладување на непријатното чувство кое е предизвикано од животната реалност.

Посебно значаен придонес во дефинирањето на поимот слободно време кај овој автор е третата функција на слободното време во која "лажно се прикажува сурогатот како реалност" реланост која човековата акција може да ја сведе на една единствена улога, до крај оттуѓена. (C.Schmidt, 1961, стр 446)

Од Западно Европските автори најголем придонес за научното поставување на проблемот слободно време има францускиот социолог Joffre Dumazedier. Овој автор иако по професија е социолог, проблемот слободно време не го третира само од социолошки, туку и од економски, културен и педагошки аспект. Врз основа на долгогодишните теоретски и емпирски истражувања Joffre Dumardier во своето дело "Vers une civilisation du loiser" ("Во пресрет на цивилизацијата на слободното време") ја разоткрива сложената проблематика на слободното време. Во ова дела Димаздие слободното време го дефинира како "збир на активности на кои поединецот по своја волја потполно може да се предаде, било да се одмара или забавува, било да го зголемува нивото на својата информираност или своето образование или доброволно општествено да се ангажира или да ја остварува својата слободна

творечка способност, одкога ќе се ослободи од своите професионални, семејни и општествени обврски" (Joffre Dumardier 1962, стр.116,117)

Дефиницијата на Димаздие ја карактеризираат неколку моменти. Кај него јасно се гледа критиката кон упростената дихотомија: работа-слободно време. Оттука Димаздие слободното време не го дефинира само по однос на професионалните обврски, туку и по однос на другите обврски семејни и општествени. Отварајќи една нова теорија за слободното време Димаздие доаѓа до заклучок дека зголемувањето на слободното време, сериозно ја доведува во прашање тезата за нужна акумулација на капиталот (Рикардо) и Марксовата основна идеа за работата како човекова судбина. Бидејќи слободното време завзело толку значаен простор во животот на поединецот и општеството како целина, создаваејќи еден "нов морал на среќата", Димаздие истакнува и тврди дека "оној кој не го користи или незнае да го користи своето слободно време не е потполн човек, тој е **sous developpe**", суштество кое се наоѓа помеѓу човек и товарно животно.

Активностите кои се врзуваат за изразеното присуство на слободното време Димаздие ги нарекува трети активности. Овие активности не припаѓаат во редот на нужноста како што е работата ниту во редот на обврските како што се семејните и општествените должности.

Димаздие истакнува три основни функции на слободното време: одмор, разонода и развиток на личноста. Од педагошки аспект е мошне значајна третата функција па во тој контекст авторот истакнува: "третата функција создава можности да се учи цел живот. Таа може да вроди творечки иноваторски особини. Исто така може да предизвика кај индивидуата ослободена од професионални обврски слободна дисциплина, поради потполно развивање на личноста во личен и општествен стил. Оваа функција е помалку честа од разонодата но нејзината важност е капитална за народната култура" (J.Dumazdier, 1962, стр.17)

Овие три функции Димаздие ги набљудува во меѓусебна зависност, во интеракциски однос, меѓусебно испреплетени па според тоа и тешко може да се разликуваат во чист вид. Сепак во определена конкретна ситуација една од овие три функции може да биде доминантна. Посебно интересни од педагошки аспект се размислувањата на Димаздие и дилемите кои што ги поставува по однос на следново: Како да се развие една функција а истовремено да се задржи рамнотежата по однос на останатите две? Како да се најде активен баланс помеѓу барањата за разонода и постоечките семејни, општествени и политички обврски?

Со поставувањето на овие дилеми Димаздие истакнува дека слободното време е мошне важен проблем кој треба да се истражува од научен аспект на социолозите, педагозите и психолозите кои треба да му посветат поголемо внимание.

И покрај тоа што овој автор по однос на одредбите и функциите на слободното време е најзаслужен и најшироко прифатен, некои автори сметаат дека класификацијата на функциите на слободното време е вештачка. Посебна забелешка се става на критериумите за класификација на овие функции. Повеќе автори сметаат дека класификацијата на функциите на слободното време се сведуваат на мисловни конструкции кои во реалноста во чиста форма не постојат. Функциите колку и да се прецизно определени меѓусебно се испреплетуваат и може само условно да зборуваме за нив.

Во склоп на западно европските определби на слободното време, не е на одмет да ја наведеме и дефиницијата на слободното време, која е дадена во рамките на едно истражување на слободното време од страна на Европскиот Центар за документација на УНЕСКО: "Под слободно време се подразбира оној сегмент од елементарниот буџет на време – време од 24 часа, кое останува после остварување на: работното време; времето на психофизичките потреби; времето на извршување на куќните работи; и времето на останатите обврски...(A.Todorovic, 1978, стр84)

Мошне богата литература по однос на дефинирањето на слободното време ни доаѓа и од повеќе американски автори. Од многубројните концепции кои што ни ги нудат овие автори најчесто се среќаваат ставови според кои слободното време се третира како масовна појава на индустриското општество и доколица која според нивните толкувања претставува елитистичка привилегија на аристократската класа.

Истакнат застапник на едно вакво сваќање е американскиот автор Sebastian de Grazia. Овој автор експлицитно ја одвојува доколицата од слободното време и вели дека се тоа два различни света. Според него секој може да има слободно време, но секој не може да има доколица. Доколицата е исполнета со творештво а слободното време е масовна појава (Sebastian de Grazia, 1962, стр.8)

За Sebastian de Grazia слободното време е идеја која во демократското општество може да се реализира. За разлика од него доколицата е идеал кој неможе лесно да се оствари. Во однос на работата слободното време е негова спротивност. Односот пак помеѓу слободното време и доколицата го гледа како претварање на големиот дел на слободното време во доколица и тоа кај најпрогресивните цивилизации.

Од ова јасно се гледа дека теориските поставки на S. de Grazia се изразито елитистички или како што се нарекуваат аристократски но за нас како педагози во суштина неприфатливи. Неговиот придонес се гледа во осветлувањето на погледите во кои идеалниот човек на доколицата е инкарниран во идеалниот прототип на античките филозофи. Посебен респект заслужуваат неговите залагања за творештвото и највисоките форми на креативност.

Мошне близок на научните поставки на S. de Grazia е Joseph Pieper, кој доколицата ја сваќа како предуслов на творештвото. Тој смета дека доколицата е ментален и духовен став и дека таа не е прост резултат на надворешните влијанија, односно не е неизбежен резултат на

слободното време, празници, викенди и годишни одмори. Споредувајќи ја со "ексклузивниот идеал на работата како активност", доколицата имплицира на прво место, став на неактивност. Но истовремено таа е спротивност на мрзливоста, незаспосленоста и неспособноста за тоа што го овозможува. Доколицата во суштина претставува ментален и духовен став на умот и состојба на душата. Тоа е форма на своевиден духовен мир и тишина. "Само тивките слушаат", пишува Pieper, "додека оние кои остануват тивки не можат да слушнат". (R.Bozovic, 1979, стр.24)

J.Pieper, оределувајќи ја доколицата како специфична состојба на човекот не ја сваќа само како поселдица на надворешните фактори. Поседувањето на слободното време само по себе смета овој автор не значи и да се достигне доколица.

S. de Grazia и J.Pieper во своите интерпетации акцент ставаат на квалитативниот аспект на слободното време, строго одвојувајќи го квантитативниот момент. Нивното определување за доколицата се сваќа како "состојба" или "став" за разлика од други автори кои акцентот го ставаат на чувството на пријатност.

Приоѓајќи му мошне сериозно на проблемот слободно време американскиот социолог Max Kaplan дава мошне сериозна анализа во делото "Leisure in Amerika" и "Theory and Policy"

Max Kaplan мошне широко го поставува проблемот на слободното време и смета дека теоријата на слободното време "неможе да биде помала од теоријата на човекот и од теоријата на дадената култура". (M.Kaplan, 1961, стр.289)

Посебно интересно во трудот на М.Каплан е настаојувањето слободното време да се поврзе со културните вредности. Тој смета дека ако слободното време се изедначи со рекреацијата во себе не би содржела никакви други вредности освен оние кои може да се сметаат како додаток на работата. Меѓутоа слободното време оди понатаму од подреденоста на работата, освојува еден посебен вид на живот, станува се повеќе цел и како што е случај со сите човечки цели станува блиско

на добрите начини на живот етички и мисловни системи и општествени институции.

Неверувајќи во можноста да се дефинира слободното време и да се даде општоважечка дефиниција за овој феномен, Kaplan врз основа на американското искуство дава некој вид на критериуми за содржината на слободното време. Тоа се следниве критериуми: 1. Потреба да се припаѓа; 2. Потреба за индивидуалност; 3. Мултифункционални цели во однесувањето; 4. Мултидимензионални ефекти на однесувањето; 5.Активности и создавање предмети како проекција на личноста. (M.Kaplan, 1961, стр. 28-29)

Max Kaplan исто така ги проучува и идентификува типовите на слободно време во однос на креативните вредности. Иако Каплан во својата прва книга недоверливо истапува кон определување на некоја општоважечка дефиниција за слободното време, сепак во својата втора книга дава дефиниција за слободното време. Во таа смисла истакнува:"Слободното време можеме да кажеме дека се состои од релативо лично одбрани активности-искуства, кои спаѓаат во доменот на оние улоги кои од економски аспект спаѓаат во улогата на слободното време, која психолошки е пријатна како во очекувањата, така и во сеќавањата, која потенцијално го зафаќа максималниот степен на согласување кое содржи карактеристични норми и ограничувања и пружа можности за рекреација, развој на личноста и помош на другите". (M.Kaplan, 1975, стр.18)

Според овој автор ниту еден елемент од слободното време, издвоен од контекстот на нивното заедничко дејство, не го означува слободното време, туку сите заедно, при што акцентот може да биде на едно од нив. Оттука произлегува и потребата од интердисциплинарен научен пристап во изучувањеот на слободното време и разновидните социјални фактори.

За нас од педагошки аспект посебно е значјано тоа што во слободното време зборува за развиток на личноста во согласност со

определни норми и ограничувања, а исто така слободното време го разгледува во тесна врска со културните вредности. Неприфатлива е неговата определба дека слободното време оди подалеку од подреденоста на работата и станува еден посебен вид на живот, односно се повеќе станува цел. Овие сваќања на M.Kaplan го приклучуваат кон онаа група автори кои при определувањето на односот кон слободното време ги нагласуваат субјективните моменти. Нивните теории се определуваат како психолошко-социолошки теории.

Torsten Veblen во своето дело "Теорија на доколичарската класа" го анализира американското општество, а американската буржоазија ја определува како доколичарска класа која води исклучиво "Битка за освојување на среќата" вон непосредната производна работа. Гледајќи од општествено историски аспект за овој автор доколицата не е безделничење, ниту највисока форма на творештво туку привилегија на посебна класа, чија основна карактеристика е "непродуктивно трошење на времето". За вакво трошење на време постојат две причини:"прво, поради сваќањето дека продуктивната работа, е недостоинствена; и второ, како доказ на парична моќ, некој да си дозволи живот во неработење". (T.Veblen, 1966, стр.100)

Во своето дело Т.Веблен, мошне сестрано ја опишал таканаречената доколичарска калса, немилосрдно подложувајќи ја на иронија. Но се чини дека притоа тешко правел разлика помеѓу аристократијата и буржоазијата, односно многу карактеристики на аристократијата едноставно ги пренел во услови на капитализам, занемарувајќи ги притоа општествено-класните специфичности. И покрај недостатоците во критиката на доколичарската класа, неговото дело претставува едно од најуспешните остварувања во областа на проучувањето на слободното време и индустриското општество.

Johan Nulinger е еден од современите американски психолози кој најстудиозно приоѓа кон теориското поставување и емпириското мерење во проучувањеото на слободното време. Проучуваејќи го слободното

време од психолошки аспект тој го набљудува како став, перцепција, ориентација, сваќање кое произлегува од личното искуство на поединецот а многу помалку го набљудува како време или активност. Значи слободното време не е ниту во времето ниту во активностите туку во самиот субјект. Во контекстот на своите сваќања Нулингер ја разработил парадигмата која опфаќа три димензии: доживување, слобода, внатрешна мотивација и неинструменталност. Човекот мора да почувствува дека она што го работи не е наметнато туку избрано. Понатаму причината за избор лежи пред се во самата аткивност одколку како инструмент за постигнување на други цели. Значи слободното време е прецепција на слободен избор и мотивација. Нулингеровата концепција е свртена кон барање на фактори кои го карактеризираат слободното време и барања на фактори за дистинкција на она што не е слободно време. Во основата на целиот негов модел е состојбата на свеста. Оваа состојба според различни искуства може да се подели на два типа: слободно време и она што не е. Примарниот критериум за слободното време е слободата или поточно запазената слобода (perceived freedom). Авторот овде не мисли на слобода во филозофска смисла, туку колку човекот чувствува дека тоа што го работи навистина го избрал по сопствена волја. Битна е значи перцепцијата-нешто доживеано како слобода, а дали е тоа навистина така или е само илузија, во овој случај не е битно. (J.Nulinger, 1981, стр.18-65)

Нулингеровите сваќања за слободното време се критикувани поради неговиот субјективнитички однос кон него. Тој не успел да ги разреши проблемите на релација субјект-објект. Без сомнение човекот субјективно ги доживува вредностите и формира ставови. Но за тоа мора да постои некоја објективна причина. Затоа сметаме дека не е можно површно да се зборува за слободното време, а да не се мисли притоа на нераскинливата врска помеѓу квантитативниот аспект (време) така и на квалитативниот (активностите) но и на вредносниот аспект (човекот кој му дава смисла) и тоа во општествено историски рамки.

Jean Mundy и Linda Odum на слободното време му приоѓаат од воспитно-образовен аспект. Слободата на изборот и можностите за смаоактуелизација се суштински елементи за нивната определба на слободното време. Филозофската основа на нивниот пристап е изразена во следниве премиси: 1.Смислата на слободното време е слободата на индивидуата. Поради тоа со воспитанието и образованието пред се мора да се унапреди личното унапредување во слободното време. 2.Искуството во слободното време е единствено индивидуално искуство. Поради тоа поединецот треба да биде центар на истражување. Со воспитанието и образованието треба да се оспособи индивидуата да прима вредности, да ги вреднува резултатите и да биде фактор во процесот на воспитанието и образованието во слободното време. (J.Mundy, L.Odum, 1979, стр.4)

Покрај овие две премиси авторите даваат уште единаесет значајни моменти кои во основа го имаат оспособувањето на поединецот за смислено, позитивно и вредносно поминување на слободното време, притоа не нарушувајќи го принципот на слободен избор.

Сумирајќи ги разновидните современи теориски гледања на западно европските и американски автори, општ впечаток е дека неможе да се издвои една општо прифатена дефиниција која би ги решила проблемите на слободното време во овие високо развиени земји. Слободното време некогаш се определува како состојба на слобода, став или свест, општествен идеал, некогаш тоа претставува слободен избор, отсуство на обврски, искуство, рекерација, а понекогаш субјективно чувство, квалитетни активности и сл.

Воглавном доминираат две ориентации и тоа: првата ориентација е повеќе насочена кон истражување на оптималната структура на слободното време односно анализа на тенденциите на развојот на современото општество, и втората ориентација која тргнува од индивидуално психолошките последици во процесот на индустријализација и урбанизација.

Во првата ориентација можеме да ги сместиме оние дефиниции кои слободното време го сваќаат како противтежа на професионалната работа. Така што најчесто се сваќа како време во кое можат да дојдат до израз желбите и интересите на личностита, изборот на активности со кои личноста ќе го развива својот кретативен капацитет. (Fridman; A.Pach; J.B.Nach)

Во втората ориентација влегуваат субјективистички обоените активности кои поаѓаат од однесувањето на личноста. Целокупното однесување во овој случај е во функција на доколица па дури и професионална работа. Доколицата се сваќа како стил на однесување, која може да се најде во било која активност. Така на пример може да се работи со музика, да се учи играјќи, да се мијат садови со слушање на радио и сл. Овие дефиниции имаат психолошка основа. Во нив често се меша доколицата и задоволството, доколицата и играта и сл. Во случајов се создава конфузија помеѓу главните релации во произведувањето на доколица и во односите помеѓу задолжително институционално време и порастот на слободното време, за лични активности во рамките на општествените норми. (M.Kaplan; J.Pieper; S. de Grazia; Nulinger и др.)

Меѓутоа, сепак од наведената лепеза на разновидни пристапи и мислења можеме да ја издвоиме дефиницијата на Ж.Димаздие. Оваа дефиниција во научниот свет е најприфалива и најавторитативна, на неа се повикуваат и повеќе педагози. Тоа што од педагошки аспект е интересно и што експлицидно доминира во оваа дефиниција е образованието, творештвото, способностите кои се во функција на развиток на личноста. Оваа функција на слободното време го ослободува човекот од автоматизирано секојдневно мислење. Таа создава можности личноста да се самореализира и творечки да се ангажира, да ја оствари својата автономија, нејзината посебност и универзалност. Оваа е најсложена и најтешко остварлива функција и во себе вклучува многубројни димензии на човековата реалност, од оние кои имаат непосредно практично значење до оние кои во голема мерка

се далечни немерливи и рационални. Во дефиницијата на Димаздие функцијата на слободното време насочена кон развитокот на личноста од педагошки аспект добива определена смисла и значење и тоа не само во поединечните видови на воспитание туку и во воспитно образовниот процес во целина.

И на крај, можеме да додадеме дека во западноевропските и американските земји слободното време е постојано актуелен проблем на кој сериозно се работи. Па според тоа во иднина можеме да очекуваме и посистематски студии кои пошироко и во подолг период ќе ја насочуваат практиката на создавање и користење на слободното време.

### *2.2. Некои теориски определби на поимот слободно време во земјите од Источна Европа*

Во научните теориско-емпириски истражувања на феноменот слободно време посебно место завземаат и трудовите на некои советки и источноевропски автори.

Интересот за слободното време датира уште од дваесетите години на дваесетиот век во истражувањата на S.G.Strumilin. Карактеристично е тоа што во почетокот овие истражувања имале економски, а подоцна и социолошки карактер. Во триесетите години се јавува тенденција за проучување на поврзаноста на производната работа со содржините и карактерот на користење на слободното време.Периодот на пеесетите и шеесетите години е значаен по многубројните истражувања како на теориски така и на емпириски план. Овој период се карактеризира со динамичен општествен и материјално-технички развој, па оттука произлегува и посебното внимани кое се посветува на рационалното користење на слободното време на работниците. Во седумдесетите години во теориско-емпириските истражувања во трудовите на повеќе филозофи, социолози, педагози и психолози се забележува еден пресврт во проучувањето на слободното време и тоа во прилог на попродлабочена анализа од повеќе аспекти. Оваа состојба се должела пред се на развојот на социалистичкото општество во услови на научно-технолошка револуција.

Со посебно внимание во поранешниот Советски Сојуз слободното време било проучувано од социјален, економски, општествено-политички и педагошки аспект. Еден од најдобрите познавачи на оваа проблематика е Г.Пруденски, кој дава мошне кратка дефиниција за слободното време. Според него: "Слободното време е оној дел од вон работното време, кое се користи за физички и интелектуален развој на работникот и за одмор." (G.A.Prudenski, 1964, стр.323)

За Г.Петросјан:"Слободното време се јавува како составен дел на вонработното време на работникот и го вклучува во себе разновидното користење, поврзано со процесот на вистинскиот духовен и физички развиток на личноста. Значи во слободното време се остварува учење и зголемување на квалификацијата, посета на концерти и кина, театри и музеи, читање на весници, списанија и книги, музика, литература и спорт, исполнување на општествените обврски, воспитание на децата во семејство итн." (G.S.Petrosijan , 1965, стр.52,61)

Со една ваква определба јасно се гледа дека Г.Петросјан слободното време го сваќа како сфера на репродукција на работната сила, а општествените активности и воспитанието на децата според оваа дефиниција претставуваат составен дел на слободното време.

Академикот Струмилин (кој напред го споменавме по однос на првичните истражувања на слободното време) општата класификација на буџетот на време го дели на неопходно и слободно време. Ваквата поделба ја образложува на следниов начин: "1.Неопходно време како временски интервал кој во себе го вклучува времето на работа, времето за домашни обврски и времето за задоволување на физиолошките потреби, и 2.Слободното време." (R.Bozovic, 1979, стр.62)

Според анализата на Струмилин значи неопходното време опфаќа и работно време и дел од вонработното време. Овој автор а и некои други советски теоретичари предупредуваат на коренита преобразба во општествениот живот и во тој контекст ја сместуваат творечката дејност на човекот која ќе се остварува надвор од работните организации.

Ваквото сваќање на советските теоретичари може да се прифати под претпоставка дека во индинина ќе преовладува научната работа, истражувачката дејност и творештвото. Во тој случај нема да има причини времето да се дели на работно и слободно, затоа што целокупното време ќе претставува своевидна синтеза на творечката работа и активните творечки форми на одмор.

Авторите Bajkova, Duchal и Zemcov слободното време го гледаат како дел од вонработно време кое во себе го вклучува времето за учење, зголемување на квалификациите, времето за општествена работа, разонода, одмор, хоби и сл., а целта е работниот човек да го користи за сестран развој на личност. (V.G.Bajkova; A.S.Duchal; A.A.Zemcov; 1965, стр.10)

Овие автори не го ограничуваат сестраниот развиток на личноста само на слободното врме туку и на другите облици на дејност како во работното така и во слободното време. Тие сметаат дека зголемувањето на слободното време во социоалистичкото општество претставува услов за сестран развој на личноста и остварување на повеќе политички и економски задачи од општествен интерес. Тргнувајќи од ваквите сваќања овие автори ги критикуваат капиталистичките општествени односи и сметаат дека проблемот на слободното време во капитализмот може да се реши само со промена на истиот.

Во своето дело "Слободното време-општествена сопственост", советскиот автор Z.A.Petrova истакнува дека доколицата и слободното време се слични поими и дека се разликуваат според нијансите на принципиелно значење. Според овој автор доколицата се означува како дел од буџетот на времето кој лежи вон границите на времето кое се користи за општествено производство и останатите неопходни обврски. Петрова посебно го истакнјува социалното значење на слободното време и во таа смисла пишвуа:"Тоа не е само време ослободено од учество во општественото производство и од другите нужни обврски, туку време предодредено за хармониски развој и усовршување на личноста на човекот како социално суштество, време на активна дејност а не невработеност и неработење". (Z.A.Petrova, 1975, стр.28)

Полскиот социолог Antonija Kloskowska го поставува прашањето на доколицата кое го гледа од еден друг аспект. За неа доколицата е карактеристична за општествената категорија научници и уметници, кои ги издвојува од останатите општествени категории. "Уметникот, но и

научникот во слободното време живее во смисла на латинскиот otium со термин кој го претставува животот на римјаните кои се занимавале исклучиво со уметност филозофија и политичка дејност. Од областа на otium била исклучена не само физичката работа, ( наменета само за робовите), туку и negotia, работа која била карактеристична за трговскиот свет. Оттука и поделбата на денот на уметникот на време за работа и на време за одмор односно забава. Професијата уметник е поинква од другите професии и кај уметникот нема слободно време во смисла на потполна ослободеност од творечките преокупации". (A.Kloskowska, 1964, стр.166)

Во трудовите од областа на слободното време забележителни се и сваќата на некои чешки автори меѓу кои ги издвоивме Blanka Filipcova, R.Rihta со соработниците и Paska. Blanka Filipcova истакнува дека "Слободното време е она време кое човекот може да го употреби непосредно за себе, време во кое максимално припаѓа на самиот себе, во кое може да работи повеќе од кога и да е-тоа е она време што го забавува, што му носи радост, забава и одмор, а со тоа и извесна корист. Односот на човекот, времето, дејноста и вредностите е некако "најнепосредно" одколку во било која друга сфера". (B.Filipcova, 1965, стр.380)

Од оваа определба јасно се гледа дека авторката слободното време го сваќа како сфера на најголема интимност каде што до максимум доаѓа до израз индивидуалноста на човековата личност.

Чешкиот автор P.Paska своите сваќања за слободното време ги врзува за образованието, културата, читањето на книги и списанија, пратење на ТВ, спорт, туризам. Зборувајќи за односот вонработно и слободно време, тој вонработното време го сваќа како професионална работа, кое не е посветено ниту на образованието ниту на одморот, додека слободното време ги опфаќа токму горенаведените активности. Тоа е оној "... дел од денот кој човекот го користи според своите

интереси за самообразование, за рекреација на својата физичка и општествена сила". (P.Paska, 1967, стр.34,35)

Р.Рихта со соработниците сметаат дека НТР овозможила рапидно зголемување на слободното време, па оттука го поставуваат прашањето за неговата содржина, како творечка дејност. Затоа е потребно истакнуваат во студијата "Општествено моделирање" барање на ефикасни средства да не се попречува слободниот избор, туку да се засилува, од една страна а од друга страна да се стимулираат субјективните потреби кои се во хармонски развој во човековата единка, а со тоа и со силата на општеството, се разбира без вулгарен утилитаризам, затоа што скалата на импулси и доживувања што во слободното време ја развиваат човечката дејност е доста богата. (Р.Рихта и сорботниците, 1980, стр.233)

Советските и источноевропските автори во теориските определби на слободното време поаѓаат пред се од определувањето на неговата суштина, содржина, структура и функција која во основа го има учењето на Маркс, Енгелс и Ленин.

Но, сепак тука не станува збор за потполно поклопување со нивните учења, туку постојат и некои специфични елементи според кои може да се издвои придонесот на овие автори во определувањето на поимот слободно време. Така на пример како што видовме во трудовите на некои советски автори слободното време се определува како збир на активности кои се однесуваат на задоволување на интелектуалните, социјалните и физичките потреби, како на пример креативност, физичка култура и разни видови на спорт. Меѓутоа кај некои други советски автори се забележува посеопфатен теориски пристап кој на еден друг начин го објаснува слободното време. Според тие ставови "слободното време" најчесто се употребува кога се определува делот од целокупниот фонд на времето (квантитативен аспект) и извесни типови на креативност кои луѓето ги практикуваат (контекстуален аспект) кои според потребата се комбинираат, што значи истовремено се користи

временскиот фонд и тоталитетот на активности. Во оваа смисла слободното време не е само услов човекот да ја регенерира својата сила, туку исто така е "простор" за целосен развој и активност на човекот.

Она што нас посебно не интересира од педагошки аспект е тоа што во некои дефиниции се укажува на целта на воспитанието како што е на пример: сестраниот развој на личноста, кое може да се оствари преку слободното време и тоа преку општествените активности и воспитанието на децата. Меѓутоа, општ заклучок е дека кај советските и источноевропските автори определбата на слободното време е објективно детерминирано. Ова во суштина значи дека активностите во слободното време треба да бидат во склад со општествените норми. Врз една таква ориентација се гради и се оценува однесувањето на личноста во слободното време. Порди тоа истражувањата кои денес ни доаѓаат од овие простори ги опфаќаат токму проблемите кои се врзани за местото на слободното време во општествениот живот.

### *2.3. Некои теориски определби на поимот слободно време на просторите од поранешна СФРЈ*

Феноменот слободно време под влијание на современите светски тенденции, динамичниот општествен развој, модернизацијата на технолошкиот процес, смалувањето на работното време во наши услови исто така добива големо значење, актуелност и го привлекува вниманието на голем број научници и теоретичари. Во таа смисла со проблемите на слободното време посебно се занимавале социолозите, економистите, филозофите, педагозите и други.

Првата социолошка интерпретација за слободното време ја дава Ante Fiamengo во статијата "Слободното време во услови на машинска цивилизација". Во оваа статија Fiamengo го разгледува историскиот развој на слободното време, условите за остварување на слободното време, самата вредност на слободното време, проблемот на односот кон животот и слободното време како и основните форми и можности за користење на слободното време. (A.Fieamengo, 1963, стр.25-37)

Во книгата "Основи на општата социологија" овој автор на феноменот слободно време му посветува едно цело поглавје. Посебен акцент Fiamengo става на "позитивните видови на користење на слободното време кои имаат големо влијание на процесот на производството и на текот на останатите општествени појави. Прво со мноштво на најразновидни методи во богатство на работи кои човекот ги отварува во слободното време, изнијансирани преку игра, забава, спорт и разонода, која современото општество му ја остава на човекот на располагање, се отстрануваат негативните последици кои на задолжителното работно место нужно ги имплицира, како на пример монотонија и досада, па човекот освежен пристапува кон процесот на работа. Второ во димензијата слободно време човекот може себеси да се развива сестрано, т.е. во онаа насока кон која има афинитет, а со тоа човекот станува вистинско битие. Трето, дури во слободното време човекот, потполно се чувствува слободен, има чувство дека припаѓа на

себеси дека е господар на сопствениот живот, а тоа претставува основа за вистинска човечка слобода." (A.Fiamengo, 1963, стр.307-309)

По однос на значењето на слободното време за индивидуата, Фиаменго истакнува дека општествената заедница има две основни задачи и тоа на индивидуата да и обезбеди работа за егизистанција; и да и обезбеди слободно време како избор на дистракција и негување на сестраниот развој.

Академикот Radomir Lukic, слободното време го гледа како процес на забава, игра и доколица, а доколицата ја третира како важен дел од општествената надградба. Посебно внимание посветува на активностите на слободното време и смета дека нивната улога е трослојна:

1. "Тие влијаат на човековиот одмор од неговата секојдневна работа;
2. Придонесуваат за изградување на сестран и потполн човек; и
3. Носат уживање и радост, затоа што човекот слободно ги употребува своите способности со цел која сама ќе ја определи. Со тоа човекот исто така се очовечува." (R.Lukic, 1964, стр.280)

Lukic нагласува дека човекот не ја сака работата како принуда, додека слободната употреба на неговите физички и психички особини му причинуваат задоволство. Во "Основи на социологијата" авторот пишува: "...забавата ја надокнадува работата вршејќи иста функција како и работата во текот на историјата, односно функцијата на создавање и одржување на човекот во човек, има иста важност, од овој аспект, како и работата". (R.Lukic, 1964,стр.220)

Во својата книга "Социологија на моралот" Lukic ги коментира двете спротивни гледишта на процесот на очовечување со порастот на слободното време. Тој констатира дека во современи услови многу е мал бројот на оние луѓе кои ги користат творечките активности за постигнување на генеричкото битие. На човекот вели тој "со неработење му се заканува опасност од безочовечување-враќање на животно" (R.Lukic, 1974, стр.578-579)

Наспорти ова го истакнува оптимистичкото сваќање дека човекот ослободен од работата како принуда и нужност може да ја развие својата човечност да го оствари повеќе и потполно своето генеричко битие.

Ilija Stanojcic во статијата "Социолошки истражувања на слободното време" ја истакнува неговата улога како фактор на одмор, регенерација на силата, разонода, оттргнување од секојдневните грижи. Тој смета дека во новите социјални услови во земјите каде пости општествена сопственост, самиот феномен ќе добие посебно значење, затоа од неговиот начин на ориентација и користење, делумно ќе зависи и дезалиенацијата на модерниот индустриски работник, а со самото тоа и начинот на постепено укинување на разликите помеѓу интелектуалната и мануеланта работа. (I.Stanojcic, 1960, стр.475-496)

Мошне се интересни проучувањата и аргументирантие ставови на Rudi Supek во неговата книга "Социологија и социјализам" во која пишува за местото и улогата на слободното време во животот на човекот. Во таа смисла пишува: "Човекот денес сака да има што повеќе време. Но кога има време тој станува збунет како да го "истепа". Додека општеството безмилосно го гони тој се повеќе го убива времето седејќи, седејќи со саати пред разновидните списанија, филмски платна, или ТВ екрани, тераејќи мачна досада на сите можни начини и со се појаки средства набљудувајќи ги последните достигнувања во производството на голотии, за скокотливи заспани нагони или читајќи мошне детални описи на садистички злосторства. За овој човек кого современата цивилизација го напојува со цигари, опојни пијалаци, современа техника на забава, слободното време станува голема грижа." (R.Supek, 1966, стр.217)

Доколицата станува еден од главните проблеми на модерниот период и навистина, современата социологија ни покажа дека односот на тканареченото слободно време треба да се набљудува во целокупната органска и општествена врска со работното време. (R.Supek, 1966, стр.281)

Поучните и аргументирани ставови на Р.Супек за положбата на слободното време во животот на човекот и опасностите од модерната цивилизација од педагошки аспект поставува едно суштинско прашање во смисла, дали може да се влијае врз човекот на одреден начин да се оспособи за успешно осмислување на слободното време? Секако дека одговорот на ова прашање е позитивен затоа што слободното време има огромни воспитни и образовни потенцијали. Педагогијата во него гледа фактор преку кој човекот може да се оспособи за вредносно и креативно осмислување на своето слободно време.

Ljubinka Brocic слободното време го дефинира како збир на активности со кои поединецот се занимава по релативно слободна волја, било да се одмара, било да го дополнува своето општо и стручно образование, било да се забавува. Ваквата определба пишува понатаму авторката "Воедно ни укажува и на важните функции на слободното време. Тоа е прво, функцијата одмор, втората функција развој на личноста и третата функицја забава." (Lj.Brocic, 1970, стр.21)

Со ваква едноставна и интересна определба некои автори сметаат дека се спорни два момента. Како прво, дали е оправдано образование во слободното време, било да е стручно или општо, а да се третира како дополнување на порано стекнатото образование. Дилемата е сосема оправдана кога се знае дека научно-технолошката револуција веќе бара не само дополнување на образованието туку и потполно нова обука. И второ, секоја изведена функција на слободното време, во склад со поделбата на Димаздие би значела идентификација на таквото "дополнување" на општото и стручното образование за развитокот на личноста. Ова би значело поедноставување на најкомплексната функција на слободното време.

Blazenka Despot разликува слободно време и доколица. Таа е против терминот и поимот слободно време "...затоа што тоа не е слободно време туку функција и дериват на капитализмот кој ги лишува широките

народни маси од ринтање, но и повластените да создаваат автентична култура." (B.Despot, 1976, стр.8)

Самопотрошувачката на ваквото време вклучува и појави како што се современото номатство (туризам), терцијалните дејности, групен секс, алкохолизам, наркоманија, нонконформизам на ниво на евтини испади и купување на скапи крпчиња. За разлика од ваквото слободно време, авторката под доколица подразбира слободна творечка суштина на – "работа" од онаа страна на нужноста. "Доколицата е пишува авторката, творечко – господов - човечки чин по кој човекот добива свое достоинство, станува одликувано суштество меѓу суштествата". (B.Despot, 1976, стр.145)

Tena Martinic, прави разлика помеѓу слободното време и доколицата, при што "слободното време го определува како време ...ослободено од организиран труд" но истакнува дека тоа не е ослободено од сите обврски, туку само оние што произлегуваат од трудот, додека "моментите кои би биле лишени од тие обврски и во кои поединецот би им се препуштил на изборот што е зависен само од неговата волја, би ги нарекле доколица." (T.Marinic, 1977, стр.4)

Според ова сваќање слободното време е исто што и вонработното време а доколица се нарекува она време кое во повеќе случаи се остварува преку избор на активности кои зависат само од волјата на индивидуата. Со еден ваков пристап во определувањето на слободното време уште повеќе се придонесува кон појмовна и терминолошка неусогласеност на проблематиката слободно време.

Во книгата "Општествени слоеви и општествена свест" Vesna Pesic истакнува дека слободното време и доколицата имаат иста смисла, и не прави остри разграничувања помеѓу нив. Таа го определува како време кое преостанува после работните и другите обврски и се поминува со цел задоволување на определени културни и рекреативни потреби на човекот. (V.Pesic, 1977, стр.131)

Ratko Bozovic дава една кратка но ефектна дефиниција за слободното време. Според него: “слободното време претставува вид на егизистенција која е доброволно избрана како најдобар начин на човековата самореализација.” (R.Bozovic, 1977, стр.67)

Aleksandar Todorovic го истакнува фактот дека слободното време е тотален општествен феномен и при негова анализа треба да се имааат во предвид глобалните општествени процеси. Во тој контекст го истакнува и значењето на социологијата на слободното време која треба да се занимава со проучување на релевантни фактори кои ги условуваат проблемтие меѓу работното и вонработното време, како и со објективните услови кои ги модифицираат односите меѓу сегментите во слободното време и разните слобдновременски активности и други активности кои го детерминираат развојот на личноста во рамките на слободното време. (A.Todorovic, 1984, стр.8-10)

Во македонската социолошка мисла слободното време како проблем единствено е обработен од проф.д-р. Илија Ацески во учебникот “Социологија”. Тој слободното време го разгледува во контекстот на целокупното човеково време притоа анализирајќи и неколку најпознати дефиниции сврзани со определувањето на поимот. Потоа слободното време го разгледува како основна функција на трудот, која се менува со промените на истиот. Исто така ја разгледува и релацијата слободно време - спорт и слободно време – туризам. Карктеристично е тоа што толкувајќи го значењето на слободното време ја истакнува потребата од нова културна политика која е насочена кон ширење на нови вредности во редовите на широките слоеви, спротивставувајќи се на петпарачката култура, но не на просветителски начин, туку преку активно вклучување на поединецот во потрага по одговори на најсуштинските прашања што ги поставува секојдневниот живот. Авторот дава и дефиниција за слободното време кое го определува како “време кое е ослободено од секоја обврска во која

личноста се ослободува да се изрази по сопствен избор ако поседува способности и средства за да се развива". (И.Ацески, 1998, стр.402)

Ова беа најпознатите и најтипични социолошки дефиниции од просторите на поранешна СФРЈ. Во обидот да се определат најбитнтие делови од поимот слободно време може да се забележи дека гореспоемантаите дефиниции не дават некој конечна определба на поимот слободно време, и нема единствена општо прифатена дефиниција. Меѓутоа мора да признаеме дека сепак има добри обиди и достигнувања на ниво на теориска синтеза за слободното време а посебно во рамките на работата. Повеќето теориски дефиниции се потпираат на веќе дефинираниот поим слободно време, но се даваат уште некои дополнителни пристапи за подобро осветлување на поимот. Најчето авторите прават синтеза на бројни дефиниции и научни пристапи од западните и источните земји, истакнувајќи ги стуштинските разлики во тие пристапи.

Како најоргинален пристап во дефинирањето на поимот слободно време според наше видување можеме да ја издвоиме дефиницијата на Ратко Божович. Бидејќи границите на слободното време се неодредени и недостижни, а содржините неизедначени и противречни. Секако определувањето на слободното време смета Божович, мора да ги земе во предвид можностите на човекот како целосна и слободна личност самостојно и свесно да ја определува својата егзистенција, својот однос кон себе и светот. Токму поради тоа што внатрешните склоности на личноста се основа на слободното време тоа станува простор на човековото креативно самопрепознавање и создавање, пат до човекот како творечки слободен субјект, до неговата генетичка суштина.

### *2.4. Проблемот на различниот пристап во определувањето на поимот слободно време*

Од теориските анализи во разгледувањето на проблемот слободно време, јасно се гледа дека досега се направени бројни обиди и сериозни напори за што потполно определување на содржината на поимот "слободно време" и негов поадекватен јазичен израз. Теориските анализи го исфрлија на виделина големото разидување и целокупната сложеност на оваа проблематика.

Општа карактеристика за теоретичарите кои се занимаваат со проблематиката слободно време е тоа што кога пишуваат најчесто не објаснуват во која смисла го употребуваат терминот, недоследно го користат, па оттука уште повеќе се отежнува доброто разбирање на овие текстови. Во нашата научна мисла авторите најчесто се користат со различни поими или термини за иста или слична содржина. За илустрација ќе напоменеме само некои од сродните поими кои придонесуваат за терминолошка и појмовна неусогласеност: "Слободно време", "Ослободен време", "Вонработно време", "Неработно време", "Доколица", "Рекреација", "Забава", "Време на располагање", "Разонода", "Хоби", "Згуснато време", "Буџет на време", "Буџет на слободно време" и сл.

Ваков нееднинствен пристап во определувањето на содржината на поимот слободно време е присутно и во другите јазици. Во англискиот јазик слободното време има свои посебни термини и тоа: **"Free time", "Disposable time", "Spare time", "Leisure", "Leisure time", "USE of time", "Pastime", "Time off", "Nonworking time"** и сл. Во германскиот јазик имаме слична ситуација: **"Die Freizeit", "Die Musse", "Die arbeitfreie zeit"** и сл. Во францускиот јазик: **"Letemps libre", "Le loisir"**. Во рускиот јазик: **"Svobodnoe vremia", "Dosug", "Vneraboche vremia"** итн.

Анализирајеќи ги трудовите на повеќе автори од западниот и источниот свет забележавме дека во ист текст најчесто се користат два термина: слободно време и доколица, кои се земаат како синоними, а со

тоа се открива дека авторите сеуште не расчистиле со овие два поима кои не само што не се синоними, туку се разликуваат во суштина. Слободното време е форма надворешен израз, а доколицата и другите активности во слободното време содржина и цел. Сваќањето на овие два поими како идентични изрази доаѓа веројатно поради тоа што и "Надворешниот израз" и "Содржината" се остваруваат вон работата и работното време. Поедини автори го избегнуваат првиот и вториот, па воведуваат трет поим – забава, која најшироко ја сваќаат како разонода, одмор, слободно време и доколица.

Така на пример терминот "доколица" кај различни автори има различно поимање, често дивергентно и контрадикторно, така што се движи во растојание помеѓу две потполно спротивни значења. За едни доколицата претставува идеал тешко остварлив или неостварлив, а основната смисла му е највисок облик на творештво и креативност (S. de Grazia). Други пак овој термин го употребуваат како синоним на неработење, ленчарење, пасивен одмор и празна забава. За трети пак доколицата не е ниту едно ниту друго, туку просто непродуктивно трошење на време. (T.Veblen)

Некои западноевропски и американски автори одат и до таму што распоравaат за поимите и термините слободно време, рекреација и игра. Така на пример ангалискиот автор S. Parker смета дека доколицата и слободното време се синоними и дека секоја игра е форма на слободно врме. Во буквална смисла рекреацијата може да се смета како една од функциите на слободното време: психофизичка обнова на организмот или подготовка за работа. (S.Parker, 1976, стр.19-20)

За да се расветли појмовната и терминолошка неусогласеност помеѓу термините слободно време и доколица, кај некои западноеврпски и американски автори се забележува и анализа на нивното етимолошко значење.

Tomas Kando анализираејќи го етимолошкото значење на зборот "leisure" смета дека тој потекнува од латинскиот збор "lico, licere" а во

превод значи “да биде допуштено”. Од licere потекнува францускиот збор loisir што значи “слободно време”. Буквалниот превод би значел “слободно делување”. Во енциклопедиските речници (The Ohford English Dictonary и The Encyclopedia of the Social Science) се истакнува дека грчкиот збор за доколица е “schole”. Tomas Kando, поврзувајќи го овој збор со англиските зборови “school” и “scholarship”, доаѓа до интересно тврдење: “не мора да се сложите со мене но според оваа определба да се школуваш значи да доколичиш. Доколицата е традиционало соединување на образованието, учењето и филозофијата. (T.Kando, 1980, стр.21)

Терминот доколица некои теоретичари го довеле во врска со зоброт otium, кое во наше време често погрешно се поистоветува со поимот неработење во кое има нијанса на погрдност. Меѓутоа суштината на зборото otium е далеку од незапосленост. До недоразбирање доаѓа поради тоа што како што е познато, во грчкиот и латинскиот јазик доколицата не е дефинирана како додаток на работата ниту како категорија која е спротивна на работата.

Бидејќи доколицата е состојба на духот и просторот кој е незамислив без квалитетна личност, таа не се стекнува со работа. Тоа двојство на работата и доколицата изразено во грчкиот јазик со зборови кои потекнуваат од ист корен: “schole” го покрива значењето на терминот доколица или за состојба која припаѓа на просторна нужност. Оваа поделеност, па дури и независност на работата и доколицата се среќава во латинскиот јазик со зборовите otium (доколица) и negotium (отсуство на otium). (R.Bozovic, 1979, стр35)

Латинистот J.M.Andree истакнува три хипотези за потеклото на otium: првата претпоставка тргнува од тоа дека отиумот бил синоним на слободното време врзан за пасторалната цивилизација, време на осаменост; втората претпостака ја препознава во доколицата праксата која е поврзна со празници, вршење обреди и празнувања; третата претпоставка го препознава отиумот како термин преземен од

војничкиот јазик која означува мирување на оружјето. (A.Todorovic, 1978, стр.64)

Со ваквиот став Андрее покажува дека доколицата во почетокот означувала примирје и одмор на војниците, а подоцна таа станува синоним на одмор и мир. Значи отиум доаѓа после војна или државни работи. Во почетокот тој не бил индивидуална награда затоа што бил внесен во програмот на општествениот живот и во колективниот календар. Тој ги обележува празниците славењето на боговите и величењето на хероите.

Marie F. Lanfant нагласува дека грчката и латинската етимологија ни помагаат да го сватиме значењето на зборото доколица, кој уште од самиот почеток бил засенчан со извесна двојност. Доколицата е одбележана со позитивен знак бидејќи означува време кое е својствено на социјалната категорија на која почива богатството на градот, богатството на економијата и прекинот на војната. (A.Todorovic, 1978, стр.69)

И покрај обидот подлабоко да се навлезе во грчката и латинската етимологија на поимот слободно време и доколица, сеуште се евидентнит разидувањата околу сваќањата на суштината на овие два поима. Карактеристично е тоа што денес повеќе западноевропски и американски автори го истакнуваат значењето и оспособувањето на личноста за доколица. Во тој контекст истакнуваат дека губењето на смислата за доколица незначи ништо друго туку осиромашување на личноста и нејзина дезинтеграција. Тие на доколицата гледаат само на идеал кој е тешко остварлив за разлика од слободното време кое е масовна појава. Во овие определби не е тешко да се препознае преценувањето на значењето на доколицата во развитокот на личноста, но само како привилегија на посебна класа на луѓе или како што вели S.De Grazia "секој може да има слободно време, но секој не може да има и доколица".

Под влијанието на авторите од западниот свет, некои советски автори го издвојуваат проблемот од социјалниот контекст, бегаат од зборот слободно време (svobodnoe vremia) и користат доколица (dosug). Некои од нив сметаат дека доколицата е потесен поим од слободно време. Најчето ја определуваат како дел од слободното време кое е во врска со обновата на психичката и физичката енергија. (G.V.Osipov, 1965,стр.495)

Во Руската педагошка енциклопедија, доколицата (dosug) се определува како можност на човекот да се занимава во слободното време со разновидни дејности по сопствен избор. Тие разновидни и многубројни видови на дејност во доколицата може да се класифицираат во пет групи: одмор, разонодоа, празници, самообразование и творештво. (Россиискаја Педагогическаја Енциклопедија, 1993, стр.288). Тука доколицата се сваќа многу пошироко, нејзините функции се прошируват со самообразование и творештво, како највисоки достигнувања во духовниот развиток на личноста.

Во интерперетациите за слободното време кај некои автори од просторите на поранешна СФРЈ исто така се забележува експлицитно разликување на овие два поима. Тоа е посебно изразено во трудовите на Blazenka Despot која пишува “Пладојер за доколица”, а под доколица подразбира нешто што е врзано за највисоките облици на творештво. (B.Despot, 1976, стр.142) Други екстремни толкувања со различни варијанти има и во трудовите на T.Martinic, Esad Cimic и др.

За разлика од овие автори Vladimir Jankovic категорично тврди дека “доколицата” означува состојба кога ништо не се работи, значи безработица и безделничење, состојба без некоја посебна намера да се обогати животот на човекот. (V.Jankovic, 1967, стр.7)

Општо прифатена констатација во однос на доколицта е дека таа била присутна дури од првобитниот човек и продолжува да живее во него се додека пости човекот и човештвото. Од друга страна слободното време е плод на индустриската цивилизација, историска појава,

втемелена кога човековото тотално време се поделило на “работно” и “слободно”, кога се повлекла остра граница помеѓу времето во фабрика и канцеларија и останатото време. Слободното време ќе исчезне заедно со работното време. Човекот ќе си го врати себеси единственото време, оплеменето со целокупната култура, исполнето со творештво (работа) и доколица. Затоа што доколицата не е неработење, не е пасивност, туку активна сотојба, поимање на себеси, околината и светот. Доколицата ја активира психата и мозокот, психичките и човечките умни сили. И тоа подразбира напор, напнување, но доброволно и потполно слободно без зададена цел и обврска, ослободено дури и од природата на нужноста. Поради тоа овој напор е пријатен и полн со задоволство. И токму поради тоа се остварува “поради самиот себеси” и што е ослободен од природната нужност, доколицата битно се разликува од работата. Во работата човекот комуницира со природата, ја разменува својата материја (енергија) со материјата на природата и создава производи за свој физички и духовен живот. Доколку не е потполно слободен, неможе да направи повеќе одколку што материјалната природа тоа му го “дозволува”. Во доколицата човекот комуницира сам со себе ограничен е толку колку и природното битие (неможе на пример да полета затоа што природата не му дала крила, но затоа може да се послужи со вештачки крила, авиони, вселенски бродови, или помоќен е уште повеќе кога може да се послужи со својата фантазија). Значи во доколицата човекот е потполно слободен затоа што во неа се чувствува среќен и моќен. Бидејќи доколицата не е неработење, но не е ни работа, тоа претставува специфична состојба односно процес.

Со право може да се каже дека човекот себеси се “изделкал” со работата, а се “дотерал” со доколица. Материјалното производство е човекова основа, а доколицата негова надградба.

Во времето вон работата се наоѓа и сегмент на доколица. Современиот оттуѓен човек сака се повеќе време во работата и воглавном го остварува, а прави се да се ослободи од сегментот

доколица. Во доколицата тој е вознемирен и заплашен па затоа бега од таа состојба и главеечки запаѓа во други активности. Бидејќи неможе да излезе на крај сам со себе тој често доколицата ја поистоветува со една непријатна состојба која човекот го прави апатичен и несреќен, со досада. Поради тоа тој ја избегнува досадата, а бидјеќи не е способен за повисоки дејности што инаку времето вон работата (слободното време) му го овозможува, тој повторно се враќа во работата но не во онаа "нужна", во материјалното производство туку во слободната дејност, хоби и слично.*

Досегашните обиди и настојувања покажуваат дека не е можно да се рализира тотален поим на слободното време кој би бил вредносно неутрален. Исто така би било илузорно да тврдиме дека може да создадеме дефиниција која би одговрала на сите епохи и за сите земји. Ваквата состојба ја потврдија и разновидните гледишта и толкувања на слободното време кои ги забележавме во разновидните филозофско-идеолошки основи на западниот и источниот свет.

Меѓутоа сепак од досегашното проучување на слободното време можеме да определиме некои differentia specifica, односно, битни конститутивни одблежја на слободното време кои се среќаваат во трудовите на поголем број автори. Повеќето од нив истакнуваат дека: Слободното време е она време вон професионалните, општествените и семејните обврски и животни потреби, потоа слободно располагање со преостанатото слободно време и на крај користење на неговите општествено, позитивни содржини за одмор, разонода, образование, културно усовршување и развиток на личноста.

* M.Horhajm, во делото "Затемнување на умот", на стр.38, вели: "Личноста која се впушта во хоби, дури не се ни преправа дека има било каков однос спрема крајната вистина".
R.Mills, во својата книга "Знаење и моќ" на стр. 96, вели: "Хобито во општеството се смета повеќе како несериозна разонода, отколку како средиште на вистинското постоење".

Според изнесените битни обележја на слободното време за нас најприфалива е следнава дефиниција: "Слободното време е оној дел од времето со кое располага поединецот вон своите професионални, општествени и семјни обврски со цел одмор, рекреација и развој на личноста, во рамките на природната и општествена условеност и реалност на средината во која поединецот живее и дејствува". (V.Jankovic, 1967, стр.122)

Оваа дефиниција има теориско – социолошки караткеристики затоа што воглавном се однесува на возрасната генерација. Меѓутоа, слободното време ги опфаќа и генерациите во развој, па според тоа некои битни обележја во врска со слободата и обврските, мора да се сватат и да се модифицираат по однос на генерацискиот тек и развој. За нас е прифатлив ставот од една општа појдовна дефиниција прифатена од едно определено општество и време да се изведат специфични и тесни дефиниции втемелени на најмалку два аспекта: по однос на научната област (на пр. посебно за педагогија, социологија, економија, медицина и сл.) и по однос на генерацискиот тек и период од животот (на пр. за деца, млади, возрасни).

Значи, поимот слободно време и неговите битни обележја треба да се набљудуваат во динамичен развој, во растојание и на релација деца-возрасни, па според тоа и смислата на неговата дефиниција треба да се прилагоди со специфичностите на поедини периоди од развојот. На тој начин постоечкото социолошко значење добива и определени педагошки обележја.

Бидејќи предметот на истражување на овој труд е слободното време на учениците, тогаш применувајќи ги горeспоменатите аспекти при дефинирањето на поимот, во конкретниот случај таа формулација би гласела: слободното време на ученикот е она време вон наметнатаите семејни и училишни обврски, со цел не само одмор и рекреација, туку и

развивање на личноста во духот на целокупните воспитно – образовни настојувања.

Конкретните општествени услови го определуваат не само обемот и должината на слободното време туку и правецот и содржината на дејноста во него, па според тоа и слободата неможе да се свати вон овие услови, во смисла апсолутна слобода. Оттука мошне е значајно да се запази уште едне аспект при дефинирањето на поимот слободно време на релација индивидуа-општество. Повеќе светки теоретичари слободното време го гледаат само од аспект на идивидуата и недоволно го лоцираат во општеството. За наши општествени услови мошне е значајно да се разгледаат односите на индивидуата и општеството, индивидуата и групата, како и на индивидуата и колективот. Значи освен значењето на индивидуалните активности кои ќе влезат во делокругот на слободното време, потребни се и општествени активности кои ќе влезат во него. Тоа претставува и материјална обврска на општествената заедница спрема слободното време на нашиот човек (ученик), затоа што не е и неможе да остане само работа на поединецот и неговите желби, интереси и можности.

И на крај сметаме за потребно да нагласиме дека во македонскиот јазик како и во групата на другите словенски јазици најмногу се користи терминот слободно време. Во Речникот на Македонскиот јазик со терминот слободно време се определува она време кое не е исполнето со некаква работа. (Речник на Македонскиот јазик III, 1966, стр.233) Меѓутоа, ваквото објаснување не го исклучува активниот карактер на слободното време. Слободното време за нас има социјална и педагошка смисла. Тоа израснало од современата педагошка практика од животната сотојба на сегашноста. Поради тоа го прифаќаме терминот слободно време затоа што со него најадекватно се толкува неговиот карактер и содржина и како таков најмногу одговра на нашиот јазик и на предметот на истражување на овој труд.

## 3. ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ КАКО ПЕДАГОШКА ДИСЦИПЛИНА И НЕЈЗИНИОТ ОДНОС СО ДРУГИТЕ НАУКИ И ДИСЦИПЛИНИ

Педагогијата на слободното време е посебна педагошка дисциплина која го проучува подрачјето на воспитанието во слободното време. Нејзините корени како што видовме од историскиот дел на трудот потекнуваат од антиката каде што слободното време се користи како одмор помеѓу гимнастичките вежби или пак во расправите за животните прашања во таканаречените “schole”. Работата во овој период имала карактеристики на “negotium” чувство од непријатна работа, додека “schole” било исполнето со содржини “otium” работа со попријатно расположение. Оттука потекнува и класичното поимање на слободното време наменето за размислување, разговори, образование.

Од аспект на педагогијата за слободното време размислувал и Коменски, кога барал одморите помеѓу наставата да бидат исполнети со духовна забава, игра, музика односно со ведри и убави содржини. (J.A.Komensky, 1968, стр.12)

Поголемо значение за развитокот на личноста а со тоа и на целта на воспитанието за слободно време, јасно ја втемелил и Песталоци, кој барал на учениците во слободното време од настава да им се пружаат повеќе можности за индивидуална активност.

Набљудувајќи ја индивидуалната активност на личноста, Фребел, помеѓу првите го согледал големото значење на слободното време, задоволувањето на индивидуалните потреби самоактивноста и ослободување на творечките сили на детето во играта. (Opaschowsky, W.Horst, 1973, стр.24)

Одлучувачко движење во педагошкото разгледување на слободното време настапува дури во граѓанската револуција, кога

човекот како индивидум се дигнал против моќната власт на државата. (W.Narshrstedt, 1974,стр.12). Тоа одушевено го најавува Русо, кој развојот на демократското општество го замислувал пред се со добро воспитание на поединецот, слободни индивидуи со што ги дал и темелите на индивидуалната педагогија.

Оттука, како што вели R.Lesnik, не е далечен патот од кој коренито се раздвоиле школската педагогија која се карактеризира пред се со задолженија и општествени барања и педагогијата на слободното време која се темели на интересите и потребите на поединецот. (R.Lesnik, 1986, стр.133)

Меѓутоа екстремни ситуации во воспитанието на личноста се неодржливи, пред се поради неопходноста од целина во човековото индивидуално и општествено битисување и токму во овој спелет се развива и воспитанието за слободно време, како составен дел од воспитанието кое е насочено пред се кон развиток на личноста.

Денес смислата на педагогијата на слободното време е да ги пронајде патиштата и начините, ослободеното време да го направи корисен (конструктивен) фактор за перманентно учење, делување, создавање и усовршување на човекот во склад со стремежите на човековата заедница. Прашањата кои што денес се поставуваат околу педагогијата на слободното време во реализацијата на нејзината основна цел се: дали таа може самостојно да ги решава проблемите кои стојат на подрачјето на слободното време? и дали постои опасност иако е самостојна нејзиниот предмет да го превземе друга наука или дисциплина?

Оттука во понатамошната спецификација на педагогијата на слободното време пред се ќе ја нагласиме нејзината зависност и тесна поврзаност со останатите општествени науки и нивините дисциплини. Ова истовремено претставува и доказ дека слободното време е општествена појава која завзема значајно место во бројни подрачја на животот на луѓето, дека станува предмет на проучување на сите оние

науки кои се занимаваат со истражување на општеството и општествените движења како и оние во чија содржина влегува и самиот човек, неговиот физички и психички развој, неговата егзистенција и положбата во современото општество. Овде најнапред би ги спомenale, социологијата, антропологијата, етиката, психологијата, социјалната медицина и други.

Постоењето на некои остри граници помеѓу постоечките дисциплини од општествените науки не може да се постави. Слободното време е интердисциплинарен проблем и денес со диференцијацијата на новите научни области многу е тешко да се најде границата на една научна дисциплина. Затоа денес со право се зборува не само за социологија и педагогија на слободното време туку и за психологија, медицина, антрополигија па и економија. Секоја од овие дисциплини има свој специфичен интерес и свои проблеми кои разбирливо понекогаш продираат една во друга и меѓусебно се испреплетуваат. Се додека не постојат претензии за превземање на задачите на другите гранични дисциплини неможе да има недоразбирање.

Меѓутоа не можеме да се сложиме со оние тенденции кои покрај останатите општествени појави и воспитанието во слободното време го вклучуваат во целост во својата содржина.

Таков е примерот со социјалната педагогија која неможејќи да ги реши односите на релација личност-општество, осцилира помеѓу нагласување час на едниот час на другиот аспект или пак настаојува да воспостави единство помеѓу нив. Во една од повеќето интерпретации таа се третира дури и како дисциплина за вонучилишно и општествено воспитание. Со нагласувањето на социјалниот аспект на воспитанието се појавува и педагошката социологија како посебна дисциплина која како централен проблем на воспитанието го нагласува "процесот со кој се определува човековото однесување". (N.Potkonjak, 1981, стр.86,87)

Овие дисциплини на социологијата го превземаат предметот на педагогијата на слободното време и директно го оневозможуваат

педагошкото интерпретирање на воспитната страна на слободното време.

Воспитанието во целина и во сите свои појавности секогаш претставува дијалектичко единство на индивидуалното и социјалното. Одвојувањето на тие компоненти не е можно за вистинско научно разгледување. На таа основа неможе да се врши диференцијација ниту внатре во педагоготијата а камоли на граничната линија на повеќе науки. Нема основа на било кој критериум еден воспитен проблем да се стави во рамките на социјалната педагогија а другиот не. Сите воспитни проблеми секогаш во својата суштина, според тоа кој и каде се остваруваат и слично колку и да се индивидуални истовремено се секогаш и социјални од општествен карактер. (N.Potkonjak, 1981, стр.94)

И токму такви какви што се го сочинуваат предметот на педагогијата. Единствено така сватени и научно проучувани тие ја прават педагогијата наука. Ние само го проучуваме воспитанието и неговата општествена дејност. Според тоа социјалниот аспект е нешто што е иманентно на самото воспитание. Да се одвои тоа од воспитанието значи да се одвои содржината од формата и да се сруши основата на која единствено може да се изградува и развива педагошката наука. Бидејќи воспитанието е мошне сложена, комплексна, масовна и долготрајна работа, бидејќи вклучува интенционални но се повеќе и функционални влијанија нужно е педагогијата постојано да се развива да се проширува и да го богати својот ситем на педагошки дисциплини. (N.Potkonjak, 1981, стр.95)

Ако воспитанието е предмет на педагогијата во најширока смисла на зборот, тогаш логично е таа да го толкува и обработува во целина служејќи се притоа со резултатите од други науки. Но тоа не значи дека во тој интердисциплинарен однос поедини науки кои се заинтересирани за овој или оној аспект од воспитната проблематика можат тој аспект да го издвојат од педаготијата како наука за воспитанисто. Напротив тоа значи дека некои науки како на пример: (социлогија, антрополигија,

психологија и други) можат да имаат свои педагошки интереси исто така како што педагогијата од аспект на воспитанието има свои социолошки, антрополошки и психолошки аспекти и интереси. (V.Jankovic, 1967, стр.50)

Во конкретниов случај кога станува збор за педагогијата на слободното време и проблемите и задачите што стојат пред неа неопходно е таа да се сврти кон социолошките интерпретации на слободното време без кои не може да се свати појавата слободно време, а оттука неможе да се пристапи ниту кон успешна педагошка анализа.

Што се однесува пак до антрополошкиот и етичкиот аспект на слободното време, тие се оние кои ја даваат појдовната ориентација во толкувањето на неговата педагошка смисла и вредност, а посебно во врска со проблемот на слободното време, како еден од битните елементи на слободното време, а да не зборуваме за некои други бројни прашања, за егзистанцијата на човекот и формирањето на неговиот карактер во услови на техничка цивилизација и современо општествено живеење. Не се од помало значење ниту истражувањата од психологијата за практиката на слободното време. Така, ако ја земеме во предвид формативната функција на слободното време, тогаш психолошките сознанија за активностите на индивидуата, чувствата, волјата, карактерот, мотивите и интересите се од фундаментално значење за формирањето на човекот во целост и за развивање на неговите диспозиции.

Денес, врз основа на ваквите состојби по однос на проучувањето на проблемот слободно врме имаме појава на две тенденции:

1. Проучувањето на слободното време од различни аспекти но во рамките на поедини традиционални науки; и
2. Сите сознанија за слободното време да се соберат и да се развијат во една наука за слободно време или наука за доколица.

Во првата тенденција се вбројуваат авторите (S.Parker; J.Dumazdier; J.Nulinger; J.Mundy и L.Odum; A.Todorovic; V.Jankovic; и др.), кои аргументирано тврдат дека слободното време треба да остане во рамките на традиционалните науки и нивните дисциплини, а во конректниот случај за педагошкиот аспект на слободното време треба да се грижи педагогијата како наука и нејзината педагошка дисциплина, педагогија на слободно време.

Втората тенденција стои на ставот дека е оправдано сите аспекти да се слејат во една наука која ќе се нарекува "наука за слободно време". Значи предмет на таа наука би било слободното време. Ова гледање би можело да се нарече теорија на грозд каде што слободното време е кохезиона сила која ги собира разновидните аспекти во проучувањето на една наука (N.Kacavenda – Radic, 1992, стр.35)

Најгласен во овие ставови е германскиот автор Wolfgang Nahrstedt, кој тврди дека развојот на истражувањата во оваа област се движи во правец на конституирање на една наука за доколица. Тој смета дека сеуште не постои наука за доколица, но процесот на нејзиното конституирање е започнат. Јадрото на тие науки се знаењата за слободното време и доколицата, културата, спортот и туризмот. (W.Nahrstedt, 1989, стр.37)

Структурата на науката за доколица би го дала костурот на ориентации за подготовка и усовршување на кадри во оваа област, а теоријата за доколица би претставувала систем на знаења за доколица и слободно време и тоа произлезени од различни дисциплини. Теоријата за доколица и структурата на науките за доколица се историски, а формулирани се според овој автор на база на филозофско разбирање на улогите во кои доколицата и слободното време можат понатаму да ги развиваат потенцијалите на човештвото. Науката за доколица како ситем на "вистини" мора да биде секогаш одново реорганизирана во зависност од промените во општеството, научните знаења и основните

филозофски поставки. Бидејќи заостануваат теориските расправи на базичните области, сеуште нема потполно прифатена наука за доколица.

W.Nahrstedt, смета дека науката за доколица, како млада припаѓа на групата на секундарни науки, додека примарни се оние кои постојат од почетокот на научниот развој. Тој се обидува да го определи местото на новата наука во системот на останатите науки, и тоа земајќи во предвид две релации: 1. Општество-индивидуа; 2. Минато-иднина. Како најповикани на општествен план W.Nahrstedt ги истакнува следниве науки: социологија, политички науки, право и економија, а на индивидуален план посебно ја истакнува педагогијата, психологијата, менаџерските науки и антропологијата. Што се однесува пак до втората релација за доколицата битна е историјата и науката за културата, а за планирањето во иднина потребно е да се истакне поврзаноста со футорологијата и филозофијата.

И на крај би можеле да кажеме дека досегашното наше искуство на овој степен на развој на педагошката наука, проблемот слободно време го проучува преку педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина во рамките на педагошката наука.

Во англосаксонското говорно подрачје оваа дисциплина носи наслов pedagogy of free time, кој како наслов е еднакво превземен и во нашата педагошка теорија за оваа педагошка дисциплина. Во Франција таа носи наслов pedagogie des temp libre, de loisirs, во Германија Freizeit padagogik, а во рускиот јазик pedagogija svobodnogo vremeni. Како што гледаме сите го следат насловот кој за оваа дисциплина го дале англосаксонските педагози. Сметаме дека не треба да прифаќаме ставови, концепции и да бараме аргументи за нешто што кај нас не се поставува или се поставува на поинаков начин. Можностите за решавање на проблемите треба да ги бараме и успешно да ги решаваме врз основа на нашите општествени и педагошки потреби и сознанија. Но сепак не ја исклучуваме можноста сегашната интердисциплинарност во

проучувањето на слободното време да се движи во правец на конституирање на една општа наука за слободното време.

# 4.ОСНОВНИТЕ ПРЕТПОСТАВКИ ВО КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ТЕОРИЈАТА И ПРАКТИКАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

## *4.1.Научно-технолошката револуција и слободното време*

Основна карактеристика на слободното време во техничката цивилизација, секако претставува неговото рапидно зголемување, како резултат на скратување на работното време. Главен чинител на тој процес претставува бурниот научно-технолошки прогрес, кој овозможува револуционерно скратување на времето на трудот, а со тоа и голем пораст на количината на слободното време. Некои ова зголемување на слободното време го сметаат како основа на мислењето дека наскоро ќе влеземе или веќе навлегуваме во "цивилизацијата на слободното време", во "ерата на слободното веме", напуштајќи ја "ерата на трудот". (J.Dumazdiere, 1972, стр.689)

Овие предвидувања и сваќања според постоечките тенденции денес стануваат реалност, затоа што развојот на слободното време зависи пред се од брзината на техничкиот прогрес кој патем е импресинвно "застрашувачки".

Како резултат на брзината и обемот на производните преврати, технички новини и научни откритија во светот се случуваат промени кои од корен ја менуваат традиционалната структура на производните сили, општествената структура на материјалната база на човековиот живот и воопшто подалеку ја поминуваат границата на досегашната цивилизација. (Р.Рихта, 1980, стр.25)

Новата технолошка основа на цивилизацијата која во основа го има развитокот и менувањето во сите сфери на современиот живот и работа, кај различни автори терминолошки различно се определува и тоа како: научна и техничка револуција, научно-технолошка револуција, научно-

технолошки напредок или само технички прогрес, кибернетска револуција, трета индустриска револуција и слично.*

Во Педагошката енциколопедија од 1989 година, научно технолошката револуција се определува како светски цивилизациски процес карактеристичен по единството на човековите технички, технолошки, суровински и енергетски преобразби кои се остваруваат во услови на крупни социјални промени. Взаемната условеност и меѓусебна зависност на овие преобразби и даваат на научно-технолошката револуција одлика на длабок и сложен општествен процес. Таа ги опфаќа технолошките превврати, револуции во управувањето со технолошките процеси и трансформацијата на природните процеси во производството. (Pedagoska enciklopedija, книга II, 1989, стр.108)

Нема сомнеж дека во новиот технолошки период класичниот индустријализам го заменува пост-индустрискиот, компјутерско-информатичкиот развој, кој условува промени во карактерот на работните функции на човекот, карактерот на производството, а со тоа промени и по однос на обемот, суштината и функцијата на слободното време.

По однос на работните функции на човекот и карактерот на производството најкратко можеме да кажеме дека работата во автоматизираното произвдоство води кон еманципација на човекот и негово оддалечување од тешката физичка работа од гломазните унифицирани машини за работа и директниот контакт со производната работа, кон активностите кои претпоставуваат развиени способности за управување, организирање, креативност и сл.

Производството во таканаречениот постиндустриски период ги губи караткеристиките на гломазни фабрички системи со униформирани работни обврски за сметка на помали системи со променливи работни задолженија, а тоа значи надминување на тесно специјализирани

* За терминолошкото и појмовното определување на научно технолошката револуција види повеќе во книгата на Nedeljko Trnavac, "Skolski sistemi na raskrscu", Beograd, 1987, стр.17 - 44

работни профили за сметка на работен кадар со доста широко општо и стручно образование кое ќе може брзо да се квалификува, доквалификува и адаптира на новите производни барања и ќе биде способен за прием на нови информации во текот на целиот живот. Се повеќе се губи интересот за нискообразовен кадар за сметка на зголемените потреби од инженерско високообразовен кадар со развиени способности за креативност, иноваторство и тимска работа. Евидентна појава во високоразвиените земји денес е зголемената потреба за занимања од терцијален карактер. (М.Костова, во Зборникот "Општествената транзиција и образованието", 1998, стр. 32, 33)

Во новата технологија образованието и истражувањата стануваат неопходни за да се водат работите врз научни сознанија. Неможе човекот без познавањсе на работите да произведува да зработува да создава. Впрочем, сосема оправдано Роланд Барт генерациите од шеесетите наваму ги означи како генерации што мислат.

Науката – акумулираното знаење за општеството-самосвесниот општествен труд, притоа, е од историски карактер, што значи дека секоја нејзина артикулација е преодна постигнувајќи го идентитетот на знаењето и материјата како барање на историското мислење. На дело е апсолутниот свет на трудот што има облик на научен труд, наука како труд или работна наука. Станува збор за наука која има значење на sciencija а не logos. Тоа е суштината на современото битие и неговото случување. Науката како труд, е всушност конститутивното конституирање на битието и реализацијата на целата метафизика собрана во едно исто. Тоа е процесот во кој вишата дејност како субјективен посредник на слободното време стапува во непосредниот процес на производството како дисциплина, извежбување, експериментално знаење и материјално творење. (Ј.Кепеска, во Зборникот "Општествената транзиција и образованието", 1998, стр.48)

Опасноста што се најавува од светот на трудот, губењето на човекот меѓу другите битија не е дефинитивна констелација, туку токму

таа најавува поинакво суштествување, се поширока сфера на слободното време кое ќе претставува лулка на новите сили на човекот и општеството, можност за изразит пресврт на можноста и нужноста на човечкиот живот воопшто.

Оптимистите во зголемувањето на обемот на слободното време гледаат можност за ослободување на човекот од “неподносливата работа” шанса за развој на креативната сила и потенцијал кој во досегашни услови на живот биле спречувани. Според нив автоматизацијата ќе го ослободи човекот, ќе му обезбеди слободен живот, сличен со онаа слобода и оној живот кој го уживале во Античка Атина. Тогашната слобода на граѓаните почивала на ропство а оваа ќе почива на работата на роботите и автоматите. Така ќе се оствари велат тие вечниот сон на човекот – слободата. Грците држеле околу 15 робови по секој граѓанин, а веќе денес се проценува дека во развиените земји 125 робови – роботи, му служат на човекот. Тие скокаат на секој наш повик. Доволно е да се притисне кочето и тие го осветлуваат нашиот пат. Робовите – роботи седат 24 саати дневно во термостатите за регулирање на топлината, ја чуваат храната во фрижидерите, ги движат автомобилите, чистат, варат кафе, носат вести, не забавуваат и сл. (V.Jerbic, 1973, стр.23)

Песимистите од друга страна стравуваат и предупредуваат на доаѓањето на уште поголеми опасности, доколку слободното време уште повеќе се комерцијализира и се насочува во најповолен правец за масите, со што тоа ќе стане поголем опиум одколку што е денес. Опасноста станува се поголема доколку повеќе расте моќта на манипулирање на луѓето и нивната свест, ставови и мотиви. Доколку го доживееме векот на слободното време, кое е на повидок, ќе се соочиме со поголема криза одколку што е денешната. Човекот ќе стане жртва на пасивна забава. Лесно е да се каже дека на човекот му треба одмор, но одморот преку пасивна забава заглупува. Човекот во доколицата спие и физички и ментално, органски и кортикално. Кога ќе ги прочита сите

стрипови, ќе ги ислуша сите реклами и ќе ги испие сите ликери тој мора да престане. Тогаш пред него ќе се отвори вратата на празнина, во која час по час, ден за ден ништо значјано нема да се случува. Пред досадата ќе мора да побегне и повторно да се предаде на малите задоволства и малите забави. (V.Jerbic, 1973, стр.24)

Оние пак претпазливите помалку неутрални зборуваат за дволичната страна на слободното време. Слободното време може да биде подобро или полошо, едно мошне богато ветување или најтешката опасност за човековиот напредок.

Оттаму според Z.Fridman произлегува централниот проблем на денешниот човек, кој е двостран,од една страна проблемот на отуѓениот труд, а од друга страна рационалната организација на слободното време, при што особено го акцентира, комптензаторскиот карактер на слободното време (таканаречената компензациона доколица), каде човекот може да оствари слободен израз и развиток на своите способности. Тој ја истакнува големата улога на слободното време во хуманизацијата на човекот и општеството. Имено, монотонијата и незадоволството од трудот предизивикуваат потреба од нивна компензација во слободното време. Но, тој во слободното време не гледа само простор за компензација од непријатаните импликации на трудот, туку и можност за остварување на човечкото достоинство и културно издигнување. (Z.Fridman, 1964, стр.316)

Анализата на слободното време овозможува да се запознае неговото разновидно значење. Не е решавачка само мерата туку, пред се, содржината на слободното време. Како што покажуваат емпириските истражувања, под извесна точка на животното ниво владее силна тенденција слободното време да се искористи за подигање на заработувачката (второ заработување и слично).

Корелации од тој вид докажани се за едноставниот, монотон карактер на трудот и со таквото исполнување на слободното време кое осетно ги ограничува и неговите хумнизирачки можности.

Зголемувањето на количеството на слободното време самото по себе не е доволно за да стане извор на творечки сили. Затоа е потребно општествено моделирање, барање на ефикасни средства како од една страна да не се спречува слободата на изборот, туку да се засилува, а од друга страна, да се стимуилира настанувањето на субјективни потреби кои се во хармонија со развојот на човековата единка а со тоа и силата на општеството. Се разбира без вулгарен утилиталиризам, за што скалата на импулси и доживување што во слободното време ја развиваат човечката личност, е мошне богата. (Р.Рихта и соработниците, 1980, стр.236)

Во продолжение сметаме за потребно да укажеме на некои други карактеристики на слободното време во услови на научно технолошки развој. Имено, покрај зголемувањето на обемот на слободното време тоа се каратеризира со пасивност, противречност, претежно забавен каратер на активностите на слободното време во кои преовладуваат потрошувачки вредности.

Причината за неопределеност и изразена пасивност на слободното време произлегува од оттуѓениот каратер на трудот, кој ги истрошува, исцрпува, речиси сите човечки способности за активен став и активно однесување, така што пасивноста во слободното време е доминантна во однос на активното однесување. Овој општ дух на пасивност е присутен во повеќе активности на слободното време, а особено во забавните активности и воопшто во културниот живот на денешниот човек. Истакнувајќи го пасивниот кататер на активностите во слободното време, Z.Dumazdier се заложува за такво користење на слободното време во кое ќе преовладуваат активни ставови и активно однесување: "Иако слободното време е производ на историјата, тоа се доживува како вредност која е вон историјата. Човекот во слободното време тежнее да биде неблагодарен спрема минатото и индиферентен спрема иднината. Тоа не е активен став на граѓанинот и работникот, но таков став постои и се развива." (Z.Dumazdier, 1972, стр.695)

Понатаму, бидејќи слободното време се повеќе расте ги зафаќа сите социјални категории (групи) принципите и методите на масовното производство се повеќе се применуваат и во подрачјето на разонодата како битен дел на слободното време – исто како и во трудот.

Така, според R.Mils најочеглидна карактеристика на денешното општество, особено американското, претставува таканаречената масовна "доколица" уште еден производ на таканареченото масовно општество.

Главно обележје на сите тие активности на масовното слободно време е тоа што тие изненадуваат, возбудуваат, одвратуваат, разонодуваат но не допуштаат некој творечки развиток на личноста.

Бидејќи трудот како неинтересна, непријатна активност се повеќе се издвојува од останатиот живот, животните цели на луѓето изразито се пренесуваат во подрачјето на слободното време, така што е поголемо незадоволството во трудот, тоа се повеќе бара олеснување и надомест во активностите на слободното време. Луѓето во такви околности доаѓаат до заклучок дека се она што е добро, пријатно, што разонодува се наоѓа во слободното време: "Доколицата ги содржи сите добри нешта и сите цели за кои се сонува и за кои енергично се тежнее". (R.Mils, 1979, стр.217)

Оттука, се добива впечаток дека најмрачниот, најтешкиот, најнепријатниот дел од животот се поминува таму каде што се работи, а најпријатниот, највеселиот, најсреќниот, таму каде се троши. Така, слободното време на денешниот човек го одвраќа од монотониот и мачен труд со истовремено запаѓање воглавно, во празните и пасивните активности на слободното време, кое се повеќе поприма изразито пасивен, непродуктивен карактер.

Една од битните карактеристики на слободното време во услови на технолошки развој, според A.Lefevr, претставува неговиот противречен карактер, спротивности меѓу активното и пасивното однесување. Слободното време во кое преовладуваат пасивни елементи (активности) овој автор ги нарекува комерцијална потрошувачка

"доколица" чија содржина се исцрпува со пасивно конзумирање на разни потрошни добра, вклучувајќи ги и културните. Обратно, слободното време во кое преовладува, активен продуктивен став, го нарекува (култивирано) или продуктивно. Оваа противречност на слободното време се манифестира, значи во постоењето на спротивни можности и правци, од кои едните преку пасивноста водат во осиромашување на личноста, а вторите преку активност во нејзино збогатување и развивање.

Едно од најтипичните и највидни каратеристики на слободното време во индустриската цивилизација, според A.Lefevr претставува претежно забавниот каратекр на неговите активности, од друга страна пак, во рамките на оваа забава и разонода преовладуваат потрошувачките елементи и вредности. При тоа човекот во своето слободно време настојува да ги отфрли или избегне сите оние активности кои донесуваат некоја обврска, напор, кој потсетуваат на неговиот труд. Оттаму, културата во слободното време според A.Lefevr станува второстепена активност или пак се изобличува во потрошен предмет: "Културниот аспект им изгледа индиферентен (што значи дека стварно е таков)". (A.Lefevr, 1959, стр.151)

Ваквиот став кон вистинската култура предизвикува да се губи довербата во педагошкиот и културниот аспект на слободното време. Ставајќи акцент на неговата забавна димензија (на одмор, опуштање, разонода) т.е. на компензацијата која мора да ја донесе слободното време за непријатностите, незадоволствата и разочарувањата од трудот и секојдневниот живот воопшто.

Значи според A.Lefevr денешниот човек од слободното време очекува пријатност, уживање, отстранување на заморот, грижите, напнатоста, така што се надева дека во него ќе го најде она што не го нашол или го изгубил во трудот или во другите делови од неговиот секојдневен живот. Така, се настојува да се конструира "свет на слободно верeме" кој би претставувал чиста спротивност на "светот на трудот" но

кој истовремено е нестварен, имагинарен, вон секојдневниот реален живот-тој е фиктивен, утописки и мастификаторски свет.

Сето ова, како што смета A.Lefevr, предизвикува отуѓеност на слободното време, исто како и на трудот: оттуѓен труд – оттуѓено слободно време-оттуѓен секојдневен живот; така, слободното време изгледа како несекојдневно во секојдневието. Во оваа смисла, A.Lefevr особено го нагласува илузорниот карактер на слободното време како бегство од стварноста – "Меѓутоа човекот сака да има, колку е тоа можно- што е можно повеќе при рака илузија на бегство. Илузија која не ќе биде сосема илузорна, туку ќе сочинува еден "свет" во ист миг привиден и стварен – стварност на привидот и привид на стварноста – но друг свет кој се разликува од секојдневието, но сепак што повеќе отворен и што може повеќе укотвен во него". (A.Lefevr, 1959, стр.160) Оттаму, како што вели слободното време има само една смисла: да излезе од подрачјето на трудот.

Од повеќето карактеристики кои што ги има слободното време најочеглиден симптом на претежно пасивниот карактер на слободното време претставува потрошувачкото однесува во него т.е. доминација на потрошувачкиот менталитет и вредности. Потрошувачкиот став се проширува на сите сфери, па така и на културата, која се повеќе се доживува како потрошен предмет, како и секој друг; така се создава и развива културата на постиндустриското, масовното општество т.е. масовната култура која претставува доминантен облик на користење на слободното време, со што доаѓа до речси органска врска меѓу слободното време и масовната култура во денешното општество.

E.Moren, еден од водечките теоретичари на масовната култура, оваа култура ја определува како "трета " култура, елементи на таканаречениот "трет" проблем, култура која израснува наспроти и напоредно со класичната и националната култура. Секако негова најпозната дефиниција за масовната култура е следнава:"Масовната култура, односно културата создадена по масовните мерки на

индустриското производство, ширење со техничките средства на масовна дефузија (по еден чуден англолатински нелогизам: мас медиа) се обраќа на општествената маса т.е. на еден циновски агломерат на единки, собрани независно од внатрешните структури на општеството (класи, семејства итн.)". (E.Moren, 1979, стр.12)

Меѓутоа, нашата цел не е да ги откриеме целокупните специфичности на масовната култура и слободното време во современото техничко општество, туку да укажме на нивната улога како значајни фактори во развитокот на личноста на младиот човек.

Масовната култура завзема важно место во слободните активности на децата и младите. Посетата на кино, слушањето на радио, читањето на весници и списанија имаат специфична и незаменлива функција во социјализацијата и воспитанието на личноста. Позитивните вредности на масовната култура можат да се одвиваат на сите воспитни подрачја: морално, естетско, работно, физичко и интелектуално воспитание. Посебно подвижните слики (филм, телевизија) како аудовизуелни медиуми имаат влијание врз младите. Програмите на ТВ и разновидните филмови, комплексно го покажуваат надворешниот свет ги прошируваат сознанијата на младите но влијаат и врз морално естетското формирање кон светот и животот воопшто. Помеѓу електронските медиуми денес во современи услови на живеење компјутерите и интернет мрежата го интензивираат начинот на живеење во светот на масовната информатичка комуникација. Во овие услови игрите на компјутер и интерент комуникациите стануваат доминантна активност на поминување на слободното време.

Ваквата содржина на масовната комуникација создава модели на однесување кај децата и младите. Определени идеи и вредности кои се пренесуваат преку средствата за масовна комуникација влијаат (покрај другите фактори) на формирање на "етиката" кај младите. Праведноста, чесноста, работата, човечкото достоинство, храброста, благородноста и

другите вредности имаат свое место во содржините на масовната комуникација денес.

Општеството и општествените групи ги “пропишуваат” определените правила и норми за однесување на единката според адекватните морални вредности. Познато е дека воглавном определените вредности и норми на едно општество се изразуваат и преку содржините на масовните медиуми. На тој начин масовниот медиум станува воспитна сила која поседува темелни вредности на некое општество (идеолошки, реглиозни, политички, воспитание за фер однесување и толеранција итн.). Таквите “воспитни” комуникативни содржини се наоѓат во емисиите и прилозите кои се наменети за децата и младите.

Меѓутоа критичарите на масовната култура ја поставуваат дилемата фиксирана уште во индустрискиот систем, која денес се враќа во ликот на творецот и конзументот. Во таа смисла “на човекот му недостига врска меѓу сопствената дејност и сопствената творечка сила, го губи контактот со уметноста и науката кои што се засновуваат врз таквата активност”. (Р.Рихта и соработниците, 1980, стр. 237)

Општите негативни тенденции на масовната култура оставаат некои негативни последици и врз животот на младите во слободното време. Некогашните меѓусебни контакти помеѓу младите, дружењето, меѓусебната соработка и слично, денес ги надоместува компјутерот, телевизијата преку кој младите се преопуштаат во некој нов свет на илузии и оттуѓеност. Така, податоците од истражувањето предупредуваат дека младите денес скоро 50% од слободното време го поминуваат во конзумирање на разновидни содржини преку средствата за масовна комуникација. По својата природа овој “субституиран општествен простор” неможе да ја замени активната и социјална пратиципација, посебно ако не е нејзин интегрален дел. Една ваква појава не можеме да ја сметаме за позитивна. Младиот човек во периодот на својот интензивен, физички, интелектуален и социјален

развој наместо активно да се занимава со наука, техника, културно творештво и спорт, најголем дел од своето слободно време го минува пред телевизиски екрани, пасивно набљудувајќи ги настаните на професионални пеачи, атлети, фудбалери или пак чита ревии, стрипови, рото романи и слично. Оваа “духовна храна” неможе да даде сила за правилен развој на личноста. Истражувањата покажуваат дека денес поголем процент од филмовите немаат вистинска уметничка вредност. Во голем број од нив доминира насилство, криминал, промискулитет и слично. Факт е дека денес преку средствата за масовна комуникација се протураат сомнителни вредности кои негативно влијаат врз формирањето на младиот човек, создавајќи искривени претстави за реалниот живот.

Една ваква состојба на полето на масовната култура во услови на современ напредок на науката и техниката го наметнува барањето за диференцијација на многу поквалитетни извори за индивидуален живот, поместувајќи го тежиштето кон активно исполнување на слободното време.

Веројатно дека еднострaниот тек на информации во мас медиумите на крај ќе се претвори во повеќестран, а тоа суштински ќе го промени карактерот на “масовната култура” ќе ги подигне барањата во поглед на квалитетот на активностите и ќе задоминира. (Р.Рихта и соработниците, 1980, стр.2370

Можеби во оваа прилика не ги исцрпивме сите карактеристики на слободното време во услови на научно технолошки промени, но сигурно се соочивме со вистината дека општеството на информации го поставува во центарот на вниманието поединецот и неговото снаоѓање во цивилизацијата на слободното време.

### *4.2. Сознанијата на современата педагошка наука како претпоставка за успешна реализација на слободното време*

#### *4.2.1. Целта на воспитанието и слободното време*

Воспитанието е процес на формирање на човекот, изградување и обликување на човековото суштество со сите негови телесни, интелектуални, морални, естетски и работни особини. Тоа има свое општествено, универзално, историско и инидивуално значење. Подеднакво е вредно за животот во општеството за индивидуалниот живот на поединецот. Тоа овозможува човечко формирање на секој човек, исто како што во текот на историјата овозможило развиток на човековото општество.

Воспитанието е многу сложен процес, во него делуваат бројни фактори се применуваат различни методи и постапки, во склад со спознаените законитости и општествено прифатените цели и задачи. Земајќи ги во предвид сите тие елементи можеме да го определиме како "целисходен процес во кој доаѓа до израз единствено воспитната цел и задачите, принципите и методите во плански оствареното воспитно делување, со активности и складно делување на бројни фактори кон изградување на подполна човечка личност". (A.Vukasovic, 1986, стр.20)

Определувањето на целта на воспитанието е фундаментален проблем на педагогијата, но и на општеството во целост. Од секогаш и во секоја средина постоеле цели на воспитанието, тие биле различно формулирани во зависност од историскиот период и општественото уредување на поедини земји. Тоа се воедно и аргументи дека е можно и потребно да се определи целта на воспитанието но не како вечна универзална цел. Постојат големи разидувања при определувањето на воспитните цели. Во наши сегашни услови целта на воспитанието е заснована на ставот дека човекот е истовремено индивидуално и социјално суштество.

Современите сознанија велат дека човекот претставува интегритет, дека не е можно да се дели на материјална и духовна

природа (неотомистите) или на индивидуална и социјална компонента (индивидуалната и социјалната педагогија) и дека човекот не е само суштество кое се прилагодува на средината туку во тој процес ја менува и сопствената природа. Во современата педагогија се истакнува и потребата од интегрално и активно воспитување на личноста. (Љ.Копровски, 1999, стр.133)

Тргнувајќи од фундаменталните сознанија, современата педагогија, како општа воспитна цел го определува сестраниот развиток на личноста како хуманистичка концепција (парцелизацијата ја дехуманизира личноста) но и како објективна општествена потреба на современата цивилизација.

Сестраниот развој претставува надминување на оттуѓувањето на човекот и продуктот на неговите индивидуални потенцијали и креативни сили, негова човечка афирмација и среќа и големо богатство и разновидност на вкупниот цивилизациски и општествен равој. Меѓутоа истакнувајќи го сестраниот развиток на личноста како општа воспитна цел, современта хуманистичка педагогија не тргнува од декларираните политички барања и цели, туку од сознанието на пошироките општествени потреби и општествениот развој, од универзалните хуманистички вредности, од позицијата на интегралноста на човекот и индивидуалните можности за развој. (Љ.Копровски, 1999, стр.134, 135)

Општата воспитна цел претпоставува операционализација и конкретизација на цели и задачи, на која може да се пристапи на различни начини, па затоа постојат и повеќе можности за поделба и конкретизација на воспитните задачи. Најчесто воспитанието се разгледува преку пет видови на воспитание: физичко, интелектуално, морално, работно – техничко и естетско воспитание, како општа слика на сестраниот развој на личноста. Меѓутоа она што е карактеристично и што можеме да го издвоиме во контекстот на проблемот што го обработуваме, е тоа што во интерпретацијата на целта на воспитанието

се повеќе е присутна димензијата слободно време и тоа како самостојно но и како дел од секој аспект на воспитанието.

Така уште во учебникот “Педагогија”, од 1971 година чиј уредник е Перо Шимлеша, кој е и автор на главата за целта и задачите на воспитанието, присутна е димензијата слободно време во конкретизацијата на општата цел на воспитанието. Авторот поаѓа од тезата дека младиот човек треба да се оспобува за:

а) Работа и професија, за производство на материјални добра;

б) Управување и самоуправување за сопствените и општествените дејности, за активен припадник кон општеството за општествен субјект; и

ц) Целисходно користење на слободното време, за културно задоволување на своите потреби, интереси и склоности, за афирмирање на личноста, после извршените работни обврски и општествени должности. (Pedagogija-група автори, 1971, стр.53, 54)

Разгледувајќи некои проблеми во определувањето на поимот сестраност како цел на воспитениото кај Никола Поткоњак среќаваме скоро идентична конкретизација на целта на воспитанието. Имено, тој смета дека некои проблеми по однос на ова прашање можат да се надминат ако сестраноста поблиску се определи поаѓајќи од сферата на човековата дејност и пројавувајќи ја сестраноста на човекот во: сферата на работата (производна и друга); сферата на управувањето-самоуправување и сферата на слободното време. (N.Potkonjak, 1981, стр.321)

Поразработена интерпретација и конкретезација на целта на воспитанието, која ја вклучува димензијата слободно време среќаваме кај Владо Шмит. Според него целта на воспитанието може да се набљудува преку три основни подрачја на човековиот живот и делувања: професионална работа, општествен живот и слободно време, па од тие подрачја се изведуваат и воспитните задачи. Понатаму авторот пишува,

ако се земе во предвид споменатата категоризација на педагошки задачи, оспособување за работа и оспособување за слободно време, може да се утврдат два стила на воспитна работа: оспособување за “царство на нужноста” и оспособување за “право царство на слобода”.

Педагогијата мора да ги развива двата стила на воспитна работа. Кога ги оспосбуваме децата за идните работни задачи не можеме поинаку освен да поставуваме барања за да ги оспособиме за работа. Ако некој сеуште во ова се сомнева, нека се запознае со жалните искуства на педоцентристичките теории засновани на “слободното училиште” од чии клупи поради занемарувањето на барањата излегувале апсолвенти интелектуално и морално неспособни за работа. На тој начин во воспитниот процес апстрактно сватената детска слобода се претвора во негова конкретна неслобода. (V.Smit, 1985,стр.285)

Во оспособувањето за “царство на слобода” – а без него не е можно да се достигне воспитна цел на сестрана развиеност потребен е поинаков стил на воспитна работа односно воспитен однос кон детето, кое во споредба со стилот и односот бара значително похуман, поширок однос кон детската личност, без поставување програми какви што ги имаат традиционалната настава и училиштето.

Ова не е педагошко гледиште од типот на Laisser faire и незначи пропуштање на детето во слободното време на неговата природа. Тоа значи дека педагогијата на слободното време ги запознава децата и возрасните со можностите како слободното време да се искористи, да се води грижа за афирмација на интересите кои наставата не ги задоволила, да ги развива интересите за културно и според развојните карактеристики адекватно користење на слободното време. Во тој процес воспитувачот не заповедува, само помага, не присилува туку воспитаниците ги оспособува за слободно одбраната дејност. Таквата положба на воспитаниците во воспитниот процес, бара од воспитувачот да го почитува неговиот приватен живот да му овозможува понекогаш да биде сам, а не постојано само член на колективот. (V.Smit, 1985, стр.286)

Владо Шмит слободното време го смета за мошне значајно, и под влијание на традицијата во теоријата и практиката го обработува како додаток на вистинското сериозно воспитание. Тој аргументирано тврди дека човекот живее во тие три димензии кои однапред ги споменавме. За него моралното воспитание за работа  е поинакво одколку воспитенито за слободно време. Физичкото и естетското воспитание висат во воздух ако не ги вклучиме во слободното време. Задачите на интелектуалното воспитание се ограничени само за подготовка на професионални и општествени дејности.

Би било потребно да се размисли какво воспитание на карактерот е потребно во човековото хармонично делување во трите животни подрачја и колкаво е нивното влијание во формирањето на карактерот. Доста апстрактен проблем за човековата нехармонична, нескладна развиеност, која настанува од срушената рамнотежа помеѓу поединечните видови воспитанија. Би добиле конкретен вид кога би истражувале како би требало меѓусебно да биде изедначено воспитанието за работа, општествен живот и слободно време за да се формира складна личност. Со тоа би добиле и плодна основа за проценување на човековата сестрана развиеност. Тогаш брзо би се покажало како оној кој е активен само на две или пак само на едно споменато подрачје е поточно осакатен во своите човечки можности. Тогаш би станало јасно дека неможеме да ги загарантираме условите за сестраност само со зближување на интелектуалната и физичката работа а да не овозможиме човекова општествен активност и целисходно поминување на неговото слободно време.  (V.Smit, 1985, стр.293)

Ова сознание не упатува на адекватна воспитна работа при што воспитанието за слободно време, за човековото "царство на слобода" станува подеднакво значајно и во теоријата и во практиката како и другите општествени задачи.

Според Ante Vukasovic, воспитните натојувања треба да имаат за цел воспитание за слобода, повеќестран развиен и радосен човек, способен

производител, самоуправувач и културна личност која спремно ќе се ангажира, спремно и одговорно ќе учествува во професионалната дејност, во општествениот и културен живот и во човечки осмислено поминување на слободното време.

Конкретизацијата на целта на воспитанието A.Vukasovic ја заснова на неколку апсекти и тоа:

1. Конкретизација која се заснова на поимот сестран развиток;
2. Конкретизација која се заснова на школската традиција;
3. Конкретизација која се заснова на психичкиот живот;
4. Конкртизација на подрачјето на човековата активност; и
5. Конкретизација заснована на воспитните вредности. (A.Vukasovic, 1990, стр.69,70)

Во контекстот на проблемот кој го разгледуваме посебно интересна е конкретизацијата заснована на подрачјето на човековата активност во која авоторот го акцентира и проблемот на слободното време. За функциите на животот авторот посебно и примерно значење и придава на работата како должност на секој работно способен човек. Покрај професионалната, работна дејност поединецот како член на општествената заедница, треба ангажирано и рамноправно да учествува во општествениот живот. Освен тоа тој има право на радосен и потполн личен живот, на културно поминување на слободното време во склад со своите занимања и желби, во кругот на своето семејство и своите најблиски. Оттука заклучува авторот и потребата за воспитание на способни и одговорни производители, самоуправувачи и кутурни личности.

Во учебникот на група автори "Општа педагогија" (во редакција на Nikola Potkonjak) во делот за конкретизација на целта на воспитанието и неговите задачи се наведуваат неколку групи на задачи кои се среќаваат според овие автори и во американските расправи за воспитанието:

а) Самореализација, хуманизација, економска ефикасност, оспособување за граѓанска одговорност;

б) Граѓанско однесување, успешен семеен живот, користење на вештини и навики во животот, разбирање нанаучни методи и научни факти, уживање во убавината на уметноста, музиката, литературата и природата, способност и навики за користење на слободното време, почитување на други, умешност во мислењето, изразување, читање и слушање (Општа педагогија-група автори, 1996, стр.143)

Со вакда конкретизација на целта на воспитанието јасно се гледа дека авторите во современи услови на живење како важна задача го поставуваат оспособувањето и воспитанието на човекот за користење на слободното време.

По однос на авторите кои напред ги споменавме (P.Simlesa, N.Potkonjak, V.Smit, A.Vukasovic) може да се констатира дека овие автори, разликуваат воспитание за работа, за општествен живот и воспитание за слободно време. Овие три подрачја на воспитание авторите ги гледаат како три општи воспитни задачи кои можат да се расчленат на поконкретни задачи и специфично да се применуваат во различни форми на остварување на воспитанието.

Љупчо Копровски во изминетото и дополнето издание на учебнико "Педагогија" од 1998 година, операционализацијата и конкретизацијата на воспитната цел ја изведува на неколку нивоа. Првото ниво е определена општа слика на сестраниот развој, втората е по однос на етапните воспитни цели каде што особено значење имаат предучилишната педагогија, основношколската, високошколската педагогија и андрагогија; и конкетизација на воспитните цели по однос на многубројните воспитни фактори во општеството (на пример: семејство, слободно време, медиуми и друго) што се предмет на семејната педагогија, педагогијата на слободното време итн. (Љ.Копровски, Б.Петровски, 1998, стр.135)

Применувајќи една ваква конкретизација општа воспитна цел, етапни воспитни цели и конкретизација на цели и задачи по однос на

воспитните фактори, авторот не претпоставува унифицирана слика за индивидуата, туку само општа проекција која не се наметнува како обврска туку повеќе како можност индивидуата во својот развој да одговори на некои општи етички и педагошки стандарди. Акцентирајќи го слободното време како фактор преточен во конкретна задача, укажува на неговото значење и можности кое тоа ги дава во реализацијата на општата воспитна цел. Оттука функциите на слободното време треба да се движат на релација педагошко делување по пат на слободно време и воедно за слободно време.

Начинот на кој поедини автори (напред што ги наведовме) приоѓаат кон определувањето на општата цел на воспитанието и конкретизацијата на задачите кои се однесуваат на подрачјето на слободното време јасно се гледа дека ова подрачје станува рамноправно по важност со сите останати аспекти и задачи на воспитанието.

Бидејќи сите воспитни задачи сочинуваат единствена целина по однос на општата воспитна цел, слободното време, категорија која нас посебно не интересира во овој труд се јавува како еден од факторите на воспитание и образование. Или со други зборови за процесот на формирање и развивање на повеќестрана млада личност, слободното време е неизоставна компонента на физичките, интелектуалните, работно-техничките, естетските и другите квалитети и задачи.

Ако целта на воспитанието е сеопфатно структурирана според горенспоменатите воспитни подрачја, тогаш најдобро е и педагогијата на слободното време да делува според тој модел.

Здравјето од секогаш било центар на човековото внимание. Тоа е разбирливо, затоа што без здравје нема никаква активност. Според дефиницијата на Светската здравствена организација здравјето денес не се дефинира како отсуство на болест туку, позитивно како состојба на најголема био – психо – социјална - културна уравнатеженост. Здравственото воспитание според тоа своето тежиште го става на превентивата, а помалку на терапијата, односно со здравствената

едукација се настојува да му се помогне начовекот само да се грижи за одржување и подобрување на сопственото здравје. Содржината на таквото воспитание се црпи од подрачјето на хигиена, екологија, елементарни медицински знаење, нутриционизам, кинезиологија и психијатрија. Поаѓајќи од современта концепција на физичкото и здравственото воспитание кое подразбира и надминување на негативни влијанија (наркоманија, насилство, затворање во себе, ниски доходи, слаба и неправилна исхрана и сл.), педагогијата на слободното време инсистира на задоволување на кинетички норми во функционирање на здрав организам, потоа на правилна исхрна, здрав живот (менување на ритамот на работата, рекреацијата и одморот) на создавање на навики за лична хигиена како и на комуникација со здравствените служби поради утврдување на аномалии и успешно лекување. Педагогијата на слободното време се залага за успешно остварување на рамнотежата помеѓу физичките, психичките, социјалните и културните фактори.

На подрачјето на интелектуалото воспитание од аспект на педагогијата на слободното време има промени. Имено, се напушта концепцијата на давање готови знаења и присилување на ученикот механички да повторува научени содржини. Механичкото предавање и учење напамет се заменува со творечко спознание на ученикот. Учењето во големи одделенија се заменува со учење во флексибилно хомогени групи, едносмерната комуникација се заменува со двосмерна, а учењето само во младоста се заменува со непрекинато учење низ целиот живот. Вистината како цел, мерка и вредност се определува како потполно спознаена слобода. Уште F.Bacon рекол "tantum possumus kvantum scimus" (толку можеме колку знаеме). Меѓутоа тоа знаеме не е веќе само запаметено, туку право знаење кое ги содржи сите три компоменти: когнитивната (свесно да се знае), емотивната (спонтано да се сака) и волева (практично делување), спонтано и постојано да се применува во животот.

Подрачјето на моралното воспитание делува на обликувањето на меѓучовечките односи, а неговата цел е правдата. Тоа е крајна можна состојба за сите луѓе, и со неа се регулираат сите човечки односи. Педагогијата на слободното време поаѓа од теоријата на Пијаже за генетаскиот развој на моралната свест, како посебна норма на регулирање на човечките односи, инсистира на практика, подобрување на односите меѓу луѓето со што се зголемува и нивната слобода. Затоа целта на моралното воспитание е надминување на конфликтни ситуации, разговори, аргументирање и навикнување на примена на правдата. Затоа моралното воспитание се поврзува со правната регулатива како минимум реализирање на правдата, потоа етиката која ги дава темелните морални поими како што се правда, совест, морал, добро дело и слично. Педагогијата на слободното време не го предава моралот туку го спроведува. Моралот не го сфаќа како ограничување на слободата туку обратно: како зголемување на слободата во дадени историски моменти. Се разбира дека се нужни и санкции, затоа што во многу случаи само со свест неможе да се постигне почитување на слободата кон друг човек.

Естетското воспитание е едно од најзначајните подрачја на човековата егзистенција и убавина. Преку уметничките дела човекот ја остварува својата слобода. Педагогијата на слободното време го негува човековото творештво, посебно во функција на развоја на способности за изразување на убавото. Естетското воспитание од аспект на педагогијата на слободното време е вечно експериментирање со самиот себе, својата фантазија, израз и зависно од достигнувањето може да стане и професија, ако ученикот се афирмирал како уметник. Секој поединец може и треба во слободното време да комуницира со високи уметнички остварувања, да ги оплеменува и јакне своите творечки потенцијали кои преку аматерски обиди ќе ги развива до полна афирмација кога ќе стане признат уметник. Обиколката на музеи, изложби, театри не треба да биде само пасивна комуникација со

уметничките дела во кои е втемелена убавината, туку тие треба да станат поттик и предизвик за сопствено создавање.

На подрачјето на работното и техничкото воспитание постојат низа сложени дејности каде човекот може да го најде својот предизвик и поттик за творештво. Работната и техничката култура денес е призната и од ренесансата се повеќе влегува во програмите не само на стручните туку и на општо образовните подрачја. За педагогијата на слободното време секако многу поважно е оспособувањето на учениците за творечки пристап кон новите технологии, а во врска со тоа и развивање на иновациска култура, затоа што е мошне интересна за учениците и дава подобри воспитни резултати. Пред се би го истакнале значењето на создавање на културата на подвижни електронски синергиски записи, затоа што со неа можат да се прикажат сите видови на шеми, слики па дури и алгоритми на работни операции. Во САД со помош на новите медиуми успешно се учи управувањето со современи направи, затоа што потојат посебни програми прикази на информации, програми со прашања, одговори и додатни објаснувања, за оние кои нешто од прикажаното можеле да сватат. (J.Plenkovic, 1997, стр.47-57)

Разгледуваејќи го односот помеѓу слободното време и целта на воспитанието ни се наметна и прашањето за содржинта, целисходноста и неговата вредносна обоеност. Веднаш ќе кажеме дека целта на слободното време како што ние ја гледаме во конкретниов случај, претставува дијалектичко единство на општествени и лично пожелни релативно стабилни диспозиции на субјектот од една страна и вреднување на својствата на објектите од друга страна. Од ова произлегува дека нема вредносна неутралност во активностите на слободното време, а битна димензија на таа вредносна обоеност е нејзината пожелност. Пожелно е она што личноста го цени и го смета за доволно значајно за да може да стапи во акција.

Вака сватеното пожелно има свој когнитивен емоционален и мотивационо-волев аспект. Во овој случај воспитанието во слободното

време се јавува како многу значајна и специфична форма на работа преку која може систематски и трајно да се развива рационалната, емотивната и волевата сфера на човекот.

Рационалното подрачје ја претставува желбата на човекот за сознавање, мислење и сваќање. Определената количина на знаења му овозможува на човекот да се снајде во стварноста да завземе определени ставови и според нив да изгради практични умеења и навики. Меѓутоа само знаењата високиот степен на образование и не е гаранција за позитивно однесување на човекот. За вистинско човеково однесување потребни се ставови и навики за културно однесување и други позитивни особини. Тоа значи дека во процесот на воспитната работа во слободното време не треба да се задоволиме само со тоа учениците да знаат дека слободното време треба да го исполнат со содржини кои ќе ја богатат нивната личност, туку е потребна понатамошна систематска и континуирана работа, да се изградат навики за правилно и културно користење на слободното време како трајна вредност.

Втората етапа е емоционалното подрачје. Тоа претпоставува формирање на определби, уверенија и ставови кои се емоционално обоени и со силата на внатешната мотивација поттикнуваат на адекватно делување, но тие квалитети внимателно и доследно треба да се изградуваат. Формирањето на уверенија и ставови силно влијае врз човековите постапки но тие не се сигурна гаранција дека следува адекватен чин. Уверенијата и ставовите сеуште не се дела. Воспитниот процес сеуште не е завршен, во конкретниов случај сеуште не сме сигурни дали ученикот е доволно убеден и дали ќе има доволно мотив и волја правилно да го искористи своето слободно време.

Волевото подрачје ја сочинува третата етапа на воспитниот процес. Во суштина го претставува човековото однесување и делување. Овде доаѓаат до израз формираните умеења, навики, волевата и карактерна цврстина да се превземе конкретна постапка и акција.

Некои сметаат дека на подрачјето на слободното време не е добро да зборуваме за етапи. Затоа што етапите подразбираат сукцесивно остварување на задачи една по друга, а со тоа би се нарушил основниот прицип на слобода, кој ја претставува основаната суштина на слободното време. Но се разбира доколку во воспитната работа имаме искусни и добри воспитувачи тие истовремено ќе делуваат и на рационалната, емотивната и волевата сфера на воспитаникот. Ова произлегува пред се од специфичноста на слободното време и неговите можности, личноста да се подготвува за позитивно користење на слободното време но и личноста истовремено да се воспитува преку слободното време.

Целта на слободното време треба да ја бараме во рамнотежата помеѓу општествено и лично пожелното. Ученикот слободното време да го поминува на начин кој релативно слободно го избрал. Причината е во тоа што содржината што ја избрал за него е секогаш пожелна, иако силата на пожелното може да варира во склад со релативноста на слобдно направениот избор. Има ситуации кога активноста што ја избрала личноста може истовремено да ја крактеризира лично пожелно и општествено непожелно на пример: алкохол, коцка, криминал, претстапништво, дрога и слично. Во таа смилса многу е интересна изреката на T.S.Eliot дека "сите желби не се пожелни".

Гледано во целина лично пожелното и општествено пожелните активности на слободното време мораат и се наоѓаат во интеракција како што пишува Bogdan Sesic "Индивидуалниот човеков живот има смисла, доколку индивидуалните активности се вклучени во остварување на смислената општествена акција и дејност." (B.Sesic, 1977, стр.145)

Воспитанието и образованието се силни фактори на процесот во кој општествено "пожелното" влијае на формирањето и се испреплетува со лично пожелното. Од педагаошки аспект неможе да се одвои индивидуално пожелното од општествено-економските и културните услови во кои личноста се формира. Слободното време како човечки ентитет врзано е за секој животен период на човекот и човештвото. Тоа

е значи општествен и универзален феномен. Но тоа не значи дека содржината и вредностите на односот кон слободното време се менуваат. Тие промени се континуиран процес во склад со развојот на човекот и промените во општеството. И токму во можностите на развој и менување, денешното информатичко општество во центарот на своето внимание го става поединецот и вредносното поимање на слободното време. Во таа смисла педагогијата како наука за воспитанието треба да го завземе своето вистинско место и улога.

*4.2.2. Слободното време и вредностите*

Живееме во време во кое се случуваат разновидни и интензивни промени од општествено економски и цивилизациско-културен карактер, кој пред индивидуата поставуваат нови барања како во развојна така и во општествено вредносна смисла. Промените во општеството се одвиваат според мноштво на законитости, меѓу кои мошне значајна улога имаат и оние што се врзани со феноменот слободно време.

Некои во него сосема оправдано гледаат атомска енергија, сила која ветува но и предупредува. Слободното време, значи не е однапред планирана среќа и задоволство за човекот и општеството. Тоа треба позитивно да се насочи, добро да се организира и корисно да се поминува за да се надминат негативните последици кои тоа нужно со себе ги носи.

Оттука се наметнува и прашањето мошне конкретно и оперативно: Како денес треба да ја развиваме личнота на младите, кои особини и својства на нивната личност посебно да ги негуваме за да биде адекванo воспитувана за општество на информатика и компјутери, за општество на постиндустриска цивилизација, за учество во општеството на слободното време? Преведено со педагошка терминологија прашањето може да се постави и вака: Која е и како треба да биде определена целта на нашето воспитание денес, за да обезбеди изградување на личност за утре, кои се тие конкретни задачи кои треба да се остварат за да се постигне поставената цел на воспитанието?

Во одговорот на поставените прашања врз осова на сето она што во предходниот дел на трудот го кажавме, очигледно е дека нашата педагошка теорија во конкретизацијата на воспитната цел човекот го разгледува преку три основни подрачја на живот: работа, општествен живот и слободно време. Тоа значи дека суштината на воспитанието и образованието на младите денес, во услови на информатичко општество

ја наметнува и потребата за оспособување на личноста за активно, позитивно и културно користење на слободното време.

Влијанието на таканареченото функционално воспитание е од доминантно значење кога е во прашање воспитанието на младите за слободно време. Тоа е нашата реалност која се повеќе доаѓа во слободното време и за која детето треба да го подготвиме, да го направиме отпорно и способно и самото да врши селекција на негативните воспитни влијанија, кои инаку ги има доволно и против кои неможеме да се бориме само со “поуки”.

Поголем број на истражувања кои се направени на подрачјето на слободното време укажуваат на тоа дека слободното време и покрај тоа што и самото е вредност (кога е конструктивно искористено), туку влијае и врз формирањето на ставовите и вредностите воопшто. Во тој контекст посебно значаен придонес имаат активностите во слободното време преку кои се развива смислата за негово позитивно и културно користење. Широката лепеза на слободни активности со разновидни содржини овозможува младите да се воспитуваат и оспособуваат да бидат консуматори на автентично и уметнички културни вредности, вешто селектирајќи ги меѓу оние кои пружаат лесна забава и бегство од реалноста и оние кои се вистински и оригинални.

Вредностите и вреднувањето се нераздел дел од човековата суштина. Преку нив се изразува човековата природа, општествениот живот, субјективноста. Ако човекот преку вредностите не се доживува себеси, тоа што го опкружува што го работи и кон што се стреми тогаш е оттуѓен човек. (B.Rafajac, 1988, стр.4,3,6)

Кои вредности и вредносни ориентации ќе доминираат во едно општество зависи од изведениот систем на вредности кој го промовира општеството. Или како што пишува E.From во својата книга “Да се има или да се биде” во главата “Нов човек”, пишува за потребата од прифаќање на сознанието дека никој и ништо вон самиот човек не дава смисла за живот. Тој ја нагласува подготвеноста за откажување од

формата имање за да биде потполно можна формата да се биде, да се развие радоста на давање и дејствување, наспроти алчноста и омразата. Во тој контекст како највисока животна цел го промовира сопствениот развиток и развитокот на другите. (E.From, 1980, стр.217, 218)

Во истата книга Фром понатаму пишува дека западниот свет ги знае веќе предностите на потрошувачкиот тип на среќа и се е поголем бројот на оние кои сметаат дека е тоа недоволно и не носи благосостојба. Така се доаѓа до ореинтацијата постоење која е силен потенцијал во човековата природа. Во структурата на општеството според наводите на истиот автор, зависи која ориентација ќе надвладее. Од општество кое е ориентирано на постоење, исчезнува тенденцијата да се има и јакне модусот на постоење. (E.From, 1980, стр.244, 245)

Општествените услови во кои денес расте и се развива младата генерација се карактеризираат со општествена пореметеност на вредностите со што се губи нивното значење. Неизградениот систем на вредности кој треба да служи како насочувач во воспитанието на младите, отвара низа проблеми кои се евидентни и на подрачјето на слободното време. Во таа смисла се поприсутни се: криминалот, деликвенцијата, проституцијата, дрогата, потрошувачкиот менталитет.

Значи, проблемот со кој се среќаваме на подрачјето на слободното време е исто така врзан за градењето и преиспитувањето на системот на вредности денес. Во оваа смисла уште поактуелно станува прашањето за присутните разидувања помеѓу ставовите и вредностите кои се вградуваат кај младите преку интенционалното воспитание и оние кои доминираат во просторот на слободното време.

J.Dumazdiere вели: “Се додека не знаеме кои вредности доминираат во системот на слободното врме, посебно помеѓу различните генерации и различните социјални установи, кои влијанија се јавуваат, било да се од политички или воспитен карактер, слободното време ќе остане случајна небитна појава и во воспитна смисла без резултат.” (D.Nola, 1990, стр.295)

Понатаму Dumazdiere изнесува и една мисла која е многу интересна и е во врска со многу аспекти, како за слободното време во целост така и со содржините и квалитетите на човековото живеење, со работата, воспитанието а посебно со творештвото. Во тој контекст се истакнува "И колку ние да ги бележиме овие појави (се мисли на слободното време кое се користи за работа, самообразование, политички и општествен живот) сепак се пробиваат некои нови квалитети во животот на современиот човек во слободното време, познати денес под името "homo ludens" кои ја изразуваат желбата на човекот за игра, фантазија и авантуризам". (D.Nola, 1990, стр.296) Тој ја развива тезата дека тоа претставува одраз на желбта на човекот за некои вредности убавина која ја носел и ја имал во својот свет на возрасен човек. Порано тоа било самопривилегија на уметникот која денес со зголемување на слободното време станува се повеќе општа карактеритика, една определена вредност на живеење, потребна во современиот се покомплициран, технизиран и заморен живот.

Врз основа на теориските и емпириски сознанија денес, можеме слободно да кажеме дека вредносниот систем е значаен насочувач кој постапно и систематски ги усогласува воспитно образовните фактори во општеството, па оттука и слободното време, кон хуманистичките цели кои ги промовира истото.

Реалната општествена состојба и вредностите се тесно поврзани, затоа што човекот истовремено е она што е и што треба да биде само моментално во дадена ситуација. Но гледајќи кон иднината тој постојано се движи и развива кон она што треба да биде, а во овој случај човек кој во слободното време ќе ги развива своите максимални можности.

### *4.2.3. Самовоспитанието и самообразованието во сферата на слободното време*

Вопитанието за самообразование и самовоспитание пратставува составен дел и современо барање за секое воспитание па оттука и за воспитанието за слободното време. Самовоспитанието и самообаразованието се темел на човековата природа, на законитостите на развитокот на личноста на односот кон природата и општеството, на потребите на личноста и во основа ја имаат хуманистичката филозофска концепција.

Истражувањата за границите на човечкиот интелект со кои располагаме, главно зборуваат за тоа дека способностите можат да се развиваат без ограничување, меѓутоа не и фактичките знаења. Веќе во денешни услови збирот на знаења за светот не може да се усвои ниту во неговите основи; досегашниот систем на образованието, заснован врз примањето и усвојувањето на податоци во иднина ќе стане апсурден, стремежот кон енциклопедиски знаења, кон информираност, се одмаздува со паѓање на способноста за самостојно логично мислење. Наспроти тоа постои извесна граница која ги пренесува сознанијата, а истовремено го култивира човекот така што да биде способен да ги задржи информациите што ги добил, да ги употреби и целиот живот да биде способен да доаѓа до натамошни информации и да освојува подлабоки знаења; кон пренесување на сознанија кон се понови сфери, кон генерализација на творечките способности. (Р.Рихта и соработниците, 1980, стр.206)

Самообразованието претставува посебен вид на образование се понеопходно на современиот човек во етапите на мошне силен напредок на науката, техниката, економскиот, културниот и општествениот развиток. Самообразованието е основа на перманентното образование кое стана составен дел од животот и работата на секој современ човек. Основната смисла на самообразованието е самата индивидуа без посредство и присуство на други лица (наставник, предавач, инструктор,

воспитувач) да усвојува со посредство на други средства (печат, радио, ТВ, филм, компјутер, интернет и др.) одредени знаења вредности, навики и умеења. (Општа педагогија-група автори, 1996, стр.103)

Самовоспитанието претставува процес на настојување и активност насочена кон саморазвиток, самоизградување и самоформирање на сопствената личност. Самовоспитанието може да биде насочено на личноста во целина или пак само на поедини страни и компоненти (на пример развивање – саморазвивање - самосовладување, упорност, иницијативност, способности во некои области на уметноста, воспитание на естетски вкус и слично). Самовоспитанието не е привилегија на ниту една посебна возраст во развитокот на личноста, што мора да се изрази пред се во јасно согледување на целта на самовоспитанието, во неговото поставување во согледување на односот на таа цел спрема општата цел на воспитанието, а потоа во свесен избор на патиштата и средствата со сопствените цели да се оствари сопствената активност. Самовоспитанието исто така подразбира и определен степен на критичност и самокритичност односно развиеност на самонабљудување, воочување на своите слабости и добри страни. Оспособувањето за самовоспитание е важна задача на целокупното воспитание. (Општа педагогија – група автори, 1996, стр.102)

Важно е да напоменеме дека самовоспитанието неможе да се оствари без одредено образование и според природата на овој процес најчесто станува збор за процес на самообразование. Процесите на самообразование и самовоспитание се тесно поврзани.

Прашањето кое си го поставивме е како самообразованието и самовоспитанието се рефлектираат на подрачјето на слободното време? Во оваа смисла може да се каже дека иако не експлицитно туку имплицитно во третирањето на концепцијата на слободното време самообразованието и самовоспитанието е присутно и значајно во реализирањето на целта на воспитанието. Ако сакаме да ги усогласиме хуманистичките определби на општата цел на нашето воспитание преку

слободното време тогаш потребно е да одговориме на разновидните потреби на личноста. Затоа во слободното време треба да се обезбедат можности за самообразование и самовоспитание за целокупните современи достигнувања, за континуиран развој на човековите способности. Во концепцијата на слободното време е доста сложено да се одоговри на овие барања затоа што доминантен е интересот и прицнипот на слободен избор. Но тоа не значи дека со добро насочена воспитна работа на можат да се разрешат овие односи.

Ако тргнеме од природата на развојот на човековите способности, можеме со право да заклучиме дека развојот на диференцираните способности е природна појава во задоволувањето на општочовечките потреби, но дека тој развој се темели и паралелно се одвива со општите способности. Оттука произлегува и основното сознание дека содржината на самовоспитанието и самообразованието во слободното време треба да биде ориентирана кон развој на диференцираните способосноти на човекот, кои ќе овозможуваат самоактуелизација на личноста во сферата на на творештвото и креативноста. Меѓутоа сосема е јасно дека со развојот на диференцираните способности не престанува развојот на останатите способности на човекот, што упатува на основната суштина во градењето на концепцијата на слободнто време која треба да се движи кон надминување на дихотомијата помеѓу вонучилишното и училишното воспитание и образование.

Незаменливо по својата функција со мошне богати образовни можности, самообразованието сеуште го нема добиено вистинското место во современата педагошка наука. Иако во трудовите на многу теоретичари се среќаваме со развиени ставови за смообразованието, современата практика и покрај модернизацијата на образовната и самообразовната работа, не е усогласена со потребите и можностите на младите луѓе. Издвоено како посебен проблем самообразованието на подрачјето на слободното време наидува на прашања од сличен карактер. Меѓутоа иако самообразованието има определени проблеми

на полето на практичната реализација, сеуште претставува оптимална основа и реална насока слободното време да се исполни разновидно, богато и конструктиовно.

### *4.2.4. Творештвото и слободното време*

Од целокупната педагошка комплексност на слободното време во современи услови на живеење го издвојуваме и значењето на творештвото за воспитанието и развитокот на личноста.

Творештвото претставува највисок облик на слобода иновациска задача во сите подрачја на човековото постоење. Преку творештвото човекот најпрво сознава, а потоа ја остварува слободата. Творештвото е највисока вредност на човековото постоење. Да го нема творештвото човекот би живеел на ниво на животно, како довршено суштество кое постојано се репродуцира во својата почетна форма со ограничени потреби и нагони. Само поради моќта на воочувањето и остварувањето на слободата, човекот постојано ги трга границите на своето опстојување и подлабоко продира во својата околина во која бара и наоѓа нови извори на квалитетно живеење. (J.Plenkovic, 1997, стр.26)

Поради тоа творештвото претставува значајна претпоставка на педагогијата на слободното време, затоа што го обележува патот и начинот за доаѓање до слобода и нејзино остварување на дело.

Во првата половина на 20-от век повеќе психолози се обидувале, меѓутоа индиректно да одговорат на предизвиците на творечкиот процес. Фројдовата сексуална сублимација или Адлеровата неуротска компензација ја сведуваат во краен случај на објаснувањето на последиците на некои оболувања (паталошки појави) кои биле сосема воочливи кај некои творци. Таквите либидоносни пориви и регресивни однесувања на ексцентрични поединци, повеќе зборуваат за индивидуалната состојба отколку што ја објаснуваат сложената појава како што е творештвото. (V.Previsic, 1987, стр.51)

Претставниците на таканаречената гешталд психологија ги врзуваат своите истражувања со мисловната активност, неочекуваната појава и формирањето на нови форми “гешталди” кои експериментално ги пратат и егзактно ги утврдуваат нивните последици. Меѓутоа ниту тие во целост не го зафатиле психичкиот проце на сложени мисловни операции, токму поради својата насоченост на целината и формите на потполна организираност.

Според Wertheimer еден од најистакнатите претставници на овој правец, најважен момент на творечко мислење е реорганизацијата на проблемот, со што се постигнува решение на поставените задачи. Но ова е погрешно затоа што трансформацијата на проблемската ситуација не се поврзува со откривање на нови содржини од испитаниците туку само се спроведуваат разни прегрупирања во некоја проблемска ситуација, што не е доволно за творечкиот процес и учинок. Несомнено нивната заслуга се гледа во експерименталното проверување на психичките појави на кои се разбира дека секое научно истражување може цврсто да се потпре. (V.Previsic, 1987, стр.52)

Претставниците на теоријата на наследниот карактер за творештвото, генијалноста и талентот се послужиле со истражувањата на биологот и психологот F.Galton, кој ја развива теоријата на вградената надареност и креативност.

Така на пример: “A.F.Lazurski и некои други психолози кои се занимавале со проблемот на идентификација и класификација на децата според способностите истакнуваат дека само оние деца кои се одликуваат со надареност можат да се занимаваат со творештво, значи творечките способности се дар на природата и наследството.” (D.Mitrovic, 1963,стр.155)

Овие сваќања јасно предупредуваат на нивната едностраност. И покрај нивната едностраност денес сеуште постојат луѓе кои веруваат во наследната основа на креативноста, исклучувајќи ги сите други фактори,

услови и околности, кои на некој им помагаат а на други им овозможуваат развивање на творечкиот потенцијал.

Спротивно на ова гледање стојат приврзаниците на општествено-работната теорија на творештвото. Претставниците на ова сваќање се воглавном од бившиот СССР (Тјеплов, Рубинштајн, Ананьев и др.) тие не ги занемаруваат наследните диспозиции, но нивното творечко активирање, доследно на материјалистичкото толкување го доведуваат во врска со условите на живот, работа и општествен живот. На овие советски автори им се замерува за нивното релативно непрецизно разликување на работата и творечката работа.

Од напред изнесеното јасно се гледа дека нема единствено гледање на творештвото како појава и не постои општа теорија која би овозможила творечкиот процес лесно да се структуира. Со творечката активност се откриваат нови релации во светот и се воочуваат нови законитости. Постојат три темелни степени во творечкиот акт: подготовка (читање или било какво стекнување на поттикнувачки информации), **инкубација** (несвесен внатрешен процес, преобразба на стекнатата информација), **илуминација** (неочекувана појава на ново решение, иновација, новост) и **верификација** (проверување на решението и негова стандардизација која може да се примени во праксата).

Највозвишеното чувство во творечкиот процес е "ЕУРЕКА" (пронајдов, открив). Овој збор прв го употребил Архимед кога открил некој физички законитости. "ЕУРЕКА" е награда, поттик, признание за голем напор кој човекот го вложува во творечкиот чин. Кога творештвото ќе се спореди со работата се гледа дека тоа е најголем напор, но напор кој не заморува туку го држи вниманието на највисоко ниво. (J.Prenkovic, 1998, стр.7, 8)

Кажано со јазикот на слободата, творештвото е techne вештина, сознание и остварување на слобода. Резултатите на творешетвото се иновациите, откритијата, новостите. Тоа е она што човекот го сака, затоа што знае дека формите на ширење на слободата се по сопствен

избор, а со тоа човекот расте и се развива не само хоризонтално туку и вертикално.

Лишен од можностите за творење, човекот би ги изгубил условите на своето очовечување и би станал помалку отпорен кон разновидните форми на рушење на неговите егистенцијални вредности. Разновидно, во своето изразување и по своето непосредно дејство, нужно диференцирано според карактерот, обемот и нивото, човековото творештво, без разлика дали е "мала" или "голема" креација реализирана во личниот живот, професионалната сфера, посебно видот на уметничкото дело, аматерски или хоби преокупации или во најшироки општествени релации, единствено е по својата еволутивна – трансформативна посебност како незаменлива движечка сила на целокупниот развој на човекот.

Местото, улогата и значењето што го има творештвото за развитокот на личноста од аспект на педагогијата е мошне актуелен проблем. Затоа што станува збор за едно општо човечко својство за нешто што не само што може, туку и мора да се развива, негува, воспитува кај секој поединец без разлика кое ниво ќе го достигне.

Ако сакаме да го развиваме творештвото кај секоја личност не е можно во круто организиран, униформен и шаблонизиран процес на воспитание. Творештвото е индивидуален чин и така треба кон него да се приоѓа. Ако тргнеме од тоа дека секој човек може и треба да биде творец, токму поради тоа што е човечко суштество, тогаш секако треба да се развива тоа што го прави такво суштество. Бидејќи луѓето меѓусебно се разликуваат педагогијата не би можела да конструира модел на воспитување на творештво кој ќе се применува кај секој поединец.

За да имаме човек творец тој пред се треба да биде свој да знае да си припаѓа себеси, треба да има индивидуалност, треба да биде неповторлив како личност. Се разбира дека ваква индивидуалност може да обезбеди слободното време. Затоа слободно можеме да кажеме дека

творештво без слободно време и слободно време без творештво е само неуспешен обид да се реализираат нивните основни цели.

### *4.3. Психолошките претпоставки на слободното време*

Во приодот кон разгледувањето на психолошките аспекти на слободното време најнапред ќе се осврнеме на прашањето што е личност и кои се определувачките фактори за нејзиниот развиток. За тоа што е личност, што е тоа што ја покренува на активност и како таа се формира постојат голем број на различни сваќања. Според тоа какви се сваќањата за поединечните основни проблеми на личноста постојат и различни дефиниции за личноста.

Во врска со тоа Олпорт, во своето познато дело "Личност" забележал: "Секој смета дека знае што е личност, но никој не може точно да ја опише. Тоа важи не само за лаиците, туку на жалост и за стручњаците во оваа област – психолозите кои се занимаваат со личноста". Најдобра потврда за тоа е постоењето на голем број современи определби на личноста (кои ги има повеќе од неколку десетици).

Иако многу различни меѓусебе во објаснувањата на поединечните прашања за личноста, сите дефиниции за личноста во поновата психолошка литература истакнуваат три моменти: единство или интегритет на личноста, единственост и особеност на личноста и релативна доследност во однесувањето како последица на единство и особини на личноста. (N.Rot, 1994, стр.12)

Овие три споменати карактеристики на поимот личност истакнати се во психолошката литература, во често цитираната дефиниција на американскиот психолог G.Olport (1961). Според него личноста е динамична организација на оние психофизички системи на поединците кои го определуваат за него карактеристичното однесување и мислење. Под

психофизички систем Олпорт подразбира релативно трајни карактеристики на поединецот кои имаат и физиолошка основа (кои претставуваат диспозиции). Според Олпорт најдобро е да се определат како црти или особини на личноста. Нагласувајќи дека личноста е динамична организација на особини Олпорт сака да истакне дека карактеристичниот психофизички систем (црти или особини) делуваат како покренувачи на активност, имаат мотивационо дејство. (N.Rot, 1994, стр.13)

Бидејќи воспитанието по својата природа па и воспитанието во слободното време е дејност која првенствено е насочена кон развојот на психата и психичките функции на човекот, од особено значење се сознанијата на развојната психологија. Имено, развојната психологија го третира детето како суштество во развој, како жива повеќевидна целина која врз основа на меѓузависноста на телесното созревање и душевниот развој се развива во конкретна личност, во рамките на општествените случување и нивното организирано влијание.

Од посебен интерес за воспитанието во слободното време претставуваат прашањата на зрелоста и психичката динамика на личноста. Воспитанието во слободното време мора да поаѓа од сознанието дека постојат два вида ефекти: од поблиско и од подалечно дејство. Првите, доаѓаат непосредно до израз во педагошката работа, а вторите се структурираат многу години подоцна како определени појави на воспитаноста и воспитливоста на човекот. Ефектитте на воспитанието во слободното време може да имаат и подалечно дејство, се манифестираат дури и во зрелост, особено кога културата на користење на слободното време ќе стане трајна придобивка во текот на целиот живот.

Во продолжение ќе се задржиме на развојните периоди во животот на детето (ученик) кои имаат своја содржина и свои развојни карактеристики. Покрај разликите во животните периоди постојат и индивидуални разлики помеѓу децата. Децата меѓусебно развојно се

разликуваат по тоа како се доживуваат и како се однесуваат. Познавањето на општите карактеристики на секој развоен период и индивидуалните разлики помеѓу децата е од голема пракитчна вредност за целокупната воспитна работа во слободното време.

Научната класификација и временските разграничувања на поедините развојни фази не е единствена. Меѓутоа тоа и не е толку битно, затоа што тие разграничувања повеќе служат за општа ориентација и методичка обработка. Без разлика на бројот и насловот на периодот, секоја периодизација во основа признава: период на новороденче, предучилишен период, училишен период и период на адолесценција. Во секој период детската активност е главна покренувачка сила на неговиот развој. Така, детето станува активен субјект на својот раст и развој најнепосредно, но не и единствен, фактор на постепеното обликување на својата личност.

Новороденчето е израз на успешниот завршеток на ембрионалната фаза на развој на детето. Со сечењето на папочната врвца, со првото вдишување и издишување и привот плач, детето од претежно зависна состојба во матката преминува во нов живот, во суштество, организам кој функционира автономно, вегетативно. Тоа во овој период живее едноставно: потребен му е сон, храна, кислород, простор за движење и топло легло. Сепак, новороденчето не е само инстиктивно и условно-рефлексно суштество; во првите движења на детето се наоѓа и зачетокот на општествениот равој и однесување.

Во предучилишниот период (од 1-3 година) се случуваат крупни промени: најголемо достигнување на крајот на првата година е исправувањето, па почетокот на одењето и манипулацијата со предметите поради игра, што ја зголемува активноста и го продлабочува понатамошниот душевен развиток. Веќе од првата година детето е социјално суштество, наспроти силната егоцентричност, сепак му се потребни контакти со луѓе како извори на богатање со искуства, сознанија и осамостојување. Од вресок, преку движење, гукање на

самогласки и соединување на слогови се развива детскиот почетен говор, речник, а пралелно со него мислењето, помнењето, забележувањето, вниманието, емоционалниот развиток, првите контури на личноста на детето. Играта претставува централна активност на малите деца, се јавуваат почетоци на цртање, музикално изразување и елементи на работа. Пред крај на овој период детето веќе станува способно за определено самосовладување и ги стекнува првите реагирања при донесувањето одлуки.

Во предучилишниот период детето ги совладува основните навики на однесување во врска со исхраната, лачењето и спиењето. Детето чувствува голема потреба за движење. Се развива оптичката и акустичната диференцијација. Иако сеуште преовладува неволно помнење, тоа добива обелјја на организираност, трајност и точност. Фантазијата е жива и има централна улога во разојот на играта. Се зголемува бројот на поимите, тие се изразито конкретни. Причинското мислење станува се покарактеристично, говорот се драматизира. После петата година се развива пред се заедничката групна и творечка игра. Посложени стануваат потребите за играчки, важност добиваат играта со правила и игрите со улоги. Покрај интересот за игра јакне и интересот за сознавање. Индивидуалноста на детето е поизразена.

Детето од основношколскиот период, на предходниот предучилишен свет на игра и фантазија ја надоврзува насоченоста спрема надворешниот реален свет: најнапред тоа е интересот за сознание на објективните својства во околината, а потоа тоа е барање на општите односи и законитости помеѓу конкретните предмети и појави. Училишната работа и општествениот живот во тој период на детето му носат нова животна ситуација за која мора да покаже критериуми за физичка, социјална, емотивна и интелектуална зрелост. На детето треба да му се докаже дека сега може без поголеми тешкотии и последици да го напушти родителскиот дом на неколку саати, дека може да се вклучи во училишните задачи, да покажува интерес за своите врсници и да

соработува со нив, да може играта да ја замени со работа, да може да решава задачи кои бараат оперативно мислење итн.

Во следните осум години детето развива многу способности,а равојот на логичкото мислење му овозможува да стане свесно за себе и подобро да ги сваќа барањата и дејноста на другите личност. При крајот на овој животен период се јавува критичкото расудување, желба да се имитираат своите "јунаци". Биолошките фактори првенствено половото созревање, носат големи промени во однесувањето и делувањето на адолосцентите: субјективно доживување на животните појави, емоционална преосетливсот, критичен однос спрема себе, родителите и возрасните, развој на пријателство од истиот и спротивниот пол на нови основи.*

Познавањето на развојните периоди и карактеристики на детето (ученик) се мошне значајни за педагогијата на слободното време, затоа што вклучувањето на учениците во поедини активности на слободното време бара познавање на можностите, способностите, периодот во кој се наоѓаат и степенот на нивниот психофизички развој.

Покрај ова прашање во педагошката работа во слободното време се наидува и на други прашања кои се во тесна врска со психичкиот развој на детето. Во тој контекст го издвојуваме прашањето на решавачките фактори во развитокот на личноста, кое претставува едно од најсуштествените прашања со кои се занимава педагогијата. Најчесто како определувачки фактори во развитокот на личноста се наведуваат: наследството, средината, воспитанието и активноста на индивидуата.

Постојат различни саваќања за улогата на овие фактори. Сите досегашни разгледувања од припадниците на "нативизмот" и "емпиризмот" даваат различни одговори. Имено, нативистите посебно внимание посветуваат на наследството како одлучувачки фактори од кои зависи развитокот на личноста. Приврзаниците на ова сваќање

* Основните карактеристики на развојот на личноста работени се според повеќе книги од областа на развојната психологија на децата и младите, а посебно според книгата на Leon, Zlebnik, Psihologija detata i mladih, I-III, Delta pres, Beograd, 1972 god.

сметаат дека од наследството зависи не само способноста и темпераментот туку и сите други особини на личноста, на пример: амбициозност, трудољубивост, стрпливост, упорност. Според ова сваќање наследството го определува воглавном целокупниот развој на личноста.*

Спротивно на ова сваќање е и мислењето дека личноста е исклучиво резултат на делувањето на средината. Разликите помеѓу поедините личности, сметаат емпиристите, настанале само како последица на разликите во условите во кој поединците живееле. Ако сите поединци живеат под исти услови, не би имало разлики во нивната личност. Вакво сваќање застапува и американскиот психолог Ватсон (J.B.Watson, 1919)

Тој вели: "Дајте ми нормални деца и можности да ги воспитувам во услови во кои сакам, па ви гарантирам дека од секое дете ќе направам што сакам: лекар, уметник, творец, а- ако сакате и просјак и крадец, без разлика на талентот, особеностите, склоностите, способностите и звањето на нивнтие предци." (N.Rot, 1994, стр.116)

Јаловоста на екстремниот нативизам и емпиризам, се обидел теоретски да ја надмине германскиот психолог W.Stern (1871-1938), со својата "теорија на два фактора" или теорија на ковергенција". Тој смета дека човековиот развој е детерминиран од делувањето на наследството и околината кои со своевидна интеракција управуваат и ја обликуваат човековата личност. Меѓутоа, иако оваа теорија ги "смирила" нативистите и емпиристите, таа не решила еден друг проблем. Имено,според теоријата на "чистиот" нативизам, човековиот развој-да не кажме судбина – условен од наследната супстанција која ја наследил од предците и од која зависи дали ќе биде интелигентен или глуп, образован или неписмен, крадец или чесен човек и слично. Со други зборови, нативизмот носи во себе изразита фаталистичка нота, затоа

* Seldonovite и Krecmerovite сваќања за личноста се вбројуваат во нативистичките или конституционалистички сфаќања на личноста.

што судбината на човекот зависи од наследството кој тој самиот не може да го измени ниту да го избегне.

Иако спротивен на нативизмот емпиризмот исто така многу не се разликува. Единствено што во емпиризмот улогата "судбина" ја нема наследството туку таа фаталистичка улога сега ја превзема околината: човекот се раѓа како "неиспишана плоча" (tabula rasa) а што ќе биде испишано на таа полоча подоцна, зависи исклучиво од средината во која ќе живее. Ако таа средина биде поволна од детето ќе се развие позитивна човекова личност, а ако биде неповолна и личноста ќе биде негативна.

Стерновата теорија на конвергенција исто така не успеала да го избегне фатализмот кој се карактеризира со "чист" нативизам и емпризам, затоа што тој понатаму го става човекот како пасивна глина, само што таа глина не ја "меси" само наследството или околината, туку и наследството и околината. Таа пасивна улога на човекот која е фатилистички препуштена на наследните и околните фактори станува предмет на оправдана критика од повеќе советски психолози. Тие го формулирале сваќањето кое може најдобро да се нарече динамичка теорија во развојот на личноста, затоа што го става тежиштето токму на сопствената активност и динамиката на самата личност. (M.Zvonarevic, 1978, стр.193, 194)

Значи во психичкиот развој на личноста, активноста не делува одвоено и независно од останатите фактори, туку станува збор за меѓусебно делување или интеграција на наследните диспозиции, влијанието на природната и општествената средина, воспитанието и личната активност на индивидуата.

По правило развојот на наследните диспозиции (особено темпото и нивото) е во зависност од потикнувачката функција на средината и трајноста и интензитетот на воспитанието и активноста на индивидуата. Притоа многу е важно сознанието дека развојот на диспозициите кај одредени индивидуи секогаш има определени граници, но таа граница

може и да се поместува од зависност на квалитетот на воспитанието и интензитетот и упорноста на активитетот на индивидуата.

Притоа, многу е важно сознанието дека развојот на диспозициите кај одредени индивидуи секогаш има определена граница, но таа граница може и да се поместува во зависнот од квалитетот на воспитанието и интензитетот и упорноста на активитетот на индивидуата. Поради тоа индивидуи и со “послаби” диспозиции можат да постигнат високо ниво на нивниот развој и обратно, индивидуи со нагласени диспозиции постигнуваат ниско ниво на нивниот развој. Од педагошко гледиште не е битна само идентификацијата на наследните диспозиции туку, како тие во педагошкиот процес максимало да се развијат со активна соработка со субјектот. (Љ.Копровски, 1998, стр.75)

Од функцијата и значењето на активноста во развитокот на човековоата личност произлегува и значењето на слободното време. Слободното време како општа општествена појава има своја социјална, здравствена, културна и педагошка функција која се остварува преку вршење на адекватна дејност односно по пат на активностите на слободното време.

Активностите ја активираат вистинската смисла на слободното време, конфронтациите се против “мртвото време” против досадата, духот на пасивност, мрзеливост, против празнина, негација и тотално оттуѓување на човекот. Познато е дека пасивниот и беспомошен однос се јавува како израз на положбата на човекот кој е лишен од духовниот потенцијал, идеал и морални вредности, манифестирани преку најразлични форми и содржини на активност. Повеќе теоретичари сметаат дека активностите се значајни не само да се зголеми фондот на знаења, туку да не поттикнат на размислување. А размислувањето е алка која не води во бесконечниот свет на доживување и творештво.

Централниот проблем на цивилизацијата на слободното време, според мислењето на Димаздие, содржан е во можноста да се предизвика

активно однесување и активен став, па оттука ги анализира и трите фундаментални обележја на активното однесување:

1. Активното однесување се противи на социјалната изолација и повлеквуање, но тоа не се состои од конформистичко прилагодување на културните норми на општествената средина. Во тоа однесување содржана е и желбата да се превземе одговорност;
2. Активното однесување имплицира периодично, свесно и доброволно партиципирање во културниот живот. Тоа претставува напор да се свати, објасни или да се користи техника на наука и уметност. Ова однесување во најдобар случај треба да остане во доменот на креацијата и инвенцијата;
3. Активното однесување секогаш имплицира личен и слободен развој. Во една рамнотежа помеѓу опуштањето, разонодата и хармонскиот развој, личноста ги потврдува психофизичките и интелекуталните способности кои се во неа присутни. (J.Dumazdiere, 1962, стр.224-225)

Во рамките на издвојувањето на психолошките претпоставки во слободното време сосема оправдано е да зборуваме и за мотивите. Nikola Rot под мотивација подразбира процес на подигање на активноста на човекот, насочување на неговата активност на определни објекти и регулирање на таа активност за постигање на определени цели. (N.Rot, 1994, стр.71)

Постојат голем број на мотиви кој го определуваат однесувањето на човекот со што се отежнува и нивната класификација. Затоа постојат и проблеми во изготвување на листа на мотиви. Најчеста поделба која ја прифаќаат повеќе автори е поделбата на мотивите на биолошки, социјални и персонални (лични мотиви). Кога станува збор за слободното време и активностите на личноста во него, повеќе доаѓаат до израз социјалните и персоналните мотиви.

Социјалните мотиви се засноваат на психолошката потреба на човекот и можат да се задоволат само со директно или индиректно учество на други луѓе (за друштво, емоционална врзаност, агресивност). Персоналните мотиви се подвид на социјалните мотиви тоа се оние мотиви кои се засноваат врз психолошките потреби кои се насочени кон развојот на интересите на сопствената личност, кои зависат од личното искуство на поединецот и се разликуваат кај различни поединци (самоостварување, смопотврдување, афирмација, престиж, углед, моќ, слава).

Во продолжение накратко ќе го разгледаме мотивот за друштво, мотивот за смопотврдување, мотивот за самостојност, мотивот за промена, мотивот за смоактуелизација и творештво.* Овие мотиви се насочени кон личноста на поединецот, тие се стекнуваат под влијание на социјалните фактори или се развиваат по пат на социјално учење.

Мотивот за друштво – е општ и сложен мотив кој се покажува во потребата да се биде во друштво со другите луѓе, да се дружи, да работи со нив, да ја избегнува долготрајната осаменост. Изолацијата од надворешниот свет и осаменоста, доведува до појава на тешки психички кризи. Поради тоа човекот бара дури и друштво на луѓе кои не ги познава (присуство на натпревари, театар, кино, приредби, манифестации и сл.), а особено оние кои ги познава и во чие друштво се чувствува пријатно и сигурно.

Активностите на слободното време го доближуваат човекот кон задоволување на овој мотив како примарна човекова потреба. Нема потреба широко да докажуваме како организираните спортски, извиднички, технички, театарски, музички, ликовни и општествени активности можат да ги задоволат овие битни потреби и синдромот на мотив. Посебно е интересно што оние ученици кои во наставата ги оценуваме како неактивни и неодговорни, во активностите на

* Социјалните мотиви се работени според авторите: N.Rot, Psihologija licnosti; Mladen Zvonarovic, Socijalna psihologija; и Верица Стаменкова Трајкова,Психологија.

слободното време покажуваат извонредни резултати и мотивираност во групата на своите врсници и други стручни работници.

Мотивот за самопотврдување – кој се вбројува во личните мотиви, се манифестира во стремежот за постигнување науспеси кои средината во која живееме ги цени, да имаме углед и да се покажеме како способни. Тоа често може да биде тешко остварливо и кај поединецот да предизвика разочарување и други реакции.

Просторот на слободоното време за разлика од семејството и училиштето пружа психолошки поквалитетни содржини и форми на работа каде што младиот човек може да го задоволи овој мотив и да ја зголеми својата вредност, да ги истакне своите способности пред самиот себеси но и пред другите луѓе во средината во која живее.

Мотивот за самостојност – се гледа во тежиштето на човекот да не биде потојано под туѓ надзор и притисок и самостојно да решава за своите постапки. Овој мотив во помал или поголем степен е присутен кај сите луѓе. Слободното време на младиот човек му овозможува реализција на сопствените замисли и настојувања во поедини активности да ја изрази својата смостојност и индивидуалност и со тоа сопствениот живот да го направи побогат.

Мотивот за промена, или потребата за ново доживување и искуство. Ако оваа потреба не е задоволена се јавува чувство на досада, едно од најчестите психолошки чувства. Во настојувањето човекот да ја избегне досадата се наоѓа во една вечна трка за промена – од желбата за промена на местото во кое живее до промена во сопствената исхрана, сексуалниот живот итн. Една од функциите на слободното време е разонодата, која е битна и карактеристична за човекот има свои психолошки корени токму во потребата за промена, затоа што разонодоата не е ништо друго туку своевидна промена на активноста.

Активностите за разонода претставуваат вреден стил на живот како за младите така и за возрасните. Доброто расположение и ведрината на човекот се состојби кои го поттикнуваат на делување, комуникација, активности хуман живот.

Мотивот за самоактуелизација и творештво повеќе автори го сметаат за најкарактеристичен мотив како суштинска одлика на човекот. Овој мотив се изразува во стремежот на човекот неговите способности и склоности да дојдат до израз, да го остварат она што е и што може да делува и создава. Во однос на овие мотиви постојат значајни индивидуални разлики меѓу луѓето.

Едни си поставуваат високи цели и вложуваат високи напори за реализирање на истите. Други кај кои недоволно се застапени овие мотиви си поставуваат лесно достапни цели. Оние кои се мотивирани да постигнат успех, главно превземаат задачи во склад со нивните способности. Повеќе психолози сметаат дека оние кои имаат изразени мотиви за самопотврдување најчесто избираат професии соодветни на нивните способности и во реализација на истите се сигурни дека ќе успеат.

Ако сега мотивот за самоактуелизација и творештво го погледнеме од аспект на слободното време на младите, ќе дојдеме до сознание дека младоста е период кога проблемот на личниот идентитет, барањето на смислата на животот и самоактуелизацијата се наоѓаат во средиштето на интересите. Можностите за самоактуелизација на младите во слободното време без сомнение се разновидни и бројни. Меѓутоа се поставува прашањето колку тие можности се остварливи и на кој начин. Во секојдневниот живот ретки се оние кои го постигнале тој најдрагоцен и највисок дострел на човековото остварување. Хуманистички ориенитраните писатели (Фром, Маркузе и др.), зборуваат за тоа мошне инспиративно, со многу оптимизам и верба во човековите можности но многу поуспешни се во описите на човековите промашувања.

Нашето искуство е полно со примери на човеково духовно сиромаштво, неавтентичност и оттуѓеност, отколку со примери на луѓе кои успеале во сопствената самореализација. Авторите теоретичари ни ги посочуваат разликите помеѓу вистинските и лажните вредности, она што значи да се биде зрел, автентичен, слободен и креативен, карактеристиките на самоактуелизирана личност, но сеуште малку се знае како да се постигне тој посакуван вид на човеково остварување. Се зборува и за причините (општествени, психолошки), кои го отежнуваат таквиот развиток на личноста, но сеуште многу битни прашања остануваат без одговор.

Ако реализацијата на човековите најдобри потенцијали пружа толку многу, зошто на тоа не инсистираме многу повеќе, туку многу лесно се останува на своето лошо "јас".

Ако средбата со автентичните културни вредности толку значи, зошто е толку мал бројот на луѓе кои во тоа уживаат.? Што треба да се направи со активностите кои личноста ја туркаат во бегство и самозаборав. Како предност да добијат културно – уметничките активности? И како било што да се направи, а да не се повреди "автономијата на поединецот, неговото чувство, задоволство и слобода". (R.Bozovic, 1972, стр.249)

Наклонетоста на модерниот човек кон ленчарење во сферата на работата, Фром ја толкува како реакција на рутинираната работа. Но што е со младите кои во таа смисла не го започнале својот работен живот, зошто на нив им е често поедноставно да се впуштат во безбројни активности без творечки да се свртат кон вредни остварувања на културата и уметноста? Дали се тие задоволни во тоа затемнување или чувствуваат дека нешто им е скратено, дека пропуштаат нешто исклучително? Дали би сакале нешто да сменат или напротив им одговара лесниот и незадолжителен начин на трошење на слободното време?

Нашата цел во овој дел на трудот не е да дадеме одговор на овие прашања и да пропишуваме што би требало младите да прават во слободното време туку да го истакнеме психолошкиот апсект на смоактуелизацијата и творештвото и можноста на остварување преку слободните активности. Нагласувајќи го психолошкиот аспект на самоактуелизација не сметаме дека самоактуелизацијата во слободното време може да ја надокнади самоактуелизацијата во целокупниот живот на човекот. Доколку, личноста е способна да се самоактуелизира (доколку е зрела) таа ќе се оствари во работата, во односите со другите луѓе па и во слободното време. Бидејќи станува збор за младите акцентот е ставен на слободното време, затоа што тоа завзема значаен дел од неговото целокупно време, како и затоа што многу доживувања и односи на младите во слободното време се многу блиско поврзани со нивниот целокупен живот.

Од психолошките претпоставки на слободното време кои се значајни за динамичката структура на личноста се издвојуваат и интересите. Во психолошката литература под интерес се подразбира стремеж на поединецот, редовно да обрнува внимание на одредени објекти и содржини и со нив било ментално (во мислите) било активно да се занимава. Најприфатлива класификација на интереси се професионални и непрофесионални. Во непрофесионалните интереси се сместени и активностите во слободното време, со кои луѓето сакаат да се занимаваат без разлика која професија ја имаат. Тие сакаат со овие активности да се занимаваат, затоа што таквите активности им пружаат задоволство. (N.Rot, 1994, стр.94)

Човекот во слободното време го прави тоа што навистина го интересира. Однесувањето дури и во ситуациите на слободен избор, детерминирани се од многубројни општествени и лични фактори – оние кои моментално делуваат, долготрајни итн. Без интересите не може слободното време да се користи на активен и содржаен начин. Во тој случај човекот станува пасивен оттуѓен потрошувач. Тој троши како

што пишува Фром, фудбал, филмови, весници, книги, предавања, убавини. Со неговиот вкус други управуваат. Без присуство на интересите "вредноста на разонодата е определена со нејзиниот успех на пазарот, а не со нешто што би можело да се мери со човечка мерка". (E.From, 1983, стр.143)

Сличен став има и D.Pantic кој со право истакнува дека категоријата слободно време би изгубила секаква вредност без категоријата интерес. Без интересите тоа би било само вегетирање, ништавно трошење, пасивна состојба на одмор до новиот работен ден. Во слободното време "поединецот ги живее своите најубави моменти – се занимава со она што го интересира". (D.Pantic, 1980, стр.117)

Интересите ги насочуваат човековите сили кон целта која треба да се оствари и воопшто тие имаат значајна улога во животот на човекот и неговиот развиток. Интересите ја поттикнуваат личноста на активност и овозможуваат стекнување на нови знаења, ги прошируваат неговите видици, создаваат услови на потполн развиток на личноста, а животот го прават разновиден, интересен, побогат. Го ослободуваат човековиот живот од монотонија, застоеност и досада, интересите овозможуваат нови животни радости. За животот на детето за неговиот развиток тој момент е посебно значаен.

Поаѓајќи од претпоставката дека слободното време во најголема мерка е исполнето со активности настанти врз основа на интересите нема да погрешиме ако кажеме дека активностите на слободното време во голем дел се интересни активности. Динамичкото дејство кое го имаат ги прават посебно значајни за развивање на особините на личноста во целост. Поради тоа познавањето на интересите на луѓето посебно на децата има големо значение. Со познавање на интересот кај децата се овозможува наставникот и родителот правилно да го насочат детето во изборот на слободните активности. Притоа се отвара можност да се отстрани тоа што е негативно и да се поттикне развитокот во оној

правец кој обезбедува изразување на специфични способности и склоности.

Изнесените анализи навистина ни потврдуваат дека постојат битни психолошки или социо-психолошки претпоставки за организирана и индивидуална активност на младите луѓе во слободното време. Внатрешниот динамизам, активноста, творечкиот потенцијал на човекот, изразени се во просторот на слободното време, позитивно влијаат на неговиот развој. Во слободното време личноста помалку се фиксира за своите егоистични цели, не ја губи својата автентичност и непосредно го доживува процесот на сопствениот психички и социјален развој.

### *4.4.Педагошката практика како претпоставка за успешно реализирање на слободното време на учениците*

Еден од раководечките принципи во секоја наука, а посебно во педагогијата е принципот на поврзување на теоријата и практиката. Тоа значи дека науката мора да поаѓа од практиката и воедно да биде во нејзина функција.

Односот на слободното време и педгошката практика е мошне сложено прашање кое зависи од низа услови и барања. Во контекстот на проблемот што го проучуваме се определивме да ги анализираме оние суштински основни аспекти од кои зависи успешната практична реализација на воспитанието во слободното време.Најнапред се определивме да го анализираме слободното време на учениците и наставните обврски, колку наставата на учениците им создава слободно време за задоволување на потребите, интересите и развивање на способностите за творечко користење на слободното време, оспособување на кадри за работа со учениците во слободното време како и влијанието на материјално финансиските аспекти врз успешното реализирање на слободните активности.

Потенцијалните можности слободното време на учениците да им даде полн, разновиден и креативен живот кој ќе ги задоволи социјалните, биолошките и емотивните потреби ќе стане реалност ако се исполнат основните услови за негова реализација. Слободното време не може да ги реализира своите можности ако учениците го немаат потребното време за одмор, разонода и развиток на личноста. Посебно во контектстот на проблемот што го анализираме е односот на слободното време и наставните обврски. Интересот за оваа проблематика докажува дека се повеќе се сфаќа значењето на слободното врме за развитокот на личноста и се согледуваат лошите последици ако тоа недостасува.

Покрај бројните општествени индивидуални фактори кои ја условуваат количината на слободното време, наставата и учењето за наствата претставуваат доминантна дејност во целокупното дневно

време на децата. Постои доста оправдано мислење кое предупредува на оптовареност на децата со училишни обврски и активности врзани со тоа. Оттука нужно се пристапува кон решавање на овој проблем. Меѓутоа тешкотиите на проучувањето на проблемот на оптовареноста на учениците со наставна работа лежи во самата природа на наставниот процес и во делувањето на субјективните фактори кои во тој процес учествуваат. Наставата и учењето за настава се задолжителни, кои се само со еден дел нормирани со наставниот план, а со другиот дел се одредени со барањата на наставникот и способностите на учениците на тие барања да одговорат. Во таква ситуација постојат и можности за произволна оптеретеност на учениците со учење кое било да е над или под можностите на ученикот може негативно да се одрази пред се на целокупниот фонд на расположливо време а потоа на личната и социјална мотивација на ученикот и неговиот целокупен развиток.

Проф. – Д-р. Марија Костова анализирајќи ги основните фактори на оптовареност на учениците, училиштето го определува како еден од основните фактори за оптовареност на учениците, наведувајќи притоа повеќе елементи како причина на оптовареност меѓу кои се: наставниот план, наставните програми, улогата на наставникот, дневниот и неделниот распоред на часови, системот на оценување и испитување како и вон наставните активности. (М.Костова, 1995, стр.17-32)

Наставниот план ги одредува наставните предмети бројот на часовите, додатната воспитно – образовна работа, бројот на часовите за слободни активности и претставува основен индикатор кој ја определува временската оптовареност која е еднаква за сите ученици. Меѓутоа, општа тенденција по однос на наставаните планови, не само кај нас туку и во светот, е нивно прогресивно проширување нагласува професор Костова, при што постојано се додаваат нови предмети и се проширува времето за наставна работа односно се зголемува бројот на часови во текот на денот и неделата.

Наставните програми кои го определуваат обемот и длабочината на наставните содржини, се јавуваат како фактор на преоптовареност во оние случаи кога содржат премногу факти, поими, закони и законитости што треба да ги усвојат учениците. Тогаш нивниот квалитет и нивната содржинско – логична организација не одговараат на можностите на учениците во дадениот момент или ако содржините што треба да се научат не се во логичен соднос со предходните знаења на учениците и со нивните потреби и интереси.

Оптовареноста на учениците од страна на **наставникот** е детерминиран од бројни тесно професионални особини на наставникот, или особини на личноста воопшто, како и од методско-педагошката и психолошката оспособеност, од неговиот емоционален став спрема наставната работа, од заинтересираноста и мотивираноса за работа од неговите карактерни особини и организациони способнсоти. Во елементите кои ја условуваат оптовареноста на учениците од страна на наставникот и негвата работа посебно ги издвојуваме домашните задачи. Имено, проблемот е во правилното одмерување на обемот, карактерот и целта што треба да ја постигнат. Она со што домашните задачи ја детерминираат оптовареноста на учениците е нивниот обем, нивната сложеност и нивната тежина. Со овие елементи тие го менуваат времетраењето на учениковите активности и интензитетот на учениковиот напор. Во оние случаи кога домашните задачи се преобемни тие ја прошируваат временската оптовареност на учениците а со својата сложеност и тежина тие го определуваат нивото на вложениот труд при нивно решавање.

Учебникот исто така се јавува како фактор на оптовареност на учениците во наставната работа и тоа со обемот и длабочинат на наставните содржини што се разработуваат во него и нивната дидактичко-методичка обработка. Денес посебно е интересно прашањето за физиономијата и функцијата за современиот учебник и барањата тој да биде во тесна врска со општите промени на научен,

технички и општествен план, а во таа смисла и со промеите во целите задачите и организацијата на воспитно-образовниот систем.

Распоредот на часовите се јавува како фактор на оптовареност на учениците по однос на нивниот дневен и неделен распоред, задоволувањето на психичките законитости на мислењето и меморирањето и еластичноста во нивниот распоред.

Системот на проверување и испитување на учениците се јавува како фактор кој ги преоптоварува учениците во оние случаи кога испитувањето и оценувањето се врши несистематски, неконтинуирано и има карактер на стихијност во некои периоди од учебната година.

Проф. Марија Костова истакнува дека дури и вонНаставните активности можат да бидат фактор на оптовареност, иако не се задолжителни за сите ученици. Зголемена оптовареност се јавува само кај оние кои учествуваат во овој вид активности. Опасноста произлегува пред се од нерамномерната ангажираност и учество во повеќе видови вонНаставни активности, како на пример секциите на слободните активности, натпреварите по одделни предмети и области, подготвување и изведување на училишни празници, свечаности и сл. Се разбира дека нерамномерното ангажирање може да претставува сериозна закана за здравјето и емоционалната стабилост на овие ученици.

Истражувањата од некои европски земји пред се од Франција, Белгија, Германија кои се однесуваат на проблемот на слободното време и наствните обврски покажуваат дека слободното време е загрозено со обемни домашни задачи, дека потојат разлики во обемот на слободното време меѓу момчињата и девојчињата, дека поголем дел од времето се посветува на учење и изработка на домашни задачи различни во поедини одделенија и видови на училишта.

Истражувањата на просторите на поранешна СФРЈ исто така укажуват дека обемот на слободното време е условен претежно од траењето на учењето возраста и половата припадност.*

Иако резултатите од многубројните истражувања неможат да се воопштаат поради разликите во репрезентативните вредности на примерокот, тие се значајни затоа што укажуваат на обемот на психофизичкиот напор кај ученикот кој мора да го направи за да ги задоволи барањата кои му се поставуваат.

Психологијата и физиологијата а посебно менталната хигиена укажуваат дека проблемот на односот на слободното време и училишните обврски е многу сложен педагошко-психолошки проблем кој бара комплексно решавање како на слободното време така и на наставната работа.

Во оваа смисла наставата мора да претрпи извесни корекции во своите основни насоки. Она што ученикот треба и мора да го поседува од осовното училиште не може и не смее да биде само определена поголема или помала сума на знаење туку и определена сума на способности, формирање на погледи и критериуми, развиено мислење и самостојно творечко делување. Така на пример не би имале успех ако резултатите на наставата по јазик и книжевност ја вреднуваме само од аспект на усвоени програмски содржини, туку и од аспект на развиеноста на потребата и интересот за книгата, колку читаат учениците, колку користат бибилиотечен фонд, посетуваат театарски претстави, имаат развиени способности за издвојување на уметничкото, да го доживеат и за него компетентно да расудуваат. Образованието и воспитанието во основното училиште не може да се третира според начинот на работа и според карактерот на оспособувањето на младите како завршено, затоа

* Вакви истажувања спроведени се од: Jerbic, B.,Analiza slobodnog vreme dece i omaldine u Hrvatskoj, Centar za vanskolski odgoj – Hrvatske, Zagreb, 1970, str.115; N. Helena, Kvantitet i sadrzaj slobodnog vremema ucenika visih razreda osnovnih skola, Aktivnosti mladih i slobodno vrjeme, Basko polje, 1970, str.46-50; A. Banovic, Problem opterecenosti nasih ucenika, NOLIT, Beograd, 1975, str.133 i dr.

што ниту знаењата имаат крајна граница ниту развитокот има свој природен крај. Задачата на усвоените знаења и способностите на поединецот треба да претставува основа на која тој понатаму ќе се развива и усовршува и со кои ќе оперира како инструмент на култура. Секоја спротивна тенденција ќе го спречува создавањето на поливалентни задачи на наставата и негативно ќе се рефлектира во културното формирање и оспособување на човековата индивидуа за слободно време. (A.Damjanovski, Lj.Koprovski, 1969, стр.112)

Меѓутоа ако останеме само на констатацијата дека единствено со стилот на наставната работа ќе овозможиме оспособување на учениците да го користат слободното врме е погрешно. Како и каде да се бара решението на овој проблем?

Денес се повеќе се наметнува барањето за надминување на бариерите во практиката каде што активностите во училиштето се делат на наставни (неслободни) активности и активности (слободни) во слободното време. Менувањето на стилот на наставната работа за оспособување на ученикот да го користи слободното време рационално и креативно, истовремено значи и рушење на тие бариери. Но, напоредно со тоа и ученичките активности во слободното време не треба да се сваќаат како антитеза на наставните (неслободни) активности, тие претставуваат конститутивни елементи и стил на воспитно-образовната работа на училиштето. (A.Damjanovski. Lj.Koprovski, 1969, стр.114)

Бидејќи двата фактора учествуваат во развојот на психичките и физичките способности на учениците со специфични содржини и методи на работа нагласувањето на едниот или другиот фактор би го пореметило тој развој. Субјективниот приод на ученикот кон овие активности е значаен затоа што детето ја доживуваа наставата и учењето како работа која бара вложување на напор и врзано е кон извршување на одредени обврски, а во активностите на слободното време тие наоѓаат поголема можност за слободно изразување на разновидни склоности и способности. Секоја тенденција на нарушување

на рамнотежата помеѓу слободното време и наставната работа која во практиката се изразува носи несакани психо-физички деформации на кои ни укажуваат и повеќе емпириски истражувања.

Rudi Lesnik ја нагласува потребата за дидактика на слободното време, која подразбира отворени ситуации во учењето, ја надополнува школската дидактика која повеќе е насочена кон затворени ситуации на учење кои не можат да обезбедат посестран развој на личноста.

Ученикот мора да има доволно време да може самостојно да открива, да бара решенија за животните проблеми, затоа му е потребно отворено проблемско учење, во кое оној со поголемо животно искуство и знаење му е спонтан соговорник и соработник. Можеби поради тоа е значајна разликата помеѓу дидактиката на слободното време и традиционалната дидактика, односно колкави се можностите за работа на учениците во затворена или отворена воспитно-обазовна ситуација. Училишната настава долго време претставуваше повеќе или помалку затворена ситуација, во која ученикот следи, работи и мисли, а многу помалку бара открива и заклучува.

Слободното време дава низа на можности за користење на училишното знаење во нови, често неочекувани ситуации, со тоа можеме да кажеме дека учењето во слободното време се одвива динамично, прифатливо во отворените но и во затворените ситуации, меѓутоа притоа е одлучувачка можноста за бирање и одлучување во ситуации кои планирано или непредвидливо се создале за користење на слободното време, на излет патување, средби и слично.

Rudi Lesnik зборува за испреплетување на задолжителното и слободното време, каде што задолжителните и доброволните активности се испреплетуваат, влијаат една на друга, се дополнуваат и овозможуваат подобар квалитет на воспитно-образовниот процес. Вакви услови можат да обезбедат отворените воспитно-образовни организации со целодневен престој на учениците во училиште, активно поврзани со општествената средина. (R.Lesnik, 1986,стр.145, 147, 148)

Ваквите барања кои се однесуваат пред се на внатрешното делување и отварање на училиштето создава услови за менување на работата, одморот, рекреацијата во текот на денот и неделата а со тоа и можности еластично и правилно да се реши односот помеѓу слободното време и наставната работа.

Слободното училиште "училиштето на отворени врати и прозори, мора да се гради со пружање на надворешни услови и можности, но исто така и со кинење на внатрешните стеги. Тоа може во добра мерка да се постигне со низа административни зафати но првите чекори мора да ја опфаќаат грижата за адекватна подготовка на наставниот кадар, ревизија на наставните планови и програми, учебници, трансформација на стручни служби и се разбира работа со родители." (V.Previsic, 1988, стр.570)

Во практичната педагошка работа значајна претпоставка за успешно реализирање на целите и задачите на педагогијата во слободно време претставува и оспособувањето на кадри кои ќе работат на ова подрачје.

Ако го земем во предвид фактот дека наставникот на основното училиште е релаитивно долго во контакт со децата, дека е тој извор на живот во пресудните години на нивното формирање, тогаш јасно е дека тој, покрај останатото може значајно да влијае и на формирањето на нивните навики и смисла за рационално користење на слободното време.

Основното училиште и неговите наставници остануваат први зачетници на развивањето на интересите за слободните активности, а во многу места и единствени фактори кои на тој план нешто работат. Според тоа оправдано е да сметаме дека уште долго време прво место каде децата ќе стекнуваат искуство за здраво користење на слободното време ќе биде училиштето каде тие ќе ги реализираат слободните активности.

Меѓутоа за жал кај нас сеуште оваа област на воспитанието не се сфаќа доволно сериозно, а понекогаш дури и се занемарува. Работата во

слободните активности не се цени па поради тоа кај наставникот не постои интерес за ангажирање во тој правец. Оттука сосема оправдано можеме да кажеме дека има определена криза во развојот на слободните активности што не останува без последици по однос на оспособувањето на учениците за користење на слободното време.

Искуствата покажуваат дека наставниците не се доволно оспособени за да можат во целина да ги остваруваат целите и задачите на педагогијата на слободното време. Од широката наставна практика познато е дека секој наставник нема афинитет, организациски и работни способности да работи со учениците во слободно организираните форми на воспитно-образовни активности. Тоа е недоволно егзактно проучен проблем. Формалниот начин на доделување на групите ученици "за наставникот да го пополни задолжителниот борј на часови", осипувањето на учениците од групите и низа на други негативни појави доволно го потврдуваат овој став.*

Оттука оспособувањето за работа со учениците во слободното време треба да најде свое адекватно место во новите наставни планови за студиите на наставничките факултети и студиите за педагогија. Имено, денес научната проблематика педагогија на слободно време не е пошироко вклучена на студиите за педагогија и наставничките факултети. Во наставните планови таа е застапена во групата на изборни студиски предмети, а на некои наставнички факултети воопшто не е застапена. Недостасува систематска работа, методичко оспособување и практично хоспитализирање на студентите за ова педагошко подрачје.

Пристапот кон успешно и планско решавање на ова прашање бара во текот на студиите на Инстутот за педагогија и Наставничките факултети да се пристапи кон теориско и практично оспособување на

* Работата на организирање, раководење и реализација на слободните активности воглавном е поставено на волонтерска основа и многу малу е наградена и општествено призната. Ако работата на подрачјето на слободните активности се смета за мошне значајна стручна и општествена дејност тогаш е потребно да се посвети посебно внимание на квалитетот на изведување и адекватно стимулирање и наградување на таа работа.

студентите за подрачјето на слободното време. Според наше мислење содржината на теорискиот дел треба да го опфаќа следново: слободното време како општествена појава во текот на развојот на општеството, а посебно за општеството на информатичка цивилизација; социолошка анализа и интерпретација на слободното време и неговата проблематика; модерното општество и животот на човекот; слободното време во светло на антропологијата, психологијата и социјалната медицина; поимот слободно време и неговата содржина (активности на слободното време нивна класификација и обележја); слободното време како категорија и димензија на современата педагошка теорија и практика; задачите и функциите на слободното време во целокупното воспитание; методологијата на педагошкото проучување и истражување на слободното време и неговите активности; принципи и методи на организирање на активностите на слободното време; фактори на слободното време и можности на нивно делување и сл.

Во практичниот дел студентите би требало да се запознаат со разновидни форми на собирање на децата, со методите на работа во слободните активности, оспособување на студентите и владеење со определни вештини (фотографирање, планирање и сл.) запознавање со разновидни детски игри кои имаат воспитен карактер, развивање на интерес за набљудување и проучување на луѓето, организација на педагошка и методичка практика во училиште и разновидни општествени организации кои се грижат за рекреација на децата и младите, изработка на семинарски трудови со теми од педагогијата на слободното време и сл.

За поефикасно и посистематско оспособување на педагошките кадри кои ќе работат во слободното време можат да се организираат и семинари, курсеви, предавања советувања преку кои ќе се овозможи поврзување на теоријата, практиката и општествената активност на ова подрачје. Една од основните задачи за систематска работа на подрачјето на слободното време претставува и научната ориентација односно

подготовка на научно-истражувачки кадри. Почетните настојувања кај нас во Македонија можат да се направат во Центарот за образование и истражување при Институтот за педагогија на Филозофскиот фаултет, каде што научно може да се истражува слободното време на учениците и да се помогне во решавањето на проблемите кои стојат на овој план.* Акцентирајќи некои значајни моменти по однос на оспособувањето на кадри за работа во слободното време, јасно се гледа дека во наредниот период на овој проблем треба да посветиме целосно внимание, затоа што без стручни и оспособени кадри неможе да се унапреди воспитно образовната практика ниту да се развие педагогијата на слободното време како педагошка-научна дисциплина.

Каква е состојбта по однос на оспособувањето на кадри во земјите од Западна Европа? Како резултат на процесот на професионализација на работата во повеќе европски земји веќе подолго врме се работи на професионалото оспособување на кадри за областа на слободното време. Во та насока се повеќе расте бројот на институции кои нудат образовни програми за професионално оспособување на кадри и тоа на различни нивоа. Според Wolfgang Nahrstedt во Германија веќе постојат четири основни професионални профили и секој од нив има специфична доминантна образовна позадина: педагог за слбодно време (науки за воспитание и образование); спортски лидер (науки за физичко воспитание и образование); културни работници (науки за култура); и туризмолог (економски и географски науки). (W.Nahrstedt, 1989)

Според компаративните истражувања на W.Nahrsted (1989) и Simon Priest (1988), во Европа се разликуваат следниве образовно професлионални ориентации на подготовка на кадри за работа во областа на слободното време: образовна (Скандинавските земји, СР Германија); културна (Франција, Италија, Швајцарија); административна (Велика Британија, Холандија); и спортска (Полска).

---

* Ова подрачје на воспитно образовна дејност во иднина мора многу повеќе да ги користи фондовите за проектна научно истражувачка работа.

Покрај ова се воочува и разновидност на образовните нивоа на кои се подготвуваат кадри. Најголем процент во реализацијата на образовните програми за подготовка на кадри во областа на слободното време во Франција, СР Германија, Англија и Полска се под академско ниво, но со силно изразена тенденција за подигнување на тие програми на академско ниво. Во Европа најпознати студии за слободно време има во Тилбург – Холандија. Во контекстот на подготовката на кадри од посебно значење се и активностите од Светската организација за слободно време и рекреација (WLRA) која прави напори за основање на нови институции за постдипломска подготовка на кадри во оваа област. Интердисциплинарниот пристап во подготовката на кадри претставува основна карактеристика и стратешка определба на оваа институција. Општите цели на WLRA се движат на релација воспоставување и стимулирање на обука и развој на лидери за слободно време низ целиот свет, како и развивање на програми и стратегии за образование за слободно време преку меѓународна размена и кооперација.

Реализацијата на слободните активности непосредно зависи и од материјално-финансиските претпоставки, односно од висината на средствата кои општеството ги издвојува за овој вид на воспитно-образовна дејност.

Материјално-финансискиот аспект на воспитанието и образованието директно се одразува и врз прогрмската реализација на слободните активнсоти. Имено, кога станува збор за реализација на прогрмаките активности на слободното време на учениците треба да имаме во предвид дека некои активности не бараат посебни финансиски средства, некои активности бараат определени средства кои учениците можат да ги остварат преку општествено корисни акции, додека за некои поголеми акции и трајни активности потребни се поголеми финансиски средства.

Денес целиот воспитно образовен систем главно се финансира од буџетот на Република Македонија, меѓутоа проблеми со висината на

средствата кои се издвојуваат за воспитание и образование сеуште постојат. Баквта состојба директно произлегува од неповолната состојба во која што се наоѓа стопанството во нашта Република.

Од поволната материјално финансиска основа зависи и обезбедувањето на просторни услови за изведување на програмските активности со децата. Разновидните слободни активности претпоставуваат и бараат објекти, простории, слободни поврашини за нивно изведување, бараат книжари, библиотеки, работилници, лабаратории, клубови, сали за физичко воспитание, игралишта, базени за пливање, летувалишта и сл.

Во улови на научно технолошка револуција и урбано живеење се наметнува потребата од просторно креирање и функционално реализирање на општествената средина. Досегашната реализација на некои урбани решенија ни укажуваат на потребата за поинакви стандарди за активнстите на слободното време во согласност со нараснатите потреби за културни активности, рекреација и разонода.

Една од честите критики која се упатува во новите урбани средини е недостатокот на топлина, интимност, еластичност и сопствен простор. Се повеќе се заговара создавање на хармонија помеѓу природниот и општествениот простор, забава, разонода, рекреација и чувство на пријатност, наспроти ова во многу урбани средини се среќавме со сивило на асфалт и бетон, каде доминира еднообразност на геометриски форми, монотонија на фасади, простор во кој е пореметена природната рамнотежа. (M.Muradbegovic, 1986, стр.131)

Градот со својата експанзивна периферија ги голата нивите, бавчите, ливадите, шумите. Човекот неповратно ја преобразува животната природна средина од која израснал и на која е вродено оптимално прилагоден. Урбанизацијата создава непредвидливи тешкотии кои се одразуваат на нормалното одвивање на животот на возрасните а посебно на децата, на кои им ја скратува можноста на слободно движење, игра и правилен психофизички развој.

Вклучувањето на младите во активностите на слободното време во една урбана средина, можно е ако имаме развиена база на адекватни инситутиции и културно-уметнички, спортски, фискултурни организации кои ќе ги прифатат и ќе ги вклучат младите во склад со нивните диспозиции, потреби, интереси. На тој начин секоја личност ќе има можност да се вклучи во повеќе насочени духовни, културни и творечки активности во кои ќе ги потврдува своите сили и способности.

Затоа едно од значајните прашања кое се поставува пред современиот човек е како да го освои слободното време и да стане основен креатор на активностите во слободното време. Пред него е поставена задачата да ја реши рамнотежата на развојните услови за да ги реализира сите претпоставки за самоактивизација на потребите. Секако едно од значајите прашања на кои што укажува Ратко Божович е, како да се пронајде смислата на слободното време за тоа да не стане мртво време? Тоа е истовремено барање на нови начини на човековото самопотврдување за можностите за ослободување на творечките способности на сите општествени слоеви. Тоа е составен дел од барањето на новата смисла во новиот историски "проект" во кој индивидуалниот избор и творештвото ќе се јават како елементи на новото сфаќање на слобода. Таа слобода ќе се создаде врз основа на активности на духот, но и на нејзиниот несвесен простор во кој слободата би го нашла своето место без диригиран ред.

# 5.ТЕОРИСКИТЕ ОСНОВИ НА ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Карактеристиките на соврмениот живот и тенденциите за негово усовршување, во смисла на поквалитетно живеење го надминува традиционалниот став дека училиштето подготовува за работа, а многу помалку за слободно време. Денес имаме еден поинаков поглед кон слободното време. Тоа не се сфаќа во стилот на античката доколица туку како активно и автономно човеково делување. Се поизразена е тенденцијата дека слободното време треба да се употреби за корисни цели кои ќе дадат придонес во развитокот на личноста.

Во обидот да ги идентификуваме теориските основи во проучувањето на слободното време, дојдовме до сознание дека во фокусот на интересите во светски рамки се ставаат прашањата за односот на училиштето, образованието и слободното време,прашањето за организирано или неорганизирано слободно време, хуманото и креативно градење на културата на слободното време, спојување на училишните и вонучилишни програми кои го организираат слободното време на учениците, како и бројните истражувања и проекти кои се во функција на создавање на подобри услови за негово организирање и користење.

Значењето на училиштето и образованието за слободното време е прашање кое е многу повеќе од основно, кога станува збор за надминување на конфликтот помеѓу подготовката за работа и подготовката за слободно време.

Вистинските одговори се рефлектираат во прашањата. Како ние можеме да научиме да ја практикуваме слободата во институциите за воспитание и образование? Како можеме да ги научиме вештините кои се бараат од нас за да го продолжиме образованието, а истовремено да чувствуаме задоволство од него? Како учењето може да биде елемент на слобода и мотивација за слободно време кога тоа се карактеризира со барања, проценки и стандарди? Како образованието може да се поврзе

со развојот на интересите и вештините на слободните активности? Дали училиштето може да биде главен фактор во подготовката на ученикот за слободни активности и задоволување на интереси за целиот живот.

Гледано историски колку повеќе нешта биле определени како неопходни за слободните активности, толку повеќе биле застапени во училиштата. Денес слободните активности претставуваат суштествен дел од целото човечко живеење, а образованието централен спроведувач на таа подготовка.

Меѓу најубедливите поборници за важноста на образованието за слободните активности е Charls Brightbill од Илиноис.Тој смета дека слободните активности и образованието се взаемно поврзани во еден вид на круг во кој слободните активности водат кон образование и образованието назад кон нив. Слободните активности и образованието се суштествени за саморазвитокот на личноста, тие имаат карактеристики на работење и учење во име на задовослство низ искуството. И двете треба да бидат слободни, отворени, променливи и универзално достапни. Преку образованието смета овој автор ние учиме и се подготвуваме за изразување во слободните активности. Во слободните активности се ангажираат плодовите на образованието, се образуваме самите себеси преку самоопределување остваруајќи ја својата релативна слобода.

Образованието е важно како подготовка за слободните активности. Многу слободни активности го вклучуваат учењето. Така на пример во спортот и игрите ние најнапред ги учиме физичките вештини во контекстот на тие активности. Формалното образование е многу значајно во совладувањето на освните вештини за изразување, читање и комуникација. Без јазични вештини пишувани и усмени, многу можности за слободните активности се затвораат. За многу слободни активности се бара релативно високо ниво на подготовка за комуникацијата. Колку се поголеми нашите способности за учење, комуникација и мислење, толку

поголеми се нашите можности и задоволството од слободните активности. (C.K.Brightbill и T.A. Mobley, 1977)

Tomas F. Green, зборува за уште подлабоката поврзаност помеѓу слободните активности и образованието. Тој дава еден вид критика на американскиот училишен систем кој многу малку вложувал во развојот на социјалниот и личниот идентитет. Тој смета дека основен образовен дизајн биле работните улоги кои преку кредити, степени и диполоми ученикот го подготвува единствено за вработување во економијата, канцеларијата или фабриката. Ваквиот начин на стандадизација преку доверлив и верификуван производ, личност за вработување, може да резултира со загуба на автономијата, чувството на поврзаност со процесот на учењето и со сопствениот идентитет. Затоа авторот се запрашува дали е ова образование или просто тренирање? (T.F.Green, 1968)

Ако образованието повикува на развој на самиот себеси, вештините, способностите за мислење и учење, акумулирање на знаења, подготовка за предходно поставените улоги, тогаш образованието мора да ја содржи и слободата како централен елемент.

Голем број на филозофи кои размислувале за образованието ја нагласувале слободата како неопходна компонената на учењето. Работата на Џон Дјуи во тој поглед била највлијателна, со префрлање на вниманието од содржината кон процесот. Дјуи го акцентирал значењето на образованието кое треба да се базира врз личното практично исксутво и неговите интереси. Сознавајќи го светот низ сопственото искуство, детето ќе стекне знаења кои ќе му бидат потребни цел живот. Италијанката Марија Монтесори пак смета дека развојот на личноста ја бара слободата и спонтаноста. Затоа вели таа мора со целосна научна темелност да ги истаржуваме духовните потреби и да овозможуваме околина која одговара на овие негови потреби. Проучувајќи ги развојните процеси во развитокот на личноста Жан Пјаже ги опишува и стадиумите во подготвеноста за учење. Тој смета дека играта е главниот

начин преку кој детето доаѓа до нови искуства. Затоа вели дека учењето и другите активности во средината можат да бидат содржани во играта. Играта и учењето не се одвоени, тие се обединети и нивно единствено барање е слободата.

Значи можеме слободно да кажеме дека и образованието и слбодните активности бараат извесна слобода. Образованието е повеќе од подготовка тоа е ангажирање на самиот себе во културата на начин кој не дозволува затварање. Образованието е многу повеќе од конзумирање на знаење. Тоа е процес кој што ја вклучува слободата и структурата на саморазвивањето и културното наследство. Оттука не е чудно што во слободните активности понекогаш учиме повеќе одколку преку самото образование.

John R.Kelly, зборува за важноста на образованието во развојот на интересите за слободни активности и тоа преку училишните програми. Постои суштествена поврзаност помеѓу реалното образование и слободните активности, а тоа е слободата која е значајна за двете. Меѓутоа гледано во светски рамки врската помеѓу образованието и слободните активности е проблематична. Проблемите авторот ги фокусира пред се на функциите на училиштето и слободата. Основната функција на училиштето е развивањето на вештините, пренесување на културата, градење на карактерот, социјализација, односно вклучување во општествениот живот воопшто. Меѓутоа, ова не се единствени функции кои училиштето ги има во едно општество. Постојат и латентни функции. Се повеќе се мисли дека овие латентни (скриени) функции имаат значајно место во функционирањето на образовните институции. Поврзаноста помеѓу образованието и слободните активности може да се изрази во повеќе форми. Но суштината на прашањето е тоа кога образованието може да биде богата форма на слободните активности? Ако образованието се набљудува како учење, односно многу повеќе како животен процес со максимална слобода за

сопствени потреби, тогаш образованието може да биде богата форма на слободните активноти. (J.R.Kelly, 1982)

Меѓутоа во училиштата каде што се стекнува најголемиот процент од образованието постојат бариери. Главно тоа е недостатокот на слобода, натпреварите и невообичаените награди кои го попречуваат учеството во слободните активности. Класифицирањето, степенувањто и оценувачкиот систем во образованието претставуваат сериозен проблем за оние кои се заинтересирани за врската помеѓу образованието и слободните активности.

Сепак училиштето сеуште го има најдоброто место и надешта да се развијат интересите и вештините кај учениците, да се вкуси задоволство и возбуда во широкиот свет на слободни активности. Ниту една надворешна програма за организриање на слободното време или инстутиција го нема видокругот и разновидните можности што ги нуди училиштето. Меѓутоа, ако функциите и структурата на училиштето се во контрадикторност со основното значење на слободните активности (слобода и внатрешно задоволство), тогаш училиштето неможе да воспитува за слободни активности.

Затоа сугестиите можат да се насочат во редизајнирање на структурата на училиштните програми, да се дозволи иницијатива и соработка од страна на учениците. Наставниците повеќе да ја подржуваат слободата во процесот на учењето и чувството на задоволство поради истото. Натпреварувачкиот и наградувачки систем може да се замени со процес кој ќе ги води учениците кон учење поради само себе. Тогаш сметаме дека училиштето може да биде подготовка за слободните активности во полна смисла.

Значи судирот би можел да се разреши ако образованието и слободните активности се концентрираат на анализата на личноста во процесот на учењето и нејзините потреби. Најдобрите тековни модели на образование ја вклучуваат автономијата и личната мотивација. Најпотполните видови пак на слободни активности ги вклучуваат

елементите на саморазвивање и учење. И образованието и слободните активности треба да се приближуваат кон производите на културата, за подборување на целокупниот живот на индивидуата. И двете имаат значајни хумани цели и значајни општествени функции.

Кога образованието и слободните активности ќе се сфатат во својата комплементарност, односно кога нивните специфични врски ќе се прифатат тогаш и двете создаваат можност за избор. И двете преку своето делување ја опфаќаат личноста во целокупниот свој растеж низ целиот живот и двете го вклучуваат искуството за учење и живеењето во актуелизацијата на човечките потенцијали.

Зборувајќи за односот помеѓу образованието и слободните активности ни се наметнува и едно друго основно прашање, а тоа е дали слободното време треба да биде организирано или неорганизирано?

Ако појдеме од дефиницијата на слободното време, дека тоа е дел од времето во кое човекот е лишен од обврски кон училиштето, работната организација, семејството и друго, сваќајќи го како преостнато време кое на поединецот му е на располагање и во кое не го притискаат обврски кои мора да ги заврши, тогаш веднаш се наметнува и друго прашање, дали е тоа време на потполна пасивност или активност? Во предходните делови од трудот повеќе пати нагласивме и се согласивме дека е тоа време на активности, но активности кои поединецот сам ги бира. Значи тоа не е време на седење, спиење, неработење, туку време на определени активности.

Ако е тоа време на определени активности, тогаш веднаш се наметнува и прашањето какви се тие активности? Значи, основниот проблем е со какви активности тоа време се исполнува. Слободното време може да се исполнува на конструктивен и општествено прифатлив начин и неконструктивно штетно и неприфатливо користење на слободното време. Денес под налетот на комерцијалната индустрија на забава младите повеќе се наклонети кон неконструктивно користење на слободното време. Со ова не сакаме да кажеме дека младиот човек е

лош, па деструктивно ќе го користи слободното време. Прашањето е многу покомплексно. Тука станува збор и за поединецот но и за општествената заедница во која тој живее. Очигледно се работи за дијалектичка поврзаност.

Францускиот социолог G.Fridman пишува: "Додека извесни застаерени форми на професионална настава се концентрираат исклучиво на тоа човекот да го подготвуваат за работа, техничката цивилизација, наспроти барањето училиштето во сите степени, покрај благородната амбиција да воспитува во полна смисла граѓани, треба да настојува да ги подготви не само за работа туку многу повеќе за разонода. Разонодата како што кажавме во суштина претставува слобода, но дали човекот на техничкате цивилизација препуштен сам на себеси и сите влијанија кои го пресретнуваат, ќе биде способен со сопствени сили да ја открие и оствари својата разонода? Да го претвори своето ослободено време во свое слободно време." (G.Fridman, 1964, стр.319)

По однос на прашањето организирано – нероганизирано време и индустрија на забава пишувале и A.Francini i F.Intron, кои од истражувањето кое го извршиле дошле до сознание дека "со развојот на индустријата на забава, настануваат потреби за усклaдување на интересите и активностите на младите кога не се на работа или на училиште. Во современите градови велат, може да се види група на момчиња кои си играат на улица или полни кино сали, група на пубертетлии кои немаат работа и се собираат во кафулињата и ќошевите на улиците, секогаш спремни да се потсмеваат на некоја жена или да ги провоцираат минувачите. Ваквото неорганизирано слободно време го поттикнува престапничкото однесување и делеквенција." (A.Francini, F.Intron, 1981, стр.211)

Добро организираното слободно време кое има превентивно дејство претпоставува развивање на интересите на младите уважување на карактерот и ставот на поединецот. Тоа треба да се насочи "на

подвижни активности" (спорт, извидници, организации како на пр. пријатели на природата, планинари итн., потоа на "мануелни активности", со современиот јазик дефинирани како "hobbies" (хоби), на мали елементарни работи како што се дрводелство, резбарење, градинарство итн., и на оние посложени: фотографии, радиотехника итн. Треба да се потикнуваат и активности кои ги растеретуваат чувствата (музика, хорско пеење, драмски аматеризам) и активности за развој на мислењето (бибилиотеки, кино клубови, клубови на културата итн.).

Значи под организирано слободно време мислиме пред се на младиот човек да му дадеме што повеќе можности тоа време да го искористи на општествено конструктивен и културен начин. Како застапници на тезата дека слободното време треба да биде организирано во смисла на давање повеќе можности, корисно да се употреби, не мислиме на поединецот да му даваме упатства што во тоа време да прави, затоа што со давање на обврски се негира самата суштина на слободното време.

Ова што досега го кажавме не обврзува да кажеме и во што се состои таа слобода. Дали ваквата организација е спротивна на слободата. Одговорот е не. Слободата на младиот човек се гледа во мноштво на дадени можности, каде ќе се најде себеси и своето подрачје на активност. Ако е отуѓен на овој или оној начин, ние му даваме повеќе можности да се вклучи во спортски активности, уметнички и слично, што значи ги бира различните активности во склад со своите интереси, желби и склоности. Значи не го ограничуваме, и тука ја гледаме неговата полна слобода. Ако неговата слобода оди кон бирање на активности кои не се конструктивни, тоаш таквата слобода мораме да ја насочиме во правец на избор на активности кои ќе овозможат негов полн развиток како човек, како личност која ќе биде во склад со одредени идеали кон кои човекот се стреми.

Современото пост-индустриско општество не може директно да интервенира, туку само посредно, и тоа со создавање на еден дел на

слободно време односно, основање на институции за слободно време, градски и селски кои би требале да бидат добро опремени, пристапни за сите облици на култура, разонода како и за развиток на личноста. Меѓу тие институции водечка улога треба да имаат оние за воспитание, тие треба да бидат прилагодени кон сите категории социјално-економски и возрасни и на тој начин да претставуваат трајна подготовка за вовоедување во културата.

Во Германија Volkshochschule се поголемо внимание посветува на воспитанието за слободно време кај младите, но и кај возрасните. Клубот Рима предлага слободното време да се посветува на комуникациски вештини и поголема активност во развитокот на личноста. Се повеќе се согледува потребата дека слободното време треба да се комбинира со содржините на учење така што и двете да бидат измешани со забава и уживање. Меѓутоа постои една сила која е спротивна на современата тенденција. Некои луѓе сеуште тврдат дека слободното време е слободно и мора да остане слободно. Тоа е лична работа и автономна област на животот. Овој случај е забележителен во Западна Германија каде творците на политиката сеуште сакаат да се дистанцираат од старата Источна Германија каде што државата го превземала слободното време и го употребувала за свои политички цели.

Колку и да сакаме да го прифатиме тврдењето на Западна Германија дека слободното време треба да биде приватна работа сепак мораме да признаеме дека денес можеби и не е толку приватно. Медиумите и индустријата на слободно време ги освојуваат домовите и сега тоа станува исклучително комерцијализирано.

Можеме да наведеме уште еден аргумент во прилог на зачувување на приватноста во слободното врме. J. Korezsh, тврди дека човештвото мора да ја избегнува "културата за деца која ја создаваат возрасните". Тој мисли дека децата се стручњаци за својот сопствен свет и дека возрасните треба да ги почитуваат тајните и нагоните на младите кои се

потполно способни самите да се организираат за свои единствени цели. (J.Korezch, 1992, стр.43)

Слободното време мора да се движи понатаму од рекреација и конзумерство. Тоа мора да се цени по својот потенцијал да биде продуктивно, креативно и образовно време.

Сеуште останува отворено прашањето до која мерка државата и училиштето треба да го узурпираат слободното време со намера на младите да им пружат образовни можности. Во поранешниот СССР постоја бројни примери на злоупотреба на сферата на слободното време приватно од стрна на идеолошките фанатици, но исто така можат да се најдат примери каде постои здрава рамнотежа помеѓу стариот систем на инвентивни програми и здравото лично вложување во сопствениот развој. Во Азербеџан на пример стариот пионерски дом е претворен во дом за креативност каде децата изведуваат активности поврзани со цртање, спорт, театар, игра, природни науки, технологија и уште многу работи. Во тој процес младинската организација која ги спонзорира овие активности се ослобдила од цврстите идеолошки врски кои постоеле во бившиот СССР. Тој центар е сега квази државна институција која се потпира на општествена помош, така што младите може да доаѓаат со една разумна надокнада. И така младите учат за светот на својата култура додека своето слободно време го користат на продуктивен и креативен начин. (T. Hondo, 1994, стр.74)

Во Америка препораката за доведување во рамнотежа на јавното и приватното доаѓа од сосема друг правец. Таму постои долга традиција на слободните активности но секогаш се сметало дека е тоа задача на приватниот сектор. Карнеги корпорацијата неодамна препорачала општествениот сектор да се здружи со приватниот сектор во САД и да се посвети во ширењето на институции за воспитание на младите. Се разбира дека институции од овој тип постојат веќе подолго време, но ретко им се посветувало внимание на кое им укажувал Карнеги. Скаутите, америчкото здружение на кампери, YMCA, црвениот крст

итн., имаат тенденција во поголема мерка да се користи слободното време и енергијата на младите (Carnegie Corporation, 1992). Меѓутоа овие институции се високо специјализирани и се грижат за специфичните интереси и вредности. Тие не ветуваат обезбедување и универзални ориентации, содржини и вредности. Институциите за развој на младите треба да бидат во поширока и сеопфатна улога (Б.Становирович, Ч.Дедич, 1998, стр.40)

Тенденцијата слободното време и образованието во смејеството да станат интегрален дел од воспитните програми, го остава отворено прашањето, дали тие можат да бидат признаени како легитимен дел од светот на работата во пост модерното општество.

Голем дел од активностите кои сега се дефинираат како насочени кон слободното време и семејството лесно може да се дефинираат како вистинска работа. Движењето во таа насока е веќе започнато во Америка, барем во смисла на нивните воспитни вредности. Бидејќи американското образование функционира по системот на бодови*, многу лични активности и приватни подфати веќе добиваат бодови во рамките на образовните институции. Со други зборови, дури ако не се научило ништо во рамките на формалното образование, на луѓето им се дава можност да покажат и докажат дека поседуваат компетенции неопходни за изведување на определени задачи.

Ова исто така станува образовен императив и во Европската заедница. Бидејќи свидетелствата и уверенијата меѓу земјите од Европската заедница се признаваат по принципот на реципроцитет следниот чекор можеби би бил утврдување на некои форми на официјализирање кој ќе им овозможи на луѓето да покажат дека имаат вештини и знаења неопходни да се задоволат барањата за определена работа. Во некои области веќе постојат такви случаи. Во Норвешка званичните наставници имаат право да ги подучуваат своите деца од

* Станува збор за таканаречениот credit system според кој ученикот, особено на високошколско ниво се оценува врз основа на поединечни изработени задачи кои го сочинуват определениот предмет.

определени предмети ако од некоја причина престојувале во странство. Јапонците пак создале цела мрежа на јапонски училишта кои функционираат како програми за слободно време, или училишта за деца кои подолго време живееле во странство.

Интересно е тоа што јапонците воопшто не прашуваат што децата учат во локалните училишта во Америка, Германија или Велика Британија. Со други зборови тие не даваат бодови за знаења вон нивниот систем, дури и кога детето го посетува редовното државно училиште. Една ваква ориентација води кон основање на центри за проценување што децата научиле, отколку каде децата учеле. (Б.Станимирович, Ч.Дедич, 1998, стр.41)

Друг значаен момент на кој би сакале да се задржиме е прашањето на хуманото и креативно градење на културата на слободното време. Суштината на оваа современа димензија е воспитната вредност на културата која ги развива способностите индивидуата да биде отпорна и критички да го преиспитува својот однос кон основните ориентации и вредности.

Според Edgar Moren "Културата насочува, развива, припитомува извесни човекови способности, а некои други ги задушува". (E.Moren, 1979, стр.40)

Усвојувајќи ја културата младите постепено ја претвораат во начин на живот, што влијае на правецот на нивната работа и живеење во слободното време. Така "во почетокот културатата е средство кое нас не образува и ги задоволува нашите потреби. Постепено таа станува вредност по себе и наша љубов и посветеност кон културата, тоа се основните автономни мотиви чија сила најдлабоко ја чувствуваме кога сме лишени од својата културна потпорна точка". (G.Olport, 1969, стр.219)

Меѓутоа, многу е позначајно прашањето како таа култура ќе се одразува врз развојот на индивидуата, под кои околности ќе биде прифатена од различните членови на истата култура.

Во системот на делување на културните активности се пружа можност секоја индивидуа под влијание на "вистинската култура" да ги развива своите диспозиции до највисок степен. Користејќи ги можностите на слобода на избор која им ја пружа културната средина и културните активности во слободното време, младите ќе ги динамизираат своите културни потреби кои можат да станат значајна претпоставка за нивното усвојување и прифаќање на културата во новите содржини и подрачја.

Постојат бројни дефиниции и концепции за културата, меѓутоа појдовна точка на сите расправи е насочена кон хуманото и креативно значење на културата. За хуманост затоа што се работи за постигање на најголемата цел на човештвото, а тоа е очовечување на човекот. За креативно затоа што се работи за младиот човек за неговиот раст и развој.

Ако ги прифатиме современите тенденции во воспитанието и образованието ќе забележиме дека тие се групираат околу една основна мисла, многу блиска до предходната "да научиш да учиш и да научиш да постоиш", што без сомнение води кон изворното значење на креативното воспитание или воспитание за живот и низ живот.

Меѓутоа наспроти овие современи тенденциии, културната функција на слободното време сеуште останува неисполнета можност. Податоците од бројните истражувања за активностите на младите во слободното време, покажуваат дека на активностите кои можеме да ги сметаме културни и блиски на културата се троши многу малку, дури загрижувачки малку време. Се прашуваме зошто имаме ваква состојба? Ако се обидеме да го пратиме сегашниот живот кој пулсира со динамиката на своите промени стануваме свесни дека младата генерација расте и се развива во многу поинакви општествени, економски и политички услови, многу посложени од оние во кои ние растевме и се развивавме.

Денес, влијанието на телевизијата ги воведува децата во еден понепосреден живот, некогаш суров и груб (игра со оружје, насилство, тероризам и слично) ги воведува во светот на возрасните возбудлив и брутален, често збунувачки во споредба со оној со кој се запознаваат во училиштето и семејството. Ги воведува во нов свет, во свет на интересни случувања, бидејќи кај нив постои желба и интерес за усвојување на нови знаења на поинаков начин одколку задолжителната училишна работа.

Каков е денес културниот живот на децата и младите и дали се тие присутни во него? Одговорот е потврден, меѓутоа можеби денес тие се присутни на еден поинаков начин, со еден друг модел на изразување и поимање на концептот култура, различен од оној што ние им го нудиме. Можеби токму во оваа дихотомија на нашето и нивното гледање настануваат недоразбирањата. Да видиме што се случува на тој план. Каква понуда на содржини, облици и услови за културно творештво има за децата и младите кај нас? Каква е содржината на понудата? Дали понудите одговараат на одредени групи на млади, нивниот јазик, прифаќање, разбирање, мислење? На пример: имаме состојба кога еден млад човек се срами да влезе во библиотека, на изложба па тогаш повеќе прифаќа во своето слободно време да игра карти или друг сличен вид на забава, одколку да оди во музеј, театар и слично. Мораме да се прашаме зошто таквиот начин на комуницирање со музеј, театар и сл., за најголем дел од младите станува неразбирлив и неприфатлив? Зошто младите повеќе ги прифаќаат предизвиците, а предизвиците со посредство на мас-медиумите во овој наш свет е доста голем. Младите оваа легитимна елитна традиционална култура или било како да ја наречеме, ја напаѓаат со свое масовно определување на пример: за поп, рок и техно музика, за илустрирани списанија, за неконвенционален начин на облекување, однесување и слично. Можеби тоа е предизвик на младите поради нашите негрижи, да сфатиме и да се приближиме кон нивното поимање на светот кој доаѓа силно, бучно и многу често од комерцијални фактори манипулирано. Тогаш зошто да не се воочат

промените, зошто да не се признае новиот импулс, содржина, форма која младите ја даваат? Треба да ги прифатиме новите афинитети, да ја прифатиме новата форма на забава, но и да им помогнеме да ја збогатат содржината на своите културни интереси. Посебно е значајно да им овозможиме да ги задоволат своите потреби за креирање и самопотврдување.

Мораме да си поставиме уште едно прашање, а тоа е каква е улогата на училиштето во културанта ориентација на децата и младите? Ќе се обидеме да ја одсликаме вистинската улога на училиштето денес, а не онаа што би сакале да ја имаме. Причините за неуспешната културна ориентација на училиштето врз децата и младите можеме да ја побараме во две насоки. Првата се однесува на наметнувањето карактеристики на работа врз културната партиципација на училиштето, а втората се однесува на историскиот и аналитичкиот стил во запозанвањето на младите со културата која се спроведува во училишните клупи.

Ако некоја активност е категоризирана како работа, тогаш поединецот најчесто ќе ја избегнува во слободното време, колку и да е лесна и пријатна. Партиципацијата во културното производство во училиштето е обликувано како работа, како нешто што мора, значи како хетерономна активност, тогаш таа добива какрактеристики кои ја прават неприфатлива или тешко прифатлива за слободното време. И така наместо преку училиштето да се развиваат потребите за културна потрошувачка, во слободното време доаѓа до обратен ефект, а во моментот на избор ученикот посегнува по производите на масовната култура, кои со вистинската култура немаат многу допирни точки.

Втората причина се однесува на самиот начин на кој младите се среќаваат со културата, односно начинот на кој културата се влева во нив. Ако се обидеме одблизу да ја погледнеме училишната настава ќе видиме дека таа не ги упатува младите како да ги конзумираат културните добра и како во нив да партиципираат, туку само им дава информации за делото, додека самото дело останува во позадина. Од

децата и младите се бара кон културата да се однесуваат како критичари и историчари (аналитички), наместо кај нив да се воспитува сензибилитетот за делото и потребата за пријатни доживувања.

Зборувајќи за училиштето и културната ориентација во слободното време на децата и младите, мораме да внимаваме на опасноста од поедноставување на проблемот, односно дека со воспитанието и образованието можат да се решат сите проблеми врзани со користењето на слободното време.

Земјите од Западна Европа и САД исто така многу се загрижени за прашањата врзани за квалитетот на животот и културата на користење на слободното време. Тие секојдневно се соочуваат со проблемите како разонодата да биде заменета со вистинско слободно време? Како во еден свет на науката и технологијата да се задржи врската помеѓу слободното време и духовната слобода.

Интересно е да го погледнеме меѓународното истражување спроведено под раководство на Sharon E. Betty, од Универзитетот во Алабама во САД. Со ова истражување опфатени биле четири држави и тоа: САД (училиштата биле лоцирани во три различни дела во земјата и тоа во јужиот, југозападниот и западниот дел), потоа во Франција на универзитетот во Гренобле, Данска на Универзитетот Архус и во Нов Зеланд на Универзитетот Ауклент. Со истражувањето се поставиле две основни цели. Првата цел била да се проценат ориентациите на слободното време низ западниот свет. Втората цел била да се разгледаат начините како се користи слободното време и тоа преку пет негови димензии: спортско дејствена, општествено забавна, естетско-интелектуална, надворешно природна и пасивна домаќинска. Преку методата на компаративна анализа биле споредувани државите и тоа во четири сегменти: студенти, студентки, татковци на студенти и мајки на студентки. Истражувањето поаѓало од претпоставката (која е заснована од познавањето на културата на овие земји) дека САД и Нов Зеланд ќе преферираат поголемо учество во спортските и општествените

активности, а Данците (кои се страсни читатели) и Французите (кои се склони кон концерти и музика) ќе имаат поголемо учетво во естетско интелектуалните активности. Овие исчекувања се базирале на психолошката близина на земјите, од сличноста во културата, економскиот развој, историјата и современиот живот. Имено,САД и Нов Зеланд делат едно исто британско наследство и јазик, а Данска и Франција се две високо индустријализирани западно европски држави и членки на Европската Унија.

Резултатите од истражувањата покажале дека по однос на естетско-интелектуалната дејност американските и новозеландските студенти читаат помалку од европејците. Американските родители и данските мајки повеќе сакаат семејни излети. Ново зеландските мајки најмногу сакаат опера. Од сите четири држави жените читаат повеќе од мажите, без разлика на годините. По однос на спортот, американските и новозеландските татковци се најстрасните навивачи на спортски натпревари. Во истите држави машките студенти најмногу спортуваат. Данските студентки најмногу ги преферираат индивидуалните спортски активности, за разлика од студентките во другите држави. Од општествено-забавните активности се покажало дека данците најмногу одат на кино. Одењето во ноќни локали (барови, дискотеки и сл.) е најпопуларно во Америка и Нов Зеланд. Во сите држави студентите почесто се занимаваат со активности од општествено-забавен карактер, отколку нивните родители. Надворешно природните активности на слободното време повеќе се преферираат од студентите и родителите во Европа, кои ги сакаат прошетките, а данците намјногу возат велосипеди (ова се должи на помалата зависност од автомобил во Европа). Пасивните конзуматорски активности на слободното време, најмногу се преферирани од данските студентки и нивните мајки кои сакале најмногу да гледаат телевизија во споредба со студентките и мајките од другите држави. (B.E. Sharon, J. Jung, 1994, стр.409)

Во заклучниот дел од истражувањето авторот истакнува дека генералната хипотза била потврдена. Културните разлики низ западниот свет влијаат врз ориентациите на активностиете во слободното време. Ваквите истражувања се мошне значајни за сите професионалци, истражувачи, научници кои ги бараат најдобрите начини за градење на културата на слободното време.

Современите тенденции на воспитните димензии во слободното време се протегаат и на полето на екологијата. Развивањето на еколошката свест кај секој поединец станува приоритетна задача не само на училишните програми туку и на вон училишните кои го организираат слободното време на децата и младите. Карактеристично е тоа што се појавуваат нови типови на програми. Поголем број од нив претставува иновативни интересни примери за спојување на формалното, неформалното и вонинституционалното образование.

Низ цела Западна Америка интересен е приемерот кон крајот на зимата и пролетта децата од стотина училишта ја пратат миграцијата на пеперугите “монарх” од нивното зимско засолниште во Мексико кон северните краеви на САД. Како што пеперугите пристигнуват во некои подрачја, учениците го бележат нивниот број и напредување. Информациите ги праќаат во други училишта. Преку компјутерски софтвер се зацртува напредувањето на пеперугите и оваа информација се праќа назад компјутерски до оние кои се вклучени во проектот. Овој проект има исклучително воспитно значење затоа што учениците го прават тоа доброволно во рамките на нивните слободни активности а истовремено има и еколошки димензии затоа што учениците учетвуваат во спасувањето на овој вид пеперуги од исчезнување. (Б.Станимирович, Ч.Дедич, 1993, стр.64)

Има и други примери и можности за еколошки ориентации во слободното време на децата и младите, преку кои на еден неформален начин се поттикнува љубопитноста за заштита на природата и непосредната околина. Најчести форми во неформален контекст обично

се рализираат во летни кампови, национални паркови, еднодневни работилници и излети. На пример, кампот Earth Options (EO) е специјален дневен и летен камп во Јужна Калифорнија за постарите одделенија од основното училиште, каде што се обезбедуваат можности за рекреација и игра со намера кај децата да се разбуди свеста за сопствената средина. Во летните кампови децата од градот се занимаваат со мануелни активности врзани со заштитата на природата. Играат разновидни игри, пеат песни и изведуваат други активности кои го будат интересот за околината. Покрај ова децата учествуваат во тимска работа и предавања врзани за проучување на природата. (Clendon, 1993)

Забележителен е фактот дека разновидни современи аспекти во проучувањето на слободното време од теориски и емпириски карактер среќаваме во земјите од западниот свет. Податоците говорат дека кај нив постои цела мрежа на педагошка, социолошка, психолошка, економска и друга дејност која е насочена кон решавање на актуелните прашања на слободното време. Во развиениот свет постои добра материјална база која создава услови за проучување на потребите и начините на организација и користење на слободното време во училиштето но и надвор од него, во пошироката општествена средина. Би го спомenaле само податоткот дека Шведска одвојува околу милион круни годишно за организирање на слободното време.

Во некои академски списанија се забележуваат интересни наслови во кои се презентирани разновидни пристапи во проучувањето на слободното време. Според наше видување издвоивме неколку наслови кои во основа ги одсликуваат современите аспекти во проучувањето на слободното време.

Elery Hamilton Smith во статијата со наслов "Слободно или неслободно време" зборува за значењето, политиката и програмите на слободното време, за младите во Австралија. Во статијата тој поаѓа од природата на слободното време, ги анализира социолошките аспекти, а исто така дава и неколку идеи за создавање на подобри можности за

поминување на слободното време за младите од Австралија. Идеите ги презентира во три чекори.

Првиот, базичниот чекор се однесува на запознавање на комплексната природа на слободното време, развојот, структурата односно неговата теориска основа. Во слободното време авторот ги гледа можностите за стекнување на знаење и вештини. Го истакнува и значењето на емипириските истражувања кои треба да помогнат во разјаснување на разни видови на рекреација кои можат успешно да влијаат врз развојот на младите. Сознанијата до кои ќе се дојде, вели авторот, треба да обезбедат некоја линија на водење и развивање на политиката на слободното време.

Вториот, чекор веќе треба да биде генериран од самите истражувачки резултати, кои треба да ги расветлат прашањата за интересите, перцепциите, вредностите и потребите на младите луѓе.

Третиот, чекор е превземање на акција која ќе биде во функција на создавање на подобри можности за слободното време за сите млади луѓе. Затоа треба да се земат во предвид разновидните проекти, програми, за да се изгради заштитна стратегија која во себе ќе вклучува разновидни пристапи во организирање на слободното време, вклучувајќи ги и училишните базични програми преку кои ќе се потикнува личната иницијатива децата сами да се организираат за активности кои ќе вклучуваат забава, учење или нешто друго. (Hamilton-Smith, Elery, 1990, стр.12)

Somdahl Diane M. и Jekubovich Nancy J., направиле истражување преку кое се обиделе да ги откријат факторите кои влијаеле на ограничувањата на слободното време употребувајќи неколку интервјуа. Потоа преку компеaративна анализа ги спoределе моделите на ограничување со резултатите од интевјуата. Резултатите покажале дека постојат ограничувања кои негативно се одразуваат на начинот на користење на слободното време на луѓето во секојдневниот живот. Ограничувањата биле предизвикани од интерперсонални и

интраперсонални ограничувања како и од недостатокот на фактори кои би влијаеле во обликувањето на динамиката и изборото на активности во слободното време. Мотивирани од резултатите кои што ги добиле од истражувањето авторите сметаат дека треба многу повеќе да се работи на спецификацијата на активностите, а моќта на дејствување да се насочин кон лимитирање на слободно временските ограничувања. (Samdahl Diane M, Jekubovich Nancy J. 1997, стр.430)

Meigs James B., во статијата "Во одбрана на запослените деца" проблемот го фокусира на користа од организирање на вонучилишните активности, кои можат животот на децата во слободното време да го направат побогат и покреативен. Тука се истакнува потребата родителите да влијаат врз начинот на користење на слободното време во семејството и да ги одвраќаат децата од прекумерното седење пред ТВ екрани, видео игри и компјутери. Слободното време кое е вака пасивно структурирано треба да биде редуцирано затоа што децата ги одвлекува во светот на самотија и негативно влијаае врз нивниот развој. (Meigs James B., 1999, стр.70)

Wilson Annette и Arnold Mit, во статијата "Унапредување на разонодата и слободните активности за индивидуи со ограничени можности" ја истакнуваат потребата градовите да обезбедат услови за слободни активности на лица со ограничени можности. Авторите даваат и сугестии за имплементацијата и интеграција на слободното време и рекреацијата во животот на овие луѓе, истакнувајќи го и значењето на соработката помеѓу наставниците, педагозите и родителите. (Wilson Annette, Arnold Mit, 1997, стр.76)

"Завивањето на тишината во социологијата на слободното време" од Labon Michael е наслов кој ни зборува дека социологијата на слободното време сеуште не ги разрешила докрај прашањата околу феноменот слободно време. Во статијата се разгледува концептот на "Чудење" во слободното време(кога личноста не знае како да го искористи), се анализира човековото однесување во слободното време и

се прави систематска анализа на продуктот на знаењата и развојот на системот на моќ и контрола над човековото однесување и интеракција во слободното време. (Labon Michael, 1996, стр.30)

Hibbins Ray, пишува за проблемите на слободното време гледани во глобално време и простор. Тој ги зафаќа сеуште нерешените проблеми по однос на дефинирањето на слободното време, политиката, политичарите и слободното време, слободното време и варијациите на социјална патологија и слободното време како феномен генериран од силна машка ориентација. (Hibbins Ray, 1996, стр.22)

Нашата анализа по однос на теориските основи на педагогијата на слободното време не доведе до следниве заклучоци:

1.Основните функции на образовните институции како на пример складирање, класирање и оценување се во конфликт со слободата, креативноста и творештвото преку кои треба да се подготви поединецот за слободни активности за целиот живот;

2.Училиштето е важен фактор за запознавање на разновидните можности за слободните активности, но и за развојот на основните и специјализираните вештини;

3.Недостатокот на слобода и избор во многу училишни програми е ублажен преку преориентација кон активностите за целиот живот во училиштето и разновидните можности после завршувањето на училиштето;

4.Градењето на културата за користење на слободното време не е спонтан продукт и неможе да се развива сама од себе. Училиштето останува значаен фактор кој влијаае врз културанта ориентација во слободното време, меѓутоа проблемот не е што младите најголемиот период од слободното време го поминуваат пред ТВ екрани, туку дали ние им создаваме можности за други активисоти;

5.Теориските основи на педагогијата на слободното време се прошируваат преку спојување на училишните и вонучилишните програми кои го организираат слободното време на учениците. Поголем

број од нив претставуваат иновативни интересни примери за спојување на формалното, неформалното и вонинституционално образование;

6.Истражувањата за слободното време имаат нагласен интердисциплинарен пристап насочен кон проучување на теориските основи на слободното време, потребите и интересите на децата и младите, одбирањето на содржините, концепирањето на програмите и нивната реализција.

И на крај би го додале уште следново, кога младиот човек би го оспособиле за адекватен избор, од една страна а од друга страна би му понудиле широки можности за избор ќе се приближиме кон воспитно-образовниот идеал на педгогијата на слободното време. Значи проблемот е во оспособување на човекот за адекватен избор. Во тој контекст H.Ruskin вели: "дека со свесното и систематско воспитание и образование за слободно време или во слободното време, крајната цел ќе биде пожелна промена во користењето на слободното време. Овие промени може да се однесуваат на верувањата, чувствата, ставовите, знаењата, вештините и однесувањата, а може да се решаваат преку формално и неформално образование и рекреација која е наменета на децата, младите и возрасните". (H.Ruskin, 1988, стр.20)

## 6 РАЗВОЈ НА ТЕОРИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ПЕДАГОШКАТА НАУКА

Слободното време како општествен феномен и реалност се рефлектира и во педгошката наука. Истражувањето на воспитно образовните аспекти на слободнто време ја наметнува и потребата од проучување на специфичниот развоен пат на слободното време на учениците во нашата педгошка наука.

За да го проследиме специфичниот развоен пат на слободното време во педагошката наука се определивме да анализираме само некои клучни, типични, преодни моменти, односно оние идеи кои најдобро ја одразувале педагошката практика на полето на слободното време.

Карактеристичен е, но и специфичен фактот што феноменот слободното време во наши услови, почнал да се јавува и да се согледува најнапред од педагошки и општествено-политички аспект и тоа преку организирано воспитно делување со децата и младите во нивните органзции во нивниот вонучилишен живот, во слободното време. Едно вакво мислење застапуваат Н.Потконјак и Е.Паравина кои сметаат дека проблемот на слободнот време кај нас избил на површина на поинаков начин, за разлика од некои развиени замји каде што тоа почнало да се проучува како последица на автоматизираното производство.

Почетоците на актуелизирањето на проблематиката слободно време кај нас датираат уште од 50-те години на 20 век. Изразот "слободно време на децта"во педагошка смисла прва го употребила Даница Нола, во својот кореферат "Улогата на Пионерската организација во вонучилишното воспитание" поднесен на првата Земска конференција на Советот на Сојузот на пионерите на Хрватска во 1950 година. Разгледувајќи ги трите најважни фактори во воспитанието на децата: Семејството, училиштето и општеството во потесна смисла на зборот, авторктата истакнала дека во тогашни услови центар на

воспитно влијание станува општеството, во кое детето слободно, во вонучилишното време се движи, па затоа претстои важна задача: правилно оранизирање на слободното време на детето. Оваа централна мисла била изразена со зборовите: "Пред нас сега стои задачата со сите свои сили, знаења, искуства, дури и да откинуваме време од други работи, да настојуваме што подобро да ги решиме проблемите на организираното слободно детско време, затоа што воспитанието на нашите деца, на нашите млади генерации мора да биде над се". (D.Nola, 1951, стр.61)

Слободното време како педгошка категорија свој поширок третман и општествено значење добив во првиот "Предлог на системот за воспитание и образование во ФНРЈ", кој го подготвиле Комисијата за реформа на школството и Одборот за просвета на Сојузното народно собрание во 1957 година. Во третиот дел од тој документ кој носи наслов "Училиште, воспитание, комуна" посебно е истакнато значењето на слободното време. Веќе и самиот поднаслов укажува на суштината на пристапот кон проблемот:"Систематска и организирана општествена грижа за здраво и културно поминување на таканареченото слободно време на младите генерации-составен дел од современиот воспитен систем". Во тоа поглавје се истакнува и следнава мисла:"Социјалистичкиот човек неможе да биде воспитан само со непосредното влијание на училиштето и семејството, родителите и наставниците, колку и да делуваат добро и совесно. Воспитанието на младата генерација е општествен процес. Со тоа општествената грижа за воспитанието на младите генерации неможе да се стопира на прагот на училиштето и семејството. Тоа треба систематски да се прошири на создавање и постојано подобрување на условите за здраво и културно поминување на слободното време". (Predlog sistema obrazovanja i odgoja u FNRJ, 1957, стр.11)

Овој став тогаш бил едена од најсилните мисли изразени во корист на слободното време како дел од животот на децата но и како воспитна компонента.

Периодот по донесувањето на овој документ се карактеризира со поголема застапеност на проблематиката слободно врме во јавноста но исто така и во педагошкиот печат.

Во статијата "Слободното време-мошне актуелен општествен проблем" (1958) од Никола Поткоњак, се истакнуваат два значајни аспекти од тој нов педагошки проблем. Како прво авторот става акцент на правилно организирање на слободното време на децата и младите, а како второ го истакнува воспитанието за правилно искористување на слободното време. (N.Ptkonjak, 1981, стр.297)

Во понатомошниот развоен пат на проблематиката слободно време од трудовите на повеќе автори се забележува ново осветлување на проблематиката, широко согледување на димензиите и пошироко стручно-научно барање на адекватна терминологија.

Посебно забележителни се напорите на д-р Владимир Јанкович, инаку најплоден автор на подрачјето на теориското согледување на слободното време во рамките на педагошката наука. Настојувајќи што подобро да ги изрази сваќањата на тоа подрачје на развој, тој во своите статии и трудови предлага наслови за оваа дејност. Така на пример во 1956 година дава образложение дека наместо поимот "општествено воспитание" подобро одговара насловот "социјално педагошка дејност" како наслов за сита воспитни активности вон училиштето и со нив повеќе или помалку врзани активости кои опфаќаат: воспитание во семејство, во предучилишни установи, детски и младински домови, прифатилишта, заводи за морално напуштени и незгрижени деца, работа на сите детски организации, општествени организации и работа на образование на родители и возрасни воопшто. (V.Jankovic, 1956, стр.210-215)

Во својот труд “Фактори на воспитание во современото општество”, од 1960 година , истиот автор дава нов предлог: “Поради се поголемото значење на општествените фактори, системот на педагошката наука потребно е да се потполни со социјална педагогија...” (V.Jankovic, 1960, стр.12)

Во тоа време водени се и пошироки дискусии за основните прашања за понатмошниот развој на педагошката наука, за социјалните аспекти на воспитанието, за педагошка социологија, за социјална педагогија, за социологија на воспитанието и сл.

Оваа состојба влијаела авторот В.Јанкович да предложи повторно но сега поинакво решение во смисла: “Далеку сме од тоа дека сакаме да ја истакнеме потребата наведената дисциплина (социјална педагогија и педагошка социологија) да се воведе во нашиот систем на педагошки науки. Социјалистичката педагогија као еминентна општествена наука содржи во себе и вклучува социолошки основи, затоа што многу законитости на општествениот развој се темелни поставки на воспитанието. Според тоа авторот вели дека во тој случај можеме да се послужиме со насловот “Педагогија на вонучилишните фактори на воспитание” и како посебна гранка може да го најде своето место внатре во самата педагогија. (V.Jankovic, 1961, сттр.99)

Разгледувајќи некои интерпретации на социјалниот аспект на воспитанието В.Јанкович нешто подоцна доаѓа до нов заклучок: “И според тоа како што внатре во општата педагогија веќе денес имаме предучилишно воспитание, училишно воспитание, воспитание со дидактика и методика, исто така би требало во општата педагогија да се вклучат и подрачја на вонучилишни воспитанија”. (V.Jankovic, 1961, стр.352)

Овие четири можни решенија предложени од авторот В.Јанкович во период од десет години претставува доказ за сериозноста во пристапот на овој автор кон проблематиката слободно време, а воедно и

доказ дека патот до барање на најдоброто решение неможел лесно да се најде.

Посебно заблежителен експлицитен обид за барање на адекватна теминологија за ова подрачје е трудот на д-р. Златко Преграт од 1961 под наслов "Педагогија на слободно време". Авторото поаѓа од ставот дека влијанието и поттикнувањата од околината се одлучувачки фактори во развојот и формирањето на младиот човек и дека поради тоа: "соврмената педагогија престанува да биде наука која се занимава со прашањата на свесното и намерно воспитно влијание, кое го имала во својата традиционална форма. Таа почнува се поопределено да ги набљудува и проучува оние фактори кои влијаеле пригодно и ненамерно на младиот човек, кои се случуваат во кругот на семејството и училиштето, се она со што младиот човек се сретнува во своето слободно време". Таа педагогија се почесто се нарекува "Педагогија на слободно време". (Z.Pregrat, 1961, стр.166-167)

Во анализата на онаа литература која ни беше достапна по однос на ова прашање, не наидовме на слична содржина која датира од поран период, па според тоа слободни сме да кажеме дека педагогијата на слободното време прв пат попрецизно е определена со оваа статија. Треба да истакнеме дека во нашата педагогија овој наслов бил прифатен и официјализиран. Тоа го покажувале и трудовите на другите автори кои го прифатиле овој термин и го истакнвуале она што било најзначајно од овој труд.

Во трудот авторот суштината на слободното време ја определува како "време кога поединецот е навистина слободен и кога може времето да го исполнува и обликува сосема според сопствена желба, а не според надворешна нужност и по некоја за животот нужна потреба". (Z.Pregrat, 1961, стр.166) Неговата понатамошна спецификација се однесува на слободното време на младиот човек, па тоа е она време во кое е тој слободен од училиште и училишни обврски, слободен од евентуална работа која од него ја бараат родителите. Слободно е истакнвуа авторот

и она време кога младиот човек не е ангажиран со било каква работа која од него ја бара општеството, а која тој не ја превзема потполно доброволно. Понатамошниот дел од статијата ги содржи и задачите на педагогијата на слободното време кои ние ќе ги анализираме во понатмошниот дел од турдот.

Во организација на Сојузот на педгошките друштва на Југославија во 1963 година во Загреб, одржано е за првпат советување за воспитно оразовните проблеми на слободното време. На ова советување разгледани се "тези за некои основни проблеми на слободното време" а во нив е обработено слободното време како појава на современото општество, потреба за проучување на појавите во слободното време, потреба за дефинирање на поимот, избор на термин, дефинирање на поимот, активности и дејности на слободното време, класификација на активностите, потреба за конституирање на педагогија на слободно време, нејзиниот поим, предмет и содржина, соработка со другите науки и сл. Нагласене е и потребата за евидентирање на кадри кои би можеле да се занимаваат со воспитание во слободното време, нивното оспособување и изработка на целосна библиографија.*

Во Енциклопедискиот речник по педагогија од 1963 година, слободното време се третира како време кога поединецот е потполно слободен и кога може времето да го исполнува и обликува сосема според сопствена желба а не според било каква надворешна нужност или по некоја за животот неопходна потреба. Според тоа тоа е време во кое младиот човек е слободен од училиштето и училишните обврски кои од него ги бараат родителите, на пр. во врска со домот или други задолженија, кога не е окупиран со работата која од него ја бара општеството, а која тој не ја превземал потполно доброволно. (Enciklopedijski rejecnik pedagogije, 1963, стр.918)

* Тезите за некои основни проблеми на слободното време ги изработиле: д-р. V.Jankovic; Emil Paravina и д-г. Nikola Filipovic, а објавени се под наслов "Osnovni problemi pedagogije slobodnog vremena", Pedagogija, br. 3, 1964, Београд, стр.331-346

Наредните години се карактеризираат со понатамошно стручно и теориско обработување на проблематиката слободно време во рамките на педагошката наука. Во продолжение ќе ги прикажеме само оние стручни трудови кои се најзначајни во таа смисла.

На Вториот конгрес на педагозите на Југославија (одржан 1965 година во Загреб), Емил Паравина поднесува кореферат на тема "Воспитните фактори во слободното време на младите". Основта на корефератот ја содржи анализата на воспитните фактори, кои авторот ги поделил на: а) традиционални: училиште и семејство; б) нови воспитни фактори: пионерски и младинки оргаизации, инситутции за деца и млади во вонучилишното време, општествени организации за грижа на децата; и ц) останати фактори: средства за масовна комуникација, културни установи, објекти за разонода и слично. На крајот авторот одлучно ги истакнува следните барања: 1. Вонучилишното воспитание (слободното време) треба да се зема за составен дел од општествениот систем на воспитанието и образованието во СФРЈ; и 2. Слободното време на младите треба да се конституира како "званична педагошка дисциплина, одосно како посебна гранка внатре во педагошката наука". (E.Paravina, 1965, стр.66-73)

Во 1967 година излегува од печат и првата монографија во која на еден прегледен начин се обработени прашањата за воспитание во слободно време, односно дадена е основата на педагогијата во слободното време. Авторот е Владимир Јанкович, а трудот носи наслов "Слободното време во современата педагошка теорија и практика". Во оваа книга обработени се современите социолошки интерпретации на слободното време, слободното време како фактор на воспитание и образование, педагогијата на слободното време нејзиниот предмет и задачи, активностите и нивните обележја, принципите на користење на слободното време, профилот на педгошките кадри за слободното време и нивното оспособување.

Само една година подоцна во рамките на учебникот "Педагогија I и II" во редакција на д-р. Љубомир Крнета , д-р. Никола Поткоњак, д-р. Владо Шмит и Перо Шимлеша во издание на Матица Хрватска се наоѓа за првпат посебно и самостојно поглавје под наслов "Педагошката проблематика на слободното време". Авторот и овој пат е д-р. Владимир Јанкович, кој дава свој прилог кон оваа проблематика, истовремено уважувајќи го придонесот и на другите автори на ова подрачје. Со ова на некој начин и текстуално се конституира педагогијата на слободното време.

Карактеристично за овој период е и тоа што поимот слободно време се третира и во Педагошкиот речник од 1967 година, во редакција на повеќе автори. Под слободно време се подразбира "она време кое личноста го поминува вон редовната задолжителна, професионална и домашна работа или извршување на задачите, односно време кое служи за разонода, одмор и рекреација. Се истакнува дека тоа време треба да биде исполнето со разни занимања, работа и забава, кои најмногу одговараат на интересите и здравјето на поединецот, а овозможуваат максимално одмарање и обнова на силата". (Pedagoski recnik, том II, 1967, стр.373)

Во оваа определба јасно се гледа дека поимот слободно време не се врзува за определана старосна категорија, како што беше случај со определбата во Енциклопедискиот речник од 1963 година. Меѓутоа, тука се забележува стеснување на функциите на слободното време и тоа на одмор, рекреација и разонода. Гледано од педагошки аспект ова е еднostран и тесен третман затоа што не ја вклучува и третата функција развиток на личноста која од педгошки аспект е исклучително значајна.

Во овој период забележителен настан е одржаното советување за слободното време во организација на Педагошко Книжевен Збор-Загреб одржан во 1969 година. Преку шест соопштенија разгледано е значењето и местото на слободното време во целокупното воспитание и образование на младите, резултатите од првите истражувања на

струткурата на слободното време, како и аспектите на односите училиште и слободно време, семејство и слободно време, детските организации и слободното време.*

Исто така забележителни се и поголем број на статии во педагошката периодика кои непосредно или во составот на главната тема се занимаваат со третирањето на аспектите на слободното време на младите. Посебно место во стручното теориско и емпириско разработување на проблематиката слободно време има основањето на посебен Центар за вонучилишно воспитание во Загреб уште во 1965 година. Во овој центар работеле стручњаци од разни профили кои се занимавале со проблемот слободно време. Целта на овој центар била систематски организирано да ги покренува, иницира, развива и прати, стручно и научно да ги обработува, информира, инструира и унапредува проблематиката на целокупното подрачје на слободнто време на младите (односно вонучилишното воспитание) и тоа од социолошко-педагошки аспект.**

Во рамките на овој центар во 1968 година извршено е и првото емпирско истражување на слободното време на децата на примерок од 1500 испитаници од град и од село, а со цел да се утврди просторната структура на денот, структурата на социјалната средина и структурата на активностите во текот на денот.

Центарот во 1969 година бил покренувач и организатор на првиот колоквиум на тема "Слободното време на младите". Понатаму во наредните 10 години биле одржани колоквиуми со теми кои проблемски и специфично ги осветлувале разновидните аспекти на слободното време. Во тој контекст би ги спомenале следниве: Активностите на младите во слободното време; Креативноста на младите и слободното време; Социјализацијата и слободното време на младите; Културата на

* Авторите на соопштенијата на тоа советување биле: д-р.V .Jankovic; Velibor Jerbic; Valentin Puzevski; Mladen Koritnik; Emil Paravina, Danica Nola; Објавени во списанисто, Pedagoski rad, Zagreb, 1969, бр.5-6, стр.213-263.

** За улогата задачите и програмската ориентација за работа на центарот пошироко види во:D.Nola, Cenar za vanskolski odgoj, Pedagoski rad, Zagreb, бр. 1-2, 1969, стр.257-264

малдите и слободното време, Слободното време во функција на социјалистичка преобразба итн. Преку овие колоквиуми за првпат на тогашните простори на СФРЈ почнале да се собираат интердисциплинарни стручњаци од целата земја па и од странство. Во нивните соопштенија од теориски и научно истражувачки аспект се воделе широки расправи за слободното време.

Подоцна, во 1975 година при Педагошката академија на Универзитетот во Марибор, основана е значајна институција-Центар за педагогија на слободното време. За разлика од предходниот (Загреб), задачата на овој центар била да ги проучува проблемите педагошко-андрагошки, неврзувајќи го слободното време само за определена возраст. Целта била да се изврши истражување и да се оспособат кадри кои би се занимавале со проблемите на слободното време на децата, адолесцентите и возрасните. Според овој центар, слободното време е време без обврски. Доколицата е сфатена потесно – како дел од слободното време. Под дадени околности индивидуата ја користи доколицата во склад со сопствената волја без обврски неопходни за задоволување на егзистенцијалните и општествените потреби стимулирани од страна на другите личности. (N.Kacavenda -Radic, 1989, стр.80)

Руди Лешник професор по педагогија на Универзитетот во Љубљана смета дека: “Слободното време за поединецот незначи безработица туку тоа е време, со кое располага човекот според своите желби и склоности, кога на него не делува никаква сила и обврска, туку неговото однесување е подредено на неговите убедувања, волја и интереси, во склад со општествените услови и околности во кои живее. (R.Lesnik, 1982, стр.115)

Руди Лешник зборува и за педагогијата на слободното време, кој смета дека не треба да се ограничи само на училиштето и слободните активности, туку треба да се занимава со слободното време како целосен дел од човековото живеење и однесување. Тој на слободното време

гледа како на средство и како фактор на воспитание. Педагогијата се интересира за слободното време во целина, а посебно оној дел кој значи фактор за развој на личноста. Оттука Руди Лешник со право истакнува дека слободното врме на младите треба добро да го запознаеме не само за да се прилагодиме на него туку и да видиме како тоа влијае на развојот на личноста и што треба да направиме за навистина да дојдеме до вистинските вредности на слободното време.

Осумдесетите и деведестите години од 20 век се карактеризираат со понатамошни достигнувања на полето на проучувањето на слободното време во рамките на педагошката наука. Голем број на организации, институции, стручни тимови, поединци, непосредно или во контекстот на своите трудови дале творечки прилог, научна, теориска, стручна и практична разработка на проблематиката слободно време.

Но во овој глобален хронолошки приказ ќе ги споменеме само оние автори кои со своите трудови имаат значаен придонес во расветлувањето на поедини аспекти на проблемот слободно време. Посебно внимание заслужуваат авторите: Љубинка Броцич, Антевски Милица, Алексич Загорка, Здравко Делетич, Исмет Диздаревич, Гордана Дражич, Никола Филипович, Газивода Павле, Светозар Груич, Нада Качавенда-Радич, Љубомир Коцич, Руди Лешник, Мухамед Мурадбегович, Влатко Превишич, Валентин Пужевски, Леона Урошевич, Даница Нола, Пленкович Јурај, Даница Попиловска, Владимир Плетенец и др.

Во педагошката енциклопедија во редакција на д-р.Никола Поткоњак и д-р. Перо Шимлеша од 1989 година среќаваме пошироко објаснување на поимот слободно време. Значењето на слободното време најнапред се објаснува како составен дел од животот на секој човек. Во тој контекст тоа се определува “како време кое поединецот го исполнува и обликува по сопствена желба без било какви обврски и нужди. Тоа потои во животот на секој човек, секој ден и во секоја средина но е различно според возраста, полот, занимањето, местото на престој,

развиеноста на средината, степенот на интерес, целите на општествениот поредок и неговите можности. Слободното време е сотавен дел од човековата активност, време вон професионалните, семејни и општествени обврски, во кое поединецот по своја волја ги одбира формите и содржините, разонодата и творештвото". (Pedagoska enciklopedija, II, 1989, стр.353)

Во објаснувањето на поимот слободно време зафатена е и неговата историско развојна димензија со посебен осврт врз Марксовото сваќање на слободното време. Тоа што за нас е посебно значајно во оваа енциклопедија е нагласувањето на педагошкиот аспект на слбодното време на децата и младите. Од позиција на детето слободното време е она време во текот на денот во кое се испреплетуваат бројни и разновидни влијанија и содржини, позитивни и негативни, организирани и спонатани, кои го дополнуваат или рушат она што го пружаат семејството и училиштето. Бидејќи детето е суштетство во развој на кое му е потребно подршка и помош од возрасните, неможе само на детето да му се остави да се снаоѓа и ангажира во слободното време. Треба да се создаваат потикнувања и насоки да се создаваат поволни услови за развој на одбрани детски интереси и склоности. За да се реализираат сите педагошки аспекти во оваа енциклопедија се укажува и на значењето на педагогијата на слободното време која треба да ги обработи и добро да ги протолкува барањата на слободното време на децата и младите.

Во Педагошкиот лексикон кој е од понов датум (1996 год.) слободното време се третира во тесна врска со образованието како цел (образование за слободно време) и како средство (образование во слободно време). И не само на образованието туку и на целокупниот живот на човекот. Во таа смисла се истакнува значењето и на педагогијата и андрогоијата за проблематиката слободно време. Можеме слободно да кажеме дека во овој лексикон лесно е воочлив дводимензионалниот аспект на проблемот слободно време. Од една

страна имаме воспитание и образование за користење на слободно време, а од друга страна слободно време во функција на воспитание и образование.

Во овој лексикон како посебно издвоен поим се дефинира слободното време на ученикот. Тоа е она време кое на ученикот му останува после исполнувањето на обврките (семејни, училишни и др.) наспроти запослените чие слободно време се продолжува благодарение на НТР и нејзината примена во стопанството. Слободното време на ученикот се повеќе се смалува поради оптеретеноста од училишните обврски кои постојано растат.(Педагошки лексикон, 1996, стр.463,464)

Со последната реченица всушност се укажува на една состојба во нашата педагошка практика која остава негативни последици врз физичкиот и менталниот развој на учениците. Една ваква состојба го наметнува барањето за посериозен пристап во планирањето и програмирањето на наставните содржини кои директно влијаат врз оптовареноста на учениците и намалувањето на нивното слободно време.

Во Република Македонија проблемот слободно време ги следи сите опишани достигнувања во изминатиов период. Од нашите автори кои дале посебен придонес на полето на проблематиката слободно врме би го издвоиле трудот на Дамјановски Анатоли и Копровски Љупчо "Стилот на воспитно образовната работа во основното училиште и слободното време" кој е врзан за почетокот на актуелизирањето на ова проблематика. Во трудот авторите ја разгледуваат релацијата основно училиште-слободно време на учениците и тоа од три аспекти: Прво од аспект на степенот на успешноста на наставата, програмските содржини и начинот на работа (на учениците да им се создава слободно време); Второ колку училиштето придонесува за создавање на основни претпоставки во вид на развивање на потреби, способности и критериуми за негово творечко користење и организирање; и Трето колку училиштето се јавува како фактор на организрање на слободното

време на учениците. Во заклучокот авторите ја истакнуваат тенденцијата наставната работа и активностите во слободнотов време се повеќе да се приближуваат и по форма и по стилот на работа, но не како тенденција за идентичност, туку како перманентна противречна тенденција со постојано усовршување на овие области. (A.Damjanovski, Lj.Koprovski, 1969, стр.110-115)

Ако во овој дел од трудот се обидеме да ја покажеме состојба во проучувањето на слободното време од стручно-научен аспект во македонската педагошка мисла можеме слободно да кажеме дека овој проблем е малку проучуван. Прилозите од областа на оваа проблематика се малубројни и од теориски и од емпирски карактер. Трудовите од областа на слободното време се сведуваат на статии објавени во педагошки списанија, два магистерски труда и еден специјалистички.

Од трудовите објавени во педагошки списанија(најголем број во "Просветно дело") од понов датум ги издвоивме следниве: Димитров Никола "Организирано користење на слободното време на децата и младината на подрачјето на Скопје"; Михајловски Владимир "Третманот на слободното време во основните училишта"; Елена Ачковска – Лешковска "Улогата на родителите во организирањето на слободното време на децата"; Џеладин Мурати "Целите и задачите на слободното време во училиштето"; Величковска Марија "Слободното време педагошки и андрагошки проблем"; Котева Татјана "Предучилишното воспитиание и образование во функција на насочуање кон конструктивно користење на слободното време"; Баракоска Анета со повеќе наслови во оваа област: "Детската порганизација воспитен фактор во слободното време на децата", "Педагошката улога на слбодното време во ученичките домови", "Педагошките димензии на слободното врме", "Педагогот и слободното време на ученикот"; Соња Петровска "Некои форми на вон наставна работа со учениците од прво до четврто одделение" и др.

Магистерските трудови на тема "Слободните активности-фактор за анимирање на слободното време на учениците во осовното училиште" од Татјана Атанасоска и "Креативноста на учениците низ слободните активности во основното училиште" од Петрова Мариета, како и специјалистичкиот труд од Андреевска Блага: "Слободните вонучилишни активности", одбранети на Филозофскиот факултет во Скопје, при Институтот за педагогија , претставуваат први посистематски научно-истражувачки трудови во областа на слободното време. Меѓутоа се разбира дека не можеме да бидеме задоволни само со проучување на слободното време од аспект на слободните активности во основното училиште, иако тие ја претставуваат основата преку кои се развива културата на користење на слободното време на учениците.

Поради тоа во понатамошниот развој на проблематиката на слободното време посебно кај нас во Република Македонија се наметнува потребата од нови и посистематски истражувања од аспект на повеќе науки и нивно интердисциплинарно синхронизирање. Оваа потеба која што ја споменавме но и уште многу други ја обврзуваат педагошката теорија на овој општествен феномен да му посвети посебно внимание и да даде свој творечки придонес.

Тоа што ни се чини дека е посебно значајно и што можеме да го извлечеме како општ заклучок по однос на проучувањето на слободното време од аспект на педагошката наука е тоа дека досега имало добри обиди за теориска анализа на слободното време и неговите воспитни можности. Посебно би го истакнале дводимензионалниот третман на слободното време и тоа воспитание и образование за користење на слободното време и слободното време во функција на воспитанието и развитокот на личноста. Или како што вели Јанкович: "Процес на воспитание на личноста со помош на слободното време" (V. Jankovic,1967,str. 34.)

И денес во нашата педагошка наука се прават обиди за поогринален пристап и детално запознавање на суштината и специфичностите на слободното време. Во тој контекст од посебно значење се сите прилози кои имаат творечки пристап кој се базираат на усовршување на процесот на општествените односи кои ги носи новото демократско општество.

## 6. ФАКТОРИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Педагошкото значење на слободното време не се гледа во организирање на самите слободни активности туку во различните фактори од институционален карактер кои повеќе или помалку можат да помогнат во обликувањето на слободното време со создавање на практични можности за негово спроведување.

За користење, организирање и исполнување на слободното време се грижат низа организции, установи, објекти, служби и поединци. Нивната улога е посебно определена и специфична, а силата на делување е различна. Секој од овие фактори на адекватен начин влијае на целокупното воспитување на децата затоа е важно да се воочии, евидентира и анализира начинот и можностите на нивното воспитно влијание.

По однос на прашањето на класификацијата на факторите кои влијаат во организирањето на слободното време не забележавме некоја суштинска разлика во нивниот третман. Оттука не навлегувајќи во прашањето на нивната конечна класификација во продолжение ќе се задржиме само на главните карактеристики на поедини фактори кои се значајни за организирањето на слободното време.*

Семејството како воспитен фактор има голема улога во воспитанието на децата, па оттука и во слободното време. Меѓутоа степенот на таа улога во конкретниов случај е многу различна и зависи од низа односи во семејството, а пред се од приврзаноста или подвоеноста на членовите на семејството.Користењето на слободното време во семејството е директно условено и од стилот на брачните односи помеѓу сопружниците како и од односите и улогата на другите членови на семејството.Овие елементи создаваат низа на ситуации кои

* Факторите на организирање на слободното време работени се според авторите: V.Jankovic, "Slobodno vrjeme u sovremenoj pedagoskoj teoriji i praksi", PKZ, Zagreb 1967; A.Vukasovic, "Pedagogija", Zagreb, 1990; E.Paravina, "Odgojni faktori u slobodnom vremenu mladih", "Pedagogija br.1-2", 1965,

во поголема или помала мерка влијаат на начинот на користење на слободното време. Во тој комплекс се појавуваат како битни материјалните, а веднаш до нив образовните и психолошките фактори.Семејството сеуште се наоѓа во фаза на бурни трансформации. Вработеноста на двајцата родители, или кај нас во денешни услови невработеноста, создава низа нерешени прашања и проблеми кои силно ги отежнуваат можностите на родителите за воспитание на децата и за создавање на атмосфера на семеен живот, семејни обичаи и традиции. Образовното ниво во многу семејства не е на високо ниво за да можат родителите да ги следат наставните програми и барања на училиштето, а често не се ни во состојба да ги задоволат новите интереси, желби и потреби на своите деца во услови на современ општествен живот. Состојбата некогаш ја отежнуваат навиките и предрасудите од минатото и субјективните сваќања на поедини родители кои не се во склад со целите на нашето воспитание.

Поради бројните проблеми кои стојат на патот на реализацијата на воспитната функција на семејството, на родителите треба да им се помага преку поедини предавања, семинари, школи за родители, советувалишта, издавање на педагошка литература, посебно радио и телевизиски емисии и слични општествено организирани програми. Од родителите се очекува да им помогнат на децата и во градењето на културата на користење на слободното време. По однос на организирањето на слободното време, семејството има двојна улога: Да го организира слободното време во самото семејство и да соработува со другите организатори на тоа слободно време вон семејството.

Во самото семејство може да се организираат општествени игри, да се водат интересни разговори, раскажување на приказни, читање на бајки или интересни книги, разгледување на сликовници, цртање, сликање, моделирање, градење, рачни работи, слушање музика, интересни радио емисии, гледање на интересни ТВ програми, собирање

---

str.66-73; Zdravko Deletic, "Vaspitni znacaj slobodnog vremena i slobodnih aktivnosti ucenika, Nastava i

на разни предмети, работа во градина, одгледување на цвеќе, птици и други животни. Семејството во слободното време може да организира заеднички прошетки, излети, патувања, летувања, планинарење, пливање, санкање, лизгање, скијање, посета на културни институции, гледање на добри филмови, театарски претстави, изложби, концерти, интересни предавања и најразновидни културно-уметнички приредби и програми.

Разбирливо е дека семејството често пати не е во можност само да се грижи за содржината на слободното време на децата, затоа што некои дејности врзани за просторните организациски и стручни услови тоа неможе да ги обезбеди. Во такви случаи најдобро е родителите познавајќи ги интересите на своите деца да ги насочуваат кон оние организации кои во тој поглед можат да дадат добри можности за правилно поминување на слободното време.

Зборувајќи за начинот на организирање на слободното време во семејството, сметаме за потребно да укажеме на една ситуација врзана за преоптовареноста, карактеристична за децата од поголемите градови.Денес евидентна е ситуацијата кога родителите премногу се грижат за организирање на слободното време на своите деца, па така врз хипертрофираните училишни програми се додаваат и програми преку кои се реализираат неостварените амбиции на родителите како на пример:учење повеќе странски јазици истовремено,свирење клавир, учење балет и друго.Со ваквиот начин на претерано програмирање и стандардизација на слободното времена детето се нарушува основната карактеристика на слободното време,а тоа е правото на слободен избор.Оваа слобода е елементарна човекова потреба и без неа се губи смислата на човековиот живот.

За да се надминат овие и слични проблеми кои се јавуваат по однос на влијанието на семејството во организацијата на слободното време,тоа треба да го преориентира начинот на живот, односно културата и

vaspitanje, бр.2", 1984, стр.267-269.

начинот на користење на слободното време на самите родители. Во тој поглед сеуште имаме значителни недостатоци, па децата во многу случаи едноставно се вклучуваат во оние активности кои најмногу ги преферираат нивните родители . (на пр. гледање телевизија).

**Предучилишните институции** за воспитание и образование ја претставуваат првата фаза во систематското воспитание на децата иако е тешко да се зборува за потполна слобода и слободно време, затоа што се под постојан надзор на воспитувачот.Кога станува збор за насочените активности воспитувачот непосрдно работи со воспитната група, влијае на текот на тие активности и тука многу малку доаѓа до израз детската слобода. Но покрај насочените активности постојат и детски игри во кои децата се одлучуваат што ќе играат, тие сами ги бираат игрите и играчките, влијаат на текот и начинот на играта. Тоа се слободни детски активности кои временски многу подолго траат во редоследот на дневните занимања на предучилишното дете. Таквите активности се на пример индивидуални и колективни игри, цртање, сликање, моделирање, пеење, градење, потоа работа со различни материјали: хартија, картон, платно, дрво, пластелин, глина, песок, елементи за градење, природни плодови, цвеќе и др. Во нив постојат вредни педагошки содржини кои будат радосно расположение, го потикнуваат развитокот на малите деца, а воедно ја развиваат и смислата за користење на слободното време.

Добро организираното планско предучилишно воспитно образовно дејствување претставува темел и основа за градење на правилен однос на секое дете кон слободното време.

Оттаму и големата одговорна улога на секое воспитно лице во градинката да го насочи и на некој начин да го определи животниот пат на секое дете поединечно. Последиците од незнаењето што со себе си ги носи се големи. Тие неминовно произлегуваат од недоволно развиениот поим за себе и од сопствената несигурност, но и од незнаењето зошто и како да се биде конструктивен. Поради тоа слободното време на секоја индивидуа, постепено од конструктивно и креативно, преку

неконструктивно преминува дури и во деструктивно. (Т.Котева, 1998, стр.75)

Поради тоа слободни сме да кажеме дека слободното време во предучилишниот период треба да се смета за основа на која човекот ќе го гради својот живот.Тоа во овој ран предучилишен период треба да остане “слободно” и да служи за воведување на детето чекор по чекор во општеството кое учи.

Современото училиште на сите степени (основно, средно, високо) како воспитно образовни институции денес повеќе од било кога не само што организирано и плански треба да пристапат кон слободното време на ученикот, туку треба да изработат и систем на негово користење во континуитет.

Слободното време и задачите на училиштето не се исклучуваат и не се во спротивност. Слободното време не е изгубено време и не е на штета на успехот во учењето. Напротив добро организираното слободно време го освежува од учење младиот организам ја рекреира силата, а содржините од тоа време ги дополнуваат воспитнтие настојувања во училиштето и ги прошируват образовните хоризонти на младиот човек. Денес се почесто се практикуваат рамковни, еластични планови и програми кои допуштаат надополнување, проширување, конкретизација, иницијатива на училиштето, наставникот и ученикот. Покрај наставни предмети се воведуваат и изборни и факултативни предмети кои на учениците им даваат право на избор. Но за воспитанието во слободното време има уште позначајни промени во училиштето. Покрај наставата се воведуваат и други форми на воспитно-образовна работа таканаречени вон наставни форми на работа. Најразвиена таква форма кај нас се слободните ученички активности. Со тоа училиштето добива одговорна задача да се грижи за слободното време и да остварува воспитни цели.

За педагогијата и воспитната работа посебно значајно прашање се слободните активности во училиштето и дали тие навистина се слободни и се во функција на слободното време. Тие се предвидени со воспитно

образовната структура за подрачјето на воспитната работа посебно на основните и средните училишта, па не можеме да зборуваме за нивна апсолутна слобода. Но тука не станува збор за слобода на институции туку за ученици и воспитувачи. Во таа смисла слободните активности претставуваат посебно воспитно подрачје каде учениците добиваат можности слободно да ги бираат активностите. Ученикот слободно може да бира подрачје и видови на активности, може да влијае на изборот на содржините и начинините на работа. Во услови на основно школско и средно школско воспитание, слободното време и неговото користење претставува и цел и средство на воспитната работа. Преку слободните активности во училиштето учениците се подготвуваат за културно користење на слободното време и ја развиваат културата на негово користење.

Меѓутоа денес во практиката постојат определени тешкотии за реализирање на слободните активности кои произлегуват од материјално-финансиски, просторни и други објективни услови.

Покрај слободните активности на училиштето постојат и други слободни форми на воспитна работа кои во потополност спаѓаат во доменот на воспитанието во слободното време. Една од тие можности е таканаречената слободна сабота во училиштето или слободно попладне. Училиштето може во саботите да организира целодневни или полудневни разноводини активности за учениците, а тие сосема слободно се определуваат дали ќе дојдат или не и во која активност ќе учествуваат. Слични активности може да се организираат и во зимските и во пролетните празници. Духот на слободното време бара тие активности да бидат бројни, разновидни, вредни и интересни за учениците.

Детеските организации се исто така значаен воспитен фактор во животот на децата. Токму во детските организации може да дојдат до израз бројни барања и принципи кои ја сочинуваат суштината на слободното време.

Во детските организации детето станува самостојно. Тоа го запознава светот околу себе на посебен начин, поинаку отколку во училиштето или семејството. По пат на сопствена иницијатива и активност стекнува специфични знаења вештини и навики какви што не се добиваат со други форми на воспитание а кои се исклучително важни за подоцнежниот живот. Сето тоа се остварува во групата и колективот, во друштвото на врсници, другари и пријатели, се создаваат можности општествено да се ангажира и потврди, да се влијае врз формирањето на целосниот лик и профил на младиот човек. Поради тоа детската организација претставува извонредно погоден и неопходен воспитен фактор. Воспитанието во детската организација се остварува преку игра во најширока смисла на зборот, играта е најдоминантна содржина и најспецифична компонента на вистинска детска организација. (Pedagoska enciklopedija I, 1989, стр.140)

Организација која ги здружува децата од седмата до единаесетата годишна возраст кај нас е "Детската организација на Македонија". Оваа детска организација под влијание на новите општествени услови го промени своето име од Сојуз на пионери на Македонија во Детска организација на Македонија. Покрај промената на името на организацијата, под влијание на новонастанатите општествени промени во работата на Детската организација, промени настанаа и по однос на некои општи определби, термини и поими кои значајно влијаеле врз промената на карактерот на оргаизацијата. Детската организација на Република Македонија во согласност на целокупните општествено-политички, економски, техничко-технолошки, научни и други промени, како и врз основа на промените на општата цел на воспитанието ги трансформира своите цели и задачи. Промените по однос на определувањето на целите и задачите на Детската организација во основа отфрлаат секакво идејно-политичко влијание од страна на возрасните и политичките партии. Како значајно нови моменти кои доминираат и кои се карактеристични за реализрањето на целите и

задачите е тоа што се движат во правец на создавање на услови за севкупен развој на детето, среќно детство и креативен живот.

Денес работата на Детската организација се темели врз највредните искуства на прогресивните Детски организации во светот, Конвенцијата за правата на децата на ООН и актуелниот воспитно-образовен систем на Република Македонија.

Во целокупната педагошка практика и општествен живот, значајно место завземаат и општествените организации кои ги собираат децата и младите како што се: Феријален сојуз, Црвен крст, Народна техника, Планинарски сојуз, Стрелачки сојуз, Извиднички сојуз, разновидни културно-уметнички друштва, музичка младина, детски креативни центри, детски амбасади, форуми, здруженија, движења и сл.

Овие организации работат во корист на децата ги воочуваат потребите, предлагаат мерки за нивно реализирања и самите со сопствено ангажирање водат поедини акции и активности со децата и за децата во нивното слободно време. Посебно е значајно што овие организации кон детето пристапуваат интегрално, водат грижа за воспитно-образовната, здравствената, социјалната, културната, рекреативната и општествената потреба на децата во утврдувањето на програмите и вклучувањето на сите релевантни фактори од пошироката општествена средина за нивно реализирање.

Културните и другите јавни институции и организации како што се театри, бибилиотеки, читални, кина, галерии, музеи и слично, се од исклучително значење за воспитно делување во слободното време. Со своите активности тие треба да бидат отворени кон јавноста, а посебно со културниот фундус кој го користат децата. Нивната функција се остварува со поединечни и организирани групи посети, посебни програми на тие институци, наменети за младите како и формите со кои на активен начин можат младите да партиципираат. Овие институции имаат можност да организираат средби со научници, творци, преку конкретни примери да го откриваат светот и работата на истакнати

поединци и организации. Тука не станува збор само за интересно и атрактивно, на овој начин се развиваат и чувствата за културните вредности за сопствената земја, гордост и припадност кон сопствената земја, ширење на знаења за другите култури, отварање на нови погледи, негување на вистински културни меѓучовечки односи.

Меѓутоа за жал денес, сведоци сме дека работата на овие институции се повеќе се комерцијализира и дека кадровската оспособеност и материјалната опрема понекогаш ја сведуваат нивната активност на ниво кое не го оправдува нивното постоење. При одбирањето на филмови и организирањето на музички претстави се повеќе се води сметка за зработувачка, а многу малку за воспитно деување поради што понекогаш на младите им се нудат дела со ниски уметнички и воспитни вредности.

Средствата за масовна комуникација, токму денес во слободното време имаат силно влијание. Тука спаѓаат телевизијата, филмот, радиото, детските весници и списанија. Нивните содржини имаат извонредно значајна, едукативна и информативна вредност. Детето гледа и слуша содржини кои инаку не се достапни, а со тоа ги задоволува своите интереси и желби. Меѓутоа се случува преку средствата за јавно информирање да се пласираат и содржини кои не се на иста линија со целите на нашето општество. Често пати се прекршуваат и спротивни содржини во растојание од културни сознанија до комерцијални моменти и негативни примери. Младите гледат вредни но и безвредни филмови, покрај уметничките вредности имаат и аморална пропаганда, додека во книгите, весниците, списанијата наменети за младите но и за возрасните има литературни и високи уметнички вредности но има и многу промашувања; во музиката се јавуваат трајни но и помодарски тонови (техно); со телевизијата и радиото дневно се емитуваат и вистински достигнувања, но и безвредни "лимонади".

Посебно силно влијание врз структурата на слободното време и начинот на поминување има телевизијата. Резултатите од некои понови

емпириски истражувања *, зборуваат дека телевизијата сеуште претставува најзначајна активност на поминување на слободното време и дека не е во опаѓање туку напротив со воведувањето на сателитските, кабловските и слични програми, таа и понатаму останува медиум кој привлекува се повеќе внимание. Од истражувањата се гледа дека само 35,6% од учениците сметаат дека премногу гледаат телевизија. Што значи дека тие не се ни свесни дека ги запоставиле сите останати активности, а се задоволуваат со телевизијата како единствен и едностран избор во слободното време. Децата воглавном ги гледаат програмите на возрасните, а родителите нетактично реагираат или воопшто не реагираат на ваквите состојби.

Очигледно телевизјата денес станува силно средство за анимација, информација и едукација. Нејзиното место не е изменето уште од оние денови кога се појавиле првите телевизиски приемници. Бидејќи учениците со неа скојдневно се служат треба кај нив да се развијат навики за селективно служење со тој медиум, за да не се претвори во неконтролирано, неселективно бдеење во ТВ екраните. Не треба да допуштиме тоа да стане единствена активност и учениците да веруваат дека тоа е законот кој го диктира начинот на исполнување на нивното слободно време. Воопшто за средствата за јавно информирање може да се каже дека влијаат врз формирањето на ставовите на децата и на јавноста воопшто, што го определува и општественото делување на секој поединец. Со ова нивната одговорност се зголемува и го наметнува барањето за заедничко координирано делување на воспитувачите и оние што ги прават програмите.

На слободното време на учениците можат да влијаат и јавните манифестации кои се посветени на одредени јубилеи и пригодни свечености. Спортскиот живот и спортските манифестации исто така се фактор кој битно влијае на слободното време на учениците, било

* Поопширно види во статиите на: Danica, Popilovska, Televizija i slobodno vrjeme ucenika osnovne skole, Bjelovarski ucitelj, Bjelovar, br.1, 1998, i Vladimir, Pletenc, Utjecaj televizije na strukturu izvan skolskih aktivnosti uceika osnovnih skola, Naperdak , 136,(1) 1998 god.

личноста активно да се ангажира или да ги прати активностите на другите. Интересот за спорт и спортски активности зависи од развиеноста на спортскиот живот во средината во која личноста живее и работи. Исто така животот на улица во забавните локали и други сектори од секојдневото комуницирање, атмосферата на меѓусебно однесување и изразување почитувањето на основните норми на комунална хигена, организација и уредување, сето тоа на различни начини придонесува за стекнување на знаења, искуства и навики на социјална зрелост.

Потесната општествена средина во која детето живее и сето она што го опкружува во секојдневниот живот, а посебно однесувањето и делувањето на возрасните на јавните места, извор се и фактор на силно воспито влијание. Детето го следи примерот на возрасните. Детето треба да го види реалниот свет и да не извлекува погрешни судови и заклучоци, да стекне отпорност кон негативните содржини и појави, да ги прифати вистинските вредности. Одговорни се возрасните и повикани со своето животно искуство и делување да им помогнат на децата во правилното насочување и организирање на слободното време.

Очигледно е дека сите фактори имаат свое влијание во организацијата на слободото време на учениците, тие треба активно да делуваат и меѓусебно да се надополнуваат со цел слободното време на учениците да го направат сеопфатно, содржајно и конструктивно.

На крај чуствуваме потреба да нагласиме дека од педагошки аспект слободното време мора да биде осмилено, смислено обликувано и организирано и да му овозможи на поединецот да се занимава со културни вредности кои ќе ја јакнат неговата личност. Ако во спротивно воспитно образовната работа не ја поставиме така да ги подготвува младите за целисходно и културно поминување на слободното време, ослободеното време може да донесе многу противречности:

- Од силно позитивно и повеќестрано формирање на личноста до средство на создавање на клима на конформистичка деперсонализација;
- Од творечка дејност до пасивна и шаблонизирана конзумација;
- Од доживување на слобода до секојдневни обврски досада и мора;
- Од подрачје на активна регенрација и рекреација па до антисоцијални манифестации;
- Од слободни и демократски насочени активности до диригиран институционализам;
- Од унапредување на степенот на кутурата и културно богатење на корисникот па до поплава на комерцијален шунд и кич;
- Од потикнување на креативност до чиста имитација;
- Од вистинско аматерско лично задоволство па до појава на општествено деформиран професионализам;
- Од развој на здрав индивидуализам и колективизам до нивелирана масовност;
- Од полна човечка афирмација до негова општа деградација.

Во таа смисла треба да се сфати и да се делува во организацијата на слободното време воопшто, а успехот ќе зависи од тоа дали ќе знаеме, ќе можеме и ќе сакаме нашата теорија и практика да ја засноваме, насочуваме и ускладуваме со оние цели, содржини, методи и принципи кои ја сочинуваат нашата фундаментална орентација на нашата педагошка реалност воопшто.

## 8. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ПЕДАГОГИЈАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Педагогијата на слободното време се јавува како посебна педагошка дисциплина дури во 20 век, како последица на новата технологија, скратувањето на работното време и зголемувањето на фондот на слободното време.

Во нашата педагошка теорија прв за значењето и потребата од конституирање на посебна педагошка дисциплина која ќе се занимава со проучување на воспитанието во слободното време, пишувал д-р Златко Преграт во статијата "Педагогија на слободно време" (1961). Од пишувањето на оваа статија поминаа четири децении во кои сме сведоци на постојано развивање, теориско проучување и научно поставување на педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина. Важно место во основното обликување и конституирање на педагогијата на слободното време имаат и трудовите од областа на социологијата, психологија, филозофијата, антропологијата, кои во своите теориски согледувања не го заобиколуваат педагошкиот аспект на слободното време.

Ако сакаме да го согледаме значењето и предметото на педагогијата на слободното време во рамките на педагошката наука, тогаш најдобро е да ги проследиме нејзините задачи преку кои се конкретизира и општата воспитна цел на подрачјето на слободното време. Поради тоа нашиот обид ќе биде насочен кон анализа на нивната суштина и функција, потоа следење на нивната развојна димензија или поконкретно диференцирање на најзначајните карактеристики (сличности и разлики) во нивното определување.

За таа цел се определивме да користиме учебници по педагогија, монографии, статии и енциклопедии. Во нашето истражување сакавме да опфатиме што повеќе учебници по педагогија, за да го опфатиме

хронолошкиот редослед но во тоа не успеавме од две причини: **прво**, во привите учебници по педагогија (S.Pataki, Opca pedagogija,1951; R.Teodosic, Pedagogika, 1965) но и во некои од понов датум (Lj.Krneta, Pedagogija, 1975; J.Gjorgjevic, N.Potkonjak, Pedagogija, 1986) одсуствува посебно поглавје во кое се обработува проблемот на педагогијата на слободното време и нејзините задачи; и **второ**, во некои други учебници (M.Gjorgjevic, R.Nickovic, Pedagogija, 1990; N.Trnavac, J.Gjorgevic, Pedagogija, 1995; Н.Поткоњак, Општа педагогија, 1996), авторите зборуваат повеќе за значењето на слободното врме кое го третираат општо на релација општество- индивидуа, ставајќи акцент на неговото правилно користење, без подетално да навлезат во определување на задачите на педагогијата на слободното време. Се разбира поради овие причини за нашето истражување ги одбравме оние извори кои се најрелевантни, односно ги одбравме оние извори во кои се обработени задачите на педагогијата на слободното време.

И како што спомнавме напред за предметот и задачите на педагогијата на слободнтоо време во нашата педагошка теорија прв пишувал Златко Преград. Тој во статијата пишува за ургентната потреба и обврска за конституирање на педгогија на слободно време. Во овој труд за првпат се определуваат и задачите* на педагогијата на слободното време. Со вака определените задачи на педагогијата на слободното време јасно се гледа дека основната смисла на педагошките настојувања била насочена во организирање на можности за поминување на слободното време тоа да биде слободно, активно насочено кон развивање и формирање на потребите на поединецот и елиминирање на негативните влијанија. Евидентно е дека во оваа прва определба целокупното внимание било насочено кон правилно организирање на

* Pregrad, Zlatko-Pedagogija slobodnog vremena, Pedagoski rad, br.5-6, Zagreb, 1961, стр.167

1. Да се организираат такви можности на поминување на слободното време кое ќе биде доволно широко за најразновидни тежнеења и потреби на поединецот;
2. Да води грижа за тоа во остварувањето на слободното време по можност да се отргнат негативните и штоповеќе да се зајакнат позитивните влијанија; и
3. Да се грижи за потикнувањата кои младиот човек ќе го доведат до тоа во слободното време навистина да ги користи дадените можности.

слободното време, развој и формирање на младиот човек, без подетално да се навлезе во некои други аспекти на слободното време.

Последователно после овој труд излезени се и други трудови, монографии, а во некои учебници по педагогија оваа проблематика е класифицирана како посебно поглавје.

Во првата монографија* за слободното време од Владимир Јанкович, очигледен е поширок спектар на задачи кои целта на педагогијата на слободното време ја фокусираат врз теориското пручување и истражување на целокупното подрачје на слободното време. Во тој контекст се става акцент на активностите, принципите, методите како и на проблемите за оспособување на кадри за научно истажувачка работа и водење на активностите во слободното време.

Вака поставените задачи за момент можат да не наведат на сознание дека авторот на педагогијата на слободното време и става акцент на нормативна дисциплина со прописи и правила спротивни на факторот слобода како основна смисла и принцип. Но сепак авторот само предупредува дека кон прашањето на слободното врме неговата организација, треба да се приоѓа внимателно со цел да не стане жртва на некоја педагошка рецептологија, ниту пак на стихија, дезориентација и дезорганизација.

Значи педагогијата на слободното врме не треба да западне во еднострана нормативност но и сто така неможе да биде исклучиво дескритпитивна дисциплина. Таа во својата основна концепција мора да

* V.Jankovic, Slobodno vrjeme u sovrmenoj pedagoskoj teoriji i praksi, PKZ, Zagreb, 1967, str.46,47
- Теориско проучување, истражување и обработување на педагошката страна на целокупното подрачје на слободното време;
- Анализа на слободното време како фактор и останати фактори во користење на слободното време, како оние плански, намерни, организирани, така и останатите влијанија на општествената средина;
- Испитувања на влијанието на поедини активности на слободното време на формирање на личноста;
- Пронаоѓање и толкување на специфичните принципи и методи на користење на активностие на слободното време;
- Грижа за оспособување на потребни кадри за научно истражувачка работа, организација и водење на активности на слободното време;
- Изградување на предлог и планови за студии за педагогија на слободно време;
- Грижа за унапредување на издавачката дејност од подрачјето на педагошката проблематика слободно време.

се потпира на поставките кои произлегуваат од законитостите на општите случувања и конкретната педагошка реалност. Земјаќи го во предвид ваквиот став на авторот, изнесените задачи на педагогијата на слободното време имаат функција на насоки во смисла на советување, помагање, упатство, поттикнување, пронаоѓање на поволи услови и можности за реализација и негово користење до таа мерка што нема да се смалат битните обелжја на слободното време како што се слобода, спонтаност, доброволност, креативност, самоактивност и индивидуалност.

Еден вакво претпазлив пристап во определувањето на задачите на педагогијата на слободното време и начинот на нивната реализација ни дава за право да констатираме дека произлегува пред се од сложеноста и осетливоста на оваа проблематика, но и од тешкотиите кои произлегуваат во поставувањето на основите на ова педагошка дисциплина и докажувањето на нејзиниот легитимитет во овој период.

Во учебникот Педагогија I и II во редакција на група автори во издание на Матица Хрватска од Загреб, за првпат се појавува и посебно поглавје за слободното време во кое се определуваат основите на педагогијата на слободното време и нејзините задачи.* Забележуваме дека задачите кои се овде определени се идентични со оние задачи на педогијата на слободното време кој ги дава Златко Преград во својата статија. Разликата е во тоа што во овој учебник се даваат и определени подрачја на работа кои треба да влезат во содржините на педагогијата на слободното време.** Ако подетално навлеземе во така формулираните

* Grupa avtori, Pedagogija II, Matica Hrvatska, Zagreb, 1968, стр.132, 133
- Да пронаоѓа такви можности за поминување на слободното време намладиот човек кои ќе бидат доволно широки и богати за разновидни стремежи и потреби на поединецот;
- Да настојува околу тоа во остварувањето на слободното време на младиот човек што повеќе да ги елиминира негативните и што повеќе да ги зајакне позитивните влијанија во формирањето на неговата личност;
- Да се грижи младиот човке да добие што повеќе потикнувања и во слободното врме навистина да ги користи дадените можности за вредно поминување на тоа време.

** Во содржини на педагогијата на слободнотов реме се истакнуват следниве подрачја:
- Слободното време како педагошка категорија на современто општество и негова општествена условеност;
- Педагошкото значење на слободното време, поим на слободното време, неговата содржина и обем, бидови активности во слободното време;

содржини како подрачја на работа на педагогијата на слободното време, ќе дојдеме до сознание дека тие имаат функција на задачи кои произлегуваат од специфичниот предмет на педагогијата на слободното време. Богатството на содржини и задачи во тој период произлегувале од потребата на практиката но и недоволното конституирање на оваа педагошка дисциплина внатре во педагошката наука.

Вака определените содржини на педагогијата на слободното време и подрачјето на нејзиното делување придонеле задачите на педагогијата на слободното време во понатмошниот период да се постават мошне широко со вклучување на разновидни содржини од човековата активност.

Така, Руди Лешник дава еден широк спектар на задачи[***] преку кои јасно се гледа дека избледува острата граница помеѓу школската

---

- Основни педагошки задачи на слободнтоо време, улога и можности, педагошки влијанија на младата генерација со помош на активностие на слободното време;
- Фактори на остварување на слободното време: семејство, училиште, просвета и други установи, детски и младински оранизации и останати друштва за восптиание, превоспитание и рекреација на деца, млади и возрасни;
- Педагошки аспекти на средствата за информирање: дневни, неделни и повремени печат, радио, ТВ, литература итн., животот и организацијата на општествената средина воопшто во поглед на слободното време;
- Принципи и методи на поминување на активнотие на слободното време;
- Подготовка на кадри за дејствување на теоретското и практичното подражје на слободното време;
- Слободното време во минатото и денес;
- Анализа на посточката состојба во нашата практика на подрачјето на слободното време и можностите за влијание на поединежните активности ап воспитание;
- Подготовка и организација на педагошката научно истражувачка работа на подрачјето на слободното време.

[***] Rudi, Lesnik, Bez pedagogija i slobodnog vremena nema ni celovitok vaspitanja, Pedagogija, бр. 2, Београд, 1986, стр.136. Спорд овој автор педагогијата на слободното време ги има најмалку следниве задачи:

- Теоретски да ја проучува, истражува и изградува, теоријата на воспитанието за слободното време и во слободното време;
- Да го дефинира слободното време како значаен составен дел и предмет на воспитно-обазовниот процес;
- Да го проучува влијанието на разновидните активности на слободното време за развиток на личноста;
- Да пручува како организирано да ги развива можностите на слободното време, достапни на младите и возрасните потребни за подбар рзвиток на личноста и творештвото;
- Да ги проучуа, открива и воведува достигнувњата на педагогијата на слободното време во училишното воспитание и со тоа да придонесува за подобри воспитно-образовни достигнувања;
- Да влијае на политиката на слободното време која ја поставува општеството во остварувањето на целите на општествениот развој и развојот на воспитанието и образованието;

педагогија и педагогијата на слободното време што значи еден нов импулс по однос на значењето на оваа дисциплина во учењето и образованието, поврзано со професионалниот и личниот развој до доцна старост. Карактеристично за овој автор во определуањето на задачите на педагогијата на слободното време е тоа што се забележува акцентирање на некои нови димензии на слободното време како на пример: развиток на личноста и развој на творештвото, откривање и вреднување на достигнувањата на педагогијата на слободното време во училишното воспитание, расчленување на педгошките вредности по поедини генерациски, социјални и други оранизирани групи и сл. Меѓутоа она што е квалитативно ново и за што првпат зборува овој автор во статијата е дидактиката на слободното веме. Тој дидактиката на слободното време ја става наспроти традиционалната дидактика, а нејзината предност ја гледа во создавањето на отворени ситуации во учењето, надополнување на училишната настава и позитивно влијание врз остварувањето на целта на воспитанието. Целокупната воспитно образовна работа авторот ја гледа како преплетување на задолжителното и слободното време со што задолжителните и доброволни активности се преплетуваат, влијаат една на друга се дополнуваат и на тој начин се доаѓа до подобар квалитет во воспитно-образованиот процес.

Новите аспекти кои ги дава Руди Лешник во определувањето на задачите на педагогијата на слободното време силно се рефлектираат

---

- Да ги расчленува педагошките вредности на содржината на слободното време која се манифестира во средината во поедини генерациски социјални и поинакви организирани групи на млади и возрасни;
- Да ги открива, објаснува и обликува педагошките принципи и методи, потребни за користење на слободнто време и да го спречува штетното користење на слободното време;
- Да ги проучува и од педагошки аспект да ги вреднува општествените и материјалните услови за активности и развиток на слободното време;
- Да развива адекватни педагошки советувања за користењет на слободното време на младите ивозрасните;
- Да се грижи за оспособување на адекватни кадри на подрачјето на слободното време потребни за научно истражувачка работа, за организирање и водење на активности на слободното време и да подготви образовни програми, наменети за аниматори, ментори, организатори, советовдавци и друго;
- Да се поврзе со други научни подрачја потребни за развој на слободното време.

врз определувањето на задачите на оваа дисциплина во Педагошката енциклопедија од 1989 година во редакција на Н.Поткоњак и П.Шимлеша.[****] Затоа тука меѓу темелните задачи се вбројува обликувањето на теоријата и практиката на педагогијата и дидактиката на слободното време која треба да се реализира во отворени воспитно образовни ситуации чии носители покрај училиштето ќе бидат и разновидните вопспитно-образовни организации и друштва од пошироката општествена средина.

Анте Вукасович при концепирањето на задачите [*****] на педагогијата на слободното време како темелна цел на оваа дисциплина го поставува откривањето на нови сознанија во развитокот на теоријата и унапредувањето на воспитната работа на тоа подрачје и вреднување на теориските и практичните достигнувања. Со други зборови авторот забележува дека и покрај долгогодишниот период на проучување на слободното време и воспитанието во него, евидентни се бројни недостатоци кои произлегуваат од материјалните и кадровските услови кои директно се манифестираат во воспитно образовната практика.

---

[****] Pedagoska enciklopedija II, (red. N.Potkonjak, i P.Simlesa), Zavod za uxbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1989, стр.177
Меѓу темелните задажи на педагогијата на слободното време се вбројуваат следниве задачи: Обликување на теоријата и практиката на педагогијата и дидактиката на слободното врем; Определување на цели содржини, принципи, методи, оранизација и фактори на воспитание во слободното време и за слободно време: Пратење и проучување ан процесот и достигнувањата на слободновременското воспитание, суобликување на политиката на слободното време; Откривање на влијанијата на слободното време врз развитокот на личноста, заедницата и околината, вреднување на општествените и другите состојбаи значајни за развојот на педагогијата на слободното време; Советување за употреба на слободнотов реме на младите и старите граѓани, организациите, заедниците, развивање на адекватна истажувачка методологија и поврзување со другите научни дисциплини, грижа за оспособување на кадри потребни за истражувачка работа, за организирање и водење на дејноста на слободното време и обликување на образовни програми наменети за аниматорите, менторите, оранизаторите, советниците, проесорите и истражувачите и различните непрофесионални соработници на други струки кои повремено се вклучени во педагошката работа со деца, млади и возрасни во слободното време.

[*****] Vukasovic, Ante, Pedagogija, Zagreb, 1990, стр.298. Според овој автор педагогијата на слободното време ги има следниве три конкретни задачи:
- Да ги проучува специфичните можности на воспитната работа вослободното време, да ги открива законитостите на та работа, да ги обогатува педагошките сознанија и така да ја развива теоријата на воспитанието во слободното време;
- Со примена на адекватни научни сознанија и зконитости да создава теориски претпоставки за постојано унапредување на воспитно образовната работа и сите форми на активности во функција на културно и на човекот достојно користење на слободното време;
- Научно-критички да ги прати и вреднува резултатите остварени на подрачјето на воспитанието во слободното време и неговата теорија.

Затоа смета овој автор пред педагогијата на слободното време сеуште стојат бројни задачи и од теориско и од практично значење.

Од анализата на литературата која ја одбравме дојдовме до сознание дека определувањето на задачите на педагогијата на слободното време директно произлегува од самата суштина и функција која ја има слободното време во животот на човекот. Нашето завршно видување во врска со определувањето на задачите на педагогијата на слободното време од авторите кои што напред ги споменавме не наведува на сознанието дека прашањето околу начинот на користење, правилно организирање и обликување како и теориско и практично унапредување, претставува фундаментална задача и цел на оваа педгошка дисциплина. Овие задачи подеднакво се застапени во сите извори што ги анализиравме, па според тоа со право можеме да ги определиме како основно јадро околу кое треба понатаму да се развива и гради концепцијата на педагогијата на слободното време.

Понатамошното развивање на задачите на педгогијата на слободното време нема да биде едноставно, затоа што тука се работи за исклучително специфична материја со суптилни односи, различни содржини, влијанија и мотивација. Затоа педагогијата неможе да користи вообичаени методи, постапки со кои се служи при истражувањето и организирањето на намерно и планско влијание. Таа мора да пронаоѓа и осмисли други и нови воглавно индиректни патишта со кои ќе ги потиснува или сосема ќе ги отстранува негативните, а ќе ги поттикнува и афирмира позитивните влијанија. Освен тоа ова подрачје претпоставува покрај типичните и традиционални воспитни форми, неопходно да применува и разновидни пригодни, повремени, еднократни, неконтинуирани и неконвенционални форми на работа.

Сложеноста и тешкотијата во определувањето на задачите на педагогијата на слободното време и нивна практична реализација се надзира, меѓу останатото, и во тоа што таа мора да се занимава со анализа на сите влијанија и фактори, испитувања и преферирања на

поедини активности, толкување на специфични прнципи и методи, а истовремено не смее да се претвори ни во дескриптивна ни во нормативна дисциплина. Значи слободно можеме да кажеме ниту во збир на есеи, ниту во збир на прописи и правила, строго определени содржини и методи на поминување на слободното време на младите.

Респектирајќи го сето она што досега го кажавме според наше согледување сметаме дека педагогијата на слободното време треба да ги има следниве задачи:

- проучување, истражување и развивање на теоријата на воспитанието во слободното време;
- проучување и толкување на разновидните влијанија на слободното време врз развитокот на личноста;
- определување на целите, содржините, принципите, методите, организацијата и факторите на воспитание во слободно време и за слободно време;
- анализа на постоечката состојба во нашата педагошка теорија и практика и можности за нејзино унапредување;
- оспособување на кадри за потребите на подрачјето на слободното време кои ќе се занимават со научно-истражувачка работа и изрботка на предлог програми за студии на педагогија на слободно време;
- проучување на педгошките аспекти и вреднување на постојните општествени и материјални услови за реализација на активностите во слободното време; и
- развивање на адекватна научно-истражувачка методологија за педагогијата на слободното време и нејзино поврзување со другите науки.

## 9. ПРИНЦИПИ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Принципите се основни барања за следење, организирање и остварување, како и за теориско осмислување и практична примена на разновидните модели на слободното време. Тие се темелни барања, појдовна основа, основни правила на однесување и делување, според кои во животот се организира и остварува слободното време. Принципите се однесуваат на конкретното делување на секој фактор на слободното време во семејството, училиштето и другите институции со различни задачи и проблеми на работа кои делуваат во конкретно опкружување.

За педагогијата на слободното време е посебно значајно прашањето, кои се барањата кои важат за подрачјето на слободното време. Дали за оваа педагошко подрачје се значајни сите општи принципи на воспитната работа или посебни?

Од анализата на воспитанеито во слободното време од неговата општествена и психофизичка втемеленост, слободно можеме да кажеме дека општите принципи на воспитната работа се блиски со принципите на воспитанието во слободното време, поради тоа некои и произлегуваат од нив (на пр.: принципот на индивидуализација, принципот на прилагоденост кон полот и возраста). Но сепак постојат и специфични принципи кои директно произлегуваат од суштината и функцијата на слободното време.

Слободното време има специфични активности кои се разликуваат од задолжителните, како по смислата и содржината, така и по начинот на спроведување формите и методите на работа. За ова педгошко подрачје не е толку изразена интенционалноста во постигнувањата на определени цели и задачи, затоа што се почитуваат интересите, склоностите и расположението на личноста. Оттука ова педагошко подрачје се карактеризира со динамичност, актуелност и соврменост.

Познавањто на принципите на воспитната работа во слободното време претставува значајна претпоставка за успешно делување.

Принципите се базираат на комуникациското делување на воспитувачите (водители) и сите учесници на поединечните модели на остварување на слободното време на примање и давање и на создавање на можности за самостојна работа, самовоспитание и творештво.

Потребата слободното време да се реализира врз определени принципи, произлегува од тоа што истовремено се појавува како средство, но и како цел на воспитното делување на ова подрачје. Кога е во функција на средство тогаш со негова помош во слободното време се остваруваат разновидни воспитни задачи, се развиваат интереси и способности, се обогатува емотивниот живот, се изградуваат позитивни особини на личноста. Кога е во функција на цел тогаш воспитаниците се ангажираат во такви активности кои се во функција на градење на културата на користење на слободното време.

Значи за да може успешно да се реализира двојната педагошка функција, активностите на слободното време мора да се угласат со определени принципи како регулативна практика на слободното време.

Принципите не се наметнуваат, туку произлегуваат од резултатие на проучувањето, од примената во практиката од генерациското исксутво, од посебностите во остварувањто на слободното време. Во користењето на слободното време се применуваат повеќе принципи кои се поврзани и никогаш не смееме да ги набљудуваме одвоено. Тие се дополнуваат еден со друг, се потврдуваат и создаваат нов квалитет. Секој принцип претставува динамичен процес.

Изборот на принципите зависи од повеќе фактори. Организаторот (водител, воспитувач, наставник) и учесник (воспитаник) се одлучувачки при изборот на принципите. Без нив тој избор не би имал цел. Меѓутоа не е доволно само да се изберат принципите на конкретната работа во слободното време, туку педагошки е значајно може ли избраниот принцип да се оствари, и од страна на водителот на активностите но и од страна на учесниците во поединечните активности. Принципот може да се оствари повеќе или помалку доследно, а во краен случај, принципот

може да остане само поим на кој ќе се повикуваме, со кој ќе и се претставуваме на јавноста и со кој ќе ја оправдуваме својата работа. Ваквиот пристап не се потврдува во работата, во односите спрема учениците, во програмите на користење на слободното време.

Во теоријата на педагогијата по однос на слободното време, разработени се повеќе принципи кои во основа се третираат како теориски поставки кои не треба да бидат кочница во реализирањето на разновидните активности, туку само насоки за нивно успешно организирање, насочување и дејствување.

Принципите на слободното време разработени се во монографијата за слободното време од В.Јанкович и во учебниците по "Педгогија" од Анте Вукасович и Никола Поткоњак. *

Ако се обидеме да ги анализираме принципите на слободното време кај овие автори ќе забележиме дека нема битни и суштински разидувања при нивното определување. Потојат само мали отстапки во формулацијата на некои принципи. Но сепак мораме да признаеме дека принципите за користење на слободното време потемелно се разработени од В.Јанкович, што воедно ни дава за право повторно да констатираме дека овој автор мошне сериозно приоѓал кон разрешувањето на бројните прашања за слободното време.

Во поглед на самата важност и приоритет на поединечните принципи Јанкович истакнува дека треба да се избегнува вредносна хиерархија, што е карактеристично и за останатие педагошки подрачја.

---

* B.Jankovic, Slobodno vrjeme u sovremenoj pedagoskoj teoriji i praksi, Zagreb, 1967, стр.56-64; ги определува следниве принципи: Принцип на слобода, принцип на индивидуалност, принцип н аколективнот; самоактивност, принцип на организираност, принцип на разновидност, принцип на аматеризам и принцип на прилагоденост кон возраста и полог на корисникот.

Никола, Поткоњак, (редакција), Општа педагогија, Београд, 1996, стр.61; ги определува следниве принципи: принцип на слобода и доброволност, принцип на индуалност и колективност, принцип на творештво и лична активност и принцип на развновидност и аматеризам

A.Vukasovic, Pedagogija, Zagreb, 1990, стр.292-294; ги определува следниве принципи: принцип на слобода, принцип на смисленост, принцип на индивидуалност, принцип на рзновидност, принцип на организираност, принци на аматеризам, принцип на прилагоденост кон возраста и полот.

Сепак смета тој поедини принципи можат во определени околности да добијат поголемо или помало значење (на пр.: принципот на прилагоденост кон возраста и полот), но сите се подеднакво важни во однос на целокупното значење на слободното време.

Во споредба со Јанкович, авторот А.Вукасович во определувањето на прицципите на слободното време, не ги наведува принципите на колективност и самоактивност. Авторот не ги отфрла овие принципи, туку напротив тие се лесно препознатливи и се вткаени во другите принципи, поточно во приницииот на индивидуалност и организираност.

Никола Поткоњак при определувањето на принципите ја нагласува специфичноста на слободното време за што треба да се води сметка и врз таа основа ги систематизира. Така овој автор во тесна врска ги става принципот на слобода и доброволност, индивидуалност и колективност, творештво и лична активност, како и принципот на разновидност и аматеризам.

Покрај наведените разлики, постојат и заеднички карактеристики. Авторите покрај истакнувањето на значењето на сите принципи, сепак во центарот го ставаат принципот на слобода. Ова според нас има исклучително значење, затоа што ако од било која причина овој принцип не се почитува, тогаш не постои друг принцип кој може да го надомести, затоа што слободата е онаа категорија која ослободеното време го прави слободно.

Во продолжение во овој дел од трудот респектирајќи ги сите досегашни напори на авоторите при определувањето на принципите на слободното време ќе се обидеме да дадеме сопствено видување на веќе определените прнципи на слободното време. Притоа ќе го земеме во предвид сознанието дека принципите на воспитната работа во педагогијата на слободното време се изведени врз основа на законите и законитостите на воспитанието, сознанијата за развитокот на личноста, општите и индивидуалните карактеристики на личноста која се

воспитува, како и врз основа на сознанијата и искуствата до кои се доаѓа во педагошката практика.

Принципот на слобода претставува една од општите карактеристики на слободното време, односно принцип кој единствено може да ја гарантира суштината на слободното време и вршењето на неговите активности. Овој принцип се прекршува во сите останати, како што и тие се прекршуваат во него. Што во суштина за педагозите значи слободата на изборот?

Бидејќи во филозофска смисла во реалноста нема потполна слобода па од тука, ниту вистинско слободно време од аспект на применета наука каква што е педагогијата, најдобро е слободното време да се свати како присуство на слобода во која човекот, во секојдневниот живот ги бира начините на своето дејствување, но во рамките на тоа што е возможно.

"Секојдневната свест на слобода", пишува Heller, "не е случајно правам што сакам. Овде не е сучајно што се земаат во предвид факторите кои ја определуват волјата, содржината на слободата, слободата на другите итн... Човекот кој со раѓањето влегува во секојдневниот живот тој свет го наоѓа готов. Ако поединецот може да се репродуцира по своја сопствена волја (со своите претстави) во дадениот свет тогаш тој во својот секојдневен живот е вистински слободен" (A.Heller, 1978, стр.205)

Mary Tuck пишува дека иако постои мислење дека никогаш не бираме, дека сме жртви, или творби на своајта класа, учењата на минатото, на своите учители-едни условени суштества кои чекорат низ светот во полусвесна состојба, не мислејќи никогаш докрај со своја глава, суштества со кои постојано се манипулира, нашето лично искуство за себе е поинакво. Човек има чувство дека од него зависи што ќе направи во слободното време. На некој конфузен начин пишува Tuck , прилично сме сигурни дека нашата сопствена одлука, нашиот избор,има

врска со она што го превземаме. Ма колку и да бил нашиот избор ограничен, сепак имаме чувство дека постои. (M.Tuck, 1979, стр.7)

Природниот, индивидуалниот и општествениот детерминизам неможе да се заобиколи во расправите за слободното време. Понекогаш изборот на активностите во слободното време може во поголема мерка да зависи од еден природен детерминизам. Тој меѓутоа може да доминира само во дадени услови, во кои се испреплетуваат и останатите. Така на пример од економската моќ во голема мерка зависи дали и каде ќе одиме на зимовање, летовање или пак ќе поминеме извесно време во некоја од големите светски бибилиотеки. Но, дали ќе го минеме тоа време во нашата библиотека во градот, ќе шетаме, одмараме, ќе гледаме телевизија, драма, опера или балет, ќе слушаме новокомпонирана или класична музика, ќе прочитаме книга или слично, ќе зависи не толку многу од економската моќ, туку од културниот систем во кој што живееме.

Владимир Јанкович смета дека кога зборуваме за принципот на слобода тогаш слободата треба да се свати во двојна смисла: слобода од нешто и слобода за нешто.

Во првиот случај се работи за тоа дека човекот може и знае да се ослободи од поедини оптеретувања, прекувремени обврски, влијанија и тешкотии, кои му го скратуваат слободното време потребно за хуман живот на човекот. Според истражувањата на социолозите денес слободното време во современото општество во поголема или помала мерка е квантитативно обезбедено. Оттука услов за негово користење е слободата од обврски и други влијанија, која зависи од самиот поединец од неговата одлучност да се ослободи од сите оние фактори кои ја спречуваат неговата слобода за вршење на активности на слободното време.

Кога се работи пак за слобода за нешто, тогаш треба да се нагласи дека мора личноста да поседува сили и способности за начините на користење на слободното време и навистина слободно да се определи за

правилен избор на активностите, за нивно позитивно користење да нема карактеристики на доколица, пасивен однос кон слободното време или асоцијалност.

Кога на една индивидуа и се овозможува да ги развие своите општи и посебни диспозиции, да го изрази тоа што во неа е општочовечко, но и тоа што е специфично нејзино, посебно индивидуално, пишува Н.Поткоњак "Тогаш личноста неможе да постапи поинаку, неможе да се развива поинаку, туку слободно и творечки". (N.Potkonjak, 1981, стр.461)

Во согласност со вака изразената верба во човекот, доколку со воспитанието и образованието се пристапи кон развојот на човековата култура за користење на слободното време, тогаш педагогијата треба да даде поголем придонес кон развојот на општите и посебните диспозиции.

Принципот на слобда овозможува секој корисник и учесник да има право слободно да ги бира активностите, видот и времето кога сака со нив да се занимава и тоа во склад со индивидуалните склоности, потреби и можности. Секое присилување од било која страна и од било кој начин ја ограничува слободата на изборот на делување, а под разни околности може да се претвори во негова негација ако е обврска. Оваа опасност при почитување на овој принцип е поголема при институционалното организирање на слободното време, посебно во училиштата и разновидните општествени организации.

Поради тоа организаторите на слободното веме мора да пружаат широки можности за избор на активностите, адекватно да информираат насочуваат и да ги поттикнуваат контактите со заинтересираните ученици за слободниот избор да биде адекватен и ненаметлив. Само во атмосфера на слободен избор на активности, односно почитување на границите на објективните можности за полна слобода на избор, може да се реализира овој темелен став на педагогијата на слободното време.

Принципот на осмисленост ја наоѓа својата примена во задачите на остварување на слободното време како одмор, забава, разонода,

развивање на способности, творештво со позитивно педагошко влијание. Значи прнципот на осмисленост директно произлегува од дефиницијата на самиот поим слободно време, кој не упатува на тоа дека активностите на слободното врме се врзани за своите основни функции преку кои се остварува целта и смислата на слободното време.

Со принципот на осмисленост се овозможува слободното време да добие општествена и етичка вредност. Спротивно на ова недостатокот на смисленост и вредносна обоеност на содржините на слободнотото време ќе биде причина за слабеење на функциите на слободното време, кризи и девијации со пошироки размери.

За организаторите тоа значи дека секоја активност мора да има вредни содржини кои треба да се поминуваат на културен начин. Поединецот слободно ги бира активностите, но секоја од нив мора да има за човекот позитивно значење и педгошка смисла. Влијанието на индустријата на забава и другите комерцијални понуди од областа на музиката, издавачката дејност, спортот, туризмот и сл., ја зголемува опасноста слободното време да потклекне на дубиозни вредности, истовремено претварајќи се во бесмислено безвредно и комерцијално подрачје.

Ако воспитанието во слободното време има цел преку адекватни содржини да се развие смислата за вредносно и културно поминување на слободното време, тогаш безусловно треба да се задоволи овој принцип.

Принципот на индивидуалност се темели на слободниот избор во согласнот со желбите, интересите, склоностите, занимањето, можностите и потребите на секој учесник во активностите на слободното време. За овој принцип карактеристично е тоа што врз основа на постечките диспозиции и ендогените потенцијали на индивидуата да се развива ориентацијата, да се насочува индивидуата кон себеси, да се формира структурата и карактерот на нејзината личност, односно на адекватен начин да се влијае на нејзино прилагодување и вклучување во средината во која живее и дејствува.

Сите активности мора да бидат прилагодени кон потребите на учесниците, индивидуалните можности што упатува на потребата од различни модели и форми на работа, различни програми, наспроти цврстите модели и досегашните крути форми на работа.

Практиката на слободното време тоа го овозможува како преку начинот на нејзиното организирање, така и со изборот на активности со кои поединецот сака да се занимава како на пр.: сликање, моделирање, слушање музика, читање, посета на театар, концерти, хоби и сл. Преку овие активности доаѓа до израз индивидуалноста на поединецот односно избор на активност според сопствените склоности, расположение и можност. Барањето за индивидуален пристап кон секој поединец не предупредува на потребата за отфрлање на конформизмот и шаблонизацијата на подрачјето на слободното време.

Принципот на индивидуалност исто така може да дојде до израз и во колективните, групни и тимски форми на работа, каде може да претставува поттик за развој на партенрски комуникациски односи при реализацијата на програмите на активностите на слободното време.

Принципот на колективност не претставува само услов за подготовка за живот и работа туку и услов за слободно развивање на личноста која во текот на својот живот припаѓа повеќе или помалку на разновидни колективи кои ја сочинуваат основата на општеството во целост. Принципот на колективност ниту во еден случај не го гледаме како спротивност на принципот на индивидуалност. Напротив, во границите на нужноста на колективните акции поединецот ја задржува и ја развива сопствената приватност. Во многу активности на слободното време има и такви кои можат да се одвиваат само со истовремено учество на поголем број членови.

Со овој вид на активности се развива смислата и духот за заедничко решавање на поставените задачи, заедничка одговорност и потполна рамноправност на членовите на колективот, нивна цврста поврзаност, но само во случај кога разновидната индивидуална

партиципација се поврзува и е во функција на остварување на поставените задачи.

Според тоа колективноста и индивидуалност не се квалитети кои се исклучуваат туку тие се надополнуваат со што индивидуалните способности ја јакнат силата на колективот, а тој пак во рамките на заедничките интереси овозможува развој на индивидуалноста.

Принципот на самоактивност (творечка дејност) се изразува во сите подрчја на човековиот живот и работа во форма на културни, образовни, научни, технички и други духовни и материјални производи, кои можат успешно да дојдат до израз и во подрачјето на слободното време. Самоактивноста во слободното време се остварува како самостоен творечки процес но и како резултат на тој процес. Таа се развива како и останатите психофизички способности во добро организираното слободно време со адекватни методи и средства во склад со потребите на индивидуата.

Овој принцип укажува на потребата индивидуата да се поттикнува на самостојна творечка дејност, за сопствено изразување на склоностите и способностите, реализација на сопствените замисли со цел изразување на сопствената индивидуалност и креативност.

Некои истражувања покажуват дека слободното време има можности прифаќајќи ја самоактивнота како принцип успешно да влијае поединецот да ги изразува своите творечки способности. Се разбира дека развивајќи ги творечките способности треба да се води сметка за интегралноста на личноста и врз таа основа да се развиваат посебните диспозиции, преку кои ќе се изразува и творештвото.

Принципот на разновидност се темели на барањето слободното време да создава такви можности за негово користење кои на поединецот ќе му пружат разновидни форми и начини на негово реализирање.

Овој принцип е посебно значаен кога поединецот треба да се определи за некоја активност, односно да се нудат активности кои се

врзани за сите функции на слободното време, одмор, разонода и развиток на личноста. Разновидноста треба да се однесува на застапеноста на разновидните подрачја на пр. спортско, научно, културно, уметничко, работно-техничко, општествено –морално но и разновидни активности во секое од тие подрачја на пример : во подрачјето на уметноста, треба да бидат застапени музички, ликовни, литературни, играорни, драмски и други дејноти. Недоволната разновидност на активностие во слободното време може да доведе до ограничување и стеснување на содржините и функциите на слободното време.

Принципот на организираност своето педагошко значење не го темели на нормативна активност, туку многу повеќе на општа и конкретна организација на слободното време. Секоја активност на слободното време во својата реализација бара адекватна организација која поминува неколку фази од планирање, програмирање, реализација до вреднување на програмите за работа. Принципот на организираност овозможува успешно, ненаметливо и непречено извршување на поедини активности, доколку самата организираност е помалку насочена во начинот на самото вршење.

Меѓутоа мораме да нагласиме дека степенот на организираноста на активностите не треба да биде диригиран или пак премногу организиран, затоа што таквите појави во основа се спротивни на духот на самите слободни активности.

Значаен принцип кој треба да се почитува е и принципот на аматеризам. Овој принцип претставува добра основа за создавање на навики кај децата, да се занимаваат со активности кои немаат непосредна корист и материјална вредност. Значи овој принцип се темели на лично задоволство, радост и желба за општествено ангажирање и афирмација. Активностите на слободното време не смеат да бидат професионални, комерцијални и утилитаристички насочени. Аматерскиот статус на слободните активности треба да се негува во

детските, младинските организации но и во самите училишта, иако во последно време и тука се чувствува продорот на утилитаристичките тенденции и комерцијализацијата. Денес се повеќе исчезнува смислата за аматерски групи: фолклорни, драмски и сл., во кои членовите токму од општествени и културни причини преку аматеризмот си создаваат посебно задоволство во своето слободно време.

Принципот на прилагоденост поаѓа од барањето при вклучувањето во слободните активности да се води сметка за можностите и способностите на секој учесник според полот, возраста и степенот на психофизичкиот развој на личноста. Принципот се темели на карактеристиките на учесниците (воспитаници) степенот на работните навики, интелектуалната зрелост како и нивото на социјално-етичкиот развој.

Принципот на прилагоденост од воспитувачот бара не само добро да ги познава општите, посебните и индивидуалните карактеристики на цела генерација, туку бара и оспособеност за практично проценување на секоја воспитна постапка, правилен избор на методи и средства за извршување на активностите во слободното време. Овој принцип денес станува уште поактуелен од причини што децата и младите се повеќе навлегуваат во светот на возрасните исполнувајќи го слободното време со содржини од подрачјето на масовната култура (ТВ, филм, забава, разонода).

Разгледавме неколку темелни принципи кои се применуваат во изведувањето на активностите во слободното врме, што не значи дека неможе да се користат и некои други принципи. Не е важен бројот ниту поделбата, туку важо е тие да претставуваат патоказ, ориентација, потпора и цел која ќе има сегашно но и футуролошко значење. Организаторите на слободното време принципите како можност, заедно со корисниците треба да ги претвараат во реалност. Тие треба да претставуваат заедничка основа за сите кои нудат програми и го организираат слободното време на децата и младите.

## 10. АКТИВНОСТИТЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ И НИВНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА

Ако во пристапот кон проучувањето на слободното време стартувавме со амбиција да го осветлиме од повеќе аспекти и на тој начин да откриеме повеќе негови карактеристики, тогаш нужно мораме да се задржиме и на слободните активнсоти, кои во суштина ја претставуваат содржината на слободното време.

Слободното време како општа општествена појава има своја социјална, здравствена културна и педагошка функција, која се остварува преку активностите на слободното време. Активностите на слободното време со кои поединецот или групата можат да се занимаваат се бројни и разновидни. Токму тие активности, доброволно избрани според интересот и склоноста на поединецот, претставуваат реализација на сите оние теоретски потенцијални можности што ги отвара и ги дава слободното време.

Поимот "слободна активност" во педагошката терминологија почнува да се употребува во втората половина на 19 век и првите децении на 20 век. Во педагошката јавност во Америка и Европа се јавуваат движења, правци, научници, практичари кои поаѓале од педгошките гледишта на Русо или пак од лични концепции за воспитно образовната дејност кои биле во прилог на хуманистичката терминологија.

Од тоа време па до денес многу се зборува за слободно училиште (Tolstoj), слободна духовна работа (Gaudig) , слободна работа по групи (Kurine), слободна творечка работа (Ferijer), слободно младинско движење и др. Под влијание на овие педагошки изрази и идеи и во нашата педагошка дејност почнало да се зборува за "слободна активност". Меѓутоа сите споменати термини немале директен однос, со она што денес се нарекува "слободна активност". Овие наслови со исклучок на еден имале друго значење. Со нив се именувала работата во

рамките на наставата, а не дејност која организирано се одвивала во слободното време на учениците.(N.Filipovic, 1980, стр.8)

Денес поимот слободни активности се почесто се употребува во педгошките публикации и секојдневното комуницирање помеѓу просветните работници, определувајќи го со тоа широкото подрачје на ученички активности во слободното време. Карактеристично е тоа што појавата на слободните активности во училишната воспитно-образовна практика не нашле соодветно теориско методичка разработка. Не е спорен фактот дека во педгошката периодика, паралено со практиката на слободните активности се јавувале низа статии, но во најголем број тоа биле само пригодни описи на работата на поедини секции кои успешно биле водени од просветните работници. Тоа што недостасува се целосни студии, емпириски анализи и методички прирачници за овој дел на воспитно образовна работа кој повеќе од 40 години егзистира кај нас.

Меѓутоа пишаните трудови за слободните активности сепак значат многу за оваа дејност и имаат значаен придонес за нивно правилно и ефикасно воспитно функционирање.

Еден број на автори посветувал повеќе внимание на терминолошкото определување на овие активности (Bakovljev, Filipovic, Palic, Krkljus, Potkonjak); други повеќе се занимавале со организациски прашања и односот на слободните активности кон наставата (Poljak, Janusevic, Gabelica); мошне мал број од нив спроведувале емпириски истражувања за пратење на работата на тие дејности (Kolic, Filipovic, Jankovic); имало и автори кои ги истражувале слободните активности од аспект на нивната воспитна функција во училиштето (Tezak, Mrgjenovic, Topuzovic, Vukasovic, Puzevski). Потребно е да споменеме дека и во повеќе учебници по педагогија се споменуваат и обработуваат слободните активности (под овој или некој друг наслов), авторите се: L.J.Raskin, T.Prodanovic, R.Teodosic, N.Potkonjak, A.Vukasovic, M.Gabelica и др. Мал е бројот на оние кои својот интерес за слободните активности целосно го

образложиле во тематски монографии и елаборати: S.Palic, N.Filipovic, S.Tezak, S.Topuzovic, I.Horic.

За поимот слободни активности доста се пишувало во првите години после воведувањето во училишната-воспитно образовна практика. Така Nikola Potkonjak (1960, стр.1) пишува дека изразот "слободна не е најсреќно избран". Ivan Leko (1960, стр.34) смета дека изразот по своето етимолошко значење само до некаде одговара на содржината но сепак смета дека е "реалтивно најточен", затоа што практиката не успеала да најде поадекватен. Vladimir Jankovic (1973, стр.95) за терминот "слободни активности" вели дека е делумно прикладен односно симболичен, одколку адекватен. Vladimir Poljak (1955, стр.120) наоѓа одреден компромис и предлага некои наслови: одделенски, вонодделенски и вонучилишни форми на слободни активности, сакајќи очигледно на постоечките организациони форми да додаде нов квалитет со терминот "слободно" определување. Но на крај и самиот се прашува:"Дали навистина со овој наслов е дадена најдобрата терминолошка формулација?" Nikola Filipovic (1980, стр.7-13) за повеќето наведени наслови смета дека се неадекватни за практиката и за него тоа не се слабости само од лексичка природа. Терминот "слободна активност" како што вели тој неоправдано "царува" па затоа предлага индивидуална и колеткивна работа на учениците во слободното време.

Понатамошниот приод кон барање на сличности и разлики за насловот на ова педагошка работа го сметаме за непотребно, затоа што е мошне тешко да се определи конечен термин кој ќе го одразува целокупното богатство и динамична структура на слободните активности.

Во обидот за појасно определување на поимот, сметаме дека најприфатливо е дефинирањето дадено во Педагошката енциклопедија кое гласи вака:"Слободните активности претставуваат посебен облик на воспитно образовната работа со учениците кои ги организира училиштето вон наставата, во слободното време на учениците. Тоа се

колективни активности на учениците кои се базираат на принципот на слободен избор и самостојност, во кои учениците ги задоволуваат своите интересирања, ги развиваат способностите и го пројавуваат творештвото". (Pedgoska enciklopedija I i II, 1989, стр.353)

Посебно значајно прашање за понатамошното теориско и емпириско проучување на слободните активости претставува прашањето за класификацијата на формите и содржините на слободните активности. Тешкотиите најчесто настануваат при одбирањето на појдовните основи за класификација. На пр. принципите за поделба на активностите можат да бидат:

- Според местото каде се изведуваат активностите: во семејство, градинка, училиште, во детски институции во детски оранизации, во општествени организции, на јавни места итн.;
- Според возраста на ученикот активности: за предучилишни деца, за училишни деца, за млади, за возрасни;
- Според полот на учесниците во активностите: за момчиња и девојчиња;
- Според бројноста и структурата на учесниците во активностите: индивидуални, групни, колективни и масовни;
- Според подрачјето и содржините на активностите: спортски, културни, технички, научни, забавни, информативни и сл.;
- Според основната функција за која служат: активности за одмор, активности за рекреација и забава, акативноти за развивање на личноста.

Во продолжение ќе споменеме неколку автори кои класификацијата на слободните активности ја прават според категоријата деца и млади, но во основа по својата општост ја надминуваат старосната граница.

Врз основа на поделбата на функциите на слободното време според Димаздие, Владимир Јанкович ја дава следнава класификација на слободните активности:

1. Активности наменети за одмор;
2. Активоти наменети за разонода и забава; и
3. Активности наменети за развиток на личноста (V.Jankovic, 1967, стр.51-55)

Според спроведеното истражување на примерок од 1485-испитаници од 9-24 години, Велибор Јербич, Младен Звонаревич ја направиле следнава класификација и структура на активностите во слободното време:

1. Конзумирачки активности (ТВ, читање, радио, кино, приредби);
2. Бесцелни активности (скитање и шетање, разговори, мечтаења, окупираност со самиот себеси);
3. Спонтани игри;
4. Организирани забави; и
5. Останати организирани активонсти (V.Jerbic, 1969, стр.225-236)

Врз основа на истражувањата на интересите за слободни активности на примерок од 1202-ученика од основно училиште, Рајко Кладник ги издвоил следниве подрачја:

1. Подрачје за стекнувања на знаења;
2. Подрачје за техника;
3. Подрачје за физичко воспитание;
4. Стопанско подрачје; и
5. Културно просветно и забавно подрачје. (R.Kladinik, 1971, стр.115)

Милосав Петрович врз основа на содржината на слободното време на учениците во основното училиште разликува четири подрачја:

1. Физичко-здравствено подрачје;
2. Научно-техничко;
3. Естетско уметничко; и
4. Општествено политичко. (M.Petrovic, 1981, стр.577-586)

Земјаќи го во предвид сопственото (лично) развојно делување и задоволување на основните социјални потреби, Руди Лешник активностите на слободното време на младите ги поделил на:

1. Информативно-формирачки;
2. Креативни;
3. Општествено афирмирачки; и
4. Релаксирачко-општествени. (R.Lesnik, 1982, стр.176-177)

Врз основа на изнесените поделби на активностите на слободното време може да се забележи дека авторите се сложуваат кога станува збор за активности за одмор и забава. Несогласувања се забележуваат кога се земаат во обзир некои други аспекти на активностие во слободното време.

Меѓутоа се чини дека најитересно и вредно за внимание е класификацијата на слободните активности која е прифатена уште од 1957 година од страна на Младинскиот институт на UNESKO во Gauting (Западна Гемранија), и е направена врз основа на целта на слободните активности. Инаку во суштина класификацијата е направена според дефиницијата за слободното време од Димаздие, која се темели на три основни функции: одмор, рекреација и развиток на личноста. Ваквата официјална класификација на активностите на слободното време под покровителство на UNESKO, од педагошки аспект се чини најприфатлива. Токму затоа во продолжение заради илустрција ќе ги наведеме сите содржини и форми на активности кои можат да се јават во слободното време.

Првата група на активности според тој систем на класификација се однесува на одморот, на едноставен одмор во домот, на отворено или во природа. Под одмор се подразбира таква состојба физичка и ментална на која индивидуата слободно се предава за да го отргне заморот од секој вид кој се создал од извршувањето на обврските. Во таа состојба вниманието не е насочено ниту на еден одреден предмет. Од одморот на овој начин сватен секако треба да се разликува времето за сон, затоа

што тоа е поврзано со ритамот на физиолошката работа на организмот, и исто така претставува обврска, чија важност повеќе или помалку е определена со работата, физичката состојба, возраста и средината во која живее индивидуата.

Втората група ја сочинуваат активности чија цел е забава и разонода. Тоа и е потребно на индивидуата за некој вид на промени кои носат непосредно задоволство и компензација. Преку овие активности индивидуата се ослбодува од досада, замор, напнатост и освежена се враќа во времето кое е исполнето со обврски и целисходни дејности. Овде спаѓаат: 1. гастрономски задоволства и уживање во храна и пиење во домот или вон него; 2. забава како на пример: танци, состаноци, додворувања; 3. игри како што се: карти и клубски игри; 4. гледање на спортски натпревари или слушање и гледање пренос по пат на радио и ТВ; 5. шетање, шетање во град или одредени краеви од градот, во паркови; 6. излегување во природа, пешки, со точак, на коњ, на мотор, брод, итн.; 7. пливање; 8. лов и риболов од задовоство; 9.патувања од задоволство (викенди, празници, поединечни и групи логорувања и сл.); 10. музика како средство за забава; 11. филм, радио, телевизија, како средство за забава; 12. читање списанија, детски книги, романи, со цел разонода и 13. сите останати слични активности на забава и разонода.

Третата група која е најбројна ја сочинуваат активности кои помагаат за развој и афирмација на личноста, а во најтесна врска се активностите кои личноста ги остварува во "задолжителното" време. Обемот и разновидноста на овие видови на активности групирани се во четири подгупи: а. физички активности; б. творештво и уметност; в. информативни и образовни; и г. активности кои произлегуваат од учеството во општествениот живот.*

После ваквото распределување на активностите на слободното време во три основни групации на стручњаците во Gauting им

* Класификацијата е дадена според текстот на N.Potkonjak, Slobodno vrjeme aktuelan savremeni i drustveni problem, savremena skola br. 1/2, Beograd, 1958, стр.175-176 (во текстот за третата група е дадена попрецизна класификација на слободни активности распределени во подгрупи)

"преостанале" уште доста други активноти, а особено се колебале околу оние кои се така наречени "делумно слободни", каде да се прераспределат и воопшто дали можат да се опфатат со поимот активности на слободното време. Се мислело на: физичката работа која е делумно одмор, а делумно се врши поради заработка, дополнување на редовните приходи; воспитната работа на децата во семејството и вон семејството; полупрофесионално занимавање со спорт, социјална работа, глума и сл., за кои се примаат и награди; приватни занимања официјални посети и приеми; разни јавни должности од граѓански и јавен карактер и останати слични активности.

Иако рековме дека е ова најприфатлива поделба сепак спорни се следниве моменти: постојат уште низа активности кои овде не се споменати, кои се издеференцирале со развојот на информатичкото општество, некои од наведените активности тешко можат да се распределат само во една единствена група и воопшто тешко е одржливо строго разграничување на групите а посебно на подгрупите на активностите на слободното време.

Освен опишаните класификации што ги споменавме во овој дел од трудот, во светот постојат уште голем број на разновидни класификации на активностите на слободното време кои ги изработиле поединци или институции за истражувачки потреби од пошироко значење. Затоа сметаме дека своја оправданост може да најде и следнава наша опредлеба:

1. Активности за обновување на физичките и психичките способности на индивидуата;
2. Конзумирачки активности односно активности кои други ги изведуаат а индивидуата ги набљудува и е пасивен корисник - потрошувач; и
3. Активности за развиток на личноста кои се пред се организирани, а можат да се реализираат индивидуално, групно или колективно.

Во осмислувањето на целите кои треба да се остварат во воспитанието и обрзованието на младите мораме да ги имаме во предвид потребите на индивидуата за зголемвуањето на сопствените развојни потенцијали и нејзината определба таа да се вклучи во што побогати и пофлексибилни системи кои одговараат на динамиката на личниот активитет, а преку кои истовремено може да се оствари што понепосреден и потполн ангажман. Во сите развојни текови на младите активностите на слободното време можат да одиграат улога од непроценлива важност. Меѓутоа во многу средини сеуште е присутна дилемата околу вистинската вредност на овие активности. Не се ретки ни сваќањата дека тие активности треба да се организираат најмногу поради воочување и дополнување на образовните добра, односно поради што поцелосно подготвување за успешно обавување на професијата. Овие сваќања се надминати затоа што не ја одразуваат ниту концепцијата ниту потребите на младата генерација во користење на активностите во слободното време за сопствен и непречен развој. (M.Muradbegovic, 1977, стр.524)

Денес не постои дилема околу прашањето на воспитните можности на слободните активности. Тие претставуваат неизоставен дел од физичкото, интелектуалното, моралното, работно-техничкото и естетското воспитание.

Слободните активности може успешно да се користат за правилен, здравствен и физички развој на учениците, што претставува и основна задача на воспитанието. Активните телесни вежби, посебно спортот и спортските игри со цел рекреација или систематско тренирање треба да го најдат своето вистинско место во програмите на слободното време. Игрите на игралиште во природа, излети, логорувања, зимувања и бројни други содржини значајно помагаат во унапредувањето на здравата психофизичка состојба, физичката издржливост и физичката кондиција. Воедно се обогатуваат знаењата, се развиваат здравствено-

хигиенските навики, се одстрануваат негативните влијанија (уживање на алкохол, никотин, дрога и др.).

Овие активности стануваат уште повредни кога училиштето и семејството неможат да ги задоволат примарните потреби за движење и задржување на свеж воздух. Барањата стануваат многу посилни во последно време, затоа што во нашата средина се повеќе се присутни атрактивни и комерцијализирани спортски активности, со што се запосавуваат активностите на масовната физичка култура кои несмеат да се издвојат од содржината на слободното време во животот на децата но и на возрасните.

Активностите на слободното време од подрачјето на физичкото воспитание, можат според мислењето на некои автори, особено поволно да влијаат на процесот на акцелерација и рехабилитација во текот на развојот, ублажувајќи го своето делување од евентуалната дисхармонија во физичкиот развиток и појава на дискрепанца во личноста на младиот човек. (V.Jankovic, E.Breuse, J.Freud, K.Widmer)

Слободните активности можат да бидат извор на драгоцено дополнително образование и стекнување на нови сознанија од општите текови на културата или од научните дисциплини на природните и техничките науки. Пред училиштето постојано се наоѓаат се поголем број на образовни и воспитни задачи, а тоа се потешко може да ги исполни само преку наставната програма и училишната настава. Слободните активности даваат прекрасни можности да се продре во светот на науката, позитивното искуство да се пренесе во прkатиката и од него да има корист целото општество.

Активностите од подрачјето на работното и техничко воспитание посебно се блиски на современото дете и тоа со задоволство го исполнува своето слободно време со нив. Ученикот сака да фотографира или да снима со кино камера, сам да ги развива филмовите, сака да биде авиомоделар, бродомоделар, радио аматер, ракетар, да се занимава со електротехника, разновидна авто-мото техника, а сака и работа во

градина, одгледување на цвеќе, овошје, животни миленици итн. Со такви активности се развива смислата за работа, љубов спрема работата, одговорност, упорност, постапност, стекнување на самодоверба и сл. Ситните работи во домот како и такнаречените "хоби" занимања и "направи сам", освен задоволството ги усовршуваат техничките знаења и вештини, го развиваат творештвото и така во целина го подигнуваат нивото на нашата работна и техничка култура.

Активностите од областа на естетското воспитание се реализираат преку активно учество на децата во литературни, рецитаторски, драмски, балетски и други активности, како и преку организирана посета на кино, театар, изложби, радио и ТВ-емисии и сл.Преку ваквиот начин на работа се развива смислата за воочување, доживување, оценување и остварување на естетските вредности.

Моралното воспитание и педгошкиот потенцијал кој со себе го носи во слободните активности ќе дојде до полн израз, затоа што сите дејности мора да се одвиваат во склад со основните барања на етиката. Овие активности се насочени пред се кон обликување на позитивните црти на карактерот на личноста. Во спротивно активностите на слободното време можат да станат извор на најразлични социјални и културни девијации, безсодржајност, одговорност и етичка дезориентација.

Сите горенаведени и други воспитно-образовни вредности можат успешно да се развиваат во слободното време на учениците. Младата личност треба да ја насочиме и да и организираме такви форми на користење на слободното време преку кои ќе може да се развива, да стекнува нови знаења и вештини, да го богати својот емоционален живот, да ги развива општествените односи, да ја развива својата самостојност, а притоа да биде потполно слободна во одлучувањето и бирањето на своите активности во слободното време

Во текстот се обидовме да ги евидентираме можните активности во слободното време, нивно групирање и класификација според

определени системи кои се од посебна важност и за теоријата и за практиката.

Ако сакаме да постигнеме определено ниво на организираност и ефикасност на слободните активности, ќе мораме посериозно да пристапиме кон вреднување на слободните активности, за да обезбедиме повратна информација и што уште треба да направиме за да го подобриме квалитетот во постигнувањето на целите и задачите на слободните активности.Гледано од денешна перспектива во нашата педагошка практика недостасува вреднувањето на подрачјето на слободните активности, а тоа претставува серизна пречка за надминување на недостатоците во оваа воспитно образовна работа.

Слободните активности во иднина треба постојано да ги обогатуваме со нови содржини, програми и форми на современо комуницирање за да прераснат во "функционално училиште на живеење" преку кое ќе може релно да се остваруваат концепциите на хуманизмот.

## 11. РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ако сакаме проблемот на слободното време да го проучиме во целина, тогаш неопходно е да го проследиме и развојот на концепцијата на слободното време во нашата педгошка теорија и практика. Теориските и практичните решенија во градењето на концепцијата на слободното време на учениците ќе ја проследиме како интегрален дел од развојот на концепцијата на целокупниот систем на воспитание и образование.

Во развојот на концепцијата на воспитанието и образованието во Република Македонија некои автори издеференцирале четири глобални етапи: првата го опфаќа периодот од ослободувањето од 1944/45 година до 1958 година, кога е извршена првата школска реформа и се одвива во време на револуциониерен етатизам и премин кон општествено уредување; втората го опфаќа периодот од 1958 година до 1974 година и се одвива во услови на премин од општествено уредување кон социјалистичко самоуправување; третата етапа е од 1974 год., па се до распаѓањето на СФЈР до 1990 год. и се одвива во услови на социјалистичка, самоуправна преобразба на воспитанието и образованието; и четвртата етапа го опфаќа периодот од осамостојвуањето на Р.Македонија од 1991 год. и трае се до денес и се одвива во услови на општествена транзиција и демократски промени. (N.Potkonjak,1980,стр.42; Љ.Копровски,1998,стр.237; К.Камберски,1994, стр.43)

Разгледуваејќи ги глобалните развојни етапи во системот на воспитание и образование, неминовно се наметнува прашањето дали постојат потесни етапи во кои се вршеле битни разлики во поставеноста на концепцијата на слободното време, или пак се работи за различни нијанси во процесот на неговото реализирање. Анализата на досегашните нормативни и програмски документи карактеристични за предучилишното, основното и средното образование покажуваат дека

оваа воспитно-образовна дејност во основа ги следи сите глобални промени на воспитно образовниот систем и претставува составен и интегрален дел од целокупната воспитно-образовна работа на поединечните степени на воспитание и образовние. Се разбира дека се забележуваат и некои разлики кои пред се се однесуваат на примената на разновидни начини и пристапи за осовременување и поефикасно реализирање на активностите на слободното време. Исто така постојат и битни разлики во значењето кое педагошката теорија и практика му го придавале на слободното време во различните периоди од разитокот на општеството,особено кога педагошката теорија укажувала на потребата од вградување на димензијата слободно време во целта на воспитанието.

Барањето за конструктивно и културно користење на слободното време претставува едно од најзначајните општествени и педагошки барања. Стекнувањето на знаењата, ширењето на сознанијата, богатењето на емотивниот живот, развивањето на психофизичките сили и способности, формирањето на умеењата и навиките, потикнување на самостојност и општественост, односно физичко, интелектуално, естетско, морално и работно формирање на личноста се барања карактеристични за претходниот но и за денешниот демократски развиток на нашето општество. Градењето на демократски односи претставува сестрано образование, култура и определни морални квалитети, а можат успешно да се развиваат и преку воспитанието во слободното време. Набљудувајќи го слободното време од аспект на педгогијата како општествено условена појава и интегрален дел од вкупното човеково време, неговата содржина треба да биде целисходна, вредносно обоена и слободно избрана. Периодот на транзиција кој го зафати нашето општество го донесе и таканаречениот животен материјализам. Материјалните вредности се повеќе ги потиснуваат етичките, естетските, културните, педагошките. Се шири и ултилатеристичкото и хедонистичко сваќање на животот. Слабее одговорноста на сите фактори повикани за воспитание на децата и

младите. И токму поради овие и низа други причини се поставува барањето за остварување на целта и задачите на педагогијата на слободното време.

Прашањата врзани со воспитанието во слободното време во текот на развојот на целокупниот воспитно-образовен систем се актуелизирале и се вградувале во нормативно-правните документи.

Затоа, еден од начините преку кој ќе го проследиме развојот на концепцијата на слободното време во нашиот воспитано образовен систем е анализа на законски и други нормативни документи, наставни планови и програми, државни и партиски резолуции,извештаи, информации и др. Овие извори ќе ни овозможат да дојдеме до релевантни сознанија за промените и градењето на концепцијата на слободното време во нашиот воспито-образовен систем.

### *11.1. Развој на концепцијата на слободното време во предучилишното воспитание и образование*

Градењето на културата за правилна организација на слободното време од педагошки аспект го поставува барањето за организирано воспитно делување уште во раниот предучилишен перид кај секоја индивидуа. Предучилишното воспитание и образование претставува темел за развитокот на личноста, чија организациска и дидактичко методичка поставеност ќе зависи колку индивидуата ќе биде во можност во понатмошниот живот успешно да го насочи и организира своето слободно време.

За развитокот на концепцијата на слободното време на степенот на предучилишното воспитание и образование карактеристично е што овој сегмент од системот на воспитението и образованието до 1970 год. поминува низ период во кој се бори за своето место и третман во воспитно-образовниот систем.

По ослободувањето во 1945 година се создаваат услови за конституирање на системот на предучилишното воспитание и образование. “Долго време по ослободувањето статусот на предучилишните установи не бил одреден. Главниот спор се водел околу тоа дали се тоа установи со приоритетна социјална или педагошка функција. Детските градинки, на пр., низа години биле третирани како социјални установи за заштита и згрижување на децата чии родител се вработени. Воопшто во овој период постои двојство во одредувањето на статусот на предучилишните установи, што на своевиден начин се одразува и врз нивниот развиток”. (К. Камберски, 1994, стр.132)

Покрај детските градинки во овој период постоеле и детски забавишта чија основна задача била социјализација на децата и нивна подготовка за на училиште.

Постоењето на детски градинки и забавишта создава двојство во третманот на предучилишното воспитание и “се задржува се до крајот на шеесетите години, иако од јануари 1947 година па се до 1981 година предучилишните установи биле под компетенција на Министерството за народна просвета односно образование”. (Група автори во редакција на К.Камберски, 2000 год, стр.11-12)

Оваа општа состојба по однос на предучилишното воспитание карактеристична е по тоа што поголем акцент се ставало на социјалната функција, со што се занемарувала воспитно-образовната. Еднствено во рамките на забавиштата се посветувало внимание на воспитно-образовната работа.

Во Напатствијата од 1945 год. за организација и работа на забавиштата се изработила програма која ја “сочинувале подрачја на физичко воспитание, игри, цртање, моделирање и работа со други материјали, запознавање со природата, музичко воспитание, развивање на говорот, развивање на основните математички претстави”. (К.Камберски, 1994 год., стр.133)

Почетоците на развитотокот на концепцијата на слободното време ја гледаме токму во воспитната програма на забавиштата каде што преку подрачјето на играта, цртање, моделирање и работа со други материјали, се препознаваат основите на кои подоцна се гради концепцијата на слободното време. Во суштина играта и творештвото ги претставуваат основните форми на автономно човечко делување и се во директна функција на слободното време.

Со Законот за установите за предучилишно воспитание од 1959 година, за предучилишни установи се сметаат детските градинки, забавиштата и детските игралишта. Покрај ова дадена е и можност да се организираат и други форми за предучилишно воспитание меѓу кои: соби за игра и разонода, слободни простории за играње на децата, библиотеки со сликовници, детски летувалишта и сл. (К.Камберски, 1994, стр.133,134)

Со овој законски акт се прави чекор напред со што е дадена можност за организрање на други форми на предучилишно воспитание со што се создаваат и услови децата слободно да бираат, играат и да се разонодуваат спонтано развивајќи ги особините, способностите и знењата.

Од предвидените задачи како посебно знчајани за слободното време ги издвоивме следниве: "да организираат за децата културна забава, игра и заеднички живот и со тоа да создаваат основи за натамошно правилно физичко, умствено и естетско воспитание; и да ги потикнуваат и помагаат во средината во која делуваат другите форми за собирање и воспитување на децата и да соработуваат со општествените организации што се грижат за воспитанието на децата". (К.Камберски, 1994, стр.134)

Во првата задача акцентирањето на културната забава, играта и заедничкиот живот како основни организациски форми за работа во предучилишното воспитание, нивно поврзување со физичкото, интелектуалното и естетското воспитание е значајна придобивка преку

која не само што се подигнува нивото на воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание, туку се согледува дека и слободните форми на работа можат успешно да влијаат во развитокот на личноста, функција која и од аспект на педгогијата на слободното време е приоритетна. Другата задача која ја издвоивме го актуелизира прашањето на тежиштето на воспитните влијанија кои се прошируваат во општествената средина преку разновидни форми за собирање и воспитание на децата како и соработката на општествените организации кои во тој период веќе организирале активности со децата во нивното слободно време.

Законското регулирање на предучилишните установи отвори позитивни процеси за натамошно ширење на нивната мрежа, а со самото тоа се создаваат и можности за постепено надминувања на нееднаквите услови за развој за воспитание и обрзование на децата како последица на социјалните разлики меѓу семејствата и луѓето.

Значајни промени предучилишното воспитание и образование во Република Македонија доживува во седумдесетите години. Во 1974 година е донесен Законот за воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, со кој и формално предучилишното воспитание и образование станува составен дел на глобалниот систем на воспитанието и образованието. (К.Камберски, 1994, стр.134)

Врз основа на овој закон, како и под влијание на современите педагошко-психолошки сознанија во Македонија се појавува за прв пат програма за воспитно образовната работа со предучилишните деца.

Во оваа програма за прв пат кај нас програмски се регулираат сите позначајни прашања што се однесуваат на воспитанието, образованието и згрижувањето на децата, а со неа се унифицираат и програмските активности за децата од големата и забавишната воспитно-образовна група. Во оваа програма дефинирана е целта и задачите на предучилишното воспитание кое гласи: "Целта на предучилишното воспитание е во границите на општествените можности да пружи на

најмладата генерација здраво и ведро детство во склад со општествените воспитни цели и законитости на психофизичкиот развој да се придонесе за неговото правилно физичко, интелектуално, морално и естетско воспитание". (Програма за воспитно-образовна и згрижувачка дејност во предучилишните установи во СРМ, 1976, стр.2)

Програмскиот документ од овој период нуди нов приод и укажува на повеќе развојни –педагошки и воспитно-образовни проблеми значајни за развитокот на личноста. Играта како основна активност за децата од предучилишна возраст гледано од аспект на воспитание за слободното време има исклучително значение. Овие програмски документи нудат игри според карактеристиките на развојот на децата на определна возраст. Карактеристиките на развојот на децата од 5-7 годишна возраст (збогатено искуство и знаење) дава можност да се играат игри со побогати содржини како на пр. творечки игри, игри на драматизација, градежни игри, подвижни игри и др. преку кои детето се воведува во светот на работата, учењето, но и на слободното време.

Во 1982 година од стрна на Репубичкиот завод за унапредување на образованието се донесува нова Програма за воспитно-образовната дејност за предучилишното воспитание, која е сеуште актуелна и е официјален документ за овој сегмент од системот на воспитанието и образованието.

Според овој документ "целта на предучилишното воспитание и образование е во сообразност со педагошко психолошките сознанија и општествените можности на најмладата генерација да и обезбеди услови за здраво и среќно детство, за оптимален физички, интелектуален, емоционален, социјален и морален развој и за нејзиното натамошно успешно воспитание и образование". (Програма за воспитно образовната дејност на предучилишното воспитение и образование, 1982, стр.6)

Ако јаземеме во предвид потребата за континуирано и единствено воспитно влијание во градењето на културата на користење на слободното време, тогаш вака формулираната цел на предучилишното

воспитание има добра основа елементите врз кои се базира концепцијата на слободното време на специфичен начин да се вградуваат на одделните степени од развојот на децата од предучилишниот период.

Од задачите кои ги реализира предучилишното воспитание и образование како посебни задачи кои се во функција на слободното време ги издвоивме:

- да создава услови да се задоволат потребите на детето за игра и заеднички активности, движење со врсниците и возрасните;
- да овозможува детето да се чувствува задоволно, среќно и спонтано да ги изразува своите чувства кон светот што го опкружува. (Програма за воспитно образовната дејност на предучилишното воспитание и образование, 1982, стр.6)

Овие задачи кои го зафаќаат и доменот на воспитанието во слободното време ни укажуваат и за некои карактеристики на концепцијата на слободното време во овој период. Имено, доволно јасно се забележува дека играта добива поголемо значење и таа е поставена на повисоко ниво како моќно воспитно средство кое дава можности воспитувачот на понепосреден начин да го запознае детето и врз таа основа да ја насочува игровната активност и смислено да ја користи за разни воспитни влијанија врз развитокот на личноста.

Програмската поставеност во реализацијата на целите и задачите на предучилишното воспитание и образование во овој период гледано од аспект на елементите значајни за концепцијата на слободното време создава услови и за развој на интереси и потреби на децата и тоа преку систематска и континуирана воспитно образовна дејност.

Значајно за овој период е и тоа што во предучилишните организации воспитно-обрзовните задачи и содржини се реализираат преку три основни форми: слободни активности, насочени активности и животни активности.

Слободните активности се форма која е во диркетна функција на воспитанието за слободно време. Како форма на посредно воспитно

влијание, насочување и следење треба да овозможи слободна игра, изразување, творештво, здружување со други деца во заеднички активности и да ги развива способностите и можностите на секоја индивидуа.

Од анализата на системот на предучилишното воспитание и образование по однос на развојот на концепцијата, констатиравме дека концепцијата на слободното време поминува низ еден развоен период со многу противречности, почнувајќи од самиот почеток кога се потенцира социјалната функција на предучилишното воспитание наспроти образовната, преку вториот период кога се нуди нов приод и се даваат повеќе развојни, педагошки и воспитно-образовни програми значајни и од апсект на развитокот на личноста но и од аспект на воведување на децата во светот на слободното време. Дури во третиот период се среќаваме со значајни елементи кои се во директна функција на слободното време, а тоа се слободните активности.

Како општ заклучок можеме да кажеме дека на овој степен од воспитно-образовниот систем може да се зборува за постоење на концепција со карактеристични елементи кои се во функција на слободното време. Карактеристиките се однесуваат по однос на тоа што на определени етапи од развитокот на предучилишното воспитание и образование се забележува поголемо или помало нагласување на некои елементи или форми кои се во директна функција на слободното време. Последните програмски документи од 1982 година поставуваат поразработени форми, содржини и активности кои можат да бидат добра основа за градење на посовремена концепција на слободно време. Овие програмски документи подетално ќе ги разгледаме во делот за реализација на концепцијата на слободното време во практиката.

### *11.2. Развој на концепцијата на слободното време во основното воспитание и образование*

На степенот на основното воспитание и образование некои елементи на развојот на концепцијата на слободното време, доаѓаат до израз во годините по ослободувањето во работата на Пионерската организација, која во овој период се третира како организиран фактор со свесно и идејно влијание. Нејзината улога често се ставала пред улогата на семејството, паралелно со улогата на училиштето, па дури и пред него, гледајќи на училиштето како носител на образовната функција, а пионерската оранизација како носител на уште позначајната воспитна функција.

Педагошката вредност на делувањето на Пионерската организација во овој период е повеќестепено, а посебно затоа што токму основањето и појавата на Пионерската организација и нејзината работа претставува зачеток и исходишна точка за подоцнежниот развој и за развојот на концепцијата на слободното време на учениците во педгошката теорија и практика.

Годините по ослободувањето се карактеризираат со крупни случувања на сите подрачја од општествениот живот на земјата. Во тој склоп се истакнуваат и пошироки задачи на планот на воспитанието и образвнието на младата генерација, а одржан е и посебен Пленум на ЦК КПЈ посветен на разгледувањето на улогата и задачите на училиштето во борба за социјализам во земјата.

Овој Пленум е од посебен интерес за проблемот кој ние го разгледуваме. Во тој период официјално се употребува изразот "вонучилишно воспитание". Во резолуцијата од III Пленум се објаснува неговата улога и значење. "Значењето на вонучилишното воспитание е дупло: тоа дава елементи на воспитание, кое училиштето воопшто, а посебно сега неможе да ги даде во полна мерка (на пр. спорт, забава, колективност, сестрано развивање, индивидуални особини, склоности и

етички вредности), а вонучилишното воспитание исто така непосредно ги поврзува со општествената стварност, политичката активност и воопшто проблемите на нашата земја". (Брошура од резолуцијата на Пленумот II дел, 1950, стр.48)

Во 1951 година излегува од печат "Opca pedagogija" прв учебник напишан од домашни автори, во редакција на Stjepan Pataki. Значајно е дека тој содржи посебно поглавје под наслов "Vanrazredni i vnaskolski rad u osnovnoj skoli", а исто така и посебно поглавје "Pionerska organizacija". Овие термини вонваставни и вонучилишни биле превземени од советската педагогија и преилагодени на наши состојби и потреби. Гледано од аспект на денешните сознанија овие поими се застарени. Меѓутоа во нив можеме да најдеме значајни елементи и асоцијации за понатамошното градење на концепцијата на слободното време. Еве еден од тие текстови: "Вонучилишната работа ја сочинуваат сите трудови и активности на ученикот во училишниот живот, кои се вршат под раководство на управата на училиштето и наставникот, со цел воспитание и образование на учениците вон распоредот на наставните саати и со програмата предвидените форми на работа за поедини наставни предмети". (Opca pedagogija, редакција S.Pataki, 1951, стр.379)

Зборувајќи за педагошкото значење на детските организации, Danica Nola во "Opca pedagogija" вели "Дететото некое одредено време е врзано за училиштето, потоа со учењето и малите работи во родителскиот дом, а останатото време е слободно. Тоа слободно време треба да е осмислено и оранизирано да се користи, за да се оствари воспитната цел и задачите на вонучилишното воспитание. (Opca pedagogija, редакција S.Pataki, 1951, стр.400)

Во наредните години видлив е порастот на практичните активности во вонучилишното воспитаниети, се јавува богатство на форми и содржини на непосредна рабоа со пионерите, додека стручните и теориските разработки по однос на ова прашање се ретки. Оваа карактеристика ќе биде актуелна се до крајот на шеесетите години.

Годините карактеристични за школската реформа носат и промени по однос на терминот и поимот вонучилишно воспитание, тој полека се губи и се повеќе иако не со иста содржина  се употребува поимот “слободна активност на учениците”.

Меѓутоа терминот вонучилишно воспитание останал популарен во педагошките кругови и пошироката јавност. Дури и денес овој термин официјално се употребува од некои педагози.

Во понатамошниот период основното воспитание и образование во нашата Република, како и во целата земја, во овој период се развива врз реформската култура од 1958 година, според која основното осумгодишно училиште станува единствена воспитно образовна институција за основно воспитание и обрзование со што е ставен крај на дополнителната институционална разноликост.

Во понатамошниот приказ ќе се ограничиме само на една од новите форми и функции на основното училиште – слободните активности, затоа што тие се суштински врзани со сите процеси кои дотогаш се случувале и кои денес се случуваат во областа на слободното време на учениците.

Законот од 1959 година го дава следново толкување во врска со слободните активнсти кое гласи:”Слободните активности се поминуваат во ученичките и другите видови на здружувања на учениците, организирани врз принципите на самоуправа”, понатаму се вели: целта на слободните активности е: а) да овозможи учество на учениците во производната и остатаната општествено корисна рабоа; б) да помогне во проширувањето и продлабочувањето на стекнатите знаења навики и вештини, спојување на теоријата и практиката и така да придонесува за развивање на културата кај ученикот, а посебно се мисли на соработката и организацијата; ц) да ги навикнува учениците на колективен живот и општествено управување и така да придонесува за развивање и ускладување на личните и општествените интереси; д) да пружа можност да се задоволат посебните позитивни интереси и склоности на

учениците, потребите за нивно творечко активно делување и истовремено да се овозможи успешно школско и професионално насочување". (E.Paravina, I колоквиј, 1969, стр.22)

Наставните планови и програми од 1959-1960 год. за основните училишта кои се изработени врз основа на одредбите од Општиот закон за школство определуваат дека во училишната работа, покрај наставата постојат и други воспитни средства и можности, посебни облици на воспитни активности што заедно со наставата придонесуваат за остварување на воспитно-образовните задачи на основното училиште. Во таа смисла како исклучително значјани активности се: "слободните и другите активности кои на посебен начин се поврзуваат со наставата и ги прошируваат рамките на воспитно-образовното делување на училиштето". (Наставни планови и програми за основното училиште во НРМ, 1960, стр.15)

Значи во новите концепциски документи на реформираното основно училште во наставните планови покрај наставата своето место треба да го најдат и слободните ученички активности и тоа според конкретните услови и можности на секое одделно училиште. Училишниот работен ден во принцип се состоел од педагошки и психолошки оправдана измена на наствата, слободните активности и другите видови на активности.

Горе споменатите определби на своевиден начин ја детерминираат концепцијата на слободното време во основното образование откривајќи на тој начин некои значајни карактеристики за овој период.

Прво евидентно е дека слободните активности се конституирале врз основа на работата на Пионерската организација;

Второ во тој период му помагале на училиштето да се претвори од интелктуалистичка во воспитна институција;

Трето слободните активности се најпогодна форма и можност за организирање на разонода, игра и забава на учениците и тоа преку поврзување на училиштето со општествената средина;

Четврто, слободните активности на учениците организирано и плански соработуваат со детските општествени организации и други општествени организации на возрасните вон наставата вклучувајќи го нивното слободно време.

Сепак, практичната реализација на слободните активности кои требале да бидат во функција на исполнување на слободното време на учениците биле само формално слободни и доброволни, а во суштина спротивно, имале образовен карактер (биле дополнување на наставата), а работата со пионерите во слободното време бидејќи не била законски задолжителна се сведувала на сопствена проценка и желба на наставникот.

Извршената оценка во овој период по однос на некои проблеми во реализацијата на слободните активности укажуваат и на тоа дека слободните активности според бројот и формите, често не се сообразени со објективните услови и можности на училиштето. Некои училишта во слободните активности и јавните културно-просветни и спортски манифестации почнаа да ги гледаат дури основните интенции на реформата. Оваа ориентација се одразувала и врз наставата која се смета како основна и најважна воспитно образовна дејност на училиштето. Слободните активности наместо да придонесат за збогатување и оживување на наставата како и поефикасно поврзување на училиштето со општествената средина, ја нарушуваат единственоста на дејствувањето на сите воспитно-образовни подрачја. (Наставен план и програм за основните училишта во СРМ, 1966, стр.4)

Тргнувајќи од некои недостатоци по однос на некои прашања во реализацијата на концепцијата на основното воспитание и образование во 1966 година извршена е ревизија на наставните планови и програми од 1959 година.

Концепцијата на слободното време во оваа етапа е детерминирана од општата воспитна цел во која е определена важноста на сите воспитни подрачја во развитокот на личноста. Оттука се забележува и

поголема издифиренцираност на видовите слободни активности кои ги покриваат воспитните подрачја на: интелектуалното, физичкото, естетското и работно-техничкото.

Во таа смисла се истакнува: “Слободните ученички активности што ги орнганизира училиштето се: за здобивање нови знаење, технички активности, филскутурни и спортски активности, културно-уметнички и културно-забавни активности и работно-производни активноти. Овие активности се организираат согласно со развиеноста условите и можостите на училиштето”. (Наставен план и програм за основните училишта во СРМ, 1966, стр.18)

Слободните активности кои се јавуваат како посебни воспитни подрачја ги имаат следниве задачи: “поврзување на училиштето со општествената средина; задоволување на индивидуалните интереси на учениците; проширување, продлабочување и примена на здобиените знаење; придонес за општественото воспитување и негување, смисла за самоуправување; збогатување на културно забавниот живот на учениците организирано и целисходно користење на слободното време и сл.” (Наставен план и програм за основните училишта во СРМ, 1966, стр.19)

Сознанието дека слободните активности ги остваруваат своите задачи на сите воспитни подрачја, создавајќи услови за организирано и културно користење на слободното време ни дава за право да констатираме дека не постјат дилеми околу значењето и функцијата на слободното време во развитокот на личноста, па оттука произлегува и се позначајното место на слободните активности во реформираното основно училиште.

Општите тенденции во пристапот кон менување на концепцијата на основното воспитнаие и образование, каде што првенствено се настојувало да се намали оптовареноста на учениците преку ново структурирање на наставниот материјал, се одразува и на полето на слободните активности. Така, “во текот на учебната година ученикот

може да биде вклучен најмногу во две форми на слободни активности. Временската оптовареност на ученикот за работа во слободните активности треба да биде следнава: за учениците од прво до четврто одделение еден час седмично, за учениците од петто до осмо одделение два до три часа седмично". (Наставен план и програм за основните училишта во СРМ, 1966, стр.19)

Интересно е и тоа што додатната настава која се организира за ученици кои побрзо напредуваат во вид на слободни форми за здобивања на знаење, временски се решава во согласност со определеното време со работа во слободните ученички активности.

Слободните активности на учениците се организираат во вид на ученички организации, со свои самостојни раководства, избрани од самите ученици и имаат утврдени годишни програми за работа и определено време за реализирање на програмите. Учениците самостојно и со помош на наставникот, а согласо со своите интереси се определуваат во кој вид од постојните активности ќе се вклучат.

Во оваа етапа од развојот на концепцијата на слободното време големо влијание се посветува на принципите при организирање на секоја форма на слободните активности и тоа на: слободно определување на учениците според способностите и интересите и самоуправноста во организирањето и реализирањето на планираната работа.

Карактеристично е и тоа што се јавуваат бројни форми на слободни активности со пофлексибилен опфат на учениците а евидентно е и проширувањето на содржината на определни форми на слободни активности. Ваквото проширување на содржините од слободните активности за: здобивање на знаења, техничките, фискултурните и спортските, културно-уметничките и културно-забавните, ученичките организации и работно-производните активности, претсавува предуслов, извор и поттик за правилен развиток на личноста за нејзино правилно насочување и културно користење на слободното време.

Нови измени направени се со донесувањето на Општата програмска структура со наставен план и програма од 1973 година со што започнуваат и промените насочени во правец основното училиште да се доближи до потребите на современиот живот.

Интензивниот развиток на општеството, науката, техниката и културата на современите услови понагласено ја афирмира потребата воспитанието и образованието да се сообразуваат да и служат на личноста и општеството во современата епоха. Развитокот на младите, нивните потреби и очекувања и белезите на современиот живот прават тие да се чувствуваат послободни, далку подобро информирани, поподвижни со разновидни афинитети и желби. Сето ова фрла нова светлина врз целта на воспитанието која во овој перод е детерминирана токму од карактерот на општеството и од потребите за негово перманентно развивање.

Промената во концепцијата на слободното време во овој период е детерминирана од влијанието на општата воспитна цел која го поставува барањето за "многустана, слободна и хумана личност, способна да ги остварува своите функци во сложените услови на живот и работа". (Основно училиште – Општа програмска структура со Наставен план и програм, 1973, стр.5)

Врз основа на вака формулираната цел од аспект на концепцијата на слободното време се истакнува дека "со воспитувањето младата генерација се оспособува за содржаен и богат личен живот во слободното време". Оттука се конкретизираат следните задачи:

- поаѓајќи од сопствените интереси и склоности, младиот човек се оспособува за активно учество за разновидни културно-уметнички, спортски, работно-технички и др. културно-забавни и рекреативни дејности;

- учеството на младиот човек во културно-уметничкиот и забавниот живот во своето слободно време претпоставува пред се оспособување за воочување доживување, вреднување и создавање на разновидни творби

кои претставуваат осведочени и општествено – признати вредности. (Основно училиште – Општа програмска структура со Наставен план и програм, 1973, стр.6)

Општата воспитна цел која е насочена кон сестрано развиена личност и задачите кои од неа произлегуваат се индикатори кои ја покажуваат насоката на слободното време личноста да се оспособи за активно и културно користење на слободното време. Поради тоа слободните ученички активности и активностите што се одвиваат во рамките на ученичките организации и во овие програмски документи претставуваат посебно воспитно подрачје во програмската структура на основното училиште.

Во анализата на општата програмска структура со наставен план за основното училиште од 1973 година, евидентен е посериозен пристап во определувањето на задачите на слободните активности кои се фокусираат врз проширувањето и продлабочувањето на знаењата, развивањето на креативноста, почитување на индивидуалните желби и интереси, позитивен однос кон трудот, оспособување за самоуправно дејствување и посестрано реализирање на општествената функција на училиштето.

Се забележува дека во овој период во градењето на концепцијата на слободното време посебно се акцентираат специфичностите и карактеристиките на одделни видови на слободни ученички активности.

Ваквиот пристап во градењето на концепцијата на слободното време произлегува од сознанието на педагошката наука според која воспитанието во слободното време не е од формална природа, туку длабоко продира во суштината на воспитната работа. Воспитанието во слободното време има такви воспитно-образовни можности кои тешко можат да се најдат во традиционалниот наставен процес. Од посебно значење е за развитокот на човековите способности и интереси за творечка работа, за способности и интереси за учество во општествениот живот и неговиот демократски развој, можност за

запознавање со современите достигнувања во техниката, науката, уметноста и целокупната општествена активност на луѓето, поврзување и продлабочување на занењата, умеењата и навиките кои настанале и се развиле во текот на воспитанието и интересите, навиките за општествено морален и културно забавен живот во слободното време.

Овие програмски документи носат новина и по однос на планирањето и програмирањето на слободните ученички активности. За разлика од наставата по предмети каде што планирањето е точно определено со седмичен фонд на часови, настава по курсеви и годишен фонд на часови – за слободните ученички активности времето што училиштето треба да го оддели е предвидено во вид на процент што се пресметува врз база на вкупната квалитативна определеност на работата на основното училиште. Овој процент изнесувал 11%.

При планирањето и програмирањето на работата на слободните ученички активности, како и при непосредното реализирање на нивните задачи, училиштето соработува и со разни општествени организации како што се: друштвта за грижи и воспитување на децата и нивните совети, советите за народна техника, специјализираните организации за техничко воспитување, пионерските домови, единиците на ЈНА, младинската оранизација и другите општествено политички фактори што можат да помогнат за поуспешна и посодржајна работа на слободните ученички активности. (Основно училиште-општа програмска структура со наставен план и програм, 1973, стр.469)

Соработката на училиштето со разновидни општествени организации во реализацијата на слободните активности ја покажува тенденцијата за градење на сеопфатна модерна и ефикасна концепција на слободното време.

Покрај организациите во кои се обединети разновидните форми на слободните ученички активности, во основото училиште постојат и ученички општествени организации: Сојузот на пионерите, Извидничката организација и Подмладокот на Црвениот крст.

Бидејќи задачите на овие организации се блиски со задачите на слободните активности, самоуправните и стручните органи во училиштето во овој период ја помагаат работата на овие организации и настојуваат тие да ги реализираат своите обврски и на определен начин да придонесат во реализацијата на концептот на слободното време.

Во 1982 година се донесуваат нови наставни планови и програми за воспитно-бразовната дејност во основното училиште. Карактеристично за овој период е тоа што слободните активности се дел од активностите и содржините на општествените и општествено политичките организации на учениците во училиштето како составен дел на целокупната воспитно-образовна дејност.

Целта на општествено-политичките и општествените организации преку нивното организирано живеење и активно работење низ слободните активности во основното училиште е во функција на општите цели на воспитанието и образованието и придонесува за формирање на општествено ангажирана, идејно марксистичка и самоуправно определена, социјалистичка, хумана, креативна, работна и солидарна личност, активен учесник во изградбата на самоуправна социјалистичка Југославија, способна низ оранизирање на разновидни форми да го осмислува слободното време и да доживува радост и среќа. (Наставен план и програм за воспитно-образовната дејност на основното образование, 1982, стр.41)

Од вакавата формулација на општествено-политичките и општествените организации низ слободните активности во основното училиште јасно се гледа дека концепцијата на слободното време добива нови атрибути во услови на социјалистичка самоуправна преобразба на воспитанието и образованието.

Меѓутоа сепак не би можеле да кажеме дека во Општата програмска структура од 1982 година има значајни суштински квалитативни и квантитативни промени во концепцијата на слободното време за разлика од предходниот документ. Новите димензии се

однесуваат само на терминолошката употреба на вонnаставната воспитно-образовна дејност во која се опфатени и општествените и општествено политичките организации на учениците и нивните слободни активности.

Структурирањето на општествените, општествено политичките организации и слободните активности во едно подрачје на делување во овој период имало големо педагошко и воспитно значење, затоа што слободните активности стануваат составен дел и содржина на работата на организациите низ кои тие ја изразувале својата активност.

Давајќи им вакво место, улога и содржина на ученичките организации и слободните активности, во училиштето се создале поголеми можности ученикот во својство на пионер и младинец да ја афирмира својата личност, да се јавува како субјект на воспитно-образовната дејност и на тој начин многу побрзо и низ конкретна општествена ангажираност да се оспособува за превземање на работните задачи и самоуправите функции во општеството.

Нов момент во работата на слободните активности како дел од содржината и активностите на општествените и општествено политичките оранизации на учениците во училиштето е тоа што се поделени на две фази. Првата фаза ги зафаќа оние активности што се наменети за пионерите од помладата училишна возраст од прво до четврто одделение. Втората фаза ги определува активностите за пионерите од постарата училишна возраст и младинците од основното училиште од пето до осмо одделение. И во двете фази дадени се повеќе секции и во нив содржини кои треба да бидат предмет на слободните активности и тоа од ориентационен карактер.

Работата на слободните активности во овој период е фундирана врз основа на повеќе принципи кои се во функција на почитување на интересите и желбите на учениците. Меѓу нив доминантно место има принципот на слободно определување, принципот на задоволување на личните желби и интереси, принципот на почитување на личноста на

пионерот и младинецот, принципот на колективна работа и принципот на научно-заснована и општествено-воспитна валоризираност на работата.

Сепак програмата за работа на слободните активности во овој период е ориентациона и дава можност за поеластично организирање на одделни видови на слободни активности, гледано од аспект на учениците (почитување на желбите и интересите) но и од аспект на организациските решенија кои можеле да бидат прифатени во конкретни услови и подрачја.

Со донесувањето на актуелниот Закон за основно образование во 1995 година се создадоа услови за изработка на нов програмски документ за содржината и организцијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште насловен "Основно образование-содржини и организација на воспитно образовната дејност" кој започна да се применува од учебната 1996/97 година. Со донесувањето на овој документ започнува една нова етапа од развојот на концепцијата на слободното време.

Според програмските основи структурата на воспитно образовната дејност во основното училиште ја сочинуваат: "настава по задолжителни, изборни и факултативни предмети, дополнителна и додатна настава, воннаставни ученички активности, грижа за здавјето на учениците, соработка со локалната средина, следење, оценување и унапредување на образовната и воспитната работа, планирање на образовната и воспитната работа во основното училиште и педагошко усовршување на наставниот кадар". (Основно образование-содржини и оргаизација на воспитно образовната дејност, 1996, стр.17)

Слободните ученички активности во акутелниот програмски документ имаат статус на вон наставни активности преку кои се создаваат претпоставки за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. За таа цел, зависно од

развиеноста на училиштето, се организираат повеќе видови активности, меѓу кои: слободни активности за проширување на знаењата на учениците по одделни наставни предмети, културно уметнички, работно-производни; слободни-технички и слободни-спортски активности. Во рамките на секој вид слободни активности се организират поголем број разновидни секции и други интересни групи. Одделни секции и групи се обединуваат во поголеми ученички асоцијации-друштва, клубови, задруги и сл., а дел од нив се поврзуваат и со соодветни асоцијации во локалната средина (Планинарско друштво, Еколошко друштво,Црвен крст итн.).Во работата на слободните активности, учениците се вклучуваат доброволно според своите желби и интереси. (Група автори во редакција на К.Камберски, 2000 год, стр.73)

Последниот документ значаен за реализацијата на концепцијата на слободното време е "Основи за програмирање на вон наставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници" од 1999 година кој содржи рамковни програми за слободните ученички активности, а ние поопстојно ќе се задржиме на нив во наредниот дел од трудот.

Досегашното искуство по однос на развојот на концепцијата на слободното време во основното воспитание и образование покажува дека на слободните активности им се придавало значајно место во градењето на културата и воспитанието на личноста за користење на слободното време. Поради тоа можеме да заклучиме:

- слободните активности со воведувањето во наставните планови и прорами од 1959/60 година до денес претставуваат посебни форми на воспитни активности во основните училишта, каде учениците се вклучуваат во нив по сопствен избор;
- развојот на концепцијата на слободното време е аналогна со општите цели и задачи на воспитанието и се однесува на чување и јакнење на физичкото здравје, интелектуален и морален развој, развивање на работно- технички и естетски интереси, и

воспоставување на социјална интеракција на ученикот со другите деца во непосредната околина;

- градењето на концепцијата на слободното време и нејзиното осовременување произлегува и од сознанието на педгошката наука за значењето и потребата од оспособување и воспитание на личноста за користење на слободното време;
- уште од самиот почеток на градењето на концепцијата на слободното време вградени се некои значајни компоненти кои произлегуваат од педагошката теорија на слободното време. Имено, тенденциите за индивидуализација, почитување на интереси, желби и способности, потикнување на творештво, развој на креативност можеме да ги сретнеме скоро во сите етапи од развојот на концепцијата на слободното време;
- концепцијата на слободното време не се ограничува само на слободните активности во училишето туку се реализира и преку други форми на вонучилишни активности како на пример поврзување на слободните активности со други интересни организации и заедници (Црвен крст, Народна техника, Детски оранизации, Планинарски друштва, Еколошки друштва и др.)

### *11.3. Развој на концепцијата на слободното време во средното воспитание и обазование*

Ако се обидеме да направиме мала ретроспектива на развојот на средното воспитание и образование почнувајќи со реформата од 1958 година па се до 1974 година ќе забележиме дека најбитните промени се случувале по однос на оранизацијата, програмската структура и општествено педагошкиот статус на одделни видови на средни училишта.

Во тој период средното образование го сочинувале гимназии, средни стручни школи и школи за квалификувани работници. Тие се разликувале по својата функција. Додека гимназиите важеле за најелитни училишта и оспособувале првенствено за продолжување на образованието, средните стручни училишта подготвувале кадар на ниво на техничари, а училиштата за КВ-работници образувале кадар за непосредно производство. (Р.Попова-Коскарова, 1995, стр.113)

Ваквиот дуализам во патиштата на школување меѓу гимназиите од една страна и средните стручни школи за КВ работници од друга страна ги фокусира проблемите на нивото на средното образование околу значајното прашање на односот помеѓу општото и стручното образование на овој значаен сегмент на системот на воспитание и образование.

Меѓутоа мораме да признаеме дека проблемот во овој период не е само појавата на дуализмот, иако е тој карактеристичен и силно изрзен. За нас гледано од аспект на развојот и градењето на концептот на слободното време уште поважно е сознанието дека во програмските и концепциските документи до 1982 год. за средното образование слободните активности не се застапени како посебен вид на воспитно-образовна дејност.

Ваквиот неразработен концепт на слободното време не значело дека во овој период слободните активности не се реализирале.

Карактеристично е тоа што тие се реализирале како продолжение и врз основа на добро разработениот концепт од основното образование. На степенот на средното образование до овој период слободните активности како посебен вид на воспитно образовна дејност се  разработуваат во рамките на прогрмите на самите училишта и се реализираат според условите и можностите на училиштето.

Од 1982/83 година со воведувањето на концептот на насоченото средно образование, започна и реализацијата на најголемата реформа во овој сегмент од воспитно образовниот систем.

Во овој период средното образование се развива како составен дел на самоуправниот здружен труд за задоволување на потребите на социјалистичкото самоуправно општество, за создавање на нова вредност во материјалното производство, за зголемвуање на продуктивноста на вкупниот општествен труд во развојот на општеството во целост и за сестран слободен развој на личноста. (План и програм за заедничките воспитно-образовни основи на насоченото средно образование, 1982, стр.6)

Истакнувањето на слободниот развиток на личноста во целта на средното образование се рефлектира и во понатамошната оперционализација на работните задачи а особено со определбата дека со средното образование кај младите треба “да се поттикнува и забрзува развојот на посебните интереси и способности кај учениците за задоволување на нивните разновидни општествени, научно-тенички, културни и други потреби и активности”. (План и програм за заедничките воспитно-образовни основи на насоченото средно образование, 1982, стр.7)

Првиот чекор во оваа насока е воведувањето на слободните активности во концепциските документи и тоа во целото насочено образование како посебно издвоена воспитно образовна дејност. Така организацијата на слободните ученички активности во овој период претставува начин на зголемувње на индивидуализацијата на воспитно-

образовниот процес. Покрај изборните и факултативни содржини за кои ученикот сам се определува, со слободните ученички активности се отвораат можности за уште поголемо влијание на ученикот врз изборот на содржините, формите и организацијата на овој дел од воспитно-образовниот процес. При рамковното определување на содржините на слободните ученички активности во организациите за средно образование се поаѓало од фактот дека способностите на учениците не се еднакви, дека интересите на учениците по првило се различно насочени, така што во слободните ученички активности треба да се создаваат услови натаму да се развиваат изразените способности и интереси на подбрите ученици но и да се изврши соодветно ангажирање на оние ученици што потешко напредуваат во наставата, но имаат интереси и способности за определени видови на слободни активности.

Тоа значело дека опфатот на сите ученици со слободни активности не е задолжителен но организацијата за средно образование треба да води долгорочна политика за обезбедување на соодветни просторни, кадровски и материјално-технички услови за задоволување на интересите на учениците за определени слободи активности.

Ваквата поставеност на слободните активности ни открива нов пристап во концепциската поставеност на слободното време каде што посебно доаѓа до израз тенденцијата посебно внимание да се посвети на интересите и способностите кај учениците и нивно поголемо влијание врз изборот на содржините и формите како и на организацијата на овој дел од воспитно образовниот процес. Всушност ваквите определби треба да се сватат како обид концепцијата на слободното време да добие посовремени димензии да одговара на современиот живот и проблемите со кои учениците секојдневно се среќаваат.

Каракеристично за овој период е и тоа што се пристапило кон квантитативно определување на слободните активности во годишните програми со што биле предвидени 70 часови годишно за секоја група на слободни активности.

Посовремен и поразработен концепт за воспитание во слободно време срекаваме во концепциските документи за средно образование од 1989 година. Општествната улога и целта на насоченото образование според овој документ покрај останатото се остварува и преку: "поттикнување и забрзување на развојот на посебните интереси и способности кај младите и возрасните за задоволување на нивните разновидни општествени , научно-технички, културни и други потреби и активности". (Средно образование, концепциски основи, образовни профили, наставни планови за трети и четврти степен на стручно обрзование; 1989, стр.6)

Слободните ученички активности во овие концепциски документи имаат третман на воннаставна дејност. Нив ги организираат ученичките организации, а се реализираат во слободното време на учениците, по завршувањето на наствата или по завршувањето на работната недела (во сабота). Степенот на поврзаноста на програмите за слободните активности со редовните наставни програми зависи од интересите на учениците и од содржините на програмите во одделни струки.

Карктеристично за овој период е тоа што иако слободните активности имаат статус на воннаставна дејност сепак се акцентира нивното значение како значајна компонента на воспитно образовниот процес преку која се реализираат специфични задачи на воспитанието и образованието и се рамноправни со наставата.

Флексибилните организациони решенија и ориентациониот карактер на програмите за слободните ученички активности овозможувало во голема мерка учениците самостојно да ги избираат содржините, да ја организираат и изведуваат работата. Во рамките на слободните активности се создаваат можности сите ученици што имаат склоности и интереси за одделни области од науката, техниката, уметноста, спортот и друго да се потврдуваат и афирмираат во одделни области и како личности воопшто.

Поаѓајќи од потребата за лична афирмација во одделни области овој концепциски документ определува повеќе видови на слободни активности и тоа: “слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер, културно-уметнички слободни активности, (слободни активности од јазично-уметничко подрачје, слободни музички активности и слободни ликовни активности), слободни технички и работно-производни активности и слободни спортски активности. (Средно образование, концепциски основи, образовни профили, наставни планови за трети и четврти степен на стручно обрзование; 1989, стр.35-37)

Сите видови на слободни активности имаат точно дефинирани цели и задачи кои се релизираат преку основната организациона единица во училиштето а тоа е секцијата.

Сите аспекти кои ги споменавме карактеритични за овој концепциски документ во основа ги изразуват современите тенденции за воспитанието во слободното време во средното образование. Формирањето на навики за правилно и конструктивно користење на слободното време треба да биде трајна придобивка на личноста и надвор од училиштето во нејзиното слободно време, а не само во рамките на вonнаставната работа на училиштето. Нема сомнение дека дел од определбите кои се вградени во законските и нормативни документи како и во целта на средното образование, но и во целите и задачите на поединечните видови на слободни активности својата вистинска реализација треба да ја насочат во практикување на стекнатата култура на користење на слободното време.

Со измените од 1990 година во средните училишта повторно се воведуваат плановите и програмите за гимназиското образование, при што концепцијата на слободното време се реализира со концепцискиот документ од 1989 година. Овој концепт денес сеуште се релизира во стручните училишта, а од учебната 2001 год. во гимназиите почнува да се реализира концептот на новата гимназија каде што имаме нов пристап

во воспитанието на личноста за слободно време. Во овој концепт има вградено нови елементи кои се карактеиристично за земјите од Западна Европа. Во досегашната практика слободните активности имаа факултативен карактер за учениците. Поради тоа често се случуваше учениците да не покажуваат интерес или да не учествуваат континуирано во некоја активност. Тоа имаше недоволно влијание врз нивниот развој. Карактеристично за новиот концепт е тоа што слободните активности имаат статус на задолжителни изборни содржини и активности. Глобалните цели на задолжителните содржини и активности кои се застапени во новиот концепт се следниве:

- да придонесуваат за развој на комплетна личност;
- развивање на одделни вештини во функција на интелектуален, психомоторен и афективен развој;
- формирање на вредности со кои се поттикнува индивидуалниот развој;
- развивање на интерес, љубопитност за истражување и стекнување на нови искуства;
- развивање на чувство на одговорност во општеството и почитување на разликите меѓу луѓето (верски, национални, социјални);
- стекнување самодоверба кон своите способости и развивање на позитивни карактерни особини;
- пренесување на личното искуство на другите лица во групата и средината; и
- создавање мотивација за доживотно учење. (Се за новата гимназија, 2001 год., стр.18)

Овие глобално определени цели ги отсликуваат најзначајните аспекти на концепциската поставеност на воспитанието во слободното време во последната етапа од развојот. Забележителни се настојувањата слободните активности во новата гимназија повеќе да се насочат кон

оние аспекти кои личноста ќе ја насочуваат во правец на развивање на вештини, способности, вредности, интереси, чувства, карактерни особини, искуства и доволна мотивација слободното време да биде правилно организирано и конструктивно исполнето. Гледано од овој аспект можеме да кажеме дека со новиот концепт на слободните активности, воспитанието за слободно време добива посовремен третман.

Од приложениот преглед на развојот на концепцијата на слободното време на степенот на средното образование забележуваме развојна линија. Карактеристиките на тој развој се движат во правец на воведување на слободните активности како посебно воспитно-образовно подрачје од факултативен карактер, па се до задолжителни изборни содржини и активности во новата гимназија. Нивната функција е насочена кон реализација на целта на средното образование преку специфичностите кои со себе ги носат слободнита активности.

Новите тенденции во градењето на современиот концепт за воспитание во слободното време содржани се во концептот на новата гимназија. Тие се јавуваат како неминовност во надминувањето на традиционалната организација на животот и работата на учениците вон наставата во нивното слободно време.

Разгледувањето на концепциската поставеност на слободното време на предучилишното, основното и средното образование ни укажува дека не можеме да бидеме задоволни во постоењето на единствена и посебно определена концепција воопшто. На прв поглед гледајќи од нормативно-теориски аспект има елементи на сите три степени од воспитно-образовниот систем. Меѓутоа, со компарација и подлабока анализа се доаѓа до сознание дека на ниво на практиката сеуште доминира спонтаност, понекогаш недоволна осмисленост и разновидност. Ако знаеме дека воспитанието во слободното време во денешни услови добива во значение и ако знаеме дека тоа може да се остваува на

различни начини, тогаш сосема јасна ни станува штетноста од постоењето на таа спонтаност.

Поради тоа во пристапот кон разгледувањето на концепцијата на слободното време ни се наметна и прашањето за проблемите кои искрснуваат на патот на реализацијата на концепцијата на слободното време. Одговорот на ова прашање ќе се обидеме да го дадеме преку анализа на практичната реализација на воспитанието на учениците во слободното време и тоа на поединечните степени од воспитно-образованиот систем (предучилишно, основно, средно). Оваа анализа ќе ни овозможи да дојдеме до сознание дали теориската поставеност на концептот на слободното време успешно се релизира и со кои проблеми се соочува на патот кон градењето на кутлурата за користење на слободното време.

Пред да започнеме со анализа на начинот на реализација на современата концепција на слободното време на поединечните степени од воспитно образовниот систем сметаме дека треба да дадеме одговор на едно фундаментално прашање, а тоа е врз основа на што треба да се гради современата концепција на слободното време?

Ако се обидеме да размислуваме на оваа линија неминовно ќе дојдеме до сознание дека концепцијата на слободното време неможе да се определи независно од концепцијата на работота. Ова произлегува пред се од теорискиот став дека работата и слободното време се две неразделни страни на единствениот животен процес.

Досегашните искуства од наштa педагошка практика укажуваат на потрбата во концепциските елементи да се вклучи и проблемот на организираното слободно време. Со ова недвосмислено се укажува дека мас-медиумите посебо филмот, телевизијата, интернет комуникацијата се развиваат во правец кој има за последица стереотипна унификација на однесување на потрошувачите на овие културни добра. Во основата на ова се поставува прашањето дали денес современото демократско општество соочено со растечката моќ на мас-медиумите може и

понатаму да остане со пралоата laiser-faire. Оттука се наметнува потребата мошне сериозно да се размислува за начинот на кој може да се ограничи овој “комерцијален сектор на потрошувачка” и уште повеќе значајно за нас педагозите е како овој сектор да се претвори во “култивирано слободно време”.

Исто така мошне значајно теориско и практично прашање врзано за концепцијата на слободното време е прашањето: До кој степен и на кој начин може да се влијае на динамиката на слободното врме, а притоа да не се повреди автономијата на поединецот, неговото чувство на слобода и задоволство?

Одговорот на ова прашање во себе содржи и алтернативни насоки. Земено во целост слободното време треба да биде организирано, но истовремено да се остави поширок простор за слободен личен избор и иницијатива. Основно е да се остварува во смисла на слобода како сознаена нужност, да се остварува од аспект на внатрешни регулативи зададени како резултат на делувањето на потребите што ги наметнува животот.

Оваа двостраност која се изразува преку алтернативни насочувања-слобода на личен избор е мошне сложен проблем. Неговото успешно решавање не бара само максимално развиена педгошка смисла, туку развиени сетила, да се почувствуваат и сфатат новите потреби кои младите во процесот на своите интегрирања во општеството се обидуваат да ги остварат.

Ако сакаме слободното време да биде фактор на менување на општствените односи, тогаш во неговта концепција мораме многу посилно да го поврземе системот на материјални и општествени вредности. Со други зборови современата концепција на слободното време мора да претпоставува развиеност на материјални добра, разновидни објекти, институции, реквизити и слично, а исто така негување и развивање на актуелните и посакувани духовни вредности на средината во која слободното време треба да се остварува.

Кога станува збор за духовните вредности концепцијата треба повеќе да се подреди на посакуваните отколку на постоечките вредности.Со тоа ќе направиме слободното време да стане силен фактор на усовршување на постоечките во посакувани вредности, а во понатамошното определување на таквата концепција тоа ќе биде барање таа да се разработи не од аспект на постоечкото, туку од аспект на промена на постоечкото

Една од најзначајните функции на слободното време, функцијата на развиток на личноста мора да се вгради во концепцијата на слободното време.

Границите на човековата слобода можат да бидат поместени нанапред само со развиени личности. Неосмислената разновидност, неусогласеност и делување на поедини воспитни фактори, спречувањето на инциијатива и слично, не потикнуваат туку ги спречуваат можностите на младите луѓе да станат такви личности. Педагогијата веќе одамна утврдила дека активностите во кои степенот на задолжителност и принуда е помал, даваат далеку поголеми можности за воспитни влијанија отколку во обратен случај. (Lj.Brocic, 1968, стр.19)

Поаѓајќи од мислата на Димаздие дека слободното време е централен проблем на култрниот живот, потребно е во концепцијата на слободното време да се вградат содржини кои се однесуваат на културата на користење на слободното време.

Се разбира дека не можеме да имаме културно користење на слободното време доколку училиштето не ги подготви младите за културно живеење во слободното време. Тоа неможе да се направи само со давање на информации за слободното време, туку пред се со директно запознавање на кутлурните вредности преку кои слободното време може да ги осознае тајните на творештвото. Со висок степен на мотивација за самокреација преку слободното време може да се изрази сопствениот став и личниот поглед кон светот. Училиштето со својата организација и начин на работа може да го разива правото на слобода и

примена во тој правец. Во училиштето и вон него мораме да настојуваме да ги поттикнеме разновидните интереси на младите, желбите за сознавање, откривање, истражување на разновидните подрачја и аспекти на општествено и културно живеење, а колку поголем избор нудиме толку младите ги ставаме во состојба да одлучуваат. Со тоа добиваме увид во кој правец или кон што се ориентира нивното право на слободен избор.

# 12. РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОРЕМЕНАТА КОНЦЕПЦИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ВОСПИТНО-ОБАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Прашањето околу реализацијата на современата концепција на слободното време во практиката е едно од клучните прашања кое со сета своја сериозност и комплексност ни се наметнува во разгледувањето на проблематиката слободно време.

Анализирајќи го развојниот пат на концепцијата на слободното време во нашиот воспитно-образовен систем, се доаѓа до сознание дека иако долго траел периодот на прифаќање на слободните активности од страна на училиштето, сепак со воведувањето во наставните планови и програми од 1959 година, па до денес слободните активности претставуваат посебни форми на воспитна работа во училиштето каде учениците се вклучуваат по сопствен избор. Тоа не наведува на заклучок дека оваа концепција од првите обиди па се до денес не доживува некои суштински промени. Таа ги задржува основните рамки кои ги има и денес со исвесни модификации во поединечните периоди во развитокот на општеството, научно-технолошкиот развој, развојот на педагошката и другите науки.

## *12.1. Реализацијата на концепцијата на слободното време во предучилишното воспитание и образование*

Воспитанието за правилно користење на слободното време од педагошки аспект го поставува барањето за организирано воспитно делување уште во раниот предучилишен период кај секоја индивидуа. Одговорот на прашањето како се реализира концепицјата на слободното време во предучилишното воспитание и образование денес и дали таа дава основи и насоки за правилно и конструктивно користење за слободното време, можеме да најдеме ако пристапиме кон анализа на

Програмата за воспитно-обрзовната дејност во предучилишното воспитание и образование од 1982 год. Иако овој документ има некои недостатоци и не е сообразен со новите тенденции кои во последните години се случија во овој сегмент од воспитно-образовниот систем, сепак со негова анализа можеме да дојдеме до некои сознанија значајни за проблемите кои искрснуваат на патот на реализацијата на концепцијата на слободното време.

Општествено педагошките искуства покажуваат дека систематската воспитно-образовна дејност со предучилишните деца дава позитивни резултати во насочувањето и развојот на интересите и потребите на личноста. Децата опфатени во предучилишни установи поуспешно се вклопуваат во училиште имаат богато социјално, емоционално и сознајно исксутво, како и разновидни интереси, склоности, творечки способности и позитивни навики и умееља. (Програма за воспитно образовната дејност во предучилишното воспитание, 1982, стр.69), кои одат во прилог и кон создавање на позитивен однос кон слободното време.

Зборувајќи за предучилишниот период сепак сметаме дека треба да прецизираме за која возраст зборуваме и чие слободно време решаваме. Поаѓајќи од тоа дека детето до четиригодишна возраст неможе да се остави само, затоа што потполно зависи од возрасните, во таа смисла и нема слободно време. Затоа во нашата анализа ќе ги опфатиме децата од четврата до седмата година.

Основна карактерискит на децата од овој предучилишен период е желбата за сознавање на светот околу себе. Оттука произлегува и исклучителната љубопитност за предметите, за се што се гледа и слуша се што е на дофат на рака. Бидејќи сознавањето најповолно се остварува преку личното искуство, со обид предметите да се изменат со сопствена акција: расклопување, раздвојување, развивање, менување на нивната положба и евентуално повторно склопување кога е тоа можно, но најчесто доаѓа до кршење и оштетување на предметите и играчките. Во

основа кршењето не е само по себе цел ниту потреба на детето. Тоа е само неминовна последица како и честите повреди на децата при нивните игри. Дел од тие потреби за сознавање и совладување се и потребите за движење во што поширок простор, качување на дрва, огради и сл. Поради тоа во предучилишниот период најважно е детето да игра. Играта станува негова елментарна потреба, преку играта се исцрпува скоро целиот активитет на детето, играта ја има онаа формативна функција која во подоцнежните години ја има учењето или во возрасните години работата. (M.Petrovic, 1975 - VI – ti kolokvij , стр.237)

Активностите во слободното време се бројни по својата форма, содржина и функција, а меѓу оние кои го завземаат најистакнатото место е играта во најширока смисла на зборот. По однос на играта постојат различни интерпретации и толкувања кои ја осветлуваат од генетски, феноменолошки, биолошки, социолошки, културен, историски, психолошки и педагошки аспект.

Од бројните теории посебно се истакнуваат филозофско-естетската концепција за ослободување на личноста на Шилер, Спенсровата позитивистичко-еволуционистичка теорија за вишокот на енергија, ативистичкото сваќање на С.Хал и теоријата на одмор и опоравување на (Шалер, Лазарус, Стејхал). Мошне е раширено сваќањето на Т.Гроз дека игрите имаат функција на увежбување и надополнување, а од педагошки аспект неможе да се заобиколи теоријата на катарза на Х.Кара. Наведените теории ги надополнува психолошкиот пристап на К.Бухлер и Е.Клапаред, а во поново време феноменолошката и културно-научна интерпретација на Ј.Хуизинг и Р.Каилоис. Меѓутоа и покрај мноштвото на теории и разгледување на играта ниту една од нив не ја опфаќа играта во целина, туку се однесува само на еден аспект од нејзината проблематика. Како такви поединечните теории меѓусебно не се исклучуваат, туку напротив се надополнуваат и секоја од нив во определени ситуации од аспект на

развојниот период на корисникот има свое оправдување. (V.Jankovic, 1974, стр.119)

Од тие теории произлегува заклучокот дека играта како исконски феномен на човекот се базира на неговите природни сили, нагони, диспозиции, тежнеења и проблеми. Со тенденција да се насочи кон развојот на индивидуата играта ги ангажира сите структури на личноста кои се манифестираат во најразлични физички, интелектуални, емоционални и волеви активности на човекот.

Играта и слободното време се две функционално подеднакви категории во животот на човекот. Иако генетски различни едната повеќе биопсихолошка, а другата од социолошка природа, тие можат да се остварат само со најтесен интеракциски однос. Слободното време создава можности за игра, а играта покрај останатото дава културни содржини на слободното време. Играта во слободното време е униврзална нужност на човекот во текот на неговиот живот. Таа е доминантна димензија на слободното време без кое тоа би било осиромашено и некомплетно. (V.Jankovic, 1974, стр.121)

Во тоа лежи и огромната општествена и педагошка вредност на играта во слободното време, а посебно во предучилишниот и училишниот период на децата, кога најмногу се манифестира и го прати нивниот развој.

Неизбежно прашање кога станува збор за играта во предучилишниот период како основна детска активност, но и како специфичен начин на воведување на децата во светот на слободното време е прашањето: дали секоја игра придонесува за развојот на личноста во секој поглед. Педагозите кои се занимаваат со оваа проблематика дошле до сознание дека секоја игра нема воспитно-образовно значење и вредност, туку само онаа која е правилно одбрана и добро организирана. Нас посебно не интересира кои видови на игри се во функција на слободното време. Во тој контекст за подобро согледување на функцијата на играта за слободното време ги одвоивме творечките

игри, конструктивните и подвижните игри за децата од средната група (од 4-5 год.) и за децата од големата група (од 5-7 год.).

Значаен елемент за целокупната воспитна обрзовна дејност во предучилишните организации претставуваат и слободните активности. Овие активности се во директна функција на воспитание на личноста за правилно и конструктивно исполнување на слободното време.

Слободните активности децата ги изведуваат секојдневно во времето определено со дневниот распоред и ги опфаќаат сите можни детски активности за време на престојот во затворен простор (занимални, катчиња за игра сали, ходници) на отворен простор (тераси, дворови и др.) и надвор од предучилишните организации (паркови, детски игралишта, излетнички места и др.) . При остварувањето на слободните активности на децата им се овозможува слобода во однос на изборот, содржините и средствата за активностите, слобода во формирањето и реформирањето на социјалните групи. (Програма за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание, 1982, стр.80)

Преку слободните активности низ игра децата слободно се изразуваат, творат и на индивудален начин според можностите и способностите ги задоволуваат интересите.

Карактеристично за децата од средната група (од 4-5 год) е тоа што имаат побогато искуство и воопштени знаења и сваќања за околниот свет, стекнати преку непосредните набљудувања во природната и општествената средина, во контактите со возрасните и другарчињата, во слободните и насочени активности во семејството и предучилишната организација. Децата од овој период се посамостојни во избирањето и оствувањето на игровните замисли и настојуваат побрзо и подобро да ги остварат замислите и правилата во играта.

Спонтаните творечки игри во склопот на слободните детски игри, даваат увид во детските доживувања и познавања на околината и можност за збогатување на детските интереси за развивање на детската

иницијатива, творештво и самостојност во изразување на игровите замисли. Творечките игри во овој период поставуваат повеќе задачи, но од аспект на воспитанието за слободно време позабележителни се следниве:

- децата да се стимулираат на креативна фантазија;
- да се збогатуваат игрите со нови мотиви и улоги во одделни тематски игри;
- да воспоставуваат поактивни меѓусебни односи во играта;
- да се насочуваат кон изразување на чувствата својствени за луѓето.(Програма за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание, 1982, стр.100)

Во суштина творечките игри се директно поврзани со подоготовката на личноста за творештво во слободното време. Акцентот се става на творештвото, затоа што творештвото станува едно од фундаменталните прашања на воспитанието во целина, па оттука и на педагогијата на слободното време. Во педагошката практика треба да бидеме поупорни во поттикнувањето на самоиницијативноста, индивидуализацијата, самоактивноста на индивидуата, со што ќе се овозможат подобри предуслови за самоактуелизација на творечките потенцијали во слободното време.

**Конструктивните игри** во суштина претставуваат творечка активност прку која децата ги изразуваат интересите преку користење на градежен материјал и разни одпадоци од дрво, картон, пластика и други материјали кои можат различно да се обликуваат.

Овие игри најчесто се составен дел на детските слободни активности што децата ги остваруват во помали групи, а понекогаш и во цела група. Конструктивните игри кои се реализираат во детските слободни активности од аспект на воспитанието за слободно време ги имаат следниве задачи:

- да создава усет за хармоничност и сразмерност;
- да се развиваат конструктивните умееља;

- да се оспособат самостојно да ја остварат замислената цел;

- да воспоставуваат заеднички меѓусебни односи при градењето. (Прогрма за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание, 1982, стр.101)

Развивањето на усет за хармоничност и сразмерност како и самостојност при остварувањето на замислената цел има големо значење за развој на иницијативност, самостојноста и творештвото кај децата од овој предучилишен период. Сите аспекти заедно придонесуваат и за развој на определени особини, способности, знаења и потенцијали кај секоја индивидуа за правилна насоченост кон слободното време.

Подвижните игри за децата од средната група се карактеризират со поголема разновидност, која произлегува од зголемениот квантум на претстави и овозможува подобро и поосмислено восприемање на околината. Движењата на децата од оваа група се посообразени и координирани па оттука и нивна поголема самостојност и иницијатива во изборот на игрите. Задачите кои би ги издвоиле во функција на слободното време се:

- да создаваат радосно расположение;

- да се негуваат социјалните чувства кај децата: искреност, другарство и соработка. (Програма за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание, 1982, стр.102)

Се разбира дека реализацијата на овие задачи ќе има успех доколку подвижните игри се правилно избрани со што се создава можност да се пројавува поголема иницијатива, самоактивност, смоорганизираност, добро расположение, искреност, другарство и слично, елементи кои се исклучително значајни за слободното време.

Игрите за деца од големата група на возраст (од 5-7 год.) се карактеризираат со побогата содржина, поголемо искуство, знаење, креативност и фантазија. Идејата за играта најчесто се јавува пред да започне самата игра, децата сами ја организираат играта,а понекогаш изработуваат играчки за остварување на замислените цели. За оваа

возрасна група се предвидени истите игри какои во предходната група, но со проширени цели и задачи.

Творечките игри кај оваа група на деца (од 5-7 год.) повеќе го одразува реалниот живот на децата меѓутоа сватен онака како што сакаат тие да биде. Ваквото творечко интерпретирање и одразување на фактите и појавите од околниот живот, овозможува поврзување на реалното со замисленото, што и дава особена привлечност на детската творечка игра и можност за воспитување на креативност кај децата.

Задачите на творечките игри од овој период се посложени и произлегуваат од побогатото искуство што го имаат децата. Гледајќи од аспект на слободното време задачите на творечките игри се фокусираат на воспитание на иницијатива и творечка фантазија како и развивање на креативните способности преку ликовни, говорни, музички и работни активности на децата. Овие задачи имаат своја потполна смисла и значење затоа што ја претставуваат основата за оспособување на личноста за правилно користење на слободното време.

Конструктивните игри за децата од големата група во суштина ги изразуваат творечките активности на децата кои на оваа возраст изразуваат нови интереси, впечатоци, доживувања, знаења. Предвидените задачи им овозможуваат да се постигнат разновидни цели, а од аспект на слободното време посебно би ја истакнале задачата со која се предвидува будење на интерес кон техниката, љубов кон работата и желба самите да творат и креираат.

Меѓу игрите предвидени за оваа возрасна група значајно место завземаат и подвижните игри. Карактеристично за нив е тоа што одразуваат многу посложена содржина, поголемо воопштено искуство и знаење, пројавуваат поголем и поопределен интерес кон игрите, кон игровната ситуација и резулатите од играта, одколку во предходните групи. Сега задачите кои се во функција на слободното време предвидуваат поголеми способности за самоорганизирање, да се развиваат социјалните чувства на релација сопствена личност, другари,

да се сообразуваат сопствените желби со желбите на другите учесници во играта, а исто така да се формираат позитивни емоционални чувства: радост, задоволство и пријатна игровна атмосфера.

Од анализата на игрите предвидени со програмата за која што ние се определивме, можеме да извлечеме општ заклучок дека играта има големо значење во правилната насоченост на слободното време. Поради тоа задачите пред се се насочени кон изградување на поимот за себе кој бара познавањ на потребите, желбите, реакциите и можностите, но и нивно прифаќање со тенденција за нивно евентуално надминување или пак натамошно развивање и реализирање. Програмата е така конципирана што претпоставува определена развојност. Така, задачите кои ги анализиравме за децата од средната и големата возрасна група меѓусебе се разликуваат според степенот на сложеност, иако се забележува определено повторување на некои задачи, тие во основа се продлабочуваат и прошируваат.

Меѓутоа чувствуваме потреба да определиме што е примарно во насочувањето на децата во предучилишниот период за правилно и конструктивно искористување на слободното време.

Почитувањето на детето како субјект игра голема улога во развојот на определени особини на личноста. Тоа бара индивидуален приод кон секое дете и увид врз неговите индивидуални специфики и достигнувања. Во тој контекст важно е отстранувањето на секакво конформистичко однесување и унифицираност во воспитно-образовниот процес воопшто.

Културата и културните настани треба да се присутни во детското секојдневие. Кај детето треба постепено преку нивно следење, откривање и доживување, како и преку учество во нив да се развива желба и потреба за културно живеење, за творење и креација.

За таа цел, покрај реалните автентични движења низ културните настани, потребно е во градинката да постојат игрални, игротеки, кино простории, работилници, креативни и творечки простории, ликовни

ателјеа, каде децата ќе можат слободно да се изразуваат и творат. Играјќи и творејќи во своето слободно време во градинката, детето постепено ќе стекнува временска ориентација и потреба за самоорганизираност.

Играта и играчките треба да се главно средство во рацете на воспитувачот. Преку нив детето се запознава себе креира, твори, открива, учи. Играта претставува главен услов но и основа за развој на самодовербата, креативноста, критичноста, логичноста, кои пак, се основа за успешно креирање на слободното време.

Од големо значење во поттикнувањто на потребните особини на личноста кај предучилишното дете е и примерот на воспитувачите. Пред се, тие самите за себе треба да умеат да си го креираат и организираат слободното време и да ги поседуваат предходно наведените особини. Од особена важност е нивното познавање на карактерот и значењето на она време кое е слободно но сепак активно, насочено кон задоволување на потребите и активностите кои се повисоки од егзестенцијалните кога станува збор за човековата суштина и битие. Воспитувачите се првите кои со својот пример треба да укажат на детето дека времето без работа не е време на денгубење и незнаење, туку со мала фантазија тоа може да биде констуктивно поминато време кое овозможува задоволство и активен одмор. (Т.Котева, 1998, стр.72,73)

Од сето она што досега го изнесовме произлегува дека организираното планско предучилишно воспитание и образование детскиот развој треба да го насочува кон развивање на особините на личноста, творештвото, интересите, способностите и можностите, самодовербата и самоиницијативата. Ваквата правилна насоченост е од искучителна важност во градењето на сликата за себе преку која се поставуваат основите за натамошниот развој на сите особини преку кои се добиват атрибутите креативен, хуман, слободен. Всушност предучиишното воспитание треба да нуди концепт на чии основи ќе се гради понатамошниот живот на човекот. Слободното време во овој ран

предучилишен период треба да остане слободно и да го воведува детето чекор по чекор во општеството кое учи.

### *12.2. Реализацијата на концепцијата на слободното време во основното воспитание и образование*

Во пристапот кон разгледувањето на нашиот проблем ние се определивме дека целта на нашето истражување ќе претставува рализацијата на концепцијата на слободното време во воспитно образовниот систем. Значаен сегмент во реализацијата на современата концепција на слободното време покрај предучилишното претставува и основното воспитание и образование.

Од посебен интерес кога станува збор за основното училиште е прашањето, дали нашето училиште такво какво што е може да ги подготви младите не само за професионална работа туку и за содржински богато и осмислено користење на слободното време? Можно ли е покрај сеуште присутните ставови за класичната традицонална поделба на училиште (институција) преку кое се гарантира вработување и определено место во општеството, а од друга страна нешто вонучилишно, кое појмовно најчесто се толкува и како доколица, преку кое не се гарантира вработување и егзистанција, да се оствари современиот концепт на воспитание во слободно време.

Меѓутоа и покрај ваквите класични сваќања факт е дека денес неможе да се оспори воспитната моќ на слободното време. Во последно време се повеќе се признава неговото влијание и потребата од искористување на неговите потенцијали.

Активностите на слободното време можат да станат "царство на слобода" ако младите во нив слободно се вклучуваат со желба да го откриваат тој суптилен сложен свет и достигнувањата во науката, технологијата, културата, цивилизацијата и општествените односи, свет во кој работат, живеат и создаваат. За остварување на задоволство и полна среќа на младите можеме да зборуваме само тогаш ако успееме да

се сретнат тие два света на непосредна, активна, искрена и креативна основа. Во таа средба може да се изнуди подвижност на духовната структура, активност и творечка фантазија, која ќе биде пренесена во полн ангажман како работен и кративен чин за да се потврдат вредностите на секоја индивидуа, да се пренесат и вградат во развојот на општеството од кое извираме и во кое се потврдуваме и остваруваме. (M.Muradbegovic, 1977, стр.525)

Слободните активности претставуват интегрален дел и мошне значајно подрачје во општата структура и содржина на воспитно образовната дејност на основното училиште. Во "Основи за програмирање на воннаставната воспитно-обазовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници" од 1999 година, содржани се рамковните програми за слободните ученички активности, со што се зголемува и програмската обврска на училиштето, наставниците и другиот стручен кадар, програмски да се осмислува, содржински да се конкретизира, планира и реализира ова значајно воспитно-обрзовно подрачје.

Анализата на овој документ може да ни даде одговор на горе поставените прашања, но исто така може да ни расветли и некои други значајни теориски проблеми врзани за реализацијата на современиот концепт на слободното време.

Слободните активности во основното училиште се во функција на создавање на претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Реализацијата на овие активности е поделена на две фази. Првата ги опфаќа оние активности кои се наменети за учениците од 1-4-то одделение. Втората фаза ги определува активностите за учениците од предметната настава односно на учениците од 5-8-мо одделение.

Ако сакаме поконкретно да го согледаме местото и улогата на слободните активности и третманот на слободното време во тие рамки,

најдобро е да видиме какви задачи се поставуваат за учениците од одделенска настава. Во тој контекст се определуваат следниве задачи:

- да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста;
- учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност за нивно извршување;
- да се негува доследност и истрајност во извршувањето на задачите;
- развивање на мотивите и условите за афирмирање на учениковата личност;
- да се влијае на навики за правилно користење на слободното време. (Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на рабоата на стручните работници, 1999, стр.9)

Лепезата на предходно набележаните задачи ни укажуваат дека слободното време завземе значајно место во одделенската настава со нагласени елементи на слободен развој кој делува на когнитивната, социјалната, емоционалната и креативната страна на личноста.

Во согласност со горенаведените задачи предвидени се слободни активности од повеќе подрачја во кои се организираат одделни секции или групи во кои учениците можат да се обединуваат според содржината и карактерот на активностите во поголеми ученички интересни асоцијации како на пример: литературни дружини, ученички задруги, спортски друштва, технички клубови, културно-уметнички друштва и др.

За учениците од одделенската настава предвидени се слободни активности за проширувања на знаењата по одделни предмети преку литературни секции, математичка секција, секција на љубители на природата и секција за проширувања на знаењата по запознавање на општеството.

Слободните активности за проширувања на знаењата во ценарот на своето внимание го става интересот на учениците за проширување на

образованието и стекнувањето на нови сознанија од обласа на природните и општествените науки. Со овој вид на слободни активности се поттикнува и прати интересот преку кој ученикот не само што се стекнува со знаења умеења и навики, туку се поттикнуваат и развиваат и други интелектуални способности.

Културно-уметничките слободни активности може да формираат ликовна секција и секција на млади музичари. Карактеристично за овој вид слободни активности е тоа што се акцентира репрезентативниот карактер во изборот на содржините. Ова значи дека училиштето преку работата на овие секции треба да им овозможи на учениците да ги презентираат своите достигање на разни манифестации. Ваквиот начин на работа на овие секции суштински се вклопува во реализацијата на четврата задача која се однесува на мотивацијата и афирмацијата на човековата личност.

Слободните активности од технички карактер не формираат одделни секции на слободно технички активности, туку низ целокупната воспитна-обрзовна дејност и со помош на заедницата повозрасните ученици се насочуват за да можат подоцна да се вклучат во соодветни секции.

Работно производните слободни активности можат да организираат секции групи или да е организираат на ниво на одделение. Организационата форма зависи од условите и развиеноста на училиштето како и од возраста на ученикот. Најчесто во училиштето се организира цвеќарска секција, секција за одгледување на зеленчук, овоштарска секција чија цел е пред се производство на здрава храна. Со овие активности се развиваат навики за работа, љубов кон работата, одговорност, упорност, стекнување на доверба, односно вредности кои се исто така значајни за слободното време, посебно кога личноста се занимава со некои хоби занимања насочени пред се кон задоволување на интересот и желбата на поединецот.

Слободни спортски активности за учениците од одделенска настава се организираат пред се според интересот што се покажува за определен спорт. Така своето слободно време ученикот може да го насочи:

- спортување во спорт кој започнува од рана возраст (рана спортска ориентација и селекција); и
- спортување поради забава и рекреација.

Во слободните спортски активности за забава и рекреација преовладува играта но со запазување на образовните стандарди за учениците од 1-3-то одделение (правилно седење, правилно трчање, качување, провлекување и др.). Додека пак во 4 одделение се применуваат основните спортско-технички елементи низ игра, преку кои се обезбедуваат позитивни психо-физички ефекти. (Основи за програмирање на вонnаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, 1999, стр.9-14)

Предходно набележаните слободни активности за учениците од одделенска настава организирани во форма на секции, клубови, дружини и групи претставува мошне погодна форма за воспитно делување. Задоволувајќи ги своите интереси учениците се поттикнуваат да постигнат нешто вредно, да се истакнат и да се докажат во средината. Начинот на кој се определени и програмирани слободните активности, очигледно е дека ученикот го става во состојба да креира, одлучува, проширува, да почувствува задоволство кога ќе успее, но и кога нема да успее.Со вака испланирани активности, личноста на ученикот се оспособува и насочува за правилно организирање на своето слободното време и решавање на проблемите во процесот на неговата реализација.

Втората фаза ги определува активностите за учениците од предметната настава, односно на учениците од 5-8-мо одделение. Во определувањто на задачите на слободните активности за учениците од прдметната настава се забележува поразгранета лепеза на задачи меѓу кои се изнесуваат следниве:

- учениците да се оспособат за самостојно решавање на поставените задачи и да бидат доследни во нивното извршување;
- да ги воочуваат односите во природата и општеството и да се стремат за откривање на нови законитости;
- да се оспособат за критичко мислење јавно изнесување на своите ставови и почитување на мислењата и ставовите на другите;
- да се формираат навики за правилно користење на слободното време;
- учениците да ги почитуваат резултатите од својот труд и од трудот на другите;
- да формираат способности и потреби кај учениците за позитивна општествена афирмација;
- да се создаваат навики кај учениците слободното време да го поминуваат во спортска рекреација и забава;
- да се информираат за основните можности на науката, техниката, технологијата и економијата и нивниот придонес за заштита на животната средина;
- да се здобијат со основните навики за правилен однос кон природното богатство за заштита и унапредување на животната средина. (Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, 1999, стр.14,15)

За реализацијата на задачите на слободните активности за учениците од 5-8-мо одделение предвидени се следниве подрачја: подрачје за проширувања на знаењата по одделени предмети, подрачје за културно-уметнички слободни активности, работно-производни слободни активности, слободни-технички активности и слободни спортски активности.

Очигледно е дека овие подрачја се идентични со оние за учениците од 1-4-то одделение. Сепак, разликата е во тоа што сега за учениците од 5-8-мо одделение се зголемува бројот на видовите секции во

определените подрачја на работа на слободните активности. Карактеритично е и тоа што за работата на секциите се нудат и содржини преку кои се реализира целта на секцијата, а со тоа и целта и задачите на конректното подрачје на слободните активности. Меѓутоа треба да напоменеме веднаш дека тоа се сепак ориентациони содржини за секциите што ни дава за право да констатираме дека се создава простор за пратење на желбите и интересите на учениците во реализацијата на поедини слободни активности.

Слободните активности за проширувања на знаењата по одделни предмети ги вклучуваат следниве секции: литературна, новинарска, библиотекарско-медиатекарска, јазична секција, секција на млади географи, секција на млади хемичари, секција за млади математичари, секција за млади биолози, еколошка секција, секција за млади физичари, историска секција и секција за млади информатичари.

Културно-уметничките слободни активности ја имаат: филмската секција, драмската секција, секцијата на млади композитори, секцијата на млади музичари-љубители на музиката, камерни, вокални и инструментални состави и ликовна секција.

Содржините и формите на работно-производствените слободни активности се богати и разновидни. Со оглед на специфичностите сите дејности на овој вид активности се групираат во работно-производствени активности од земјоделско сточарски тим во кој спаѓаат: цвеќарска секција, овоштарска секција, градинарска секција, лозарска и пчеларска секција и работно-производствени активности од занаетчиско-индустриски тип со разновидни секции: за изработка на сувенири, украсни предмети, за ткаење, за ликовно обликување на глина и сл.

Слободните активности од технички карактер ги предвидуваат следниве секции: млади фототехничари, млади радиотехничари, млади електротехничари, секција за метеорологија, секција за агротехника, секција за електротехника, секција за машинска техника, потоа

бродомоделарство, сообраќајно моделарство, ракетно моделарство, градежно макетарство и секција за воздухопловно моделарство.

Слободните спортски активности во училиштата ги формираат оние секции за кои постојат услови и интерес кај учениците. Од слободните ученички спортски активности се формираат: атлетска секција, гимнастичка, секција за кошарка, секција за ракомет, одбојка, фудбал, спортско-ритмичка гимнастика, секција за пливање, планинарска, секција за боречки спортови и стрелачка секција. (Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, 1999, стр.15-42)

Начинот на кој се концепирани слободните активности во програмата за воннаставни активности поттикнува низа прашања. Во тој контекст кога станува збор за учество на учениците во слободните активности, значајно е дали програмата обезбедува за секој ученик партиципација на социјален, образовен, когнитивен и креативен план. Нивото и интензитетот на социјалната партиципација зависи каква улога има ученикот во слободната активност, дали сам ја одбрал, со каква мотивација поединецот ја релизирал определената активност и какви резултати постигнува. Затоа што “синтазата на сите општствени улоги кој тој некогаш ги играл од раѓањето па до смрта, ја сочинуваат неговата општествена личност”. (G.Olport, 1969, стр.239)

Значајно е и тоа дали поставеноста на слободните активности во основното училиште може да ја афирмираат спонтаноста и творештвото кај личноста. Ова е мошне значајно и мора да се земе во предвид и да се прифати ставот на Морен кој вели:”Спонтаноста и творештвото се два столба на слободна изградба кои се способни да се спротивстават на принудата и непроменливата култура”. (E.Moren, 1979, стр. 237)

Одделните секции и групи од првата и втората фаза што се организираат во слободните активности на учениците, според задачите

кои ги имаат, даваат добра основа успешо да се имплементираат во практичната реализација на концепцијата на слободното време.

Програмските содржини кои ги нудат разновидните секции се така конципирани успешно да ги пратат потребите на учениците и да се вклопат во континуитетот на културата и осмислувањето на потребите за естетско и вредносно доживување на слободното време. Анализата на ориентационите програми на слободните активности не доведе до сознание дека преку неа може да се иницира развојна акцелерација и секоја индивидуа да напредува со сопствено темпо според можностите и способностите. Елементите на пермисивната педагогија претставуваат основа за педагошко-психолошко дејствување преку кои пред се се делува на самостојноста, оригиналноста, флексибилноста и разновидните форми на творештво.

Ваквиот начин на реализација на слободните активности кореспондира со новите општествени односи кои бараат личности кои ќе бидат духовно подвижни, флексибилни и отворени кон проблемите на животот.

### *12.3. Реализацијата на концепцијата на слободното време во средното воспитание и образование*

Основна форма преку која се реализира современата концепција на слободното време во системот на средното образование исто така претставуваат слободните ученички активности. Современата концепција на слободното време на овој степен од воспитно образовиот систем се реализира според концепцискиот документ од 1989 година за средните стручни училишта и концептот на новата гимназија од 2001 година.

Со цел да обезбедиме поголема прегледност во начинот на кој денес се реализира концептот на слободното време во средното обазование, се определивме најнапред да ги анализираме слободните ученички активности според концептот од 1989 година кој како што споменавме погоре денес се реализира во средните стручни училишта. Во анализата на развојот на концепцијата на слободното време во системот на средното обрзование, ја истакнавме основната цел на овие активности, па според тоа сметаме дека поконструктивно би било да се задржиме на основните цели и задачи на поединечните видови на слободни активности во кои влегуваат: слободни ученички активности од научно истражувачки карактер, културно-уметнички слободни активноти, слободно-технички и работно-производни активности и слободни спортски активности. (Концепциски основи и општа програмска структура на средното образование, 1989, стр.25-37)

Слободните активности на учениците од научно истражувачки карактер имаат за цел продлабочување и проширување на знаењата и умеењата и почетно формирње на ставови за научната етика во определена научна област по пат на самостојно стекнување на сознанијата. (Концепциски основи и општа програмска структура на средното образование, 1989, стр.25)

Со вака определената цел јасно се гледа дека акцентот се става на самостојното откривање на законитостите во определена научна област. Задачите кои се определуваат за реализација на целта на слободните активности од научно-истражувачки карактер се движи од воведување на учениците во методите, постапките, инструментите за собирање, обработка и интерпретација на податоците и сознанијата од определена област преку развивање на посебни интереси и способности па се до практична примена на теориските знаења.

Секциите на слободните активности од научно-истражувачки карактер можат да се формираат за подрачјето што го покрива определен наставен предмет на пр.:млади биолози, млади математичари и сл., но и за подрачјето што бара интердисциплинарна обработка: млади еколози, млади етнографи и сл.; како и за подрачјето од определено фундаментална дисциплина, односно стручен предмет, млади електроничари, млади педолози и сл.

Културно-уметничките слободни активности, имаат за цел да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и способностите стекнати низ наставата, кај учениците кои пројавуаат посебни склоности и желби. Културно уметничките слободни активности вака поставената цел ја реализираат преку одделни форми на слободни активности и тоа: слободни активности од јазично-уметничко подрачје (филолошка секција, литературна секција, драмска и рецитаторска секција, библиотекарска, новинарска, филмска секција, радио-телевизиска секција и секција за странски јазици), потоа слободни музички активности (музички клуб, фолклорна активност, хор и оркестар) и слободни ликовни активности. (Концепциски основи и општа програмска структура на средното образование, 1989, стр.26-32)

Сите три подрачја на културно-уметничките слободни активности преку секциите особено внимание посветуваат на развитокот на способностите за креативно изразување. Според специфичната функција на слободните ученички активности од културно-уметнички карактер не

се даваат конркетни програми за секциите. Наместо тоа, програмите за одделните видови на слободни активности се само насоки за изготвување на оперативни програми за работа кои треба да го почитуваат интересот, желбите способностите на учениците.

Слободните технички и работно-производни активности и на степенот на средното образование имаат за цел и понатаму да ја подигаат техничката култура на младите и во тие рамки да ги задоволуваат нивните општи и посебни интереси за одделни области на техничко и производно творештво во средното образование. Исто така се нагласува и потребата од воспоставување на непосредна врска со професионалните определби на учениците како и задоволувањето на интересите и потребите на учениците. Слободните технички активности во средното образование се делат на две групи: слободни активности за развој на техничкиот аматеризам и слободни активности за развој на производно техничкото рационализаторство и иноваторство. (Концепциски основи и општа програмска структура на средното образование, 1989, стр.34-35)

Во основа според задачите кои ги имаат слободните активности од првата и втората група го продолжуваат започнатото од основното образование со тоа што оние активности од првата група акцентот го ставаат на подигањето на техничката култура, продлабочување на знаењата од соодветна област, развивање на другарство, тимска и колективна работа како и трансфер на знаења и активности. Втората група акцентот го става на систематското воведување на учениците во инвентивната дејност, откритијата, пронаоѓаштвото и рационализаторството како основа на индивидуалниот и општествениот развој.

Слободните спортски активности пред себе си поставуваат повеќе задачи кои во основа треба да овозможуваат континуирано продолжување на спортско рекреативните активности што ги организира процесот на редовната настава и врз доброволна основа ги

насочува учениците рационално и организирано да го користат слободното време во спортување и да укажуваат на можностите за физичкото вежбање, за активен одмор и разонода, да се развива смисла за здрав и културен живот и спортско усовршување во избраните спортови.

Во концепциските основи во средно образование од 1989 година се укажува и на потребата од поинаков третман за слободните спортски активности за разлика од другите слободни активности, затоа што опфаќаат најголем број на ученици, па оттука се бара и најмногу време за реализација на овие активности. Барањето за специфичен треман на слободните спортски активности, повлекува и специфичен третман и на ангажираноста на наставниците по физичко воспитание, бидејќи тие се едни од најангажираните наставници во воннаставните активности на учениците. Поради тоа за наставниците по физичко воспитание за работа во училишното спортско друштво, за водење на спортските скции, учество на натпревари,организрање на спортски манифестации од пошироко значење, за развојот на физичката култура во училиштата се предвидуват 3 до 6 часа неделно за секое училиште кои треба посебно да се вреднуваат и да бидат наменети исклучиво во развојот на физичката култура во училиштето. (Концепциски основи и општа програмска структура на средното образование, 1989, стр.36-37)

Очигледно е дека вака поставените слободни активности во средното образование дефинирани се само рамковно. Основните проблеми во реализацијата на слободните активности се јавуваат поради низа нерешени проблеми кои произлегуваат од поставеноста на средното образование. Во тој контекст би го одвоиле проблемот на преоптовареноста на учениците со активности кои ги поставува редовната настава и уписната политика на високото образование која го става ученикот во трка по оценки и постигнување на одличен успех. Поради ваквата состојба ученикот мошне ретко се определува за работа во секциите на слободните активности, па во овој поглед и реализацијата

на концепцијата на слободното време се соочува со низа проблеми врзани за релизацијата на предивдените цели и задачи.

Концептот на новата гимназија чија реализација започна од 2001 година, како што напоменавме во предходниот дел од трудот, нуди еден нов пристап по однос на воспитанието на личноста за слободно време во кој се вградени елементи карактеристични за земјите од Западна Европа. Слободните активнсоти во гимназиите сега имаат статус на задолжителни активности кои се базираат на глобални цели кои ние ги анализиравме во предходниот дел од трудот. Поради тоа се одлучивме во продолжение да се задржиме на прашањата врзани за определување на подрачјата и можните содржини, начинот на реализација – можните активности, правилата за евалуација на постигањата и активностите на учениците, времето за нивното одржување.

При програмирањето на задолжителните содржини и активности опфатени се подрачјата на: граѓанска култура, здравствено воспитание, екологија и соработка со невладини оранизации, култура за заштита, одбарна, мир и толеранција, информатички знаења, културно-уметнички содржини и активности, соработка и помош во локалната средина и спортски активности. (Се за новата гимназија, 2001 год., стр. 18-23)

За сите подрачја определени се можните содржини и начини на реализација. Меѓутоа сметаме дека нема потреба да ги анализираме сите подрачја содржини и начини на реализација, затоа што начинот на кој што се определени претставува само краток опис на новиот концепт на задолжителни содржини и активности кои даваат само концизни одговори на некои клучни прашања.

Заради илустрација се определивме да го анализираме само подрачјето за здравствено воспитание, екологија и соработка со невладини организации. За подрачјето на здравствено воспитание предвидени се следниве можни содржини: ментално здравје и ментално пореметување адолесценција, превенција на болести на зависност, исхрана и здрав начин на живот, хумани односи меѓу половите и др.

Како можни содржини за подрачјето заштита на животната средина предвидени се: загадување на почвата, водата и воздухот, синџир на исхрана, загадување со пестициди и индустриски отрови, искористување на природните ресурси, озонската обвивка, рециклирање и др. Начинот на реализација на овие содржини предвидува: изработка на проекти, истражување на терен, оранизирање на презентации, посети на инстутуции, анекти, интервјуа и сл. (Се за новата гимназија, 2001 год., стр. 19)

Избраните содржини и начините на нивна реализција кореспондираат со новите општествени движењеа, каде се инсистира на плурализам на личниот идентитет и интегритет, што за младиот човек во процесот на социјализацијата е најважно. Вградувањето на современи содржини како на пример екологија, граѓанска култура, здравствено воспитание, информатички знаења, одбрана, мир и толеранција во функција се на осмислување на вредности како што се: лична самостојност и идентитет, наспроти централизирана контрола, автономија, децентрализација, спротивставување на манипулација, зависност и бирократија. Овие вредности ја зголемуваат можноста за творештво и самокреација во слободното време преку разновидни содржини и форми на слободни активности.

Во концептот на новата гимназија покрај задолжителните изборни содржини и активности застапени се и содржини и активности на учениците исклучиво по нивен избор. Самиот исказ покажува дека содржините и активностите ги избираат учениците според нивниот интерес. Поради тоа за учениците кои имаат нагласен интерес и мотивација во одредена област, училиштето треба да им овозможи да направат самостоен избор на содржините и активностите надвор од каталогот на активности што го нуди училиштето. Сепак за да се организираат активностите има потреба тие да се групираат во сродни подрачја и да се определат учениците кои ќе земат учество во нив.

Содржините на активностите по избор на ученикот може да се групираат на следиов начин:

- етика, историја на светски религии;
- методологија на научната работа;
- спортување во клубови и излети во природа;
- меѓупредметни содржини и активности во вид на екскурзии;
- посети на институти и сл. (Се за новата гимназија, 2001 год., стр.24)

За овие содржини и активности одделни групи на ученици можат да понудат програма која треба да биде одобрена од страна на наставничкиот совет и управата на училиштето.

Содржините и активностите по избор на ученикот се вреднуваат на ист начин како и задолжителните содржини и активности во зависност од нивната природа Вреднувањето го вршат наставниците и другите лица кои се вклучени во следењето на активностите на учениците. За да се добие јасна претства за ангажираноста на учениците во задолжителни изборни содржини и активности ученикот има обврска да формира свое портфолио (евиденција за постигањата и активностите). (Се за новата гимназија, 2001 год., стр. 25)

Одговорните наставници за пралелката ја анализираат содржината на ученичкото портфолио (според однапред определени правила и за секој ученик утврдуваат општ суд во кој се наведува подрачјето, видот на активноста и оценка за постигањата на ученикот која се искажува описно, како на пр.: покажал задоволителен интерес и постигања, покажал добар интерес и постигања, покажал особен интерес и постигања. (Се за новата гимназија, 2001 год., стр. 26)

Новиот концепт на задолжителни изборни содржини и активности со глобални цели кои што ги поставува, има добра основа, слободното време правилно, организирано и конструктивно да се исполни. Меѓутоа досегашните искуства покажуваат дека проблемите не произлегуваат од

тоа дали тоа како теориска рамка е добро поставено, туку од начинот на кое тоа ќе се имплементира и реализира во практиката.

За тоа какви се ефектите од имплементацијата на новиот концепт во гимназиите треба да се почека се додека не се направат првите анализи кои ќе следат во наредниот период.

Нашите општи согледувања по однос на целокупната концепција на слободното време на сите три степени од воспитно-образовниот систем го исфрла на виделина проблемот на нивната меѓусебна поврзаност (предучилишно, основно и средно) како и проблемот на оптимализација на потребите и активноста на децата и младите во слободното време.

Според некои анализи децата мошне доцна се вклучуваат во активностите на слободните активности брзо ги напуштаат, најмасовно и најчесто после основното училиште. Поради ова во многу средни училишта слободните активности се реализираат на ограничени содржини и со одбрани ученици.

Ваквиот начин на реализација го доведува во прашање континуитетот и оптимализацијата на развојот на поедини нивоа на хронолошка возраст. Овие проблеми треба да се решаваат не само на ниво на училишни институции туку и на ниво на широки и адекватни општествени фактори. Мораме сериозно да се запрашаме какви последици можеме да очекуваме доколку се осуетат можностите за оптимален развој на сите ниво од воспитно образовниот систем. Не смееме да ја доведеме во прашање активноста на младите, затоа што тие имаат потреба за активност и развој, а ние треба само да им обезбедиме услови за активност и развивање.

Затоа треба да градиме концепт кој во себе ќе го вклучи единственото делување на училишното и вонучилишното воспитание и образование, концепт кој нема да биде затворен и хиерархиски поставен туку отворен кон општеството, хуман и перманентен. Во тој контекст важни се два чекора:

Првиот кој ќе води кон испреплетување на училишната и вонучилишната работа, во отвореноста на училиштето кон слободното време и обратно, на дополнување на нивната содржина и што поскоро вклучување на младите за живеење во слободното време и негување на слободата на избор, самостојност и творечка работа во заедницата.

Вториот чекор се однесува на поголема структурираност на воспитно-образовната работа на подрачјето на слободното време, која успешно ќе ги реализира општите цели на воспитанието и образованието односно ќе ја има истата одговорност и значење како што е случајот со другите видови на воспитно-образовна работа. Со тоа ќе се создадат услови подрачјето на слободното време да понесе дел од воспитно-образовните задачи кои општеството во овој период на развој сака да ги потврди.

## 13. СОВРЕМЕНИ ПРОЕКТИ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ВОСПИТАНИЕТО ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ

Највпечатлива карактеристика на времето во кое живееме се промените кои како оперативна сила делуваат во сите сфери на општествениот живот, па оттука и во сферата на воспитанието и образованието.

Промените во системот на воспитанието и образованието најчесто се движат во две насоки. Првата насока има карактеристики на глобални промени во меѓународни рамки, па затоа овој вид на промени најчесто се определуваат како универзални. Втората насока на промени се карактеризира со конкретни барања во сферата на воспитанието и образованието, детерминирани од конкретните општествени услови во поедини земји. Поинтензивни промени во сферата на воспитанието и образованието, детерминирани од конкретните општествени услови каракактеристични се за земјите од Источна Европа или таканаречените земји во транзиција, вклучувајќи ја тука и Република Македонија.
Оттука за овие земји мошне актуелно станува недвосмислената аксиома "да се постои, да се живее-значи да се менува" ( A.Herera, P.Mandic, 1989, str.5)

Промените во периодот на транзиција за нашето воспитание и образование значеа барање на нови патишта за квалитативно осовременување, иновирање и доближување до светските образовни стандарди. Со продорот на новите сознанија и новата динамика на живеење училиштето ја губи доминантната улога во воспитанието и образованието. Иднината на училиштето, односно на воспитанието и образованието добива нови карактеристики и функции. Образованието го зголемува своето значење не само за поединецот туку и за општеството во целост. Тоа не може да се реализира само во училиштето, туку неопходни се разновидни форми на образование и вон

него. Во тој правец влијаат и средствата за масовна комуникација, самообразованието, учењето за работа, перманентното образованието односно формалното и неформалното образование. Училиштето од обрзовен центар станува широк културен центар за воспитание и образование. Тоа станува училиште на избор, задоволување на разновидни потреби, избор на програми и методи на работа, со нови форми на комуникација помеѓу наставникот и ученикот. Во оваа смисла вонучилишното воспитание и образование и просторот на слободното време стануваат актуелна и прифатлива педагошка димензија со нови начини и методи на делување.

Воспитанието и образованието како дејност имаат одговорна задача да овозможат човекот да се оспособи и подготви за живот во светот на промени, иновации противречности. Затоа и нам неможе да ни биде сеедно како се развива нашиот воспитно образовен систем, колку е ефикасен како ја остварува својата современа улога и функција, колку овозможува младите генерации да ги развијат и самореализираат своите природни заложби, своите замисли и желби. (К.Камберски, во Зборникот "Општествената транзиција и образованието",1998, стр.10)

Со тенденција и нужност да се одговори на современите барања во сферата на воспитанието и образованието во Република Македонија во изминатиот транзиционен период им се даде приоритет на промените кои се реализираа преку разновидни иновациско-истражувачки проекти. Дел од тие иновациски проекти се реализираа фронатално, зфаќајќи го во целина воспитно-образовниот систем или само одделни аспекти од системот, додека други проекти опфаќаа само одделни делови од системот или дел од воспитно-образовните институции. Трети пак се реализираа како самостојни истражувачки проекти под раководство на компетентни стручњаци или невладини организации.

Од аспект на нашиот предмет на истражување се определивме да ги разгледаме проектите "Чекор по чекор" во предучилишното воспитание со идентификување на некои значајни елементи кои се во

функција на воспитанието на личноста за слободно време; проектот "Вавилон" кој го опфаќа развојот на децата и младите преку слободни активности за партиципација во мултикултурно општество и проектот "Славејче" како модел на неформално образование на деца од дисфункционални семејства со цел социо-емоционален развој, меѓуетничка толеранција и градење на култура на користење на слободното време.

### *13.1. Реализација на проектот "Чекор по чекор" во предучилишното воспитание.*

Моделот "Чекор по чекор" претставува воспитно образовна методологија, развиена од американски експерти на полето на предучилишното воспитание и образование, фундирано на цврсти теориски принципи кои во практиката се покажале како доста успешни.

Во Република Македонија "Чекор по чекор" започна со реализација како експериментален проект од учебната 1994 година. Носител на овој проект беше Универзитетот Џорџтаун од Вашингтон, САД, Центарот за детски развој, кој ја подготви работната верзија на воспитно-образовната програма, како и обуката на воспитно-образовниот кадар во првата фаза на јуни 1994 година. Проектот беше целосно финансиран од СОРОС фондацијата, а се состоеше во техничка помош и обука на кадарот, поставување на проектот во предучилишните установи и постојано усовршување на развојната воспитно-образовна програма со заеднички американски и искуства на земјите членки во овој проект. Првата година овој проект започна да функционира како компензациски модел на програма, наменет за деца од посиромашните слоеви, задржувајќи ги карактеристиките на експериментален проект. Со експанзијата на проектот и со неговата примена во поголем број предучилишни установи тој ги изгуби првичните карактеристики и започна да функционира како паралелен модел, наспроти традиционалниот. (Л.Дамовска, 2001, стр.69)

Предмет на наш интерес по однос на примената на овој модел во предучилишното воспитание и образование е дали моделот "Чекор по чекор" нуди основа за сфаќање на односот на личноста кон слободното време, и дали тој создава услови за индивидуален развој, избор, самостојност, активност и креативност.

Се разбира дека одговорот на поставените прашања може да се најде во теориските основи и главните карактеристики на програмата "Чекор по чекор".

Теориската основа на програмата "Чекор по чекор" се темели врз теориите на Ж.Пјаже, Е.Ериксон и Л.С.Виготски. Учењето на Пјаже и Виготски помага да се сфати категоризацијата на учењето, а Ериксон ни нуди разбирање на психосоцијалниот развој. Воспитната програма опфаќа три главни иницијативи за раното детство: Конструкционизам, развој на соодветна пракса и прогресивно образование. (Предучилишен проект "Чекор по чекор", 1994, стр.7)

Конструкционистите веруваат дека учењето се одвива во процесот кога децата се обидуваат да му дадат смисла на светот околу нив. Учењето станува интерактивен процес на децата со возрасните, со другите деца и со средината со која доаѓаат во допир.

Соодветната развојна практика се темели врз сфаќањето дека децата растат и напредуваат преку општи развојни фази, а во исто време се единствени, индивидуални суштества.

Прогресивната образовна практика се темели врз развојните и конструкционистички принципи, бидејќи тие негуваат воспитна средина која ги зајакнува интересите и способностите на секое дете, а во исто време го признава и значењето на учењето во мали групи. (Предучилишен проект "Чекор по чекор", 1994, стр.7)

Очигледно е дека вака поставената теориска рамка на која се темели програмата "Чекор по чекор" создава услови и вклучува значајни елементи (интереси, индивидуализација, развој, интерактивен

процес) кои се во функција на подготовка на личноста за делување во сферата на слободното време.

Програмата има за цел формирање на ставови, знаења и способности значајни и за подрачјето на слободното време. Основните способности кои таа треба да ги развива се:

- соочување со промените и способност да се влијае врз нив;
- критичност во размислувањето и правење избор;
- откривање и решавање на проблеми;
- креативност, снаодливост и фантазија; и
- водење грижа за заедницата, земјата и човековата околина.

Главните карактеристики на прогрмата "Чекор по чекор" се: истакнување на индивидуалноста на секое дете, помагање на децата во изборот на планираните активности во катчињата за игра, вклучување на семејството. (Предучилишен проект "Чекор по чекор", 1994, стр.2)

Индивидуализацијата како една од главните карактеристики на прогрмата треба да овозможи децата да растат и да се развиваат со сопствено темпо. Тоа значи дека на децата треба да им се обезбеди средина за учење со најразлични доживувања што ќе им помогнат да се развијат социјално, интелектуално, физички и емоционално на начин кој е соодветен на возраста и степенот на развој.

Во исто време додека воспитниот тим на програмата "Чекор по чекор" ги поставува темелите за тоа децата да се развијат во исполнети успешни и активни луѓе кои се грижат за другите и кои се способни да остават белег врз својот свет тие се грижат за "овде и сега" за детството. Оваа цел се спроведува ценејќи ја играта и индивидуализацијата. Индивидуализацијата се постигнува така што се почитува моменталната развојна фаза на секое дете и се планира обем на соодветни активности, за да се обезбедат успешни доживувања за секое дете.

Зошто е потребна индивидуализацијата? Индувидуализацијата ги спојува развојната фаза, потенцијалите и потребите на секое дете со сфаќањата и планирањето на воспитниот тим. Кога искуството е

индувидуализирано, детето може да расте и да се развива со своја сопствена брзина. Индувидуализацијата одговара со развојното ниво, силите, интересите и потребите на секое дете. Кога постои ваков спој децата успешно ги изведуваат активностите. Тие стекнуваат способности и самодоверба. Со еден ваков приод децата стануваат подготвени да се соочат со нови предизвици кои на подрачјето на слободното време имаат доминантна улога.

Активната игра е срцето на добра програма за рано детство. Истражувањата за игрите покажуваат дека тие се значаен дел од животот на малите деца. Играта и развојот одат заедно, па средините кои се наменети за малите деца треба да овозможуваат неограничени можности за слободна игра. Игра́та се јавува на многу начини како самостојна игра со објекти, како неструктурирана, асоцијативна игра со друго дете како интерактивна и сложена драмска игра со реквизити и со други деца, а како што децата растат, и како поструктуирана, групна игра. Стручните лица го истакнуваат следново: "На децата им е потребно да играат за да ги развијат спознајните и моторните способности и за да учат за општеството, светот и нивното место во нив. Децата ги развиваат своите способности за општење со светот преку интеракција со еднаквите на себе. Тие учат што се тоа правила, како тие се прават и што значи фер однос и праведност. Учат да соработуваат и да делат. Развиваат почит кон себеси со успешно ставање на проба на сопствените способности, со интеракција на другите деца и со совладување на личните, физичките, интелектуалните и општествените предизвици". (Фрост и Цејкобс)

Програмата "Чекор по чекор" детето го става на централно место и дава можност за вклучување во игра во сопствен избор без разлика каде се изведува. Воспитувачите ги следат децата кои во овој случај водат и го овозможуваат оној тип на игра кој сознајно и емоционално им е потребен на децата.

Можностите за избор претставуваат фундаментално прашање и една од главните карактеристики на програмата “Чекор по чекор”. Изборот на активности, материјали, храна и облека им помага на децата да го вежбаат процесот на донесување на одлуки на сигурен структуриран начин. Тие учат да превземаат одговорност за својот избор и да ги разберат консеквенците на своите дејствија.

Донесувањето на одлуки бара практика. Ефикасното донесување одлуки не треба да се меша со интелигенцијата. Тоа е стекната способност која се гради низ практиката и низ можностите кои се укажуваат. Децата кои посетуваат градинки каде изборот е вграден во самата работна средина, сами ќе ја измерат цената и добивката од својот избор и ќе донесат соодветни одлуки за себе. Вежбајќи вршење избор, децата стануваат подобри во донесувањето одлуки во еден свет во кој се повеќе се нудат покомплексни опции. (Образованието и демократската култура-предучилишна практика, 1997, стр.19)

Распоредот на занималната според моделот “Чекор по чекор” дава голем број на можности за избор. Занималната има повеќе катчиња за избор кои содржат различни материјали со кои децата играат и истражуваат. Воспитниот тим го подржува изборот преку игра која е поставена во седум катчиња за активности, при што во секое има разновидна опрема и материјали: за семејна, драмска игра, за игри на маса, коцки, за литературно катче, за уметност, за игри со песок и вода и за активности во двор.

Во овие катчиња една проширена воспитна програма која користи директни, вистински опипливи доживувања ќе се доведе во врска со детските интереси, сфаќања, потекло и средина и ќе одговара на развојните способости на секое дете. На овој начин, секое катче станува лабараторија за иницијатива, избор, креативност и фантазија на децата.

Нагласувањето на учеството на семејството во прогрмата “Чекор по чекор” е исто така значајна карактеристика, како за воспитанието во целост така и за воспитанието за слободно време. Програмата поаѓа од

сознанието дека семејствата имаат најголемо влијание врз своите деца и тие се нивните основни воспитувачи. Според тоа програмата го пттикнува вклучувањето на семејствата во развивањето на искуството низ програмата на различни начини.

Методите варираат од една до друга градинка и од едно семејство до друго, зависно од инвидувалните услови и од условите на заедницата. Меѓутоа семејствата се пттикнуваат да се вклучат во сите аспекти на програмата. Раководителот на програмата ги планира активностите за семејствата заедно со воспитниот тим. (Предучилишен проект "Чекор по чекор", 1994, стр.5)

Родителите и воспитувачите ги споделуваат информациите за активностите кои ги изведуваат децата дома и во градинка. Во секоја градинка во која се спроведува воспитно-образовната методологја "Чекор по чекор" треба да постои семејна просторија која е пријатно средена во која можат да се добијат книги и други пишани материјали кои се од интерес за семејството, и информации за воспитно-образовната методологија и детскиот развој, да се послужи кафе или чај за родителите и со нив да се изведуваат некои активности или да се водат разговори на семејниот советодавен одбор кој треба да се формира.

Една од целите на воспитно образовната методологија "Чекор по чекор" е родителите, тимот од воспитувачи и пошироката средина да создаваат заедница која ќе го подржува растењето и развојот на децата и нивните семејства.

Програмата посебно ја акцентира семејната култура која има повеќе аспекти но за нас посебно е интересен аспектот слободно време и начинот на неговото поминување. Така едно семејство може да опфаќа личности од различни национални култури. Културата во голема мерка го определува она што личноста го мисли, цени и начинот на нејзиното однесување. Има типови на семјества кои сакаат времето дома да го минуваат пасивно, гледајќи телевизија, читајќи или играјќи игри. Други семејства се дружељубиви и слободното време го минуваат со повеќе

луѓе како на пример тетки, вујковци, братучеди, баби, дедовци, пријатели. Овие семејства уживаат во жив разговор со многу пријатели и соседи и меѓусебно се посетуваат. Пеењето и играњето се омилени рекреативни активности.

Поради тоа воспитувачот најпрво треба да ја разгледа семејната култура, вредностите, верувањата и начинот на восприемање на времето бидејќи семејството на секоја личност е единствена. Ваквиот пристап е мошне значаен за надминување на конфликтните ситуации во реализиацијата на активностите во градинката.

Улогата и активноста на воспитувачот во воспитно образовниот процес во голем процент зависи од моделот на програмата што се реализира. Посебно улогата на воспитувачот се согледува од аспект колку тој води сметка за детската иницијативност, почитувањето на детската љубопитност, на користењето на детското искуство, на почитувањето на игровните активности, размена на информации и сл.

Податоците од некои истражувања* говорат дека најголема слобода на децата за време на реализирањето на програмските содржини им даваат воспитувачите од моделот на воспитно-образовната работа "Чекор по чекор". Воспитувачите ги почитуваат детските идеи и ги користат овие идеи за моделирање на воспитно-образовната методологија "Чекор по чекор". Воспитувачите соработуваат со децата играат и работат, се однесуваат на начин кој ги подржува и им кажува дека некој за нив се грижи. Тие опсервираат, слушаат ги забележуваат и ги евалуираат своите опсервации, а потоа ги користат за планирање и индивидуализирање на работата со децата. Во средина во која воспитувачите ги поттикнуваат децата да ги следат своите интереси децата развиваат силно чувство за важност и самоиницијатива.

Воспитната програма "Чекор по чекор" обезбедува воспитувачите:

- да го разберат развојот на децата;

* Подетални информации има во книгата "Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование", Лена Дамовска, Скопје, 2001 год., стр.176-193)

- да имаат време да ги набљудуваат децата додека работат и играат;
- внимателно да планираат групи и индивидуални цели кои се темелат врз интереси и потреби;
- да обезбедат променлива флексибилна средина;
- да покажат почит кон децата и да ги ценат нивните идеи;
- да ги поттикнуваат децата сами да си ги решат своите проблеми и да се почитуват меѓу себе;
- да поставуваат сондирачки прашања кои ќе ги поттикнат децата да размислуваат за сопствените одговори. (Предучилишен проект "Чекор почекор", 1994, стр.8)

Дадените насоки за воспитувачите ни укажуваат на тоа дека воспитната програма "Чекор по чекор", во центарот на воспитно-образовниот пристап го става детето и неговата слобода како моќен начин за развиток на личноста. Улогата воспитувач кој анализира, поттикнува, насочува карактеристичен за прогрмата "Чекор по чекор" исто така е значајна и од аспект на воспитанието за слободно време, затоа што само ваков модел на воспитувач може детето да го воведе во сферата на слободното време. Воспитно-обрзовната методологија "Чекор по чекор" со сите карактеристики што ги има претставува иновативна програма која кај децата ја поттикнува активноста, креативноста, индивидуализацијата, самостојниот избор, односно развива ставови, знаења и вредности кои создаваат можност децата да се оспособат да одговорат на предизвиците со кои мораат секојдневно да се соочат. Сите иновативни промени кои се карактеристични за програмата "Чекор по чекор" како што се начинот на реализација на програмските содржини, уредувањето на занималната, улогата на семејството и воспитниот тим, а особено практикувањето на слободата како најголема вредност создава услови да се постават темелите на слободното време и детето чекор по чекор да се воведува во општествениот живот.

*13.2. Реализација на проектот "Вавилон"*

Проектот "Вавилон" започна да функционира како центар за развој на деца и млади за партиципација во мултикултурното општество, опфаќајќи го нивното слободно време. "Вавилон" како центар за деца и млади потои во осум градови во Македонија. Беше создаден во јуни 1999 година, како идеја од италијанската NGO основана во рамките на ECHO. Во текот на имплементацијата на проектот пола и повеќе од активностите се развивале во нагорна линија. Така се повеќе деца и млади се вклучувале во центрите. Исто така во центрите се вклучувале и родители, локални авторитети кои одлучувале за поволностите на центарот и за негово автономно унапредување.

Целокупното делување на "Вавилон" проектот е фокусирано на три значајни цели:

1. Да се надмине јазот и да се зголеми нивото на доверба меѓу децата и младите од различна етничка припадност кои живеат на територијата на Р.Македонија;
2. Да се поттикнува учеството на локалните невладини оранизации во работата на вакви и проекти со слични идеи, посебно ..за финансиска помош која ќе се употреби за опремување на центри во поранешните пионерски домови, домови на културата, гимназиите и сл.;
3. Да се обезбеди слободен сервис за деца и млади, вон времето за воспитание и образование, односно да се помогне во структурирањето на слободното време, заштитувајќи ги децата и младите од влијанието на улицата и можностите на неконтролирано однесување. (Project "BABULON" Young peoples development for participation in a multicultural society in Macedonia, UNICEF, 2000 год.)

Центрите се отворени со различен распоред во осум градови во земјата и тоа: Тетово, Радовиш, Куманово, Штип, Велес, Прилеп и Крушево. Секој центар е отворен 8 часа во текот на денот од понеделник до сабота. Децата се поделени според возраста во групи максимум 10 до 15 деца за активност. Секој 45 минути групата може да ја менува активноста усогласена спроед возраста на децата.

Активностите во центарот се поделени на активности на деца и активности за тинејџери. За деца предвидени се следниве активности: спорт, компјутери, англиски, општествени вештини и творештва (тука се вклучени уметност, музика, драма и политехника). Од техниките се употребуваат: цртање, моделирање (глина, дрво, тесто, картон и сл.), драмски активности, игри без натпреварувања, музички илустрации, аудио-визуелно образование, стимулирање на креативност, развој на позитивниот поим за себе, градење и подржување на доверба и самодоверба, меѓусебна соработка, донесување на одлуки на ниво на група, почитување на потребите на другите, учење за сличностите, разликите, обичаите и традициите и формирање на универзални вредности како љубов, пријателство, чесност, отвореност, искреност и слично.

За тинејџери предвидени се следниве активности: спорт, компјутери, англиски, социјални вештини, новинарство, дебати и законот на улицата. Секој месец тинејџерите издаваат заеднички весник, во кој се вклучуваат статии од сите осум центри. Тинејџерите се вклучуваат во специјални ворк шопови – работилници, раководени од искусни тренери во кои дебатираат, имаат активности од обласга на новинарството и човековите права.

Методите и техниките се во форма на предавања, дискусии, работа на текст, изработка на индивидуални или групни проекти (весник, истражување), дебати кои се адаптираат според возраста и интересот на членовите. Примената на овој вид на техники ја стимулира самостојноста на личноста, го развива критичкото мислење,

соработката, довербата и самодовербата, самоиницијативност, партиципација во општеството, развој на одговорност кај секој поединец итн.

Во рамките на планираните активности центарот организира и посети на културно историски споменици: цркви и џамии, етнички чисти или мешани села, Македонска, Турска, Албанска куќа, посета на музеи, театри, библиотеки,екскурзии, изложби на предмети направени во центарот.

Главната идеја преку активностите во центарот е да се стимулира социјализацијата помеѓу децата и младите на природен и што е можно помалку структуриран начин, без ограничувања и правила типични за училиштето. Децата сосема слободно и спонтано ја бираат групата дискретно менувајќи ја без однапред определени регулативи и правила.

Во организационата структура на проектот вклучени се централни координатори кои се одговорни за организацијата на центрите во градовите и тие се во нивна одговорност, како и грижата за материјалните и човековите потенцијали. Во задолженијата на координаторите стои дека тие треба да се грижат за контактите со локалните авторитети, локалните организации, спонзорите, медиумите итн. Исто така се грижат за контролата и координацијата на буџетот на центарот и поднесуваат неделен финансиски извештај.

Едукаторите имаат улога на ментори кои управуваат и ја подржуваат реализацијата на активностите. Тие создаваат атмосфера на искрени, отворени односи и релации, а во работата имаат помошници асистенти.

Проектот “Вавилон” има асоцијација на родители (ВРА) составена од родители на деца и млади кои го посетуваат центарот. Родителите се вклучуваат во образованието на децата и активностите во центарот. Тие помагаат асистираат во организацијата на активностите и на тој начин се вклучуваат во општеството. Во центарот родителите имаат сопствен

простор каде што се среќаваат, разменуваат искуства, организираат активности за возрасни, а за нив се планират и семинари.

Вавилон има и асоцијација на волонтери (BVA) која е составена од 10 до 15 тинејџери. Во секој центар има простор за почетници волонтери кои се на листата на чекање. Волонтерите им помагаат на координаторите и едукаторите на центарот, и учат како подобро да работат со деца и како да ги водат активностите. Волонтерите добиваат и сертификат за периодот во кој соработувале со центарот.

Воглавном асоцијацијата на родители (BPA) и асоцијацијата на волонтери (BVA) претставуваат потпора за работењето на центарот.

Покрај активностите во центарот со "Вавилон" проектот се планираат и здружени активности преку кои се прославуваат резултатите и се шири пријателството помеѓу децата. Од заедничките активности најчесто се изведуваат заеднички забави, зимски екскурзии, паради на маски, презентација на проекти, спортски натпревари, дебати, игри без граници, уличен театар и сл.

За да се подобри квалитетот на понуди за потребите на проектот биле организирани повеќе обуки, семинари и работилници. Учесниците на семинарите имале можност да учествуваат со сопствено искуство, да креираат и соработуваат.

Насловите според кои се изведени семинарите се:

- водење на психо-образовна работилница;
- комуникација со деца и работни методи;
- човекови и малцински права;
- интеретнички односи и процес на интеграција;
- решавање на конфликти;
- ненатпреварувачки игри;
- соработка помеѓу центрите: создавање на мрежа.

Карактеристично за "Вавилон" центрите е тоа што тие имаат соработка со специјалните училишта за ментален развој и хендикепирани деца со цел интеграција на овие деца во општеството.

Некои од овие деца ги посетуваат центрите со помош на асистентите и дефектолозите. Во случај кога има деца што неможат да доаѓаат тогаш претставниците на "Вавилон" одат кај нив забавуваејќи ги и играејќи си со нив. "Вавилон" исто така соработува со асоцијацијата на самохрани мајки и хуманитарни организации.

Проектот "Вавилон" беше имплементиран во два дела и тоа во 1999 година првиот дел беше основан и реализиран од ЕСНО, во 2000 година вториот дел беше импленентиран од UNICEF.

Денес УНИЦЕФ сака да ги подржи центрите и да го продолжи нивниот развој, создавајќи можности да се опфатат сите општини во Македонија. За таа цел евалуацијата која беше раководена од Светската Банка, имаше за задача доследно да пронајде сили и докази, да се надминат евентуалните проблеми, да се проценат новите потреби и да се дефинира прототип на центар за деца и млади.

Од презентираниот проект "Вавилон" со сите карактеристики што ги има јасно се гледа дека тој создава комплексна и витална структура за реализирање на слободното време со нагласена партиципација на децата и младите во мултикултурно општество.

Посебна предност на проектот е вклучувањето на локалната средина и семејството во центарот со што се создава педагошки оптимум позитивна животна ориентација и стабилен однос на децата и младите кон слободното време. Меѓусебната интерактивна соработка на центарот со семејството и локаланата средина ги поттикнува и ги насочува децата и младите кон позитивно користење на слободното време.

*13.3.Реализација на проектот "Славејче"*

Од учебната 2000/2001 година започна со реализација менторскиот проект "Славејче" чиј носител беше Педагошкиот Факултет "Св.Климент Охридска" од Скопје, раководен од тим на професори и асистенти од истиот факултет.

Со почитување на критериумите: повисок успех во студирањето, комуникативност и одговорност во проектот беа вклучени 15 студенти-ментори од Педагошкиот Факултет од групите за настава на македонски, албански и турски јазик. Студентите ментори работеле со 15 деца од истите етноси кои биле случајно избрани од основните училишта "Владо Тасевски", "Лирија", "Тефејуз" и "Браќа Рамиз-Хамид" од Скопје. Целта на проектот е да им се пружи помош на децата од дисфункционални семејства да стапат во контакт со нови луѓе и нови места, опфаќајќи го и нивното слободно време, а на студентите да им се даде можност да работат со вакви деца, да воспоставаат добра комуникација со нив, да бидат позитивен модел на идентификација, да ја развиваат самодовербата кај нив и сл. Значи проектот има двојна цел да им помогне на овие деца во решавањето на нивните проблеми и организрањето на нивното слободно време, но и да им помогне на студентите да стекнат искуство во работата со вакви деца.

Во дружењето студентите работат со децата и им помагаат во социо-емоционалниот и интелектуалниот развој. Средбите ги остваруваат на училиште, факултет и кај нив дома, со цел менторот да се запозне со семејството. Средбите се еднаш до двапати неделно по час и половина до два и им помагаат да ги надоместат пропустите во учењето на децата и некои други проблеми на кои наидуваат во секојдневниот живот.

Покрај индивидуалните средби за помош во учењето студентите ги носат децата еднаш неделно во посета на: кино, театар, концерт, музеј, библиотека и разни други културни настани.

Овој аспект во реализирањето на проектот има за цел кај децата позитивно да влијае во осмислувањето и градењето на културата на користење на слободното време. Децата кои потекнуваат од семејство со егзистенцијални проблеми, разведени родители, кои немаат еден или двајца родители или доаѓаат од добро ситуирани семејства но родителите потполно ги запоставиле, најчесто во семејството неможат да го добијат примерот за правилно и конструктивно исполнување на слободното време. Проектот дава можност децата да посетат многу места, да запознаат нови луѓе да развиваат интереси и да стекнуваат нови искуства.

Од извештајот (2000/2001) на реализраните активности на проектот "Славејче", очигледни се резултатите кои говорат дека децата кои биле вклучени во проектот постигнале подобар успех од предходно што го имале, но исто така збележителни биле и промените во социо-емоционалниот развој кај децата. Имено децата во почетокот биле повлечени, некомуникативни, со слаба доверба во себе и често неприфатени од своите врсници. Од досиејата на студентите кои задолжително ги воделе но и од разговорите со наставниците на учениците, очиглени се драстични промени во позитивна насока на крајот од учебната година. Децата станале покомуникативни, со поголема доверба во себе, со желба за дружење и активно поминување на слободното време.

Во текот на реализацијата на проектот биле остварени и средби кои придонесувале за етничка хармонија меѓу учениците. Поводите најчесто биле: прослава на родендени, дружење за Нова година, дружење по повод верските празници Велигден и Бајрам, дружење за крајот на учебната година и сл.

Проектот "Славејче" во текот на неговата реализација немаше потојан финансиски извор. Тимот кој што го раководи проектот смета дека поради позитивните резултати што ги покажа доколку има финансиска подршка би се проширил на 50 студенти и деца.

Во светски рамки постојат повеќе вакви проекти. Така во Шведскиот град Малме има посебна "Веленберг фондација" која финансиски ги покрива активностите на вакви проекти, таму познати под името "Nighingale". Урнекот е од израелскиот проект "Perach" кој трае веќе 20 години и во него се ангажирани 20% од тамошната студентска популација. Слични проекти има во САД – "Big brothers, Big siters" и во Австралија – "Star programme".

Разгледувајќи го од аспект на слободното време проектот "Славејче" претставува добра идеја затоа што опфаќа категорија на деца кои потекнуваат од дисфункционални семејства чие слободно време не е во доволна мера структурирано. Активностите на проектот посебно оние што опфаќаат посета на: кино, театар, концерт, музеј, библиотека и други културни настани, истовремено претставуваат културно-стимулативни фактори кои позитивно влијаат на воспоставување активен однос на личноста кон слободното време. Воопшто земено реализацијата на проектот ја наметнува потребата за нови истажувања на проблеми врзани со оваа категорија на деца и тоа од повеќе педагошки аспекти, вклучувајќи го тука и аспектот на слободното време.

* * * * *

Во обидот да ги идентификуваме најзначајните карактеристики на проектите кои беа предмет на наша анализа дојдовме до сознание дека тие претставуваат инспиративни идеи кои внесуваат нов импулс и раздвижување на подрачјето на слободното време. Новите тенденции и современи барања во воспитанието и образованиет кои во центарот ја ставаат личноста и нејзиниот развој, коинцидираат со современите

барања и на подрачјето на слободното време. Поради тоа и педагогијата на слободното време во контекстот на новите барања во центарот на воспитната работа ја става личноста нејзините потреби, интереси, желби, мотиви, активности, односно развиток на личноста врз принципот на слобода.

Во тој правец и проектот "Чекор по чекор" кој се реализира во предучилишното воспитание и образование промовира современ пристап во воспитната работа, а оттука и современ пристап за воспитанието во слободното време. Сфаќајќи го учењето како интерактивен процес на детето со возрасните, со другите деца и со средината со која доаѓа во допир, тоа добива карактеристики на учење низ искуство, слободно, отворено и достапно. На овој начин детето се подготвува да се изразува и во сферата на слободното време. Негувањето на средината во која се изразени специфичните врски помеѓу учењето низ искуство и слободното време, создава услови за избор, самостојност, индивидуализација, креативност и слично.Оттука значењето на реализацијата на овој проект ја гледаме во можноста на современ начин со специфични насоки, примери и методи да се делува во формирањето на способности и вештини за користење на слободното време.

Проектот "Вавилон" дејствувајќи на неформален начин како центар за развој на деца и млади, претставува современ концепт кој нуди разновидни можности за пополнување на слободното време. Лоциран во локалната средина концептот промовира таков начин на поминување на слободното време кој има карактеристики на активна, мултиетничка и културна партиципација на личноста во средината. Виталната структура која што ја има овој концепт влијае врз развојот на мотивацијата, креативноста, комуникацијата и истовремено и помага на личноста да ги надмине негативните влијанија во слободното време, пасивното однесување и потрошувачкиот стил на живеење.

Иако мотивиран од поинакви цели пред се социо-емоционален развој на деца до дисфункционални семејства, воспитната вредност на проектот “Славејче” се гледа во ориентацијата на личноста кон културните вредности. Исполнувањето на слободното време со активности кои имаат вистинска културна и уметничка вредност придонесуваат за духовно богатење и културно издигање на личноста. Преку широката лепеза на разновидни содржини и форми од обласга на културата и уметноста, децата се воспитуваат своето слободно време да го поминуваат организирано исполнето со автентични содржини кои позитивно влијат на развојот на човековата свест, емоциите, креативноста, творештвото и сл. Активностите блиски на културата имаат голема педагошка вредност без кои слободното време неможе да ја оствари својата функција-развиток на личноста.

На крај можеме да кажеме дека вредноста и значењето на реализираните проекти се гледа пред се во функција на осовременување на концепцијата на слободното време и нејзино практично реализирање. Меѓутоа, позитивните иновативни ефекти можат да се видат само после повеќегодишна практична реализација, кога ќе се надминат проблемите кои стојат на полето на воспитанието и образованието за слободно време и преку слободно време.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Кога се определивме за предметот и содржината за нашето истражување стартувавме со амбиција да дадеме скромен придонес и да расветлиме значајни прашања во теоријата и практиката на педагогијата на слободното време. Сметаме дека проучувањето на слободното време на учениците од аспект на педагошката наука има нагласена актуелност и значење пред се поради алармантните состојби по однос на теориското и практично занемарување на овој феномен.

Ако се знае дека овој век се нарекува век на слободното време, а уште повеќе од тоа – слободното време се поистоветува со животен еликсир, гаранција за иднината на културата, спасоносно средство за надминување на отуѓувањето, пат кон хуманизација, тогаш пред него стојат бројни и одговорни задачи, од него многу се очекува во поглед на подобрување на човековата иднина.

Неговото недоволно теоретско и практично осветлување може да доведе до постоење на една нејасна и нецелосна слика за односот на човекот кон слободното време, а во крајна линија од педагошки аспект остава простр за една непрецизност во врска со тоа што треба ние да сториме за да го извлечеме позитивниот максимум на човековите потенцијали.

Педагошката наука слободното време го третира како значаен фактор за реализирање на целта на воспитанието, но истовремено и како фактор за воспитание и образование на личноста, за културно и вредносно поминување на слободното време.Поаѓајќи од ова сознание се определивме во нашето истражување современите теоретски и практични проблеми на воспитанието во слободното време да ги проучиме од аспект на: историско развојната димензија на слободното време; проблемите кои се поврзани со определувањето на поимот слободно време; педагогијата на слободното време како педагошка

дисциплина и нејзиниот однос со другите науки и дисциплини; основните претпоставки кои го детерминираат конституирањето на теоријата и практиката на слободното време; теориските основи на педагогијата на слободното време; развојот на теоријата на слободното време во педагошката наука; фактори на организирање на слободното време; определување на задачите на педагогијата на слободното време, принципите на користење на слободното време; активностите на слободното време и нивната класификација; развој на концепцијата на слободното време; проблемите кои се јавуваат во процесот на практичната реализација на концепцијата на слободното време; како и анализа на современи иновациско истражувачки проекти кои се реализираат во воспитанието и образованието и се значајни за воспитанието на личноста во слободното време.

Појдовна основа во приодот кон нашиот предмет на истражување беа општествено историските аспекти на слободното време. Во нашето истражување заради научна систематичност во идентификувањето на најзначајните аспекти во развојната димензија на слободното време се определивме корените на слободното време да ги побараме уште во раниот период со појавата на човековата цивилизација, античкиот период, феудалното општество и раниот капитализам и капиталистичкото општество од воведувањето на мануфактурата до модерното индустриско производство. Следејќи го историскиот континуитет во развитокот на општеството земавме во предвид повеќе аспекти од кои зависела количината, содржината и можностите за користење на слободното време. Во тој контекст посебен акцент ставивме на развитокот на производните сили и односи, карактерот на општественото уредување, културата, материјалната благосостојба, субјективните ориентации, навиките и свеста на поединецот од кои зависело слободното време, а со самото тоа и местото и улогата на воспитанието во тие рамки.

Разгледувањето на еволуцијата на слободното време низ историјата ја доведовме во врска со третманот и сваќањата на најразлични автори во светот и кај нас. Она околу што не се согласуваат различните теоретичари е токму прашањето дали слободното време е појава која постоела во сите цивилизации и човечки епохи? Некои од нив даваат категорично потврдни одговори додека други со мноштво на аргументи го негираат постоењето на овој феномен.

Во првобитната општествена заедница слободното време има свој квантитативно-квалитативни карактеристики а тоа се: дифузност и мала застапеност во целокупниот комплекс на време; и неиздеференцираност на работата по однос на останатите активности. Карактеристично за првобитната заедница е тоа што тешко можат да се одвојата од производната работа некои други активности на човекот, така што доаѓа до испреплетување на примитивната општествена работа со играта и активностите кои имале забавен карактер и елементи на религиски обреди и церемонии. Во првобитната заедница, после првата поделба на работата се рефлектира и слободното време на определен начин, со развојот на земјоделската цивилизација се создаваат повеќе часови на доколица т.е. одмор од работата во зимскиот период. Слободното време влијае на одредени активности, а посебно на подрачјето на уметноста.

Со појавата на класите се јавува и границата помеѓу слободното време и производната работа. Слободното време станува привилегија на владечките слоеви на општеството. Физичките и другите работи за нив ги обавувале потчинетите, а владеачките слоеви можеле да се занимаваат со содржини кои ја надвишуваат грижата, односно борбата за лична елементарна егзистенција. Во античкиот свет таа граница ги дели робовите и господарите, во феудализмот кметовите од племството и свештенството, а во капитализмот буржоазијата од пролетеријатот.

Во филозофската мисла на Античка Грција и Рим ги среќаваме и првите филозофски мисли за слободното време. Грчките филозофи уште на тлото на ова општествено уредување го почувствувале

проблемот на слободното време, размислувале за него и ја објаснувале неговата основна функција. Помеѓу античките филозофи посебно значајни погледи среќаваме кај Платон, Аристотел, Епикур и Луциј Анеј Сенека.

Во филозофските размислувања на Платон се забележува дека неговата концепција за слободното време е наменета за децата (игра и нега) и за младите (забава и спорт) додека за останатите тоа треба да биде исполнето со религиозни церемонии. Неговата концепција е иделистичка, религиозна, треба да се игра да се пее, да се моли господ, да се одоброволи и на тој начин да се обезбеди сигурно и добро место во задгробниот живот. Платоновата концепција е доста сложена и во неа се забележува онаа неизвесна теорија на доколица која имала посебно значење за Стара Грција.

За разлика од Платон, Аристотеловата концепиција е реална, конкретна, приземна, хуманистичка. Според него слободното време е привилегија само на аристократијата не и на робовите. Одвојувајќи ја работата од слободното време Аристотел сметал дека активностите во слободното време сами по себе пружаат уживање, среќа и блажен живот, а тој како филозоф на среќата како често го нарекуваат токму во тоа ја гледа целта на животот. Аристотел во своето филозофско учење се обидел да ја определи меѓусебната зависност на доколицата и работата. Откривајќи ги сите нивни својства и специфичности тој го направил најголемиот дострел на античката мисла и ја поставил основата на филозофско-социолошката теорија за доколица. Концепцијата на Аристотел е значајна од педагошки аспект посебно поради прашањето кое тој си го поставува, на пр.: ако се одбере слободното време наспроти работата со што треба тоа да се исполни? Во одговорот на ова прашање тој вели "Секако не со игра, затоа што во тој случај играта ќе стане цел во човековиот живот, а тоа е невозможно".

Идеите за доколицата родени во Античка Грција биле пренесени во Рим, благодарение на Платоновите и Аристотеловите дела. Римјаните

го прифатиле грчкиот стил на слободно време но сега наречен otium. Меѓутоа мошне мал бил бројот на патриции кои го поминувале во смисла на schole. Тој идеал на грчкиот начин на слободно време го превзел само Сенека, затоа што градителите на Римската Империја спротивно на “otium” го ставале “negotium” со што слободното време се подредува на производни активности и делување. Според Сенека човековиот живот се мери не според времето туку според неговото дејствување.

Општа карактеристика за античкиот период по однос на слободното време е дека тоа било привилегија на аристократијата која не се занимавала со производна работа туку живееала од работата на пониските слоеви. Смислата на слободното време била стекнување на добродетели, индивидуален развој во духот на Калокагатија, самообразование и афирмација на личноста. Содржината на слободното време се карактеризирала со повеќе културни, уметнички и спортски активности, а можностите за масовно користење на слободното време ги обезбедува општеството со воведување и организирање на бројни свечености, игри и изградба на потребни објекти. Составен дел на воспитанието на граѓаните била и подготовката на младите генерации за културно и за човекот достоинствено поминување на слободното време. Слободното време во античкиот период има свои определени димензии кои ја даваат основата за една поразработена и поосмислена теориска концепција со што се потврдува значењето на античката цивилизација за целокупниот живот на човештвото.

Во феудалното општество црвката и државата го определуваат обемот на слободното време на сите општествени класи. Во овие општествени услови неможело да стане збор за некој фонд на слободно време, во смисла на богато, содржински осмислено и реализирано слободно време. Кметовите, селаните, занаетчиите и трговците и понатаму работеле од утро до вечер само да преживеат. Нивното вон работно време едвај им стигнувало за физички одмор, обнова на

телесната енергија и секако за молитва. Слободното време во феудалното општество во духот на грчкото schole и римскиот otium го губи својот слободен, креативен, културен и уметнички карактер. Слободното време во овој период претставува само обид да се исполни неработниот празен и бесодржаен живот кој се базирал на девизата според која работата се толкува како последна цел во животот за слава божја.

Периодот на хуманизмот и ренесансата претставува нов импулс со мноштво на нови идеи кои во основа ги рушеле темелите на дотогашното општество. Покрај битните промени на подрачјето на политиката, верата, општеството и стопанството (вклучуваејќи го занаетчиството и трговијата), ренесансата отвара нови патишта за слободното време и разонодата. Слободното време и понатаму останува во рамките на повластената класа и новата аристократија додека останатите и понатаму ја барале смислата на животот во црковните верувања, верските обичаи, молитви и работа. Во делата на поедини претставници на хуманизмот и ренесансата а посебно социјалутопистите кои се бореле за подобро општествено уредување, среќаваме поедини мисли и турдови во кои се придавало посебно значење на слободното време. Духот на ренесансата и новиот “стил на живот” најпотполно се изразени во делата на англискиот филозоф Томас Мор, италијанскиот филозоф Томасо Кампанела, потоа Франсоа Рабле и Мишел Монтејњ, се разбира сите од свој агол на размислување.

Во концепциите на Томас Мор и Т.Кампанела како претставници на хуманизмот карактеристично е тоа што античката смисла на слободното време значително ја збогатиле. Тие го истакнале значењето на производната работа, нејзината оправданост и вредност, ограничувајќи ја работната недела на 36 часа односно 24 часа неделно. Карактеристично е и тоа што слободното време нема облежја на безделничење и доколица, туку активен одмор, разонода и уште повеќе учење и усовршување односно сестрано развивање на личноста на

човекот. Имало и потполна демократизација во користењето на слободното време, не како привилегија туку како призната општествена норма и реалност.

Ренесансниот дух најпотполно е изразен во делата на Франсоа Рабле и Мишел Монтејњ, каде што слободното време добива исклучително значајно место. Франсоа Рабле преку една спонтана духовна и умна проекција на светот стигнува до едно страсно сваќање на слободниот живот и до љубовта спрема даровите на природата. Мишел Монтејњ како најостроумен набљудувач на човековата природа на сите времиња, на своевиден начин со својот радознал и скептичен дух, покажува дека во човековиот живот мораат да се избегнат крајностите на млитавата и дремлива доколица. Со исклучителна осетливост спрема просторот на човековиот внатрешен свет Монтејњ, настојува да ја смири човековата амбивалентност и неговото распнување помеѓу ентитетот: свет-човек.

Во рамките на капиталистичките општествени односи слободното време поминува низ сите етапи низ кои поминува и капиталистичкото општество, кое како категорија продолжува различно да се доживува, искористува и исполнува. Во општите карактеристики на капиталистичкото општество повеќе автори ја нагласуваат зголемената моќ на владеачката класа и бездушната експлоатација на работниците. Владеачката класа се служи пред се со етиката и култот на работата кој го проповеда католичката верска заедница и на таа основа ја оправдува експлоатацијата на работниците и должината на траењето на работниот ден. Така во периодот на мануфактурното производство на работничката класа и се наметнувале ригорозни работни обврски кои често биле продолжувани до крајот на денот. Работникот имал само скромен остаток од време после работата кое исто така било контролирано. Во периодот пак на машинската индустрија уште повеќе се продлабочува јазот помеѓу работничката класа и владеачката буржоазија. Условите за работа го лишуваат работникот од слобода и

правно и реално. Покрај експлоатацијата на работникот во овој период се зборува и за експлоатација на детскиот труд и ужасните последици од него врз младиот организам. Под вакви услови на искористување на работничката класа се создаваат и првите движења за скратување на работното време, а со самото тоа и борба за слободно време, за исполнување со побогати содржини и негова демократизација.

Во многубројните интерпретации по однос на смислата, значењето и односот работно - слободно време во услови на капиталистичко општество значаен придонес има Карл Маркс, во чии погледи егзистираат определени анализи на релација работно време-слободно време – развиток на личноста. Заслугата на Маркс се состои во тоа што ги воочил класните димензии во распределбата на работното и слободното време и спротивностите кои во овој сегмент се изразуваат помеѓу буржоазијата и работничката класа во услови на капитализам. Карактеритично е и тоа што Маркс правел разлика помеѓу времето кое се определува за работа и неработното време од една страна и слободното време од друга страна. Повеќе од еден век не дели од Марксовите дела, и токму таа временска дистанца, односно тоа што се случувало во меѓувреме со односот работно-слободно време, непобитен е доказ за вистинитоста и современоста на неговите зборови. Тој на некој начин го антиципирал она што денес се случува, како што велат футуролозите.

Во целокупното критичко проблематизирање на општествено историските аспекти на слободното време дојдовме до сознание дека тоа носи нужност од производната работа но се разбира таа нужност е квалитативно поинаква. Карактерото на слободното време е условен пред се од егзистенцијалните потреби на општеството и потребите на развиеното производство. Токму тој ослободен и слободен дел од времето е најважне фактор за развиток на личноста за усовршување на сите својства и способности, за задоволување на интелектуалните

потреби и стремежи, за воспитание на неговите морални квалитети, за физички и естетски развиток на човекот.

Вториот проблем во проучувањето на нашиот предмет на истражување го насочивме кон разгледување на повеќе современи теориски определби на поимот слободно време кај авторите во земјите од Западна Европа и САД, потоа теориските определби за слободното време кај авторите од земјите на Источна Европа како и теориските определби за слободното време на просторите на поранешна СФРЈ.

Со еден ваков пристап дојдовме до сознание дека посебен придонес на планот на целокупното проучување на слободното време дале социолозите и покрај несогласувањата во различните теориски поставки и терминолошки разидувања.

Сумирајќи ги разновидните теориски определби на Западно Европските и Американски автори, констатиравме дека неможе да се издвои една општо прифатена дефиниција која би ги решила проблемите на слободното време во овие високо развиени земји. Слободното време некогаш се определува како состојба на слобода, став или свест, општествен идеал, некогаш тоа претставува слободен избор, отсуство на обврска, искуство, рекреација, а понекогаш субјективно чувство квалитетни активности и сл. Во суштина доминират две ориентации и тоа: првата ориентација е повеќе насочена кон истражување на оптималната структура на слободното време, односно анализа на тенденциите на развојот на современото општество; и втората ориентација која тргнува од индивдуално - психолошките последици во процесот на индустриализација и урбанизација.

Од наведената лепеза на разновидни пристапи и мислења ја идвоивме дефиницијата на Ж.Димаздие затоа што во научниот свет е најприфатлива и најавтентична, и на неа се повикуваат и повеќе педагози. Тоа што од педагошки аспект експлицитно доминира во оваа дефиниција е образованието, творештвото, способностите кои се во функција на развиток на личноста.

Карактеристично за Источноевропските автори во теориското определување на поимот слободното време е тоа што во основа го земаат учењето на Маркс, Енгелс и Ленин. Но сепак тука не станува збор за потполно поклопување со нивните учења, туку постојат и некои специфични елементи според кои може да се издвои придонесот на овие автори во определувањето на поимот слободно време. Во трудовите на некои советски автори слободното време се определува како збир на активности кои се однесуваат на задволување на интелектуалните, социјалните и физичките потреби како на пр.: креативност, физичка култура и разни видови на спорт. Меѓутоа кај некои други советски автори се забележува посеопфатен теориски пристап кој на еден друг начин го објаснуваат слободното време. Според тие ставови слободното време најчесто се употребува кога се определува дел од целокупниот фонд на време (квантитативен аспект) и извесни типови на активности кои луѓето ги практикуваат (контекстуален аспект) кои според потребите се комбинираат, што значи истовремено се користи временскиот фонд и тоталитетот на активност. Она што посебно нас не интересира од педагошки аспект е тоа што во некои дефиниции се укажува на целта на воспитанието како што е на пр.: сестраниот развиток на личноста, кој може да се оствари преку слободното време и тоа преку општествени активности и воспитанието на децата.

Со издвојувањето на најзначајните дефиниции за слободното време на просторите од поранешна СФРЈ, констатиравме дека и кај овие автори нема некоја конечна определба и единствено прифатена дефиниција за слободното време. Поголем дел од теориските определби се потпираат на веќе дефинираниот поим слободно време во светот, со некои дополнителни пристапи кои придонесуваат за подобро расветлување на поимот. Како најоргинален социолошки пристап во дефинирањето на слободното време ја издвоивме дефиницијата на Ратко Божович.

Од теориската анализа во определувањето на поимот слободно време дојдовме до сознание дека доминира неединствен пристап во определувањето на содржината на слободното време во трудовите на повеќе автори од западниот и источниот свет, а судирот настанува по однос на користењето на терминот слободно време и доколица. Овие два термина се земаат како синоними иако во суштина се разликуваат. Слободното време е форма надворешен израз, а доколицата и другите активности во слободното време содржина и цел. Сфаќањето на овие два поима како идентични изрази доаѓа веројатно поради тоа што и надворешниот израз и содржината се остваруваат вон работата и работното време.

Тешкотиите по однос на социолошко-теориските определби на слободното време се рефлектираат и во педагошката сфера, па затоа според нас слободното време и неговите битни обележја треба да ги набљудуваме во динамичен развој во растојание на релација деца-возрасни, па според тоа и смислата на неговата дефиниција треба да се прилагоди со специфичностите на поедини периоди од развојот. На тој начин постоечкото социолошко значење добива определени педгошки обележја. Поаѓајќи од предметот на нашето истражување слободното време на ученикот е она време вон наметнатите семејни и училишни обврски, со цел не само одмор и рекреација туку и развивање на личноста во духот на целокупните воспитно-образовни настојувања.

Разгледувањето на проблемот на педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина и нејзиниот однос со другите науки и дисциплини беше насочено кон разрешување на прашањето околу тоа дали педагогијата на слободното време може самостојно да ги решава проблемите кои стојат на подрачјето на воспитанието во слободното време и дали постои опасност иако е самостјна педагошка дисциплина нејзиниот предмет да го превземе друга наука или дисциплина. Одговорот на овие прашања како и на прашањето за понатамошната спецификација на педагогијата на слободното време во научните

расправи доведоа до појава на две тенденции: 1. Проучување на слободното време од различни аспекти но во рамките на поедини традиционални науки; и 2. Сите сознанија за слободното време да се соберат и да се развијат во една наука за слободното време или наука за доколица.

Нашиот став по однос на овие тенденции се заснова на нашите досегашни искуства кои произлегуваат од сегашниот степен на развој на педагошката наука па во таа смисла и проблемот слободно време треба да се проучува преку педагогијата на слободното време како педагошка дисциплина која егзистира во рамките на педагошката наука. Според наши сознанија не треба да прифаќаме ставови, концепции и да бараме аргументи за нешто што кај нас не се потавува или се поставува на поинаков начин. Можностите за решавање на проблемите треба да ги бараме и успешно да ги решаваме врз основа на нашите општествени и педагошки потреби и сознанија.

Во трудот се определивме да проучиме и четири вида на претпоставки кои имаат детерминирачко влијание во концепирањето на теоријата и практиката на слободното време. Во тој контекст ја издвоивме научно технолошката револуција; сознанијата на современата педагошка наука во која посебно ги издвоивме прашањата за целта на воспитанието и слободното време, слободното време и вредностите, творештвото и слободното време како и прашањата за самообразованието и самовоспитанието; психолошките претпоставки и педагошката практика.

Влијанието на научно технолошката револуција го разгледуваме од аспект на зголемувањето на обемот на слободното време како резултат на скратувањето на работното време, и во тие услови карактеристиките на пасивност, противречност, претежно забавен карактер на активностите на слободното време во кои преовладуваат потрошувачки вредности. Од сите карактеристики што ги добива слободното време во услови на научно технолошка револуција

најдоминантен е потрошувачкиот карактер кој се проширува во сите сфери, па така и на културата која се повеќе се доживува како потрошен предмет како и секој друг, со што се развива културата на постиндустриското, масовно општество, таканаречената масовна култура која претставува доминантен облик на користење на слободното време со што доаѓа речиси до органска врска меѓу слободното време и масовната култура во денешното општество. Масовната култура станува доминантна активност и во исполнување на слободното време на децата и младите. Критичарите на масовната култура сметаат дека со ваков начин на користење на слободното време човекот ја губи врската меѓу сопствената дејност и сопствената творечка сила, го губи континуитетот со уметноста и науката кои што се засноваат врз таквата активност.

Сознанијата на современата педагошка наука ни укажуваат дека во определувањето на целта на воспитанието поточно во нејзината конкретизација се повеќе е присутна димензијата слободно време. Поткрепа за едно вакво сознание побаравме во учебниците за педагогија и во некои други трудови во кои авторите П.Шимлеша, Н.Поткоњак, В.Шмит, А.Вукасович и Љ.Копровски аргументирано тврдат, се разбира сите од свој агол на размислвуање, дека целта на воспитанието треба да се набљудува праку трите основни подрачја и тоа: професионална работа, општествен живот и слободно време. Начинот на кој авторите приоаѓаат кон определување на општата цел на воспитанието и конкретизацијата на задачите кои се однесуваат на подрачјето на слободното време, јасно се гледа дека ова подрачје станува рамноправно по важност со сите останати аспекти и задачи на воспитанието. Слободното време станува неизоставна компонента на физичките, интелектуалните, работно-техничките, естетските и другите квалитети и задачи. Во овој дел од трудот го разгледавме и прашањето за содржината, целисходноста и вредносната обоеност на слободното време, со што дојдовме до сознание дека целта на слободното време како што ние ја гледаме треба да претставуа дијалектично единство на

општествени и лично пожелни релативно стабилни диспозиции на субјектот од една страна и вреднување на својствата на објектите од друга страна. Значи од педагошки аспект неодвоиво е индивидуално пожелното од општествено-економските и културни услови во кои личноста се формира.

Во разгледувањето на односот помеѓу слободното време и вредностите појдовме од сознанието дека вредностите и вреднувањето се неразделен дел од човековата суштина, преку кои се изразува човековата природа, општествен живот, па оттука и слободното време. Во тој контекст се истакнува потребата за оспособување на личноста за активно, позитивно и културно користење на слободното време. Широката лепеза на слободни активности со разновидни содржини овозможува младите да се воспитуваат и оспособуваат да бидат консуматори на автентични уметнички и културни вредности, вешто селектирајќи ги меѓу оние кои пружаат лесна забава  и бегство од реалноста и оние кои се вистински и оригинални.

Самовоспитанието и самообразованието претставуваат темелни брања на современото воспитание и образование па оттука и на воспитанието во слободното време. Затоа во слободното врреме треба да се обезбедат услови и можности за самообразование и самовоспитание за целокупните современи достигнувања за континуиран развој на човековите способности. Иако самообразованието и самовоспитанието на подрачјето на слободното време наидуваат на некои проблеми при практичната реализација, сепак имаат оптимални можности и реални насоки слободното време да се исполни разновидно, богато и конструктивно.

Од целокупната педагошка комплексност на слободното време го издвоивме и значењето на творештвото за воспитанието и развитокот на личноста. Во тој контекст накратко се осврнуваме на сваќањата на повеќе психолози кои сакале на индиректен начин да одговорат на предизвиците на творештвото. Меѓу  нив ја издвоивме Фројдовата

теорија за сексуална сублимација на творештвото, потоа Адлеровата теорија за неуротска компензација, претставниците на гешталдпсихологијата кои ги врзуваат своите истражувања со мисловната активност, неочекуваната појава и формирање на нови форми "гешталди" кои експериментално ги пратат, претставниците на теоријата на наследниот карактер на творештвото и претставниците на општествено-работната теорија на творештвото.

Творештвото како највисока форма на слобода и вредност на човековото живеење има посебно значајна улога за развитокот на личноста и претставува значајна претпоставка за педагогијата на слободното време, затоа што го обележува патот и начинот за доаѓање до слобода и нејзино остварување на дело.

Во приодот кон разгледувањето на психолошките претпоставки во трудот се осврнавме на прашањата за личноста, зрелоста и психичката динамика на личноста, развојните периоди во развитокот на личноста кои за педагогијата на слободното време се мошне значајни пред се за вклучувањето на учениците во поедини активности во слободното време, факторите во развитокот на личноста (наследство, средина, воспитание и активнсот на индивидуата) мотивите и интересите. За развитокот на личноста од исклучително значење е активноста која не делува одвоено и независно од останатите фактори туку станува збор за меѓусебно делување или интеграција на наследните диспозиции, влијанието на природната и општествената средина, воспитанието и личната активност на индивидуата. Од функцијата и значењето на активноста во развитокот на личноста произлегува и значењето на слободното време. Тоа како општествена појава има своја социјална, здравствена, културна и педагошка функција која се остварува преку вршење на адекватна дејност, односно по пат на активностите на слободното време. Активностите ја афирмираат вистинската смисла на слободното време, конфронтациите се против "мртвото време", против досадата, духот на

пасивност и мрзеливост, против празнина, негација и тотално отуѓување на човекот.

Во рамките на разгледувањето на психолошките претпоставки сосема оправдано ги издвоивме мотивите посебно социјалните и персоналните меѓу кои: мотивот за друштво, мотивот за самопотврдување, мотивот за самостојност, мотивот за смоактуелизација и творештво. Овие мотиви кои се насочени кон личноста на поединецот и кои се развиваат по пат на социјалните фактори и социјалното учење ги доведовме во врска со слободното време.

Поаѓајќи од претпоставката дека слободното време во најголема мерка е исполнето со активности поттикнати од интересите, во овој дел од трудот го нагласуваме значењето на идентификацијата на интересите на децата од страна на родителите и наставниците за правилно насочување во изборот на слободните активности.

Проблемот на односот на слободното време и педагошката практика како мошне сложено прашање го разгледуваме во зависност од низа услови и барања. Во контекстот на проблемот што го проучуваме се определивме да ги анализираме оние суштински основни аспекти од кои зависи успешната практична реализација на воспитанието во слободното време и тоа: слободното време на учениците и наставните обврски, односно колку наставата им создава слободно време за задоволување на потребите, интересите и развивање на способностите за творечко користење на слободното време, оспособувањето на кадри за работа со учениците во слободното време како и влијанието на материјалните и финансиските аспекти врз успешното реализирање на слободните активности.

Покрај бројните општествени и индивидуални фактори кои ја условуваат количината на слободното време наставата и учењето за настава, представуваат доминантна активност во целокупното дневно време на децата. Постои доста оправдано мислење кое предупредува на

оптовареноста на децата со училишни обврски и активности врзани со тоа. Тука ја нагласувме потребата од решавањето на овој проблем преку промени на наставата во повеќе насоки за надминување на бариерите помеѓу активностите во училиштето и активностите во слободното време. Во таа смисла посебно го издвојуваме мислењето на Руди Лешник кој ја нагласува потребата за дидактика на слободно време која подразбира отворени ситуации во учењето, ја надополнува школската дидактика која повеќе е насочена кон затворени ситуации на учење и која може да обезбеди посестран развој на личноста. За практичната педгошка работа значајна претпоставка за успешно реализирање на целите и задачите на педагогијата на слободното време претставува и оспособувањето на кадри кои ќе работат на ова подрачје. Во овој дел ги изнесуваме нашите состојби по однос на оспособувањето на кадри, нагласувајќи ја потребата за посериозен пристап во решавањето на овој проблем. Покрај ова укажуваме и на некои состојби во европските земји каде подлго време се работи на професионалното оспособување на кадри за областа на слободното време. Материјално финансискиот аспект е исто така мошне значаен и директно се одразува врз програмската реализација на слободните активности. Разновидните слободни активности претпоставуваат и бараат објекти, простории, слободни површини за нивно изведување, бараат книжари, библиотеки, работилници, лаборатории, клубови, сали за физичко воспитание, игралишта, базени, летувалишта и слично.

Во нашата анализа се обидовме да ги издиференцираме и теориските основи во проучувањето на слободното време и дојдовме до сознание дека во фокусот на интересите во светски рамки се ставаат прашањата за односот на училиштето, обрзованието и слободното време, прашањето за организирано или неорганизирано слободно време, хуманото и креативно градење на културата на слободното време, спојување на училишните и вонучилишни програми кои го организираат слободното време на учениците, како и бројните истражувања и проекти

кои се во функција на создавање на подобри услови за негово организирање и користење.

Значењето на училиштето и образованието за слободното време е прашање кое е многу повеќе од основно, кога станува збор за надминување на конфликтот помеѓу подготовката за работа и подготовката за слободно време. Вистинските одговори се рефлектираат во прашањата: Како ние можеме да научиме да ја практикуваме слободата во институциите за воспитание и образование? Како можеме да ги научиме вештините кои се бараат од нас за да го продолжиме образованието, а истовремено да чувствуваме задоволство од него? Како учењето може да биде елемент на слобода и мотивација за слободно време кога тоа се карактеризира со барања, проценки и стандарди? Како образованието може да се поврзе со развојот на интересите и вештините на слободните активности? Дали училиштето може да биде главен фактор во подготовката на ученикот за слободни активности и задоволување на интереси за целиот живот?

Одговорите на овие прашања ги побаравме во размислувањата на некои американски автори кои во основа се сведуваат на сознанието дека, кога образованието и слободните активности ќе се сватат во својата комплементарност, односно кога нивните специфични врски ќе се прифатат тогаш и двете создаваат можности за избор. И двете преку своето делување ја опфаќаат личноста во целокупниот свој растеж низ целиот живот и двете го вклучуваат искуството за учењето и живеењето во актуелизацијата на човечките потенцијали.

Во одговорот на прашањето организирано или неорганизирано слободно време ја истакнуваме потребата за организирано и активно користење на слободното време. Во оваа смисла од особено значење е на младиот човек да му дадеме што повеќе можности тоа време да го искористи на општествено конструктивен и културен начин.Како застапници на тезата за организирано слободно време нагласуваме дека со ова не мислиме дека на поединецот треба да му даваме упатства што

во слободното време да прави, затоа што со давање на обврски се негира самата суштина на слободното време.

Друг значаен момент на кој се осврнавме по однос на теориските основи на педагогијата на слободното време е прашањето на хуманото и креативно градење на културата на слободното време. Суштината на оваа димензија ја гледаме во воспитната вредност на културата која ги развива способностите индивидуата да биде отворена и критички да го преиспитува својот однос кон основните ориентации и вредности. Меѓутоа наспроти ова дојдовме до сознание дека културната функција сеуште останува неисполнета можност. Податоците од многубројните истражувања за активностите на младите во слободното време, покажуваат дека на активностите кои можеме да ги сметаме културни или блиски на културата се троши многу малку време.

Зборувајќи за училиштето, образованието, слободните активности и културната ориентацијата во слободното време на децата и младите проследивме и повеќе истражувања кои ни овозможија да добиеме поцелосна слика за современите теориски основи на педагогијата на слободното време.

Нашата анализа по однос на теориските основи на педагогијата на слободното време не доведе до следниве заклучоци:

1.Основните функции на образовните институции како што се складирање, класирање и оценување се во конфликт со слободата, креативноста и творештвото преку кои треба да се подготви поединецот за слободни активности за целиот живот;

2. Училиштето е важен фактор за запознавање на разновидните можности на слободните активности, но и за развојот на основнтие и специјализираните вештини;

3. Недостатокот на слобода и избор во многу училишни програми е ублажен преку преориентацијата кон активности за целиот живот во училиштето и разновидните можности после завршувањето на училиштето;

4. Градењето на културата за користење на слободното време не е спонтан продукт и неможе да се развие сама од себе. Училиштето останува значаен фактор кој влијае врз културната ориентација во слободното време, меѓутоа проблемот не е во тоа што младите најголем дел од слободното време го поминуваат пред ТВ, компјутери, интернет, туку дали ние им создаваме можности за некои други активности;

5. Теориските основи на педагогиајата на слободното време се прошируваат преку спојување на училишните и вонучилишни програми кои го организираат слободното време на учениците. Поголем број од нив претставуаат иновативни и интересни примери за спојување на формалното и неформалното вонинституционално образование;

6. Истражувањата за слободното време имаат нагласен интердисциплинарен пристап насочен кон проучување на потребите и интересите на децата и младите, конципирањето на програмите и нивна реализација.

Развојот на теоријата на слободното време во педагошката наука го проследивме преку анализа на некои клучни, типични и преодни моменти, односно оние идеи кои најдобро ја одразувале педагошката теорија и практика на полето на слободното време. Почетоците на актуелизирањето на проблематиката на слободното време ги побаравме уште во 50-те години на 20 век кога за прв пат бил употребен изразот "слободно време". Развојниот пат на оваа проблематика го проследивме преку оние трудови кои дале најголем придонес во развојот на теоријата на слободното време во педагошката наука. Во тој контекст го издвојуваме и значењето на авторот В.Јанкович кој ја дава основата на теоријата и практиката на педагогијата на слободното време. Исто така се обидовме да ги евидентираме и состојбите во проучувањето на слободното време во Македонската педагошка мисла, при што констатиравме дека кај нас се наметнува потребата од еден посериозен

научен пристап во проучувањето на овој проблем од аспект на педагошката но и од другите науки, што всушност значи еден итнердисциплинарен пристап.

Педагошкото значење на слободното време на учениците го проследивме и преку факторите кои можат да се јават како организатори на слободното време и да помогнат во неговото обликување со создавање на практични можности за негово спроведување. За користење и организирано исполнување на слободното време се грижат низа организации, установи, објекти, служби и поединци. Нивната улога е посебно определена и специфична, а силата на делување е различна. Секој од тие фактори на адекватен начин влијае и на целокупното воспитание на децата па затоа во овој дел од трудот ги евидентиравме и анализиравме начините и можностите на нивното воспитно влијание. Во класификација на можните фактори на организирање на слободното време на учениците ги издвоивме: семејството, предучилишните институции за воспитание и образование, современото училиште, детските организации, општествените оранизации, културните и други јавни институции и организации, средствата за масовна комуникација, јавните манифестации и потесната општествена средина.

Определувањето на задачите на педагогијата на слободното време, го разгледуваме преку анализа на нивната суштина и функција, следење на нивната развојна димензија или поконкретно диференцирање на најзначајните карактеристики (сличности и разлики) во нивниот третман. За таа цел користевме учебници по педагогија, монографии, статии и енциклопедии издадени на просторите на поранешна СФРЈ. Во нашето истражување сакавме да опфатиме повеќе учебници по педагогија за да го запазиме хронолошкиот редослед но во тоа не успевме од две причини: прво во првите учебници по педагогија С.Патаки (1951) -Опча педагогија; Р.Теодосич (1965) – Педагогија, но и во некои од понов датум Љ.Крнета (1975) – Педагогија; Ј.Ѓорџевич,

Н.Потковак (1986) – Педагогија, отсутвува посебно поглавје во кое се обработува проблемот на педагогијата на слободното време и нејзините задачи; и второ во некои други учебници по педагогија од М.Џорџевич, Р.Ничкович, (1990), Н.Трнавац и Ј.Џорџевич (1995), Група автори (1996) – Општа педагогија (во редакција на Н.Потковак), авторите зборуваат повеќе за значењето на слободното време кое го третираат општо на релација општество-индивидуа, ставајќи акцент на неговото правилно користење, без подетално да навлезат во определување на задачите на педагогијата на слободното време. Порди овие причини во нашето истражување ги одбравме оние извори кои се најрелевантни односно ги одбравме оние извори во кои се обработени задачите на педагогијата на слободното време.

Во анализата на литературата која ја одбравме дојдовме до сознание дека определувањето на задачите на педагогиајта на слободното време директно произлегува од самата суштина и функција која ја има слободното време во животот на човекот. Прашањето околу начинот на користење, правилно организирање и обликување како и теориското и практичо унапредување, претставуваат фундаментални задачи и цели на оваа педагошка дисциплина. Овие задачи се подеднакво застапени во сите извори што ги анализиравме па спроед тоа со право може да се определат како основно јадро околу кое треба понатаму да се развива и гради концепцијата на педагогијата на слободното време На крај респектирајќи ги сите досегашни определби на задачите на педагогијата на слободното време, правиме обид и даваме наше видување по однос на задачите на педагогијата на слободното време. Во таа смисла ги определивме следниве задачи:

- проучување, истражување и развивање на теоријата на воспитанието во слободното време;
- проучување и толкување на разновидните влијанија на слободното време врз развитокот на личноста;

- определување на целите, содржините, принципите, методите, организацијата и факторите на воспитание во слободното време и за слободно време;
- анализа на постоечката состојба во нашата педагошка теорија и практика и можностите за нејзино унапредување;
- оспособување на кадри за потребите на подрачјето на слободното време кои ќе се занимаваат со научно-истражувачка работа и изработка на предлог програми за студии на педагогија на слободно време;
- проучување на педагошките аспекти и вреднување на постоечките општествено материјални услови за реализација на активностите на слободното време; и
- развивање на адекватна научно-истражувачка методолгија за педагогијата на слободно време и нејзино поврзување со другите науки.

Принципите во педагогијата на слободното време во нашето истражување ги разгледувавме како основни барања за теориско и практично осмислување на разновидните модели за користење на слободното време. Потребата слободното време да се реализира врз определени принципи, произлегува од тоа што истовремено се појавува како средство но и како цел на воспитното делување на оваа подрачје. Кога е во функција на средство тогаш со негова помош во слободното време се остваруваат разновидни воспитни задачи се развиваат интересите и способностите се обогатува емотивниот живот, се изградуваат позитивни особини на личноста. Кога е во функција на цел тогаш воспитаниците се ангажираат во такви активности кои се во функција на градење на културата на користење на слободното време. Разгледуваејќи ги принципите на теоријата на педагогијата констатиравме дека се разработени повеќе прнципи кои во основа се третираат како теориски претпоставки кои не треба да бидат кочница во реализирањето на

разновидните активности, туку само насоки за нивно успешно реализирање, насочување и делување. Во трудот правиме анализа на веќе определените принципи кај авторите В.Јанковиќ, Н.Потконјак и А.Вукасович, меѓу кои нема битни суштински разлики при нивното определување. Овие автори го истакнуваат значењето на сите принципи но сепак во центарот го ставаат принципот на слобода. Ова според нас има исклучително значење, затоа што ако од било која причина овој принцип не се почитува, тогаш не постои друг принцип кој може да го надомести, затоа што слободата е онаа категорија која ослободеното време го прави слободно. Поаѓајќи од сознанието дека принципите на воспитната работа во педагогијата на слободното време се изведени врз основа на законите и законитостите на воспитанието, сознанијата на развитокот на личноста, општите и индивидуални карактеристики на личноста која се воспитува, како и врз основа на сознанијата и искуствата до кои се доаѓа во педагошката практика, се определивме да ги анализираме следниве принципи на педгогијата на слободното време: принципот на слобода, принципот на смисленост, принципот на индивидуалност, принципот на колективност, принципот на самоактивност, принципот на разновидност, принципот на организираност, принципот на аматеризам и принципот на прилагоденост кон возраста и полот.

Во пристапот кон проучувањето на активностите на слободното време се задржуваме на прашањата за поимот слободни активности, појдовните основи при класификацијата на формите и содржините на слободните активности и даваме преглед и класификација на слободните активности според неколку автори. Како најинтересна и вредна за внимание ја издвојуваме класификацијат која ја дава УНЕСКО а која во основа е направена според дефиницијата на Димаздие за слободното време која се темели на три основни функции: одмор, рекреација и развиток на личноста. Иако оваа поделба ја издвојуваме како

најприфатлива, сепак во неа според нас се спорни два момента: постојат уште низа активности кои во неа не се спомнати кои се издиференцирале со развојот на информатичкото општество, некои од наведените активности тешко можат да се распределат во една единствена група и воопшто, тешко е одржливо строго разграничување на групите, а посебно на подрачјето на активностите на слободното време. Освен опишаните класификации во трудот ја даваме и нашата определба, според која активностите на слободното време може да се класифицираат во: 1. Активностите за обновување на физичките и психичките способности на индивидуата; 2. Конзумирачки активности, активности кои други ги изведуваат, а индивидуата ги набљудува и е пасивен корисник и потрошувач; и 3. Активности за развиток на личноста кои се пред се организирани а можат да се реализираат индивидуално, групно или колективно.

Како посебен проблем со особено значење за нашиот предмет на истражување претставуваше и прашањето за развојот на концепцијата на слободното време во Р.Македонија. Теориските и практичните решенија во градењето на концепцијата на слободното време на учениците ја проследивме како интегрален дел од развојот на концепцијата на целокупниот систем на воспитание и образование во рамките на предучилишното, основното и средното образование. Разгледувајќи ги четирите глобални етапи (1944/45-1958; 1958-1974; 1974-1990; и 1991 до денес) ни се наметна прашањето дали постојат потесни етапи во кои се вршеле битни разлики во поставеноста на концепцијата на слободното време или пак се работи за различни нијанси во процесот на неговото реализирање. Анализата на досегашните нормативни и програмски документи карактеритични за предучилишното, основното и средното образование ни покажуваат дека оваа воспитно образовна дејност е подеднакво застапена како составен и интегрален дел во целокупната воспитно образовна работа на поединечните степени од воспитно образовниот систем и ги прати сите глобални промени на

системот. Се разбира дека се забележуваат и некои разлики кои пред се произлегуваат од барањето за разновидни начини и поефикасно реализирање на активностите на слободното време. Исто така постојат и битни разлики во значењето кое педагошката теорија и практика му го придавала на слободното време во различните периоди од развитокот на општеството, особено кога педагошката теорија укажува на потребата од вградување на димензијата слободно време во целта на воспитанието.

Од анализата на системот на предучилишното воспитание и образование по однос на развојот на концепцијата на слободното време, констатиравме дека концепцијата на слободното време поминува низ еден развоен период со многу противречности, почнувајќи од самиот почеток кога се потенцира социјалната функција на предучилишното воспитание наспроти воспитно-образовната, преку вториот период кога се нуди нов приод и кога се даваат повеќе развојни педагошки и воспитно образовни програми значајни од аспект на развитокот на личноста и во воведувањето на децата во светот на слободното време. Дури во третиот период се срекаваме со значајни елементи кои се во директна функција со слободното време, а тоа се слободните активности.

Со проследувањето на развојот на концепцијата на слободното време на степенот на основното воспитание констатиравме дека:

1. Слободните активности се воведуваат во наставните планови и програми од 1959/60 и до денес претставуваат посебни форми на воспитни активности во основните училишта каде учениците се вклучуваат во нив по сопствен избор;
2. Развојот на концепцијата на слободното време е аналогна на општите цели и задачи на воспитанието и се однесува на чување и јакнење на физичкото здравје, интелектуален и морален развој, работно технички и естетски интерес, и воспоставување на социјална интеракција на учениците со другите деца во непосредната околина;

3. Развојот и градењето на концепцијата на слободното време и нејзиното осовременување произлегува од потребата за оспособување и воспитание на личноста за користење на слободното време;

4. Уште од самиот почеток на градење на концепцијата на слободното време вградени се некои компоненти кои претставуваат значајни карактеристики и специфики на слободното време во педагошката теорија. Имено, тенденциите за индивидуализација, почитување на интереси, желби и способности, поттикнување на творештвото, развој на кративност можеме да ги сретнеме скоро во сите етапи од развојот на концепцијата на слободното време;

5. Концепцијата на слободното време не се ограничува само на слободните активности во училиштето туку се реализра и преку други форми на вонучилишни активности како на пример: поврзување на слободните активности со други интересни организации и заедници меѓу кои се Црвен крст, Народна техника, Детски организции, Планинарски друштва, еколошки и др.

Карактеристично за развојот на концепцијата на слободното време во средното образование е тоа што до 1982 година во програмските и концепциските документи слободните активности не егзистираат како посебно воспитно-образовно подрачје. Проследувајќи го развојот на концепцијата на слободното време дојдовме до сознание дека од тој период па се до денес се забележува една развојна линија. Карактеристиките на тој развој се движат во правец на воведување на слободните активности како посебно воспитно подрачје од факултативен карактер па се до задолжителни изборни содржини и активности во новата гимназија. Нивната функција е насочена кон реализација на целта на средното образование преку специфичностите кои со себе ги носи. Како најкарактеристичен аспект по однос на разгледувањето на концепциската поставеност на слободното време во предучилишното, основното и средното образование е сознанието дека

неможеме да бидеме задоволни во постоењето на единствена и посебно определена концепција воопшто. На прв поглед гледејќи од нормативно-теориски аспект има елементи на сите три степени од воспитно образовниот систем, меѓутоа со подлабока анализа и компарација се доаѓа до сознание дека на ниво на практиката сеуште доминира спонтаност, понекогаш недоволна осмисленост и разновидност. Во трудот исто така даваме и свои размислувања на што треба да се гради современата концепција на слободното време во таа насока пред се го акцентираме значењето на организираното слободно време, степенот и начинот на кој може да се влијае на динамиката на слободното време, поврзувањето на слободното време со вредностите, развитокот на личноста и градењето на културата на слободното време.

Реализацијата на концепцијата на слободното време во практиката исто така ја проследивме на трите сегментни од воспитно-образовниот систем: предучилишно, основно и средно. Извршивме анализа на Прогрмата за воспитно образовната дејност во предучилишното воспитание и образование од 1982 година и тоа преку слободните активности и видовите игри кои се во функција на слободното време; потоа, Основите за програмирање на воспитно-образовната дејност на вонаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници од 1999 година, преку кои идентификувавме некои значајни теориски проблеми врзани за практичната реализација на современиот концепт на слободното време и Концепцискиот документ од 1989 година (за средните стручни училишта) и концептот на новата гимназија од 2001 година.

Анализата на програмскиот документ за реализацијата на концептот на слободното време во предучилишното воспитание и образование не доведе до сознание дека играта и слободните активности имаат големо значење во правилната насоченост на слободното време. Задачите се насочени пред се кон изградување на поимот за себе кој бара познавање на потребите, желбите, реакциите и можностите но и

нивно прифаќање со тенденција за нивно евентуално надминување или натамошно развивање и реализирање. Програмата е така концепирана што претпоставува одредена развојност на задачите. За правилно насочување на децата од предучилишниот период за успешно практично реализирање на концепцијата сметаме дека е потребно почитување на детето како субјект, поголемо присуство на културата и културните настани во детското секојдневие, поттикнување на творештвото преку игра и воспитувач кој со сопствениот пример ќе го воведува детето во сферата на слободното време.

Како значајно прашање кое ни се постави по однос на практичната реализацја на концепцијата на слободното време во основното воспитание и образование беше прашањето дали слободните активности во основното училиште преку оваа програма можат да ја афирмираат спонтаноста, културата и творештвото на личноста. Дојдовме до сознание дека програмските содржини кои денес се реализираат нудат добра теориска основа преку разновидните секции преку кои може успешно да се пратат потребите на учениците и тие да се вклопат во континуитетот на културата и осмислувањето на потребите за естетско и вредносно доживување на слободното време.

Основните проблеми во реализирањето на слободните активности во средното воспитание и образование произлегуваат од самата поставеност на средното образование. Во тој контекст посебно се истакнува проблемот на преоптовареноста на учениците со активности кои ги поставува редовната настава и уписната политика на високото образование која го става ученикот во трка по оценки и постигнување одличен успех. Поради ова учениците од средното образование мошне ретко се определуваат за работа во секциите на слободните активности, па во овој поглед и реализацијата на концепцијата на слободното време се соочува со низа проблеми врзани за реализацијата на предвидените цели и задачи. Реализацијата на концептот на новата гимназија со сите карактеристики што ги има се поклопува со новите општествени

движења и е во функција на градење на вредности како што се: лична самостојност и идентитет, наспроти централизирана контрола, автономија, децентрализација, спротивставување на манипулација, зависност и бирократија.Овие вредности ја зголемуваат можноста за творештво и самокреација во слободното време преку разновидни содржини и форми на слободни активности.

Општите согледување по однос на целокупната реализација на концепцијата на слободното време на сите три степени ги исфла на виделина проблемите по однос на нивната меѓусебна поврзаност, оптимализацијата на потребите и активноста на учениците во слободното време, проблемот на задоцнето вклучување во слободните активности и нивно брзо напуштање, како и поребата за единствено делување на училишното и вонучилишното воспитание и образование.

Во последниот дел од трудот ги разгледавме иновациско истражувачките проекти кои се реализираат во рамките на воспитно образовниот систем во предучилишното воспитание и образование но и оние кои се реализираат вон системот и имаат значење и влијание во осовременувањето на концепцијата на слободното време.

Тука најнапред го одвоивме моделот "Чекор по чекор" кој претставува воспитно образовна методологија, развиена од американски експерти на полето на предучилишното воспитание и образование, фундирана на цврсти теориски принципи кои во практиката се покажала како доста успешни. Во Р.Македонија "Чекор по чекор" започна со реализација како експериментален проект од 1994 година кој според теориската рамка на која се темели создава услови и вклучува значајни елементи (почитување на интереси, индивидуализација, развој, интерактивен процес) кои се во функција на подготовка на личноста за делување во сферата на слободното време. Сите иновативни промени кои се карактеристични за програмата "Чекор по чекор" како што е начинот на реализација на програмските содржини, уредувањето на занималната, улогата на семејството и воспитниот тим, а особено

практикувањето на слободата како најголема вредност, создава услови да се поставаат темелите на слободното време и детето чекор по чекор да се воведува во општеството.

Проектот "Вавилон" започна да функционира во 1999 година како центар за развој на деца и млади за партиципација во мултикултурното општество, опфаќајќи го нивното слободно време. Од анализата на овој проект констатиравме дека тој нуди комплексна и витална структура при организирање на слободното време со нагласена партиципација на децата и младите во мултикултурното општество. Посебна предност на проектот е вклучувањето на локалната средина и семејството во центарот со што се создава педагошки оптимум, позитивна животна ориентација и стабилнен однос на децата и младите кон слободното време. Меѓусебната интерактивна соработка на центарот со семејството и локалната средина ги поттикнува и ги насочува децата и младите кон позитивно користење на слободното време.

Проектот "Славејче" како модел на неформално образование за деца од дисфункционални семејства има за цел социоемоционален развој на децата, меѓуетничка толеранција и градење на културата за користење на слободното време. Овој проект се реализираше во учебната 2000/2001 година со тим на професори и асистенти од педагошкиот факутлет "Св.Климент Охридски" од Скопје. Разгледуваејќи го од аспект на слободното време проектот "Славејче" претставува добра идеја затоа што опфаќа категорија на деца кои потекнуваат од дисфункционални семејства чие слободно време не е доволно структурирано. Активностите на проектот кои опфаќаат посети на кино, театар, концерт, музеј, библиотека и други културни настани, истовремено претставуваат културно-стимулативни фактори кои позитивно влијаат на воспоставување на активен однос на личноста кон слободното време.

Од анализата на иновациско-истражувачките проекти дојдовме до констатација дека тие претставуваат инспиративни идеи, кои внесуваат

нов импулс и раздвижување на подрачјето на слободното време. Вредноста и значењето на реализираните проекти ја гледаме пред се во функција на осовременување на концепцијата на слободното време и нејзина успешна практична реализација.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Ацески, И., (1998), Социологија, Филозофски факултет, Скопје.
2. Ачковска-Лешковска,Е.,(1993)Улогата на родителите во организирањето на слободното време на децата,Просветно дело,бр.5,Скопје.
3. Aktivnosti mladih i slobodno vrijeme (drugi kolokvij o slobodnom vremenu mladih), (1970), Zagreb, Centar za vanskolski odgoj Saveza drustva nase djece Jugoslavije.
4. Anderson, N., (1961), Work and Leisure, London, Routledge Kegen Paul.
5. Aristotel, (1960), Politika, Beograd.
6. Aristotel, (1960), Politika, Kultura, Beograd.
7. Bailey, P., (1978), Leisure and Class in Victorian England, London, Roulege and Kegan.
8. Бајич, Љ., (1983), Развој ученичке самоуправе кроз слободне активности, Живот и школа, бр.4, Осијек.
9. Бошковиќ,М.,(1997),Слободните активности по историја во средните стручни училишта,Просветно дело,бр.4,Скопје.
10. Bajkova, V.G., Duchal, A.S., Zemcov, A.A., (1965), Svobodnoe vremia i vsestronnee razvatioe lichnosti, Moskva.
11. Barnett, L., (1988), (ed.) Research about Leisure:Past, Present and Future Chamaign, Sagamore publishing.
12. Bodogvari, E., (1976), Slobodno vreme i sloboda, Subotica, RU-Veljko Vlahovic.
13. Boh, K.i Saksida, S., (1973) Raspolaganje vremenom-pokusaj tipologije, Revija za sociologiju, br.3.
14. Bozovic, R., (1972), Metamorfoza igre, Beograd.
15. Bozovic, R., (1978) Nedoumice, Subotica, RU Veljko Vlahovic.
16. Bozovic, R., (1979), Izkusenja slobodnog vremena,Mladost, Beograd.
17. Brightbill, (1977), Ch.K. and Mobley, T.A., Educating for leisure - Centered living, London, John Wiley and sons.
18. Brightbill, Charles, K., and T.A., Mobley, (1977), Educating for leisure - centered living, New York: John Wiley and Sons, Inc.
19. Бригљевич, В., (1983), Слободно врјеме снага или терет, Наша школа, бр. 1-2, Сарајево.
20. Brocic, Lj., (1968), Slobodno vreme i formiranje mlade licnosti, Centar za drustveno politicko obrazovanje Radnickog univerziteta Guro Salaj, Beograd.
21. Brocic, Lj., (1970), Kulturni zivot i vrednosti mladih, RU Guro Salaj, Beograd.
22. Bruhat, J., (1956), Historia francuskiego ruchu robotniczego, tom I Worszawa.
23. Butler. G.D., (1959), Introduction to Community Recreation, New York, London.
24. C.Gilbert Wrenn, (1974), Time on Their Hands:A Report on Leisure, Recreation, and Young People(Children and Youth Series, Vol 11) .

25. Corbin, D.H.and Tait.W.J., (1973), Education for Leisure, Englewood cliffs, N.J.Prentice-Hall, Inc.
26. Цвијић, З., (1979), Друштвене врједности и психосоцијалне потребе младих у слободном времену, Педагошки рад, бр. 5-6.
27. Dahrendorf, Ralph, (1962), Gesellschaft und Freihert, Munchem.
28. Damjanovski, A., Koprovski, Lj., (1969), Stilog na vospitno obrazovnata rabota vo osnovnoto uciliste i slobodnoto vreme, I kolokvium za slobodnoto vreme, Basko Polje.
29. Дамовска, Л., (2001), Компатибилноста на предучилишното со основното воспитание и образование, Скопје.
30. Dekovic, V., (1972), Drustveno ekonomski problemi koriscenja vremena, Prosveta, Nis.
31. Делетић, З., (1984), Васпитни значај слободног вријемена и слободних активности ученика, Наставе и васпитања, бр.2, Београд.
32. Despot, B., (1976), Pladojer za dokolicu, Beograd.
33. Despot, B., (1976), Podjela rada i slobodno vrijeme, Kulturni radnik, br.4, Zagreb.
34. Димитровић, М., (1988), Слободно вријеме и техничка култура у увјетима знанствено-техничког развоја Југославије, Живот и школа, бр.5, Осијек.
35. Диздаревич, И., (1988), Мотивационе основе активитета младих у слободном времену, Васпитање и образвоање, бр.3, Титоград.
36. Дошен-Добут, А., (1978), Планирање слободних дечјих активности, Педагошки рад, бр.3 и 4.
37. Dumazdier, J., (1962), Vers une civilisation du loisir, Editions du Sevil, Paris.
38. Dumazdier, J., (1974), Sociology of leisure, New York, Elsevier North Hollanhd, INC.
39. Dumazdier, J., (1975), Introduction, Society and leisure(Prague) European Centre of leisure and education,No.10.
40. Дунцерович, Р., (1986), Научни стручни радови о слободном времену младих, Наша школа, бр.7-10, Сарајево.
41. Eciklopediski rijecnik pedagogije, (1963), Matica Hrvatska, Zagreb.
42. Education and Working life in Modern Society, (1975), Paris, OECD.
43. Ethel J.Saxman, (1988), Students Use in Leisure Time of Activities Learned in Physical Education in States Teachers College (Columbia Univ Teacher College No.217.
44. Fiamengo,A.,(1963),Osnovi opce sociologije,Sarajevo.
45. Fiamengo, A., (1963), Slobodno vrijeme u uslovima masinske civilizacije, Pregled, Sarajevo.
46. Filipcova, B., (1965), Clovek, prace, volny cas, Sociologisky casopis, br.4.
47. Filipovic, N., (1980), Vannastavna aktivnost ucenika, Svijeltlost, Sarajevo.
48. Francini, A., Intron, F., (1981), Delinquenza minorile, Padova.
49. Fransoa, Rable, (1950), Gargantua i Pantagruel, kniga II, Prosveta, Beograd.
50. Fridman, G., Naville, P., (1972), Sociologija rada, Veselin Maslesa, Sarajevo.

51. Fridman, Z., (1959), Kuda ide ljudski rad, Beograd, RAD.
52. Fridman, Z., (1959), Razmrvljeni rad, Naprijed, Zagreb.
53. Fridman, Z., (1962), Razonoda i tehnicka civilizacija, Gledista, br.2.
54. Fridman, Z., (1964), Problemi covjeka u industriskom masinizmu, Sarajevo.
55. From, E., (1964), Begstvo slobode, Nolit, Beograd.
56. From, E., (1980), Imati ili biti, Naprijed, Zagreb.
57. From. E., (1983), Zdravo drustvo.
58. Frost, J., and Jacobs, P., (1995), Play Deprivation: A Factor in Juvenile Violence "Dimensions of Early Childhood" 23(3) .
59. Furastije, J., (1968), Civilizacija sutrasnjice, Zagreb.
60. Gazivoda, P., (1978), Slobodno vrijeme-udes ili sansa, Titograd.
61. Glasser, R., (1970), Leisure - Penalty or Prize, London, Mac Millan.
62. Godbey, G., (1987), Leisure in your life, Venture Publishing, I NC.
63. Grant Cushman, (1996), World Leisure Participation:Free time in the Global Village.
64. Green, Tomas, F., (1968), Work, Leisure and the American schools, New York – Pandom House.
65. Груич, С., (1983), Слободно вријеме и свестрани развитак личности, Педагогија бр. 1, Београд.
66. Guverovic, B., (1974), Generacija buducnosti, Ideje, Beograd.
67. Guverovic, B., (1982) Kultura i omladina, Beograd, IICSSOS.
68. Hamilton-Smith, Elery, (1990), To lisure or not leisure, Youth Studes.
69. Hargreaves, D.H., (1981), Unemployment, Leisure and Education, Oxford, Review of education, (Oxford) Jurnals, Oxford Ltd.vol.7, No.3.
70. Hauzer, A., (1966), Socijalna istorija umetnosti i knizevnosti, Beograd.
71. Heidegger, M., (1985), Bitak i vrijeme, Naprijed, Zagreb.
72. Heler, A., (1978), Svakodnevni zivot, Nolit, Beograd.
73. Heler, A., (1981), Vrednosti i potrebe, Nolit, Beograd.
74. Heller. A., (1978), Svakodnevni zivot, Beograd.
75. Hibibins, Ray, (1996), Global leisure, Social Alternatives.
76. Hondo, T., (1994), Leisure and popular culture in Transizion, London.
77. Huizing, J., (1964), Jesen srednjeg veka, Zagreb.
78. Huizing, J., (1970), Homo ludens, Zagreb.
79. Herera, A., Mandic, P., (1989), Obrazovanje za XXI-stoljece, Svijetlot, Sarajevo.
80. Извештај за релизацијата на активностите на менторскиот проект "Славејче" за 2000/2001 год.
81. J.T.Haworth and M.A. Smith (ed), (1975), Work and leisure, London.
82. Jankovic, V., (1971), Osposobljavanje pedgoskih kurseva u podrucju slobodnog vremena, Pedagoski rad, br. 1 i 2.
83. Jankovic, V., (1956), Znacenje, mesto i uloga vanskolskog odgoja u reformi obaveznog skolovanja, Savremena skola, br. 3-4, Beograd.
84. Jankovic, V., (1957), Uz neke probleme vanskolskog odgoja, Pedagoska stvarnost, br.4, Novi Sad.
85. Jankovic, V., (1960), Faktori odgoja u suvremenom drustvu, Filozofski fakultet, Zadar.

86. Jankovic, V., (1960), Faktori odgoja u suvremenom drustvu, Filozofski Fakultet, Zadar.
87. Jankovic, V., (1961), O nekim interpetacijama socijalnog aspekta u odgoju, Pedagoski rad, br. 9-10, Zagreb.
88. Jankovic, V., (1961), Uticaj savremene drustvene sredina na razvoj omladine, Pedagoski rad, br. 3-4, Zagreb.
89. Jankovic, V., (1963), Stanje i problemi pedagoske teorije i prakse na podrucju slobodnog vremena dece i omladine, Pedagogija br.4.
90. Jankovic, V., (1968), Pedagoska problematika slobodnog vremena, Pedagogija 2, Matica Hrvatska, Zagreb.
91. Jankovic, V., (1969), Znacenje i mesto slobodnog vremena u celokupnom odgoju i obrazovanju mladih generacija, Pedagoski rad, Zagreb br.5 i 6.
92. Jankovic, V., (1972), Neke drustveno historiski i pedagoski aspekti slobodnog vremena, Pedagogija, br.2.
93. Jankovic, V., (1974), Igra-pedgoska kategorija slobodnog vreme, Pedgoski rad, br. 3-4, Zagreb.
94. Jankovic, Vladimir, (1967) Slobodno vrijeme u suvremenoj pedagoskoj teoriji i praksi, Zagreb.
95. Jasovic, Z., (1974), Slobodno vreme i prestupnicko ponasanje mladih, Beograd.
96. Jerbic, V., (1969), Struktura slobodnog vremena djece i mladih, Pedagoski rad, br. 5-6, Zagreb.
97. Jerbic, V., (1969), Struktura slobodnog vrijemena djece i omladine, Pedagoski rad, br.5 i 6, Zagreb.
98. Jerbic, V., (1970), Analiza nacina zivota i koriscenje slobodnog vremena djece i omladine u Zagrebu, Zagreb.
99. Jerbic, V., (1970), Slobodno vrijeme mladih u Zagrebu u 1968, Centar za vanskolski odgoj, Zagreb.
100. Jerbic, V., (Zagreb), (1973), Analiza funcija slobodnog vrijemena djece i omladine, Centar za vanskolski odgoj.
101. K.Marks, (1956), Teorije ovisku vrednosti, III, Kultura, Beograd.
102. K.Marks, F.Engels, (1949), Izabrana dela, tom I, Kultura, Beograd.
103. Kacavenda-Radic, N., (1989), Slobodno vreme i obrazovanje, Zavod za ucbenike i nastavna sredstva, Beograd.
104. Kacavenda-Radic, N., (1992), Refleksije o/i slobodnog vremena, Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog Fakulteta, Beograd.
105. Камберски, К., (1994), Од буквар до универзитет, Просветно дело, Скопје.
106. Камберски, К., (1998), Општествената транзиција и образованието, во Зборникот "Општествената транзиција и образованието", Институт за педагогијата и Институт за социологија, Филозофски факултет, Скопје.
107. Kampanela, Tommaso, (1964), Grad sunca, Beograd.
108. Kando, Th.M., (1980), Leisure and popular culture in transition, St.Louis, The C.V.V.Mosby company.
109. Kaplan, M., (1961), Leisure in America:a Social inquiry, New York, J.Wiley and sons,INC.

110. Kaplan, M., (1975), Leisure:Theory and policy, New York, John Wiley and sons, INC.
111. Kaplan, M., (1978), Leisure:Perspectives on education and Policy, Washington, National Education Association.
112. Kaplan, P. (1973), Izazov slobodnog vremena, Zagreb.
113. Karl, Marks, (1947), Kapital, tom I, Kultura, Beograd.
114. Kelly, J.R., (1982), Leisure, New York, Prentice-Hall, INC.
115. Kelly, John R., (1995), Leisure.
116. Кепеска, Јованка, (1998), Корелација помеѓу современите социјални промени и образованието, Зборник, "Општествената транзиција и образованието", Скопје
117. Kerkovic, A., (1973), Humanizacija drustvenih odnosa u procesu rada i fizicke kulture u slobodnom vremenu, Zbornik Filozofskog Fakulteta u Nisu, Nis.
118. Kerkovic, A., (1975), Neka shvatanja sustine slobodnog vremena i njegovog koriscenja, Zbornik radova Filozofskog Fakulteta u Nisu.
119. Kladnik, R., (1971), Znacjenje slike interesa za organizaciju slobodnih aktivnosti u osnovnoj skoli vo: Aktivnosti mladih i slobodno vrijeme, Zagreb.
120. Kleiber, D., Larson, R., & Csikszentmihaly, M., (1986), The experience of lisure in andolescence, Jurnal of Leisure Reserch.
121. Kloskowska, A., (1964), Kultura masowa, Warsawa.
122. Коциќ, Љ., (1973), Битни фактори постојаности и интересовања ученика за слободне активности, наставе и васпитања, бр.4, Београд.
123. Коциќ, Љ., (1974), Интересовање ученика за слободне активности, наставе и васпитања бр.2, Београд.
124. Komensky.A.J., (1968), Velika didaktika.
125. Копровски, Љ., (1963), Маркс, Енгелс, Ленин за воспитанието и образованието, Култура, Скопје.
126. Копровски,Љ.,Петровски,Б.,(1998),Педагогија,Филозофски факултет,Скопје.
127. Korezch, J., (1992), Prspectives, London.
128. Костова, М., (1995), Оптовареноста на учениците, Ворлдбук, Скопје.
129. Костова, Марија, (1998), Развој на воспитанието во Република Македонија во услови на општествени промени, Зборник "Општествената транзиција и образованието", Скопје
130. Котева, Татјана, (1998), Предучилишното воспитание и образование во функција на насочување кон конструктивно користење на слободното време, Просветно дело, бр. 2, Скопје
131. Kovo, S., (1986), Slobodno vrijeme u suvremenoj teoriji, Zbornik radova FPN, Sarajevo.
132. Kreativnosti mladih i slobodno vrijeme (treci kolokvij o slobodnom vremenu mladih), (1971), Zagreb.
133. Крнета, Д., (1980), Слободне активности ученика у превентиви малолетничке деликвенције, Наша школа, бр. 3-4, Сарајево.

134. Kultura mladih i slobodno vreme, Strucni i znanstveno istrazivacki radovi na petom kolokviju (1973), Dubrovnik.
135. Labone, Michael, (1996), The roaring silence in the siociology of leisure.
136. Lafrag, P., (1957), Izbor iz djela, Kultura, Zagreb.
137. Lefebre, H, (1959), Kritika svakidasnjeg zivota, Naprjed, Zagreb.
138. Leigh, J., (1971), Young people and leisure, London, Rou ledge and Kegan Paul.
139. Leko, I., Martovic, V., (1960), Tumacenje i objasnenje zakona o osnovnoj skoli, Narodne novine, Zagreb.
140. Leland ,Ryken, (1995), Redeeming the time:A Christian Approach to Work and Leisure.
141. Lesnik, R., (1982), Prosti cas, clovek, druzba, vzgoja, Maribor.
142. Lesnik, R., (1986), Bez pedagogije slobodnog vremena nema ni celovitog vaspitanja, Pedagogija, br.2, Beograd.
143. Lieberman, J.N., (1976), Playfulness, Cognitive Stule and Leisure or Do We need to Educate for leisure? Society and leisure and Education, No.3.
144. Лучиќ, М., Ѓикановиќ, М., (1986), Организација слободних активноти ученика у основној школи, Васпитање и образовање, бр. 4, Титоград.
145. Lukic, R., (1964), Osnovi sociologije, Beograd.
146. Lukic, R., (1974), Sociologija morala, Beograd.
147. Marks-Engels, (1979), Dela, tom, 20, Prosveta, Beograd.
148. Martin, F.and Whittle, A., (1982), Leisure, London, Hutchinson.
149. Martinic, T., (1971), Slobodno vrijeme kriza i obnova slobode, Nase teme br.10, Zagreb.
150. Martinic, T., (1977), Slobodno vrijeme i suvremeno drustvo, Zagreb, Informmator.
151. Meigs, James, B., (1999), In defense of the busy child, Family life.
152. Misel De Montenj, (1967), Ogledi, Kultura, Beograd.
153. Mils, R.,(1979), Bjeli ovratnik,Zagreb.
154. Mitrovic, D., (1963), Problem stvaralstva u pedagoskoj teoriji i praksi, Zbornik, Filozofskog fakulteta, Beograd.
155. Mor, Tomas, (1964), Utopija, Beograd.
156. Moren, Edgar, (1979), Duh vremena,Beograd.
157. Mundy, J.and Odum, L., (1979), Leisure Education theory and practice, New York, John Wiley and sons,INC.
158. Muradbegovic, M., (1979), Problem razvijanja potreba i interesovanja mladih o slobodnom vremenu, Nasa skola, br. 3-4, Sarajevo.
159. Михајловски,В.,(1991),Третманот на слободното време во основните училишта,Просветно дело,бр.3,Скопје.
160. Muradbegovic, M., (1983), Urbana drustvena sredina i problemi organizacije slobodnog vremena mladih, Nasa skola, br. 5-6, Sarajevo.
161. Muradbegovic, (1986), Naucno-tehnicka revolucija, urbanizacija i slobodno vrjeme, Nasa skola, br.7-10.
162. Muratbegovic, M., (1977), Znacaj organizaovanog slobodnog vremena u vaspitanju djece, Nasa skola, br.9-10.

163. Murphy, J.F.(1974), Concepts of leisure-Philosophical implications, Englewood, Prentice –Hall, INC.
164. Nahrstedt, W., (1989), Leisure Education: In Search of a Concept for Leadership Traning in Eurpope, World Leisure and Recreation (WLRA), Vol.31, No.2.
165. Narshrstedt, Wolfgang: (1974), Freizeitpadagogik in der nachtindustreillen Gesellschaft I. Neuwied/Darmstadt.
166. Nash, J.B., (1960), Philosphy of recreation and leisure, Dubuque.
167. Наставен план и програм за основните училишта во СРМ, (1966), Просветно дело, Скопје.
168. Наставен план и програма за воспитно-образовната дејност на основното образование, (1982), Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието на СРМ, Просветно Дело, Скопје.
169. Наставни планови и програми за основните училишта во Република Македонија, (1960), Просветно дело, Скопје.
170. Николиќ, Р., (1982), Колико су слободне и активне слободне активности ученика, Наставе и васпитања, бр. 2, Београд
171. Nola, D., (1951), Opca pedagogija (red. S.Pataki), PKZ, Zagreb.
172. Nola, D., (1975), Ne za paralelizm vec za jedinstvo odgojno-obrazovnog delovanja, VI-kolkvij, Slobodno vrijeme u funkciji socijalistickog preobrazaja odgoja i obrazovanja, Dubrovnik.
173. Nola, D., (1990), Slobodno vrijeme – izrazit fenomen nove informaticke civilizacije, UID XXII, br.5-6, Zagreb.
174. Nola, Danica., (1951), Uloga pionirske organizacije u vanskolskom odgoju, Biblioteka Saveza pionira NRH, Zagreb.
175. Novosel, P., (1970), Mladi slobodno vrijeme, Zagreb, Institut za drustvena istrazivanja Sveucilista u Zagrebu.
176. Nulinger, J., (1981), Psihology of leisure, Springfild-Illinois, Charles C.Thomas Publishr.
177. Olport, G., (1969), Sklop i razvoj licnosti, Beograd.
178. Општа педагогија, (1996), (Редакција Н.Потковак), Београд.
179. Opascholwsky, W.Horst., (1973), Das Freizeitrproblem in der geschichte des dewtschen Erziehzngedenkens, v: Freizeitpadagogik in der Leistungsgesellschaft bad Heilbrunn/OBB.
180. Оразованието и демократската култура – предучилишна практика (1997), Институт отворено општество, Кристел, А., Хансен, Роксана К., Кауфман и Стефан Кајфер, Скопје.
181. Osipov.G.V., (1965), Soiciologija u SSSR, Moskva.
182. Основи за програмирање на вонаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници, (1999), Министерство за образование и Педагошки завод на Р.Македонија, Скопје.
183. Основно образование, содржини и организација на воспитно образовната дејност, (1996), МОФК и ПЗМ, Скопје.

184. Основно училиште-општа програмска структура со наставен план и програм, (1973), Републички завод за унапредување на школството во СРМ, Просветно дело, Скопје.
185. Pantic, D., (1980), Priroda interesovanja, Beograd.
186. Pantic, D., (1981), Struktura interesovanja, Psihologija br.1 i 2, Beograd.
187. Paravina, E., (1965), Odgojni faktori u slobodnom vremenu mladih, Pedagogija, br. 1-2, Beograd.
188. Paravina, E., (1969), Nas dosadasnji pedagoski i drustveno-politicki tretman problematike slobodnog vremena, slobodno vrijeme maldih, (prvi kolokvij "Slobodno vrijeme mladih") .
189. Parker, S., (1971), The future of work and Leisure, London, Mc.Gibbon and Kee.
190. Parker, S., (1976), The sociology of leisure, London.
191. Parker, S., (1981), Change Flexibility, Spontaneity and Self-determination in leisure, Social Forces, Harvard University, The Fre pres, Vol, 60, No.2.
192. Paska, P., (1967), Obrazovanie i slobodno vrejeme, Obrazovanje odraslih, Zagreb, br. 9-10.
193. Pedagogija (grupa avtori), (1971), Zagreb.
194. Pedagogija 1 i 2, (grupa avtori), (1968), Matica Hrvatska, Zagreb.
195. Pedagoska enciklopedija 1 i 2, vo redakcija na N.Potkonjak i P.Simlesa, (1989), Zavod za ucbenike i nastavna sredstva, Beograd
196. Pedagoski leksikon, (1996), Zavod za uxbenike i nastavna sredstva, Beograd.
197. Pedagoski recnik, (1967) 2 tom, (Redakcija R.Teodosic), Beograd.
198. Pedagoski tezaurus, Nikola Potkonjak, Milena Potkonjak, (1997), Zavod za uzbenike i nastavna sredstva.
199. Pesic, V., (1977), Drustveni sloevi i drustvena svest, Beograd.
200. Petkovic, U., (1972), Drustveno ekonomski problemi koriscenja slobodnog vremena, Nis, Prosveta.
201. Petrosian, G.S., (1965), Vnerabocee vremija trudjascihsja u SSSR, Ekonomizdat, Moskva.
202. Petrova, Z.A., (1975), Svobodnoe vremia-obschestvennoe dostoanie, Moskva
203. Петрович, М., (1981), Слободно време ученика у условима целодневног васпитно-образовног рада у школи, Настава и васпитања, бр.3, Београд.
204. Petrovic, M., (1975), Kako postici da slobodno vrjeme postane pozitivan faktor u vaspitanju mladih, VI-kolokvium, Slobodno vreme u funkciji socijalistickog preobrazaja odgoja i obrazovanja, Dubrovnik.
205. План и програм за заедничките воспитно образовни основи на насоченото средно образование, (1982), Републичка заедница за насочено образование и Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје.
206. Platon, (1957), Drzava, Kultura, Beograd.
207. Plenkovic, J., (1997), Slobodno vrjeme i odgoj, Filozofski fakultet, Zadar.
208. Plenkovic, J., (1998), slobodno vrijeme u okruzenju novog poretka, Povjest Hrvatskog sporta, 29.
209. Plenkovic, J.(2000),Slobodno vrijeme mladezi,Rijeka.

210. Poljak, V., (1955), O problemu slobodnom aktivnosti u nasoj skoli, Pedagoski rad, br. 3, Zagreb.
211. Попова-Коскарова, Розалина, (1995), Општото образование во средните училишта во РМ, НИП "Глобус", Скопје.
212. Posilovic, A., Visnjic, A., (1969), Slobodno vrijeme i mladi, Bibliografska gragja za period od 1950 do 1967, Centar za vanskolski odgoj, Zagreb.
213. Poslilovic, A., (1979), Od prvog do desetog Jugoslovenskog kolokvija o slobodnom vremenu mladih 1969-1979, Saopstenje na desetog kolokvija o slobodnom vremenu, Dubrovnik.
214. Potkonjak, N., (1958), Slobodno vrijeme veoma aktuelan savremeni drustveni problem, Savremena skola br.1 i 2, Beograd .
215. Potkonjak, N., (1960), Slobodne aktivnosti u osnovnoj skoli, Nastava i vaspitanje, br.1, Beograd.
216. Potkonjak, N., (1981) Slobodno vreme veoma aktuelan drustveni problem, Izabrana dela, Druga knjiga, Osijek.
217. Potkonjak, N., (1981), Izabrana dela , Pedagoski Fakultet, Osijek.
218. Potkonjak,N.,(1980)Sistem obrazovanja ivaspitanja u Jugoslaviji,Beograd.
219. Pravina, E., (1965), Odgojni faktor u slobodnom vremenu mladih, Pedagogija, br. 1-2.
220. Предучилишен проект "Чекор по чекор" – Воспитно образовна progrma, (1994), Вашингтон Д.Ц., Универзитет "Џорџтаун".
221. Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (Развој, состојби и перспективи), (2000), во редакација на д-р. Киро Камберски, Институт за педагогија, Филозофски факултет, Скопје.
222. Pregrad, Z., (1961), Pedagogija slobodnog vremena, Pedagoski rad br.5 i 6 Zagreb.
223. Previsic, V., (1987), Izvan nastavne aktivnosti i stvaralastva, Skolske novine, Zagreb.
224. Previsic, V., (1988), Mjesto i uloga izvan nastavnih i izvanskolskih aktivnosti u koncepciji nove osnovne skole, Pedagoski rad, br. 4.
225. Prijedlog sistema obrazovanja i odgoja u FNRJ, (1957), Komisija za reformu skolstva, Beograd.
226. Problemi sko!stva u borbi za socijalizam u nasoj zemji, (1950), od Rezolucijata na pelnumot, II del, Beograd.
227. Проданович, Т., (1977), Самообразовање у функции креирање животне средине и обогачивање слободног времена младих људи, Наша школа, бр. 3-4.
228. Prodanovic, T., (1951), Opsta pedagogija, PKZ, Zagreb.
229. Програма за воспитно-образовна и згрижувачка дејност во предучилишните установи во СРМ, (1976), Републички завод за унапредување на воспитанието и образованието, Скопје.
230. Програма за воспитно-образовната дејност на предучилишното воспитание и образование, (1982), Републички Завод за унапредување на воспитанието и образованието, Скопје.
231. Петровска,С.,(1998),Некои форми на воннаставна работа со ученици од 1до4 одделение,Просветно дело, бр.1.

232. Project "BABYLON", (2000), Yong peoples development for participationin a multiculural society in Macedonia, Материјал користен од документацијата на UNICEF со соедиште во Скопје.
233. Prudenski, G.A., (1964), Vremia i trud, Mbislab, Moskva.
234. Radovic, R., (1979), Novo znacenje ulice, Politika, Beograd.
235. Rafajac, B., (1988), Pedagogija i vrednosti, Zbornik "Odgoj i obrazovanje na pragu 21 stoljeca, II kongres pedagoga Hrvatske, PKZ Zagreb.
236. Речник на македонскиот јазик III, (1966), Скопје.
237. Рихта, Р., и соработниците, (1980), Цивилизацијата на распаќе, Комунист, Скопје.
238. Robinson, John P., (1999), Geoffrey Godbey, Time for life:The Suprising Ways Americans Use Their Time.
239. Rojek, Chris (Ed), (1989), Leisure for leisure, Macmillan, London.
240. Rossiickaja pedagogiceskaja enciklopedija, (1993), Naucnoe izdatelstvo, Moskva.
241. Rot, N., (1994), Psihologija licnosti, Zavod za ucbenike i nastavnih sredstva, Beograd.
242. Ruskin, H., (1988), Conceptual Approaches in Policy Development in Leisure Education, World leisure and Recreation (WLRA), Vol XXX, No 3-4.
243. S., de Grazia, (1962), Of time Work and Leisure, New York.
244. Samdahl, Diane, M., Jekubovich, nancy J., (1997), A critique of leisure constrains (Comparative analyses), Jurnal of leisure research.
245. Savicevic, D., (1975), Slobodno vrijeme obrazovanje i svestrani razvoj licnosti, Nastava i vaspitanje, br.1, Beograd.
246. Schmidt, C., (1961), Die zweite industrielle Revolution, Propylaen-Weltgeschichte.
247. Се за новата гимназија, (2001), Биро за развој на образованието, Скопје.
248. Seneka, L.A., (1944), Rasprava o blazenom zivotu, Beograd.
249. Sepp Linhart, Sabine Fruhstuck, (1998), The culture of Japan as Seen Throght its Leisure(Suny series, Japan in transition).
250. Sesic, B., (1977), Covek, smisao i besmisao, Beograd.
251. Sharon, E., Betty; Jean, Jung-OK, (1994), A cross-national study of leisure activiteies, Jurnal of Cross-Cultural Psychology.
252. Shaw, S.M., (1985), The meaning of leisure in everyday life, Leisure Science.
253. Slobodno vreme mladih (prvi kolokvij o slobodnom vremenu mladih), (1969), Zagreb, Centar za vanskolski odgoj Saveza drustva Nase djece – Jugoslavije.
254. Slobodno vrijeme u funkciji socijalistiskog samoupravnog preobrazaja odgoja, i obrazovanja, strucno i znanstveno istrazivacki radovi na sestom kolokviju, (1975), Dubrovnik.
255. Smit, V., (1985), Socijalisticka pedgogija izmedzu etatizma i samoupravljanje, Pedagogija, Osjek.
256. Socijalizacija i drustveni oblici mladih i slobodno vreme (Cetvrti kolokvij o slobodnom vremenu mladih), Beograd.

257. Средно образование: концепциски основи, образовни профили, настани планови за III и IV степен на стручна подготовка, (1989), СИЗ за насоченото образование, Републички завод за унапредување на образованието и воспитанието, Скопје.
258. Станиќ, И., (1987), Шта кажу одгајатељи о слободном времену омладиме у домовима ученика усмереног образовања, Васпитање и образвоање, бр.5, Титоград.
259. Станиморович, Б., Дедич, Ч., (1998), Васпитање на прагу тречег милениума, Учитељски факултет Врање, Врање.
260. Stanojcic, I., (1960), Sociolosko ispitivanje slobodnog vremena, Nasa stvarnost, br.4, Beograd.
261. Steven M.Gelber:(1999), Leisure and the culture of Work in America.
262. Strumilin, S.G., (1962), Problemy socializma i komunizma yu SSSR, Ekonomizdat, Moskva.
263. Supek, R., (1966), Sociologija i socijalizam, Zagreb.
264. Todorovic, A., (1978), Metodologija istrazivanja slobodnog vremena, Savremena administracija, Beograd.
265. Todorovic, A., (1984), Sociologija slobodnog vremena, Beograd, Interpregled.
266. Toffler, A., (1978), Sok buducnosti, Rijeka, Otokar Kercovani.
267. Tuck, M., (1979), Kako biramo, Beograd.
268. Урошевич, Л., (1984), Приступ проучавању заснованости ваннаставних активности у школи, Педагогија бр.1, Београд.
269. Veblen, T., (1966), Teorija dokolicarske klase, Kultura, Beograd.
270. Vukasovic, A., (1972), Utjecaj slobodnog vrijemena na moralno formiranje, zivot i skola, br.7-8, Osijek.
271. Vukasovic, A., (1990), Pedagogija, Zagreb.
272. Вуксанович, К., (1976), Слободно време деце и наставне обавезе, Наставе и васпитања, бр. 1-2, Београд.
273. Weber, E., (1963), Das Freizeitproblem, Munchen.
274. Widmer, Mark, A., Ellism, Gary D., (1996), Measurment of ethical behavior in leisure among high – and low – risk adolesents.
275. Wilson, Annette, Arnold, Mit, (1997), Promotting recreation and leisure activites for individuals with disabilaties, Jurnal of instructional Psychology.
276. Winbush, Erica, (1989), Relative Freedoms:Women and Leisure.
277. Zakon o osnovnoj skoli, (1959), Narodne novine, Zagreb .
278. Zbornik br.4-Institut za pedagoska istrazivanja, (1971), Beograd.
279. Зборникот "Општествената транзиција и образованието", (1998), Институт за педагогија и Институт за социологија, Филозофски факултет, Скопје.
280. Zuzanek, Jiri, (1980) Work and Leisure in the Soviet Union.
281. Звачар-Пехар, Л., (1989), Социо-психолошки и педагошки аспекти слободног времана младих, Наша школа, бр.3-4, Сарајево.
282. Звачар-Пехар, Л., (1990), Родитељи како ваша дјеца проводе своје слободно вријеме, Наша школа, бр.1-2, Сарајево.
283. Zvonraevic, M., (1978), Socijalna psihologija, Skolska knjiga, Zagreb.